РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ "Св. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" СКОПЈЕ
ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ
ИНСТИТУТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ, ОДБРАНА И МИР



ОРГАНИЗИРАН КРИМИНАЛ И НЕГОВИТЕ ИМПЛИКАЦИИ ВРЗ БЕЗБЕДНОСТА НА ЗЕМЈИТЕ ОД ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА

(ДОКТОРСКА ДИСЕРТАЦИЈА)

МЕНТОР:
Проф. Д-р Митко Котовчевски

КАНДИДАТ:
М-р Кирил Митиќ

Скопје, 2013 година

СОДРЖИНА

ВОВЕД 6
I ГЛАВА 10
1. Безбедност 10
1.1. Терминолошко определување на безбедноста 15
2. Извори и облици на загрозување на безбедноста 21
2.1. Извори на загрозување 22
2.2. Облици на загрозување 24
3. Потенцијални закани по безбедноста на државите од Југоисточна Европа 25
3.1. Закани од воена природа 25
3.2. Закани од невоена природа 28
Заклучок 32
II ГЛАВА 33
1. Организиран криминал 33
1.1. Терминолошко определување и дефинирање на организираниот криминал 37
2. Организиран криминал како актуелна невоена закана за безбедноста на државите од Југоисточна Европа 45
2.1. Негативни импликации на организираниот криминал врз безбедноста на граѓаните и државите од Југоисточна Европа 49
2.2. Дефинирање на корупцијата и нејзиното влијание во активностите на организираниот криминал 52
2.2.1. Организиран криминал и корупција во државите од Југоисточна Европа 56
2.3. Терминолошко определување и дефинирање на тероризмот 60
2.3.1. Симбиоза на организираниот криминал и тероризмот 62
2.3.2. Организиран криминал и тероризмот во државите од Југоисточна Европа 66
2.4. Безбедносни структури и организираниот криминал во Југоисточна Европа 68
Заклучок 72
III ГЛАВА 73
1. Типови држави и нивната диспозиција во однос на организираниот криминал 73
2. Фактори кои ги олеснуваат активностите на организираниот криминал 75
2.1. Глобализација 76
2.2. Транзиција 76
2.3. Миграции 77
2.4. Државни граници на Европската Унија 78
2.5. Злоупотреба на банкарскиот и финансискиот сектор 78
2.6. Техничко-технолошки фактор 79
2.7. Злоупотреба на транспортен сектор 79
2.8. Измама со употреба на фалсификувани документи 80
3. Политичка, економска и социјална димензија на организираниот криминал во државите од Југоисточна Европа 80
Заклучок 83

IV ГЛАВА 84
1. Структури на организиран криминал во Југоисточна Европа 84
1.1. Карактеристики на криминалните групи 89
1.1.1. Меѓународна димензија на криминалните групи 89
1.1.2. Структура на криминалните групи 89
1.1.3. Злоупотреба на легални стопански и финасиски структури 89
1.1.4. Специјализираност на криминалните групи 90
1.1.5. Корупција и влијание како методи на работа 90
1.1.6. Насилство како метод на работа 91
1.1.7. Начини и мерки на самозаштита на криминалните групи 92
1.2. Криминални мрежи 93
1.3. Криминални структури во државите од Југоисточна Европа 94
1.3.1. Криминални структури во Р. Албанија 94
1.3.2. Криминални структури во Р. Босна и Херцеговина 96
1.3.3. Криминални структури во Р. Бугарија 97
1.3.4. Криминални структури во Р. Грција 99
1.3.5. Криминални структури во Р. Косово 100
1.3.6. Криминални структури во Р. Романија 101
1.3.7. Криминални структури во Р. Србија 102
1.3.8. Криминални структури во Р. Хрватска 103
1.3.9. Криминални структури во Р. Црна Гора 104
Заклучок 105
V ГЛАВА 106
1. Организираниот криминал во државите од Југоисточна Европа и неговите најчести појавни облици 106
1.1. Недозволена трговија со дрога 107
1.2. Недозволена трговија со моторни возила 118
1.3. Недозволена трговија со оружје 121
1.4. Недозволена трговија со токсичен отпад и нуклеарни материи 127
1.5. Недозволена трговија со луѓе и криумчарење мигранти 128
1.6. Недозволена трговија со предмети од културно-историско наследство 137
1.7. Недозволена трговија со производи за широка потрошувачка 139
1.8. Фалсификување пари 142
1.9. Перење пари 143
1.10. Пиратерија, кражби и фалсификување на интелектуална сопственост 147
1.11. Компјутерски криминал 150
1.12. Еколошки криминал 154
1.13. Насилен криминал 156
Заклучок 158
VI ГЛАВА 160
1. Сличности и разлики во дејствувањето и спречувањето на организираниот криминал во државите од Југоисточна Европа 160
2. Превенција и успешно спречување на организираниот криминал значајни фактори за воспоставување на стабилна национална безбедност во државите од Југоисточна Европа 162
3. Стратегии за спречување на организиран криминал на државите од Југоисточна Европа 164
3.1. Стратегија за спречување на организиран криминал на Р. Албанија 164

3.2. Стратегија за спречување на организиран криминал на Р. Босна и Херцеговина 165
3.3. Стратегија за спречување на организиран криминал на Р. Бугарија 169
3.4. Стратегија за спречување на организиран криминал на Р. Грција 173
3.5. Стратегија за спречување на организиран криминал на Р. Косово 175
3.6. Стратегија за спречување на организиран криминал на Р. Романија 176
3.7. Стратегија за спречување на организиран криминал на Р. Србија 177
3.8. Стратегија за спречување на организиран криминал на Р. Хрватска 179
3.9. Стратегија за спречување на организиран криминал на Р. Црна Гора 180
Заклучок 182
VII ГЛАВА 183
1. Импликации на организираниот криминал врз безбедноста на Р. Македонија 183
1.1. Актуелни состојби со организираниот криминал во Р. Македонија 183
1.2. Институции во функција на спречување на организиран криминал 190
1.3. Стратегии на Р. Македонија и организираниот криминал 193
1.4. Координација на безбедносните структури на национално ниво 200
1.5. Координација и соработка на државите на регионално ниво 201
Заклучок 202
VIII ГЛАВА 204
1. Поим и модели на меѓународна соработка 204
1.1. Како и колку зајакната меѓународна соработка придонесува за успешно спречување на организираниот криминал во државите од Југоисточна Европа 206
1.2. Меѓународна полициска и правна соработка во спречувањето на организираниот криминал во државите од Југоисточна Европа 207
1.2.1. Меѓународни полициски организации во функција на спречување на организиран криминал 210
1.2.1.1. Меѓународна криминалистичка полиција - Интерпол (Interpol-International Criminal Police Organization) 210
1.2.1.2. Европска Полиција-Европол (Europol-European Police) 211
1.2.1.3. Иницијатива за соработка во Југоисточна Европа - СЕКИ (SECI-Southeast Europe Cooperation Initiative) 214
1.2.1.4. Асоцијација на шефови на полициите на Југоисточна Европа - СЕПКА (SEPCA-Southeast Europe Police Chiefs Association) 216
1.2.1.5. Регионален проект за координација на национални единици надлежни за спроведување на законот-ИЛЕКУ (ILECU's- International Law Enforcement Co-ordination Units) 216
1.2.1.6. Агенција за координирање и соработка меѓу земјите членки на Европската Унија на полето на гранична безбедност-ФРОНТЕКС (FRONTEX -Frontières extérieures) 217

1.2.1.7. Мрежа на европски национални полициски академии ЦЕПОЛ (CEPOL-European Police College) 217
1.2.2. Меѓународни институции на правда и европски иницијативи во функција на спречување на организираниот криминал 218
1.2.2.1. Организација на Европски обвинители и судии-ЕВРОПРАВДА (Eurojust - European Judical Cooperation Unit) 218
1.2.2.2. Советодавна група на Јавни Обвинители во Југоисточна Европа СЕЕПАГ (SEEPAG-The Southeast European Prosecutors Advisory Group) 219
1.2.2.3. Пакт за Стабилност во Југоисточна Европа - СПСЕЕ (SPSEE - Stability Pact for South Eastern Europe)....220
1.2.2.4. Централно-европска иницијатива - ЦЕИ (CEI-Central European initiative) 221
1.2.2.5. Процес на соработка во Југоисточна Европа – СЕЕКП (SEECP-South-East European Cooperation Process) 222
1.2.2.6. Канцеларија при ООН за сузбивање на наркотици и криминал-УНОДК (UNODC-UN Office for Drug and Crime) 222
1.2.2.7. Европска агенција за спречување на финансиски злоупотреби - ОЛАФ (OLAF- Office de Lutte Anti-Fraude)....223
1.2.2.8. Оперативна група против финансиски активности на перење пари при Европската Унија - ФАТФ (FATF –Financial Action Task Force) 224
1.2.2.9. Организација за безбедност и соработка во Европа – ОБСЕ (OSCE - Organization for Security and Co-operation in Europe)....225
1.2.2.10. Меѓународна организација за миграции - ИОМ (IOM-International organization for migration)....226
1.2.2.11. Јадранско - Јонска Иницијатива ЈЈИ (AII – Adriatic-Ionian Initiative)....226
1.2.3. Меѓународни невладини организации во функција на спречување на организиран криминал 227
1.2.3.1. ФЛАРЕ-Слобода, Законитост и Право во Европа (FLARE – Freedom, Legality and Rights in Europe)....228
1.2.3.2. Меѓународна невладина организација за борба против трговија со жени - Ла Страда (La Strada) 228
1.2.3.3. Меѓународна невладина организација за борба против корупција-Транспаренси Интернешенл (Transparency International) 230
1.2.3.4. Меѓународна невладина организација - ФИОО (Фондација Институт Отворено Општество)-(FOSI-Fondation The Open Society Institute)....230
1.3. Документи кои ја регулираат меѓународната соработка, потпишани од страна на Р. Македонија 231
1.4. Можен модел на соработка на државите од Југоисточна Европа во спречувањето на организираниот криминал 236
Заклучок....238
Резултати од спроведеното истражување
“Организиран криминал и неговите импликации врз безбедноста на земјите од Југоисточна Европа”....240
Заклучок....269
Библиографија 270
Прилози 289

ВОВЕД

Седумдесетитте години од минатиот век е период кога започнаа сериозни истражувања за опасностите од развојот на невоените закани и нивните импликациите врз безбедноста на земјите и цели региони, а чии активности кулминираа на крајот на дваесетиот и почетокот на дваесетипрвиот век. Ова од причини, што заканите од војни помеѓу државите, или од водење војни внатре во самите држави, меѓу кои и во овие од регионот на Југоисточна Европа престанаа да бидат интерес за владеачките структури. Така, кон крајот на минатиот век и во почетокот на овој, се јави зголемен интерес кај авторите и во научната литература, за истражување на невоените закани, а особено за организираниот криминал, кој доминира со својата опасност и жестина, како и за неговото влијание врз безбедноста на граѓаните, државите и цели региони. Но, со оглед на комплексноста на овој феномен и сериозноста на неговите негативни последици врз безбедноста, според мое мислење, оставен е простор за нови научни истражувања и анализи, меѓудругото и поради фактот што добар дел од земјите од Југоисточна Европа сеуште се наоѓаат во период на транзиција и сеуште не се членки на Европската Унија.

Феноменот на организиран криминал како современа невоена закана, во Р. Македонија е истражуван од дел од научната заедница, но мал е бројот на научни трудови кои ги обработуваат импликациите на организираниот криминал врз безбедноста на земјава и регионот на Југоисточна Европа. Во стручната литература во доволна мера нема направено компаративни анализи за застапеноста на облиците на организираниот криминал, а не се доволно истражени и формите и начините на соработка помеѓу земјите од регионов за негово спречување. Исто така, во доволна мера не се истражени заедничките мерки на заинтересираните земји кои се превземаат за спречување на организираниот криминал, како и инструментите кои се користат или би се користеле во иднина од страна на националните и меѓународните полициски, финансиски и правни институции.

Заради сето горе изнесено, основниот предмет на истражување во докторската дисертација се фокусира на утврдување на формите и активностите на организираниот криминал како современа невоена закана, како и неговото влијание врз безбедноста на земјите од регионот на Југоисточна Европа, идентификација на структурите на организираниот криминал, како и на појавните облици на организиран криминал.

Предмет на оваа докторска дисертација беше и истражувањето за тоа колку и на кој начин организираниот криминал ги дестабилизира земјите од Југоисточна Европа вклучувајќи ја и Р. Македонија, како и во која мера превземањето на заеднички безбедносни мерки од нивна страна ќе влијаат за ефективно и ефикасно спречување на овој негативен феномен.

Во докторската дисертација извршена е анализа и дефинирање на основните поими на истражувањето, терминолошките дивергенции за тоа што претставува безбедноста, дефинирани се воените и невоените закани, што е организираниот криминал, објаснети се неговите

импликации врз безбедноста, објаснет е системот на организирација на неговите криминални структури, дефинирани се појавните облици и фактори кои ги олеснуваат неговите активности, а извршено е и дефинирање на тоа што претставува регионот на Југоисточна Европа.

Целите и задачите на ова истражување, беа анализирање на импликациите на организираниот криминал врз безбедноста на земјите од регионот на Југоисточна Европа, неговата поврзаност со тероризмот, анализа на досегашната соработка и координација на државните институции задолжени за спречување на организираниот криминал, како и нивото на оваа соработка и координација помеѓу земјите од регионот. Другата цел беше да се осознае начинот како тој влијае за дестабилизација на земјите од овој регион и кои се најчесто експонирани облици на организиран криминал. На овој начин успеавме да ги добиеме најновите сознанија за организираниот криминал во Југоисточна Европа, нови сознанија за неговите криминални структури, нивниот број, нивните обележја и начинот на нивно дејствување, сознанија за факторите кои го олеснуваат неговото дејствување како и најнови сознанија за поврзаноста на организираниот криминал со корупцијата и посебно со тероризмот.

Имајќи ги во предвид предметот и целите на ова истражување од методолошка гледна точка, а имајќи ја во предвид повеќедимензионалноста и комплексноста на дисертацијата, изборот на методите за анализа на добиените податоци, е извршен според карактерот и неговите цели. Така, интегралниот (квантитативно-квалитативниот и аналитичко-синтетичкиот) пристап со утврден аналитички концепт за потврдување на веродостојноста на мисловната активност, ја имаа носечката улога во анализата и презентирањето на проблемот. Во истражувањето беа користени секундарни извори на податоци: нормативни и правни акти (особено меѓународни документи), политички документи, договори, протоколи, заклучоци и сл. Се компарираа стручни студии од оваа област, научна литература, новинарски анализи, извештаи и др. Своја примена имаше и историографскиот метод, односно историографските пишани податоци, со цел да се осознаат и искористат искуствата од минатото за периодот за кој постои научно-верификувана документација. Методот на анализа на содржината најде своја примена во анализата на историографските податоци и теориските сознанија кои се компарира со фрекфентната и семантичката компонента од методот на анализа на содржината и кои најдоа примена во претходно селектираната и ограничена примена на податоците од медиумите. Селектирањето на квалитативните (секундарни) податоци и нивното оценување имаа за цел, утврдување на фактот дали податоците содржајно се однесуваа на предметот на истражување и дали правилно ја изразуваа насоката и својствата на проблемот. Ова значи дека во истражувањето се анализираше соодветна стручна и научна литература, како и одредени документи, прирачници, публикации, списанија и тн.

Следниот извор на податоци беа резултатите од спроведениот прашалник со кој беа интервјуирани вкупно деведесет релевантни и компетентни чинители од безбедносните, правосудните и финансиските структури. Испитаници од Р. Македонија беа вработени во безбедносните структури-Министерството за внатрешни работи,

Агенцијата за разузнавање и Министерството за одбрана, вработени во правосудните органи-Обвинителството за борба против организираниот криминал на Р. Македонија, Апелациониот суд и Кривичниот суд во Скопје, како и вработени во Министерството за финансии-Финансиска полиција и Царинската управа на Р. Македонија.

Истиот прашалник преку каналите на Интерпол, СЕКИ Центарот, а и преку лични контакти беше доставен на испитаници од државите од Југоисточна Европа вработени во безбедносните структури на Р. Албанија, Р. Босна и Херцеговина, Р. Бугарија, Р. Грција, Р. Романија, Р. Косово, Р. Србија, Р. Хрватска и Р. Црна Гора.

Користејќи го во овој случај компаративниот метод, се направи компарација со состојбите и појавните облици на организираниот криминал во земјите од Југоисточна Европа, како и компарација со нивните искуства и пракси, со цел да се извлече позитивно искуство кое би помогнало во понатамошното спречување на организираниот криминал.

Од успешноста односно неуспешноста во спречувањето на организираниот криминал, ќе зависи развојот на економскиот сектор, политичката култура, градењето морални вредности, одржување на културата и традицијата како темелни вредности на државата. Затоа безбедноста и стабилноста на државите е условено од изнаоѓање на нови и ефикасни инструменти за спречување на организираниот криминал, како и од изнаоѓање нови и ефикасни форми и начини на меѓународна соработка што пак е детерминирано од капацитетите и целосната посветеност на државите од регионот.

Оттука, кохерентниот пристап, соодветната реакција, поврзувањето и координацијата на напорите на државите на национално и на регионално ниво во спречување на организираниот криминал, ќе придонесат и ќе овозможат создавање поволни услови за развој и одржување на стабилноста и безбедноста на граѓаните и државите.

Во докторската дисертација дадено е научно објаснување за облиците на организираниот криминал и неговите криминални структури, проценка за новите и очекувани трендови на организираниот криминал во Југоисточна Европа. Овој труд дава придонес и во сферата на изнаоѓање нов понапреден, координиран и проактивен пристап за начинот на кој безбедносните структури од Југоисточна Европа би размислувале и би оперирале во иднина при спречување на организираниот криминал.

Од горе изнесеното, научната оправданост на овој труд се огледа преку дадената сеопшта слика за организираниот криминал, преку идентификуваните носителите на овој негативен феномен, како и преку утврдување на неговите негативни импликации врз безбедноста на земјите од регионот на Југоисточна Европа. Општествената оправданост на трудот е, што во него е дадена проценка за заканата на организираниот криминал како и проценка за тоа кои од облиците на организираниот криминал се најзастапени и најопасни во овој регион, со самото тоа и во Р. Македонија и на кои треба да се даде приоритет за нивно ефикасно спречување. Докторската дисетација укажува и на потребата од зголемување на буџетите на безбедносните структури, од една страна за задоволување на потребите за реализирање на функцијата на безбедноста, а од друга страна за спречување на корупцијата во

нивните редови. Трудот дава и свој прилог во надминување на јазот помеѓу стратешките одлуки на политичкиот естаблишмент од една страна и оперативните активности на безбедносните структури од друга страна, со цел вршење перманентна едукација на нивните припадници, нивно техничко и телекомуникациско опремување со најсофистицирана опрема и изнаоѓање на најоптимални форми и методи во спречување на организираниот криминал, при што со помалку средства и човечки ресурси ќе се постигнат поголеми резултати.

На крајот во трудот е даден и предлог за нов можен модел за меѓународна соработка на земјите од Југоисточна Европа на ниво на национални безбедносни структури, со цел благовремена комуникација, координација и превземање оперативни акции за спречување на организираниот криминал и помагање и давање подршка на неговите жртви. На овој начин би се придонело, последиците од дејствувањето на организираниот криминал да бидат на ниво на кое тој не би преставувал пречка за општествено-политичкиот, социјалниот, економскиот и културниот развој на земјите од Југоисточна Европа.

I ГЛАВА

1. Безбедност

Во науката државата е дефинирана како посебна општествена творба и како најважен облик на политичкото организирање на едно општество. Заради тоа, таа претставува гарант и чувар на тоа организирано општество, а кое нешто го остварува преку извршување на низа функции и примена на разни регулаторни инструменти, вклучувајќи ги и средствата за присилба.

Државите ги дефинираат своите витални вредности и интереси кои ги истакнуваат како приоритети и кон кои ги насочуваат безбедносните активности со цел нивна заштита. Овие витални вредности се условени од карактерот на општествено-економските односи, од степенот на развој на производните сили, од односот на општествените класи и од правната и политичката надградба. На нивно зачувување, развивање и заштита се посветува посебно внимание, бидејќи со нивниот опстанок, државите го остваруваат и својот опстанок и развој. Спротивно на тоа, секое загрозување на тие вредности, поединечни и групни, претставува истовремено и загрозување на државата, нејзината стабилност и суверенитет.[1]

Бидејќи основната цел на секоја државна политика е опстанокот на државата и нејзиното општество, условот за тој опстанок ја претставува нејзината безбедност. Согласно тоа, целта на дејствувањето на сите државни институции е насочена кон остварување и зачувување на нејзината безбедност. Ова претставува рамка на безбедносната политика која има за цел создавање на услови за остварување на внатрешната и надворешната безбедност на државата. Безбедноста е еден од феномените на човековото општество и тоа во сите фази на неговиот развој. Без разлика дали станува збор за безбедноста на поединецот, на државата, на повеќето држави, или воопшто на меѓународната заедница, секогаш се работи за настојување да се осигураат вредностите и состојбите за кои се смета дека се од витално значење. Безбедноста е истовремено интерес, цел и вредност, но и дејност, како на поединецот, така и на државата и на меѓународната заедница. Дури и површната анализа на овие неколку елементи укажува дека безбедноста е повеќеслоен феномен. Безбедноста во современите држави се манифестира преку неколкуте облици кои ги препознаваме како: социјална безбедност, како заштита при работа, како здравствена заштита, како сообраќајна безбедност, како заштита на потрошувачите, како и заштита на животната средина. Но, во ниеден случај не смеат да се занемарат и основните права на слободно изразување на политичките и верските ставови, правото на заштита од прогон од структурите на државата заради разликите во мислењето и изразувањето на лични ставови и секако правото за остварување на сопствен начин на живеење на граѓаните до граници кога со нивното однесување нема да ги загрозуваат правата и безбедноста на другите. Резултатот од недостиг на

---

[1]Стајић Љ. Гилановић Ч. – *"Основи безбедности"*, Полициска академија у Београду, Београд, 1994

безбедност кај поединците раѓа чуство на фрустрација, немоќ и загрозеност и ги прави нечуствителни за општествените проблеми. Согласно кажаното и државите од Југоисточна Европа, денес дејствуваат во склад со своите национални интереси, во обид за опстојување во денешниот бурен свет, истовремено обезбедувајќи безбедност за себе и своите граѓани, но и безбедност за регионот на кој припаѓаат.

Безбедноста како функција е неразделен атрибут на секоја држава. Безбедносната функција на секоја држава има два облика на делување: превентивен облик, во ситуации кога државата со своето постоење и правовремено ангажирање претставува инструмент за одвраќање од сите облици на загрозување и репресивен облик, со отстранување на причините на опасноста и со елиминирање на нивните носители по пат на примена на сила на правно дозволен начин.[2]

За безбедносната функција на државата може да зборуваме како за услужна функција, од причини што таа и ја пружа "услугата" - безбедност на заедницата внатре во државата. Развиените економии во некои од богатите држави, претпоставуваат и добра материјална основа за материјално-техничка опременост и стручна оспособеност на припадниците на безбедносните структури. Покрај овој битен елемент-развиена економија, со постоењето на стабилна и квалитетна социјална политика во овие држави, се создаваат услови за спречување на судирите помеѓу социјалните групи со различни стандарди на живеење, при што идеологијата претставува основа за изградба на кодексот на однесување, кој не прифаќа никакви безбедносни недоследности или импровизации. Безбедносната функција, понекогаш може да се идентификува и како принудна функција на државата, особено во спречување на криминалот, посебно организираниот, но и со другите екстремни општествени девијации, со цел зачувување на нејзините витални вредности - суверенитетот, територијалниот интегритет и независноста.[3]

Одговорноста на државата за безбедноста на нејзините граѓани е недделива, непрекината и независна од политичките, социјалните и другите случувања. Во спротивно, може да дојде до дезорганизација на системот, до задоволување на политичко-партиските, групните или поединечните интереси и до деструкција која првенствено и најтешко го погодуваат "обичниот граѓанин".

Безбедноста на државата, како референтен објект, но и како субјект на меѓународната заедница, како и нејзините витални интереси се загрозени од повеќе надворешни и внатрешни чинители кои се водени од различни мотиви. Во склад со тие мотиви и зададени цели, успешноста на спроведените активности од страна на овие чинители, пред се зависи од способноста и капацитетите на државата да ги препознае опасностите, а со самото тоа создаде предуслови за превземање на ефективни и ефикасни мерки за сопствена самозаштита, а согласно тоа и за заштита на нејзините граѓани и нејзините витални интереси. Безбедноста е неопходна за успешно и непречено функционирање на државите и на државните институции, со што на граѓаните им се обезбедуваат и гарантираат основните животни функции и здрава животна средина.

---

[2] Котовчевски М. – *"Национална безбедност"*, Филозофски факултет, Скопје, 2011

[3] Jaganjac J.-*" Sigurnost u sistemu znanosti"*, Odjek, Sarajevo, 2009

Безбедноста како атрибут на секоја држава не претставува само безбедност од војна, туку таа претставува и безбедност на поединците, па оттука прашањето на безбедноста секогаш мора да го поставуваме двострано. Имено, тоа би значело, дали некој и на кој начин не загрозува нас и секако прашањето дали ние пак со своите постапки можеме да загрозиме некого. Оваа ситуација најдобро се објаснува преку примерите на ксенофобијата изразена од страна на екстремните десничарски групи најчесто во Западнорвропските земји, од причини што тие странците ги сметаат за опасни, за пречка во развојот на нивните општества и безбедноста на нивните граѓани, особено во ситуации на економски кризи, невработеност и сл., а со самото тоа и за непожелни како нивни сограѓани. Оваа ксенофобија нема реална основа, туку таа е производ на стереотипи и предрасуди, кои при сериозни анализи се рушат како кула од карти. Безбедноста на секоја држава се темели на елементите на нејзината национална моќ. Тоа пред се ги подразбира економската моќ на државата, геостратегиската положба, богатството со природни суровини, зависноста од меѓународниот пазар, техничко-технолошките капацитети, националниот карактер на државата, ефикасноста на актуелната влада да ги операционализира донесените одлуки, образовното ниво на населението, репродуктивната моќ на населението, моралните вредности, како и големината на внатрешните резерви. Развојот на безбедноста и нејзиното оформување како систем, укажува на еден сложен и динамичен сегмент на политичиот систем на државите, кој подеднакво се однесува на граѓаните, на државата, но и на поширокатa светска заедница, бидејќи од ден на ден, безбедносните закани и безбедносните ризици без исклучок, се јавуваат насекаде и во секое време.

Ниту едно општество не може да оствари безбедност во голем степен, ниту пак апсолутна слобода, од причини што за тоа е потребно да се обезбеди рамнотежа помеѓу безбедноста и заштитата на основните права и слободи на граѓаните и интересите на државата. Така, слободата и безбедноста треба да се сфатат како варијабилни величини, со оглед на различните, конфликтните и непомирливите интереси на поединци и групи во секое општество. Истражувањето на феноменот безбедност и безбедносни системи и нивното непосредно научно објаснување имплицира посебен акцент врз анализата и разбирањето на политичко-историските процеси и политичките системи.[4]

Прашањето на безбедноста, всушност дава објаснување, дали другите со својата различност не загрозуваат нас, нашите воспоставени вредности и нашиот начин на живеење. Прашањето на безбедноста денес не е поврзано само со проблемот на загрозувањето на нашиот живот, туку се повеќе станува поважно нејзиното поврзувањето со квалитетот на живеењето. Важно е дали во животот можеме да се реализираме себеси и своите цели, а во тоа некој и нешто да не не загрозува, но истовремено во обратен смер и ние да не ги загрозуваме другите.

Универзалните видови на системот на безбедност во современите општества се познати како: државна, јавна и воена безбедност. Според

---

[4] Masleša R. – *"Teorije i sistemi sigurnosti"*, Magistrat, Sarajevo, 2001

објектот на заштита постојат пет видови безбедност и тоа: државна, јавна, колективна, лична и имотна[5].

Со оглед на фактот дека безбедносните појави функционираат по принципот на сврзани садови, денес е невозможно безбедноста да се лоцира и да се практикува само во една земја, само за една група граѓани, или само за еден поединец, туку напротив безбедноста треба да се разбере како индивидуална, национална и меѓународна безбедност.

Последните политички случувања, во државите од Југоисточна Европа, особено на Балканот, ја наметна потребата од создавање на нова безбедносна политика. Оваа потреба претставуваше непходен предуслов за воспоставување стабилност во овој регион. Прашањето на креирање на безбедносната политика посебно е значајно, бидејќи тоа е воедно и дел од процесот на транзиција на државите од Југоисточна Европа, како показател на правецот, на темпото и опфатот на реформите на овие држави.

Политиката на национална безбедност претставува континуиран и системски пристап на секоја од овие држави кон проблемот со безбедноста, на одлуките околу безбедносниот сектор и на очекувањата за постигнување на одредено ниво на посакувана безбедност. Оваа политика се заснова на одреден пристап на безбедност кој ги поставува параметрите за стратегија на одбраната и безбедноста, развивајќи се во рамките на регионалните и меѓународните стандарди, врамени во бројни документи прифатени, потпишани и ратификувани од страна на државите од Југоисточна Европа. Безбедносната политика не е создадена и не се базира само на сфаќањето за и околу потребите и приоритетите на националната безбедност, туку врз неа влијаат и низа надворешни чинители, притисоци и обврски кои произлегуваат од тоа. Таа е многу потесна од општата концепција, а многу поширока од уставно-правната концепција на безбедноста. Задачата на безбедносната политика е да ги остварува приоритетните политички цели, односно нивно насочување кон заштитата на општеството, со што се овозможува негов опстанок и негов непречен развој.

Основниот принцип во креирањето на безбедносната политика на државите од регионот на Југоисточна Европа, особено оние кои се кандидати за влез во Европската унија, е хармонизацијата на домашното со Европското право. Ова се остварува преку пристапување кон безбедносни и политички интеграции, преку потпишување на конвенции и резолуции на ниво на ООН, преку потпишување на регионални конвенции и препораки, преку потпишување и ратификување на билатерални и мултилатерални договори, преку унилатерално прифаќање на обврските и преку постапување на државните органи, што произлегува од превземените обврски со договорите.

Во продолжение, ќе биде даден приказ за поимот безбедносен сектор, кој е во корелација со терминот безбедност.

Имено, современиот поим за безбедносен сектор подразбира заедничко дејствување на економските, социјалните, демографските и еколошките фактори, внатре во државите, при што компонентата на вооружени сили (воени и полициски) го губат приматот и монополот над безбедноста. Првите класични државни безбедносни субјекти, а тоа се

---

[5] Поопширно во книгата на Котовчевски М. - *"Национална безбедност"*, Скопје, 2011

вооружените сили-армијата и полицијата како државни заштитни и безбедносни апарати, еволуираа во смисла на поделба на нивната основна работа со други субјекти во државите, како што се судството, царината, финансиите, надворешните работи, како и со цивилното општество. Денес под поимот вооружени сили, покрај традиционалните-армијата и полицијата се подразбираат сите оние државни органи чии припадници се овластени да носат и употребуваат огнено оружје, или да применуваат сила: разузнавачко-безбедносната заедница, или т.н. тајни служби; финансиската полиција; царината; судската полиција, вклучувајќи ги тука и затворските стражари, како и шумската полиција. Покрај овие безбедносни формации, потребно е да се споменат и формациите создадени при процесот на приватизација на одредени делови на секторите за безбедност и вооружените сили. Согласно тоа, безбедносниот сектор може да го поделиме на државен и приватен безбедносен сектор.

Државниот безбедносен сектор, организира и спроведува активности на безбедност и заштита на националните интереси, заштита на уставниот поредок, јавниот ред и мир, борба против криминалот, обезбедување на јавни собири и манифестации, обезбедување на одредени личности и објекти, безбедност на сообраќајот на патиштата, набавка, држење и носење на оружје и муниција, производство и промет на запалливи течности и гасови, како и заштита од пожари. По правило организатори на овие активности се државните безбедносни структури чии надлежности и обврски се дефинирани со закон и се финансирани од државниот буџет.

Приватниот безбедносен сектор се организира врз база на системски закони, односно преку создавање на стопански субјекти, фирми, агенции и служби, наменети за пружање на одредени безбедносни услуги на пазарот, независно од корисниците, за кои не постои законски пропишана обврска за пружање заштита од страна на армијата или полицијата. Приватниот безбедносен сектор, или како што уште се нарекува "алтернативна безбедност", не може никогаш и во ниеден контекст да биде конкуренција на државата и на нејзината безбедносна функција, туку тој претставува само израз на потребата на современите општества, мешовитиот и приватниот капитал и на граѓаните, да во соработка со државните институции, го подигнат нивото на општата безбедност уште повисоко, во интерес на сите заинтересирани субјекти.[6]

Согласно политиката која ја гради Р. Македонија во сферата на безбедноста, под поимот безбедност подразбираме: одредена достигната или проектирана состојба на безбедност и претставува функционално подрачје на дејствување на различни безбедносни институции заедно со вкупните општествени настојувања на полето на постигнување на безбедносните цели и на крајот, безбедноста ги опфаќа сите безбедносни институции поврзани во одреден систем на односи.[7]

---

[6] Matić G. – "*Nova bezbednosna politika Republike Srbije*", Pravni informator, Beograd, 2008

[7] Бакрески О. – "*Контрола на безбедносниот сектор*", Филозофски факултет-Скопје, Скопје, 2008

1.1. Терминолошко определување на безбедноста

Една од главната карактеристика на современиот свет се брзите промени, па од тие причини се наметнува потребата и безбедноста да се сфати како динамична категорија. Безбедноста како поим има повеќе значења, од причини што истата претставува многу сложен и комплексен општествен феномен. Најпрвин таа може да се определи како ослободување од страв, ослободување од различни закани, или пак ослободување од класични физички и психички насилства или злоупотреби. Согласно ова, терминот безбедност подразбира и ги вклучува моралните, идеолошките и нормативните елементи, што во голема мера го отежнува нејзиното дефинирање. Безбедноста како поим во теоријата, праксата и во доктрината, се користи со неа да се одбележат, или именуваат разновидните елементи или односи. Во современите општества, безбедноста претставува глобален предизвик и еден од главните мотиви за човековите и општествените активности.

Етимолошки гледано, поимот на безбедноста некои научници го поврзуваат со латинскиот збор "securitas-atis" што значи сигурен, стален, цврст, верен, посветен, автентичен, константен и сл., додека други поимот на безбедноста го поврзуваат пак со латинскиот збор "sinecura" што значи да се живее "без грижа". Терминот "без грижа" е еластичен од причина што "грижата" некој пат може да биде продуцирана од силен страв, а некој пат и од сосема мала фрустрација, или безначаен настан. За поимот безбедност, во англискиот јазик се користат два изрази и тоа: "security" и "safety". Изразот "security" најчесто се користи за објаснување на поимот национална безбедност, што од своја страна имплицира заштита и чување на државниот, или националниот интерес. Наспроти ова, изразот "safety" пак има значење за превентивно дејствување, како не би дошло до несакана безбедносна ситуација.

Се до неодамна поимот безбедност означувал разгледување и разрешување на одреден проблем кој бил настанат, како резултат на воена причина. Денес поимот на безбедноста вклучува и т.н. "интереси за профит" каде заинтересираните организации, или структури пред се на организираниот криминал, или терористичките организации, се подготвени нив да ги реализираат по пат на насилство, терор и разурнувања. Денес поимот безбедност опфаќа лепеза од различни аспекти на човековото општествено живеење, творење и дејствување. Така, свое влијание врз воспоставувањето на безбедноста, без разлика дали станува збор за национална или индивидуална, покрај воените имаат и неколкуте други аспекти на современото живеење од типот политички, економски, социолошки, еколошки, културолошки, образовни, здравствени и други. Но, вака дефинирана, безбедноста не претставува само прост збир на овие современи аспекти, туку таа претставува нешто повеќе.

Покрај воените, Бузан ги има препознаено и политичките, социјалните, екомомските и еколошките аспекти на безбедноста[8]. Според него, политичката безбедност се однесува на организациската стабилност на државите, ја гарантира нивната легитимност, идеолошките определби и државните уредувања. Економската

[8] Buzan B.-*"Peoples, States and Fear: An Agenda for International Security Studies in the Post Cold War Era"*, London, 1991

безбедност им овозможува одреден вид гаранција за пристап до финансиите, суровините и пазарите, со цел одржување на прифатливото ниво на благосостојба на населението и моќта на државата. Социјалната безбедност, овозможува создавање прифатливи услови за заштита и развој на културните традиции, јазикот, религијата и националниот идентитет во целина. Еколошката безбедност предвидува зачувување на локалната и планетарната биосфера како системи врз основа на кои се темелат сите останати човечки активности. Сите овие аспекти претставуваат темелни подрачја за анализа на безбедносната политика на современите држави.

Според Котовчевски, воените, политичките, економските, социјалните и еколошките сфери ќе ги претставуваат петте витални подрачја на безбедноста на современите општества, но и на глобалната безбедност во иднина.[9]

Поимот безбедност е повеќезначаен и во теоријата и во практиката и се користи за да се означат разновидни елементи и односи. [10]

Во теоријата постојат различни мислења и толкувања на поимот безбедност, поради што нејзиното определување е многу сложено. Безбедноста денес претставува феномен кој е комплексен и повеќедимензионален. Таа претставува определена состојба на заштита на основните вредности на државата, односно активност за заштита на тие вредности, соодветна организација, функција, систем или сето ова заедно. Наклонетоста на авторите кон некој од горе наведените ставови, зависи од нивниот агол на посматрање. Овде пред се, се мисли на тоа дали поимот безбедност се врзува за заштитната функција на државите, за одредени дејствија и активности, за политичките и слични на нив гледишта. Во определување на поимот безбедност, главно се поаѓа од ставот дека безбедноста е основен атрибут на секоја држава и дека е врзан за нејзината заштитна функција. Како функција безбедноста е нераздвоен атрибут на државата, без разлика на карактерот на државното уредување, политичкиот систем и обликот на власта.

Во однос на дефинирањето на поимот безбедност, во теоријата постоеле и сеуште постојат голем број размислувања.

Така, според Котовчевски, безбедноста можеме да ја дефинираме како состојба во која е осигуран урамнотежен физички, духовен, душевен и материјален опстанок на поединецот и на општествената заедница во односот кон другите поединци, општествени заедници и природата, или безбедноста во суштина претставува иманентен структурен дел на општеството што во себе вклучува определена состојба, односно определени особини на состојбата, а исто така и дејност, односно систем.[11]

Според Гоцевски, безбедноста во најширока политичко-правна смисла ги опфаќа мерките и активностите за зачувување и заштита од сите видови загрозувања на независноста и на територијалната

---

[9] Котовчевски М. – *"Национална безбедност"*, Скопје, 2011

[10] Гоцевски Т. Бакрески О. Славески С. Георгиева Л.- *"Интересите на Република Македонија во градењето на европската безбедност"*, МАНУ-Центар за стратегиски истражувања, Филозофски факултет Скопје, Скопје, 2008

[11] Котовчевски М. – *"Национална безбедност на Република Македонија"(прв дел)*, Македонска цивилизација, Скопје, 2000

целовитост на една земја, како и мерките и активностите за заштита на внатрешниот државен и правен поредок.

Маслеша, смета дека безбедноста е основната цел на секое современо општество, без која нема опстанок на истото, па безбедноста како поим се употребува во скоро сите области на животот и работата. Оттука и сите настојувања се движат во правец за воспоставување на релевантна рамнотежа помеѓу човекот и безбедноста.[12]

Согласно дефиницијата на ООН од 1985 година, безбедноста претставува состојба во која државите сметаат дека нема опасност од воен напад, политички принуди или економски присили, така што истите ќе можат слободно да се развиваат.

Според Вебстер, безбедноста е состојба на заштитеност или неизложување на опасност и остранување на стравот, несигурноста и неизвесноста. Безбедноста е еден од централните фактори на општествениот живот и работа и неа ја сфаќаме како еден од егзистенционалните проблеми на човекот кои доаѓаат до полн израз кога човекот ќе се најде во критични и опасни ситуации.

Таталовиќ пак смета, дека безбедноста претставува структурен елемент на опстанокот и дејствувањето на поединците, општествата, државите и меѓународната заедница и таа претставува една од темелните животни функции.[13]

Според Арнолд Волферс безбедноста може да ја дефинираме како отсуство на закани кон усвоените вредности, или според Дејвид Болдвин, како мала веројатност за нанесување на штети врз тие усвоени вредности[14].

Безбедноста во најширока смисла претставува состојба на стабилност во природата и државата која е насочена кон вршење на превентивни подготовки за одбрана и заштита, пред се од различните извори на загрозување, за да не предизвика нерамнотежа во природата и општеството, со што би се загрозил физичкиот, општествениот и духовниот интегритет на поединците.[15]

Со зголемување на интересот за невоените закани, посебно за организираниот криминал, дојде до промена на вредностите кои се опфатени со поимот за безбедноста. Додека кај традиционалниот концепт за безбедност во центарот на внимание се наоѓа заштитата на националната држава и нејзините основни атрибути на сувереноста првенствено со воени средства, новиот концепт, т.н. концепт на човекова безбедност не го оспорува значењето на националната држава, туку ја нагласува важноста за заштита на луѓето, нивните заедници и животната средина, како подеднакво важни. Ова значи дека безбедноста денес се фокусира кон новите предизвици, а тоа се заканите насочени кон човечките животи. Безбедносните закани повеќе не доаѓаат само од другите држави, туку тие доаѓаат и од големиот број природни и општествени процеси и појави кои ги минуваат националните граници.

---

[12] Masleša R. –"*Teorije i sistemi sigurnosti*", Magistrat, Sarajevo, 2001

[13] Гоцевски Т. Бакрески О. Славески С. Георгиева Л.- "*Интересите на Република Македонија во градењето на европската безбедност*", МАНУ-Центар за стратегиски истражувања, Филозофски факултет Скопје, Скопје,2008

[14] Baldwin D. – *"The concept of security"*, Review of International Studies, Vol. 23, 1997

[15] Нацев З. Начевски Р.-" *Безбедноста и националната одбрана* ", Македонска ризница, Куманово, 2001

Хорхе Неф, човековата безбедност ја утврдил како систем составен од пет меѓусебе поврзани подсистеми-животната средина, стопанството, општеството, политичките заедници и културата. Според Џорџ Меклин, човековата безбедност ја опфаќа безбедноста на поединците во непосредното опкружување, заедницата и животната средина, како и безбедноста од кршење на основните човекови и колективни права, од епидемии, насилство, принудна миграција на населението, политичка корупција, криминал, тероризам, прекумерно користење на природните ресурси и загадувањето.[16]

Безбедноста на луѓето мора да биде поприоритетна од безбедноста на државата, од логични причини, зошто каква би била безбедноста на државата ако нејзините граѓани се чуствуваат небезбедно. Индивидуалната безбедност се однесува на секој поединец и таа подразбира, владеење на правото во услови на демократски амбиент, почитување на човековите права и слободи и во услови на функционирање на цивилното општество на граѓанинот да му се обезбеди заштита на личниот интегритет, слобода на избор, економски и општествен статус, обезбедување на сите неотуѓиви права кои му припаѓаат, како на пр. вработување и сигурна работа, образование, медицинска заштита, заштита на имотот и т.н. Во последно време се заговара концептот на хуманата безбедност кој всушност треба да одговори на прашањата, колку граѓаните се безбедни и слободни во своите држави.

За првпат индивидуалната безбедност (human security) се споменува во 1994 година во ООН, во рамките на УНДП Програмата за развој (UNDP-United Development Programme), при што се наложи потребата од пронаоѓање нов концепт за безбедност на поединецот и државата. Според комисијата за човекова безбедност (Commision on Human Security) постојат две причини за развој на концептот за индивидуална безбедност. Првата причина е неможноста на државата секогаш да обезбеди безбедност на граѓаните, а втората причина е мислењето дека државите претставуваат закана за своите граѓани. Таа е во согласност со концептот за национална безбедност и со човековите права, а што е содржано во дефиницијата на ООН дека индивидуалната безбедност претставува безбедност од закани како што се глад, болести и репресија, како и заштита од неочекувани и опасни прекини со секојдневниот живот.[17]

Националната безбедност е функција на секоја држава и таа во основа треба да одговори на сите безбедносни предизвици и ризици и да обезбеди слобода на граѓаните, заштита на човековите права и слободи, непречено функционирање на државата и општеството во целина, заштита на суверенитетот и територијалниот интегритет во рамките на меѓународните анганжмани прифатени од државата, стабилна политичка и социјална стабилност на државата, стабилен економски развој, функционирање на правната држава, заштитата на државниот и имотот на граѓаните и сл.

---

[16] King G. and Murray C. – *"Rethinking Human Security"*, Political Science Quarterly, Vol. 116, No. 4, 2001-2

[17]UNDP -"Human Development Report" New York :Oxford University Press(Online)Available: http://hdr.undp.org/en/media/hdr 1994 en contents.pdf.

Националната безбедност сфатена како состојба на безбедност на одреден народ, односно нација, изразена е во рамките на различните потенцијални и вистински небезбедности, кои произлегуваат од меѓународното "непријателско" опкружување. Загрозувањето кое доаѓа однадвор се подразбира како функција на дел од претпоставени и дел на вистински услови. Точната разлика помеѓу претпоставените и вистинските услови на загрозувањето е невозможно да се утврди.[18]

Националната безбедност во современите услови е многу комплексна појава која е потребно да се истражува имајќи ги во предвид следниве фактори: систем на одлучување во областа на безбедноста; меѓународна, геостратегиска и воено-политичка положба на државата; историски искуства; големина и облик на државата; права и должности на државата кои произлегуваат од нејзината положба во меѓународната заедница; степен на нејзиниот стопански и општествен развој; карактеристики на нејзиниот систем на национална безбедност; големината на финансиските средства наменети за национална безбедност; влијание на јавното мислење и сл.[19]

Во почетокот под национална безбедност главно се подразбирало отсуство на било каков страв од напад, загрозување на интересите, или закани од друга држава или држави. Развојот на случувањата во светот доведоа до тоа да сите проблеми во меѓународното опкружување стануваат и потенцијални проблеми за државата, а со самото тоа и за нејзината национална безбедност. Тие проблеми, повеќе не се ограничуваат само за мал географски простор, што од темел го измени пристапот на организирано дејствување усмерено кон остварување на безбедноста на државата. Така поимот на национална безбедност се помалку ја истакнуваше воената компонента, па кон крајот на осумдесетите години од минатиот век, поимот безбедност се повеќе ги вклучуваше другите сегменти на државата и општеството.

Од овој период па наваму, националната безбедност подразбира: одредена состојба на безбедност како и функционално подрачје на дејствување на различни безбедносни институции заедно со вкупните општествени заложби усмерени кон постигнување на националните цели и интересите на тие безбедносни институции, а кои се наоѓаат во системска симбиоза. Националната безбедност треба да создаде состојба во која ќе бидат обезбедени: слободата на државата и општеството, територијалниот интегритет и суверенитет на државата во рамките на меѓународно прифатените норми, политичка и социјална стабилност, стабилен економски и стопански развој, функционирање на правната држава, стабилен јавен поредок, лична сигурност и слобода и права на луѓето, како и здрави и стабилни еколошки услови.[20]

За националната безбедност Котовчевски вели дека, таа е безбедност која се однесува на општеството/државата во која се инкорпорирани внатрешната и надворешната безбедност.[21]

Заедничките елементи кои се основни столбови на системот на национална безбедност на современите општества се: безбедносната

---

[18] Tatalović S. Grizold A. Cvrtila V. – *"Suvremene sigurnosne politike"*, Zagreb, 2008

[19] Исто

[20] Tatalović S. Bilandžić M.– "*Osnove nacionalne sigurnosti*", MUP R. Hrvatske, Zagreb, 2005

[21] Поопширно во книгата на Котовчевски М. - *"Национална безбедност"*, Скопје, 2011

политика, безбедносните структури, безбедносното самоорганизирање на цивилното општество и учество во меѓународните безбедносни и одбрамбени организации.

Меѓународната безбедност не претставува само обичен збир на националните безбедности, туку таа подразбира и усвојување на определени вредности како во меѓународните односи, така и во односите во самата држава. Исто така, таа претставува и збир на мерки кои им го обезбедуваат опстанокот на сите држави, втемелен предуслов за опстанокот и развојот на меѓународната заедница. Меѓународната безбедност првенствено треба да се заснова врз соработката на државите (но и на определени општествени групи, поединци и организации) односно од најниското ниво на индивидуална безбедност преку националната и регионалната до меѓународната безбедност, со цел да се постигне оптимална безбедност на секој поединечно и на сите заедно[22].

Според Гоцевски, меѓународната безбедност, во принцип се базира на договорената соработка и обезбедена согласност од безбедносните структури на државите и како таква треба да обезбеди сите држави-членки на меѓународната заедница како целина да се чувствуваат безбедни, односно да постојат такви односи, механизми и структури кои на државите би им овозможиле безбедност, односно, услови за елиминирање на сите видови безбедносни закани со кои би се соочиле државите.[23]

Сето кажано се однесува и на регионалната безбедност, но само во рамките на одредени региони во светот.

Меѓудржавната безбедност, пак претставува релативно нов концепт, а неговата суштината е обезбедување на безбедност во државите и на државите на меѓународно рамниште, од современите невоени закани како што се организираниот криминал, терористичките организации, разните бунтовнички движења или парамилитантни организации.

Глобалната безбедност како концепт, бара продаблочување и проширување на безбедносните содржини надвор од воените и политичките теми, односно овој нов концепт на безбедност во себе вклучува и заштита на човековите права и слободи, еколошка заштита, економски просперитет и општествен развој. Индустрискиот развој и незапирливиот пораст на човековата популација, заедно претставуваат сериозна глобална закана. Дефинирањето на глобалната безбедност претпоставува претходно дефинирање на глобалниот интерес, кој може да го анализираме како примарен и секундарен. Примарниот интерес го чинат физичкиот интегритет на планетата Земја и нејзиниот еко систем, додека секундарниот интерес ги подразбира подобрувањето на условите за остварување на основните човекови потреби и човекови права.[24]

---

[22] Исто

[23] Гоцевски Т.- *"Унификација на политичките, економските и безбедносните системи, предизвик за мирот и безбедноста во услови на глобализација"*, Годишен Зборник на Филозофски Факултет, Скопје, 2008

[24] Kennedy G. – *"The Planetary Interest"*, Cambridge, 1995

2. Извори и облици на загрозување на безбедноста

Во сите современи општества, системите на безбедност без разлика на кој начин и со која цел се организирани, претставуваат облик на организирање на општеството за заштита на неговите витални вредности. Обликот на организирање поаѓа од две основни прашања и тоа: од кого и од што треба да се штити државата и на кој начин треба да се изврши насочувањето на елементите на системот на безбедност, како би се остварила основната цел, безбедност на државата. Одговорите на овие прашања претставуваат основа за сите превземени активности во безбедносен смисол, бидејќи преку нив се врши дефинирање, класификација и објаснување на појавата, времетраење и дејствување на општествено штетните и опасни појави во одбрамбено-заштитна смисла. Овде, пред се се мисли на поседување знаења за разните облици и извори на општествените судири, деструктивните дејствија, како и за сите општествени, природни и технички појави, кои ги загрозуваат државите. Појавите на загрозување на виталните интереси на државите, се јавуваат истовремено со нивното создавање, најнапред загрозувајќи го нивниот опстанок, а подоцна и преку загрозувањата на општествено-економскиот и културниот развој. Сите држави биле изложувани и сеуште се изложени на определени облици на загрозување, а разликата е во облиците и интензитетот на нивната манифестација. Со цел нивно дефинирање, групирање и објаснување потребно е да се тргне од различни научни, теоретски, методолошки и практични стојалишта. Во кривично-правна смисла загрозувањето претставува опасност, додека во социолошка смисла појавите на загрозување се поврзуваат со општествените судири и општествено опасните однесувања, кои како такви можат однапред да се предвидат. Согласно ова, загрозувањето претставува секој вид општествена, природна и техничка опасност од поголем обем со која во голема мера се загрозува интегритетот, слободата, имотот и здравјето на луѓето, како и територијалниот интегритет и суверенитет, уставниот поредок и правото на државата, нацијата или општествените групи и поединци.[25]

Покрај кривично-правното и социолошкото значење, потребно е да се обрне големо внимание и на природните и техничките аспекти на загрозување на државата, од причини што современите држави, се почесто се загрозуваат во еколошката сфера, отколку во останатите сфери. Од наведените дефиниции не може да се види во кој обем, со кој интензитет и со кое времетраење мора да постои некоја појава, за да истата би се сметала за појава на загрозување.

Денес, под поимот загрозување се подразбираат општествени појави, или однесувања настанати со дејствување на човекот, природата или техничките системи во подолг временски период и во поголем обем, при што може да настанат штетни последици по интегритетот на човекот, неговата слобода и имот, како и последици по интегритетот и суверенитетот на државата и нејзините институции. Према тоа, може да заклучоме дека загрозувањето ја претставува секоја врста на општествена, природна и техничко-технолошка опасност со која се загрозува интегритетот, слободата, имотот, или здравјето на луѓето, како

---

[25] Поопширно во книгата на Котовчевски М. - *"Национална безбедност"*, Скопје, 2011

и територијалниот интегритет и суверенитет, уставниот поредок и правото во една држава. Најголемиот број на современи безбедносни закани не е поврзан со внатрешните конфликти во државите, туку тоа е последица на националните и меѓународните процеси на дезинтеграција на општествените и државните структури. Овие закани суштински ја поткопуваат фундаменталната безбедност на поединецот и државите.

Во врска со поимот загрозување, се поставува и прашањето за тоа кои се општествените вредности кои се предмет на заштита. Од досега спроведените истражувања може да се извлече заклучокот, дека во скоро сите држави, објекти на загрозување, а согласно тоа и објекти на заштита пред се, се животот на човекот, неговите права и слободи, државите и нивните институции, нивните општествени уредувања, како и нивниот територијален интегритет и суверенитет.

2.1. Извори на загрозување

Современите теоретичари поимот на загрозување го третираат како резултат на одредени општествени појави кои зависат од многу фактори, а која зависност се манифестира на повеќе начини. Така на пр. она што за една држава може да биде појава на загрозување, за друга не мора, или пак неограничената слобода за еден човек, може да биде ограничување или загрозување на слободата за друг и т.н. Појавите на загрозување кои го пратат развојот на секое општество, како одговор имаат создавање на соодветен заштитен систем во вид на организиран систем на безбедност. Негативното влијание на појавите на загрозување и покрај превземените мерки се чувствува, што упатува на заклучок дека изворите на овие појави не секогаш се под контрола на државните институции задолжени за нивното препознавање, спречување и елиминирање. Овие извори на загрозување може да бидат константни во однос на времетраењето на појавите на загрозување, а може да бидат хетерогени и дисперзирани во сферите на општествените, природните и техничко-технолошките области.

Во зависност од прифатените критериуми, изворите на загрозување може да ги класифицираме како општествени, природни и загрозувања од техничко-технолошка природа.[26]

Општествените извори на загрозување ги разбираме како: општествени потивречности во државата, недефинирани меѓународни односи, недефиниран и оспоруван меѓународен статус на државите, степен на демократски развој на државите, неусогласен економски развој на одредени региони во самите држави, културата, водењето политика, неусогласен демографски развој во државите, државната идеологија и идеологија на групите и поединците, религиозните противречности и сл.

Природни извори на загрозување се оние кои настануваат како резултат на дејствување на природните сили кои не може да ги контролира човекот, а кои ги подведуваме во две основни групи и тоа, клима, територија и географска положба во првата, како и елементарните непогоди, земјотреси, поплави, лизгање на земјиштето,

---

[26] Стајић Љ. Гилановић Ч. – *"Основи безбедности"*, Полициска академија у Београду, Београд, 1994

вулкански ерупции, нарушување на еко системот, космичките зрачења, метеоролошките појави и сл., во втората група.

Техничко-технолошки извори на загрозување се оние кои настануваат како резултат на големите техничко-технолошки акциденти и хаварии на хемиски или нуклеарни постројки, пожари, експлозии, или сообраќајни незгоди, а кои предизвикуваат загадување и деструкцијата на животната средина и катастрофи со последици смрт на голем број луѓе, или уништување на имот и други добра од поголем обем и со подолго времетраење. Овие извори на загрозување пред се, се резултат на човековите активности во содејство со развојот на науката и технологијата, но за жал со превземени мали и недоволни мерки на заштита.

ООН во 1994, во рамките на УНДП Програма за развој (UNDP-United Development Programme), диференцираат листа од седум извори на небезбедност и тоа:

1. Економска небезбедност, која се огледа преку заканите од невработеност, несигурност на работното место, лоши услови за работа, нееднаквости во поглед на приходите, инфлација, слаба мрежа на социјално осигурување и немање покрив над главата(бездомништво);
2. Небезбедност во поглед на храната, се однесува на проблемите кои се однесуваат на физичкиот и економскиот пристап кон храната;
3. Здравствена небезбедност, се однесува на заканите по животот и здравјето на луѓето, заради инфективните и паразитските болести, HIV и други видови вируси, болести предизвикани од загадениот воздух и водата, како и од неадекватната можност за приод до здравствените служби;
4. Небезбедност во поглед на животната средина, се огледа преку деградација на локалните и глобалните еко системи, недостиг на вода за пиење, поплави и други природни катастрофи, нерационална сеча на шумите, како и загадување на водата, воздухот и почвата;
5. Лична небезбедност, е карактеристична за заканите со физичко насилство од страна на државата, од криминалните структури, или внатре во семејството, на работното место, како и закани предизвикани од сообраќајни и индустриски акциденти;
6. Небезбедност на заедницата, предизвикана од закани од етнички тензии и насилни судири;
7. Политичка небезбедност, предизвикана од закани од државна репресија и од оние субјекти кои ги загрозуваат човековите права и слободи.

Постоењето повеќе групи на извори на загрозување предизвикува проблем во нивното разграничување и објаснување од причини што еден облик на загрозување може да води потекло од повеќе извори, а и загрозувањето може да биде со различен интензитет.

Покрај веќе споменативе извори на загрозување на националната безбедност, на глобален-планетарен план егзистираат и глобалните закани кои ги загрозуваат глобално егзистенцијалните и есенционално виталните функции на меѓународната заедница. Глобалните закани ја загрозуваат глобалната безбедност, но исто така тие индиректно претставуваат сериозна закана и за националната безбедност на

современите држави во меѓународната заедница. Глобалните закани претставуваат збир на факти, околности, последици и појави кои продуцираат значајно влијание на глобалната безбедност, односно ја детерминираат глобалната безбедност.[27]

Изворите на нестабилност во регионот на Југоисточна Европа, кои се предизвикани од историското наследство пред се, се повеќеетничкото, повеќерелигиското и повеќекултурното обележје на овој дел од Европа. Покрај овие, другите извори на нестабилност ги препознаваме преку економската нестабилност предизвикана од општата неразвиеност на овој регион, но и преку одредените недоследности и неспособноста на заедничката надворешна политика на Европската Унија за пружање помош во решавањето на круцијалните проблеми во овој регион.

За државите од регионот на Југоисточна Европа, вклучувајќи ја и Р. Македонија, значајни би биле идните извори на загрозување, од причини што врз база на нив се засноваат предвидувањата и проценките за безбедносните состојби, како на елементите во системот за безбедност, така и на целокупната општествена заедница. Таквата проценка може да биде изработена за краткорочен, среднорочен и долгорочен период. Овде всушност се врши проценка на односите на силите и дејствувањето на носителите на загрозувањето од една страна и субјектите на безбедносниот систем од друга страна, како и проценка на очекуваните облици на однесување и нивната штетност и општествена опасност.[28]

Од причини што денес во Европа, а со самото тоа и во нејзиниот југоисточен регион за подолг период не се очекуваат воени закани, односно конвенционална војна, се укажува на потребата за интензивна меѓународна соработка во спречувањето на современите невоени и асиметрични закани кои се најмалку национално врамени и кои не бараат традиционално воен одговор.

2.2. Облици на загрозување

Денес не постои држава која не е нападната повеќе или помалку од различните облици на загрозување кои доаѓаат одвнатре и чии основни елементи и носители на загрозувањата се наоѓаат во самата држава, или надворешни, кои се организирани и усмерени однадвор. Овие загрозувања во случај да не бидат елиминирани, или доведени на најниско ниво на кое не би претставувале сериозен проблем за државата, во голема мера го доведуваат во прашање развојот и самиот опстанок на таа иста држава

Причините за постоењето на овие загрозувања ги наоѓаме во меѓународната и геополитичката положба на државите, територијалните аспирации на соседите, во внатрешната нестабилност, во неразвиеноста на демократијата и демократските институции, во спротивставените интереси, во постоењето на сепаратистички и сеционистички барања на различни етнички групи во повеќенационалните држави и др.

Според Котовчевски облиците на загрозување на националната безбедност може да се поделат и според начинот на нивното остварување, односно дали се користи, или не се користи вооружена

---

[27] Котовчевски М.-*"Национална безбедност на Република Македонија"(прв дел)*, Македонска цивилизација, Скопје, 2000

[28] Исто

сила за остварување на поставените цели. Според него постојат вооружени облици кои користат исклучиво воена сила и невооружени облици кои не вклучуваат воена сила за остварување на слични, а во некои случаи и исто поставени цели. Котовчевски зборува и за трет облик на извор на загрозување на националната безбедност, а тоа е комбинираниот облик кој ги става во симбиоза вооружените и невооружените облици на загрозување, така да тие во одредени ситуации се надополнуваат и испреплетуваат.[29]

Државите кои припаѓаат на регионот на Југоисточна Европа, меѓу кои и Р. Македонија, ги содржат горенаведените елементи, па од тие причини низ историјата претставувале, а и во иднина ќе претставуваат чест предмет на загрозување. Меѓу основните причини на загрозување на овие држави е нивната геостратегиската положба, заради што и целта на носителите на загрозувањата е освојување на овој значаен геостратегиски простор и потчинување, или асимилирање на народите кои живеат тука.

3. Потенцијални закани по безбедноста на државите од Југоисточна Европа

3.1. Закани од воена природа

Досега главните безбедносни закани за националната безбедност на државите беа војната и опасноста од вооружен напад. Државите се наоѓаат под воена закана и се воено загрозени во ситуации кога некои други држави појавуваат аспирации за зголемување на својата моќ преку искористување на нови ресурси, па за таа цел освојуваат туѓи територии и народи. Воените закани доколку се остварат, претставуваат најголема закана за светскиот мир, безбедноста, независноста и слободата на многу држави во светот, а се со цел остварување на хегемонистичките интереси на политиката со вооружена сила.

Од причини што државата и понатаму претставува референтен објект на безбедноста, а фокусот и понатаму останува на заканите од страна на други држави, вклучувајќи ги заканите против кои воената одбрана се чини и понатаму незаменлива. Од овие причини и поборниците за општа безбедност се залагаат за "неофанзивна одбрана" (non-offensive defence-NOD), позната уште и како "дефанзивна одбрана" или "непровокативна одбрана".[30]

Во овој контекс, функцијата на армијата е одбрана на општеството од воените ризици и закани по безбедноста, со задача да оневозможи загрозување на државната територија од вооружен напад. Оваа функција подразбира, нејзино ангажирање во превенција и совладување на надворешните закани со употреба на воена сила во војна или кај

---

[29] Поопширно во книгата на Котовчевски М. - *"Национална безбедност"*, Скопје, 2011

[30] Møller, Bjørn: Common Security and Non-Offensive Defense. A Neorealist Perspective (Boulder, CO: Lynne Rienner, 1992); idem: Resolving the Security Dilemma in Europe. The German Debate on Non-Offensive Defence (London: Brassey's, 1991); i idem: The Dictionary of Alternative Defence (Boulder, CO: Lynne Rienner, 1995); ili Bahr, Egon & Dieter S. Lutz (eds.): Gemeinsame Sicherheit. Konventionelle Stabilität. Bd. 3: Zu den militärischen Aspekten Struktureller Nichtangriffsfähigkeit im Rahmen Gemeinsamer Sicherheit (Baden-Baden: Nomos Verlagsgesellschaft, 1988)

превентивното дејствување, што го нагласува значењето на воената безбедност. Ваквата безбедносна стратегија била во функција за цело време на т.н. "Студена војна" помеѓу двата воени блока[31], чиј резултат беше видлив преку трката во вооружување, особено нуклеарното. Додека армијата го користи конвенционалното оружје при изведување на офанзивни, или одбранбени дејствија, нуклерното оружје што го поседуваат ограничен број армии во светот, повеќе служи како средство за одвраќање на евентуалното загрозување на безбедноста на државите. Сепак, теоријата за водење на војна, упатува на фактот дека при остварувањето на безбедноста, може да се користат сите можни комбинации на воени стратегии, а се со цел зачувување на фундаменталните вредности на државите.

Облиците преку кои се исполуваат воените закани се: вооружена агресија, која според дефиницијата на ООН од 1974 година, значи употреба на сила на една држава против суверенитетот, територијалниот интегритет или политичката независност на друга држава, воена интервенција, која претставува недозволено мешање на една, или група држави во внатрешните работи на други држави притоа употребувајќи вооружена сила, како и граничните вооружени судири кои настануваат како резултат од нерасчистени и нерешени проблеми со државните граници, или заради остварување на помали територијални претензии и востановување нови граници.[32]

Остварувањето на воените закани од глобален и регионален карактер се можни во случај на општа светска или европска криза. До нив би можело да дојде, во случај доколку во некоја од државите од регионот би запрел демократскиот процес, во спрега со дополнителното усложнување на состојбата заради економски, социјални, етнички и верски причини. Така, воените закани покрај фактот што претставуваат директна закана за интегритетот и суверенитетот на државите и безбедноста на нивните граѓани, претставуваат и закана врз политичката, економската и социјалната сфера, како и закана за животната средина. Но, тие претставуваат и индиректна закана за нивните надворешни интереси, со што директно влијаат врз меѓународната соработка. Како би се заштитиле и опстанале, државите се здружуваат со други држави со кои имаат исти интереси, или со кои имаат исти или слични вредности. Ова формирање на т.н."сојузи" е со цел зачувување на актуелната состојба во меѓународните односи, односно создавање т.н. "рамнотежа на силите". Ваквата поврзаност меѓу државите во светот, денес во голема мера ја намалуваат опасноста од традиционалните воени судири. Во скоро сите национални стратегии за безбедност се вели дека ризиците од избувнување на војни и други воени судири како на глобално ниво, така и во регионот на Југоисточна Европа, иако намалени, не се целосно елиминирани. Воените закани се, или латентни, или се "замрзнати", што значи дека во одредени ситуации во иднина истите би можеле да претставуваат сериозна закана за безбедноста на државите.

---

[31] Варшавскиот Договор и НАТО Алијансата

[32] Гоцевски Т.-*"Основи на системот на национална одбрана"*, Филозофски факултет-Скопје, "Киро Дандаро", Битола, Скопје, 2005

Според Георгиева, воените закани имаат највисок приоритет во однос на национално-безбедносните проблеми, од причина што употребата на вооружена сила можеше да предизвика брзи и несакани промени. Поради фактот што се употребува директна вооружена сила, воените закани претставуваат специјална категорија закани за националната безбедност. [33]

СИПРИ-Меѓународниот институт за истражување на мирот од Стокхолм (SIPRI-Stockholm International Peace Research Institute) војната ја дефинира како вооружен конфликт со најмалку 1000 жртви во борбените дејствија, а каде барем една од завојуваните страни мора да е владата на државата.[34]

Од причини што воените закани по својот карактер се меѓународни, односно ги минуваат границите на една држава, се налага и политичкиот одговор на државите кон нив да биде мултилатерален, а не во склад со надминатите државно-безбедносни опции.

Крајот на "Студената војна", кој настана со дезинтеграцијата на Советскиот Сојуз, најави ново време во меѓународните односи, крај на биполарната поделеност на светот, отворени граници и слободна трговија, ерозија на државниот суверенитет, нови општествени вредности и солидарност во поглед на заштита на фундаменталните човекови права. Притоа се измени архитектурата на меѓународните односи, битно се променија примарните безбедносни предизвици и се наложи потребата од преиспитување и одредување на тоа што во новонастанатите услови би претставувало закана за националната безбедност. Исчезнувањето на блоковската конфронтираност, развојот и ширењето на демократијата, креирањето на мултиполарен свет проследен со интензивна културна и економска соработка, заедно со меѓузависноста и интегративните процеси во безбедноста, ги намалија ризиците и заканите од конвенционални судири меѓу државите. Со промената на самите закани, се променија и безбедносните механизми кои треба да ги развиваат систематските, трајните и координираните институционални одговори на нив, притоа користејќи ги правните, политичките, економските и воените инструменти. Со крајот на "Студената војна", а со тоа и крајот на идеолошките судири, концептот на безбедноста, се повеќе бил изложен на политичкиот либерализам и на меѓународната политика. Согласно ова, невладините организации како составен дел на се посилното цивилно општество, започнаа со оспорување на монополот на државниот суверенитет во меѓународните односи, кој тренд е поддржан и од забрзаниот процес на глобализацијата. Зголемената меѓузависност на државите на глобален план, ја намалуваат опасноста од традиционалните воени закани. Во вакви услови асиметричните и невоените закани на недржавните актери стануваат се подоминантни, па заради се поголемата глобална поврзаност ги загрозуваат државите и нивните граѓани на посреден начин.

---

[33] Георгиева Л.-*"Менаџирање на ризици"*, Филозофски Факултет-Скопје, "Југореклам", Скопје, 2006

[34] http://www.nobelprize.org

Денес, воената безбедност претставува одржување на физичката сигурност на општеството, неговите економски интереси и други витални вредности, од надворешно загрозување. Притоа, главниот субјект на безбедноста-државата, не цели кон водење на војна, или остварување на мир, туку кон овозможување на благосостојба на граѓаните во општеството. Ова особено се истакнува поради апстрактноста на мирнодобската состојба, која е директно поврзана со војна, поточно со состојбата на одсуство на војна[35].

Пристапот наречен "одржлив развој" го отфрла тесното гледање на безбедноста, кое овој проблем најчесто го дефинира базирајќи се на државната територија и воената агресија. Исто така, овој пристап настојува да ги ублажи заканите од нуклеарна војна меѓу државите, со оглед на крајот на "Студената војна", а со неа и на идеолошката војна помеѓу двете супер сили СССР и САД.

По распадот на СФРЈ, условите во регионот на Југоисточна Европа во многу се изменија, така да државите од овој регион повеќе не претставуваа "црна дупка" на европската безбедност и директна закана за соседните држави. Можноста, меѓу овие држави да дојде до било каков воен напад, денес е доведена до најниско ниво. Но сепак, парадоксално е тоа што сеуште не се елиминирани опасностите кои ја реметат безбедноста на овој регион и покрај тоа што меѓународните вооружени сили се сеуште присутни во еден дел и што постоеа обиди овие односи да бидат подобрени.

3.2. Закани од невоена природа

Историски гледано, прашањата врзани за безбедноста отсекогаш биле доведувани во врска и анализирани во однос на воените закани. Избледувањето на воените закани, последователно е проследено со поексплицитно манифестирање на други видови закани коишто според својата важност ги надминаа воените закани.[36]

Така, иако сеуште постојат намалени ризици од воените закани, големиот број експерти се согласуваат дека во моментов треба да се обрне големо внимание на широкиот спектар на невоени и асиметрични закани[37]. Тие претставуваат сериозен атак врз економијата, политичката стабилност, социјалната хармонија, животната средина, како и за здравјето на граѓаните. Како овие закани стануваат се повеќе меѓусебе поврзани, така одговорот на нив станува се посложен. Невоените закани се скоро исти за сите држави, без оглед на нивното општествено уредување, или нивната геостратегиска положба и најчесто се манифестираат преку организираниот криминал, тероризамот, верскиот и политичкиот екстремизам, преку миграцијата на населението од повеќето причини, загрозување на животната средина и др. Две од овие закани отскокнуваат по својата опасност и жестина, а тоа се организираниот криминал и тероризмот, па затоа тие имаат посебен

---

[35] P.Paleri "*National Security-imperatives and challenges*", Tata McGraw-Hill Publishing CoLtd, New Delhi , 2008 str 125-132

[36] Георгиева Л.-*"Творење на мирот"*, Студио АДА, Скопје, 1999

[37] Денес најактуелните безбедносни закани во литературата се познати под називите, невоени, асиметрични, алтернативни, меки, нетрадиционални, неконвенционални, или современи закани.

третман при изготвувањето на националните стратегии за безбедност. Развојот на невоените закани може да претставува резултат на опаѓање на нивото на политичко уредување, влошување на економските услови и проширување и зајакнување на нелегалните економии. Тешкотиите со кои се среќаваат државите во производното стопанство кое е од посебен значај за меѓудржавната соработка, им одат на рака на криминалните структури.

Котовчевски во својата книга "Национална безбедност"[38] облиците на закани за националната безбедност ги групира како надворешни, внатрешни и глобални. Под надворешни невоени закани тој ги подразбира: неконвенционалните дејствија, психолошко-пропагантните дејствија, информатичко-комуникациските закани, разузнавачките операции, неконтролираните имиграциони процеси, а со нив и неконтролираниот прилив на бегалци, политичките и економски санкции,.....еко заканите, и техничко-технолошките акциденти. Под внатрешни невоени закани тој ги подразбира: организираниот криминал, корупцијата, тероризмот, геноцидот и етничкото чистење, насилните радикализам и екстремизам, шовинизмот и иредентизмот, деструкцијата на суверенитетот, анархијата, новиот тоталитаризам, сиромаштијата.....еко заканите и техничко-технолошките акциденти. Глобалните закани ја загрозуваат глобалната безбедност, но исто така тие индиректно претставуваат сериозна закана и за националната безбедност на современите држави. Како глобални невоени закани, Котовчевски ги подразбира глобалниот организиран криминал, "информатичката војна", неоколонијализам, економскиот, општествениот и културен империјализам, авторитарните држави, слабите и насилни држави, масовните неконтролирани меѓународни миграции, сиромаштијата, нееднаков пристап до ресурсите, глобалните пандемии,.....глобалните еко закани и големи техничко-технолошки несреќи и катастрофи.

Сите невоени закани, денес имаат неколку заеднички карактеристики: актери не се државите, туку тоа се неформалните организации или групи, кои настојуваат да воспостават некој вид на контрола над јавните институции како би можеле долгорочно и ефективно да ги продолжат своите активности, како и фактот што нивниот идентитет е флуиден и не секогаш извесен. Друг фактор кој им оди на рака на невоените закани, е и фактот што денес безбедноста на државите од Југоисточна Европа е загрозена пред се, од внатрешните фактори како што се авторитарните форми на владеење и слабите и корумпирани државни институции. Имено, слабоста на државните институции во некои од државите од регионот произлегува пред се од фактот што владите се создаваат врз база на коалициските компромиси помеѓу политичките партии, а не врз основа на политичката волја на граѓаните. Вака создадените државни институции не одговараат на ставовите и барањата на граѓаните, туку на овој начин политичките елити се борат за опстанок на политичката сцена, притоа создавајќи неприродни компромиси со коалиционите партнери, или со други влијателни поединци, или групи. Од тие причини ваквите неприродни коалиции кои партиципираат во државните институции, не се во

---

[38] Поопширно во книгата на Котовчевски М. - *"Национална безбедност"*, Скопје, 2011

можност да обезбедат државна и општествена стабилност, а со самото тоа ниту индивидуална безбедност за своите граѓани.

Бузан[39], тврди дека во периодот по завршување на "Студената војна" безбедноста на државите беше под влијание на петте нејзини основни димензии: воената, политичката, економската и општествената, како и безбедноста која се однесува на животната средина.

Согласно ова и организираниот криминал како современа невоена закана, има големо и значајно влијание на секоја од овие димензии.

Така, во однос на воената безбедност, организираниот криминал има најмалку три облици на влијание. Имено, државите чии влади стапуваат во симбиоза со организираниот криминал ги користат своите воени и полициски структури за остварување на криминални цели, или за заштита на актуелните структури на организираниот криминал. Овие структури на организиран криминал кои се во симбиоза со државите, се моќни, дел од неговите припадници се вработени и во јавната администрација и чии услуги ги користат за остварување на своите криминални цели. Историски гледано, овие структури во почетокот биле поврзани со поранешните владеачки елити во државите не успевајќи да навлезат во актуелните структури на власт. Но, за жал денес ситуацијата е видоизменета, па се почести се примерите кога овие криминални структури и владеачките елити се упатени едни на други. Така, државите кои се ослабени од политичките, етничките и верските судири, што беше случај со поголемиот дел од државите од регионот на Југоисточна Европа, стануваа држави во кои организираниот криминал многу лесно продираше во државните институции, а во одредени ситуации дури и многу подобро контролираше одредена територија, отколку самата држава. Од крајот на минатиот век во новонастанатите држави во Југоисточна Европа, на рака на криминалните структури им одеа, покрај останатото и недоизградената правна регулатива и слабото и корумпирано судство. Овие фактори придонесоа за пораст на добро организираните меѓународни структури на организираниот криминал, кои располагаа со големи финансиски ресурси.

Политичката безбедност може да биде разнишана од страна на организираниот криминал, користејќи го веќе опробаниот метод на придобивање за соработка на политичарите, а тоа е корупцијата. Организираниот криминал влијае врз економската безбедност во случај кога огромни парични средства се вклучуваат во криминалните активности. Ваквото влијание може да биде директно и индиректно. Според ООН, проценката на заработката од спроведените нелегални активности на организираниот криминал на годишно ниво изнесува околу 1.1 трилион американски долари.

Организираниот криминал влијае и врз безбедноста на животната средина. Бесправната сеча на големите шуми, загадувањето на воздухот, водата и почвата како резултат на уништување, или депонирање на отпадот од големите компании во неразвиените и сиромашни држави, се дел од недозволените активности при што структурите на организираниот криминал ја користат корупцијата за олеснување на

---

[39] Buzan, B., Weaver, O. and de Wilde, J. (1998), *Security:A New Framework for Analysis*, London: Lynne Rienner Publishers.

овие активности, истовремено и за заработка на огромни нелегални профити.

Тероризмот, без разлика дали станува збор за домашен или меѓународен, покрај организираниот криминал, останува една од најактуелните невоени закани на современите држави. Основните извори на современиот тероризам, голем број автори ги наоѓаат во напластените и длабоките општествени, економски, етнички, верски и политички противречности и во несаканите општествени услови кои заговорниците на терористичките методи настојуваат да ги сменат по секоја цена, притоа не осврнувајќи се на кршењето на човековите права и слободи, како и на интересите на останатите луѓе и на општеството во целина. Покрај користењето на насилство за остварување на своите цели, терористичките структури прибегнуваат и кон употребата на невооружени методи, како на пр. фалсификување на пари и нивно растурање, со цел рушење на економскиот и финансискиот систем на нападнатата држава, како и преку изведување саботажи во енергетскиот, комуникацискиот, информатичкиот и други видови системи кои се од витално значење за нападнатата држава.[40] Тероризмот настојува своите активности да ги насочи кон остварување на цели како на пр. промена и освојување на власта, стекнување на национална независност, или политичка автономија, иредентизам, интернационализација на веќе актуелен судир на некое подрачје, нанесување на стопански или друг вид штети на државата кон која се усмерени терористичките акти и др.

Еколошките закани предизвикани од природните процеси или од некои човекови активности, денес завземаат високо место на скалата за рангирање на невоените закани кои ги засегаат современите општества. Еколошките закани, карактеристични за државите од регионот на Југоисточна Европа се загадување на почвата, подпочвата, водата и воздухот преку, несоодветно уништување или складирање на радиоктивниот отпад и отровните материи, појава на кисели дождови поради емитување на високи концентрации на сулфур диоксид, недостаток од вода, деградација на крајбрежјата, загадување со излевање на нафта и фрлање отпад во реките, езерата и морињата.

Еколошката криза со која се соочува човештвото е доста сериозна од причини што демографската експлозија настаната во изминатиот век сеуште нанесува штета на светскиот екосистем, што неминовно води кон негово загрозување.[41] Развојот на индустријата и транспортот, експлоатацијата на руди и минерални суровини во дотогаш непристапните региони, барањето нови извори на храна, со цел задоволување на потребите на зголемиот број на население, придонесоа до зголемување на еколошката деградација на цели региони. Резултатот на скоро сите еколошки закани се т.н. "еколошки бегалци", кои денес претставуваат нов облик на раселено население. Ова население, сега притиснато од еколошките закани, кои се тесно поврзани со економските проблеми, има потреба од изнаоѓање алтернативни засолништа и живеалишта за опстанок и подобар живот. Од друга страна пак, овој феномен создава проблеми од политичка, економска, социјална и безбедносна сфера во државите даватели на засолништата. Имено, не

---

[40] Saćić Ž. – "*Organizovani kriminal – metode suzbijanja*", Informator, Zagreb, 2001

[41] Милески Т. – *"Еколошка безбедност"*, Филозофски Факултет, Скопје, 2006

секогаш бегалците, па и овие еколошките, се добродојдени во државите даватели на засолниште, а посебно не се прифатени од локалното население, поради постоење на оправдан страв за загрозување на сопствениот социјален статус и национален идентитет. Во случај државата давател на засолниште, да не успее да го амортизира создадениот анимозитет кон бегалците, па макар тоа биле и еколошките, тоа ќе претставува одлична основа за создавање и вреење на невоените закани, како етничките судири, граѓанските немири, или појавувањето граѓанска непослушност за еден подолг временски период.

Пролиферацијата, или ширењето на нуклеарното, хемиското и биолошко оружје, е високо рангирана закана за безбедноста. Преку процесот на глобализација, како и појавата на огромен број неуспешни и слаби држави, можноста таквото оружје да се најде во рацете на терористите или "криминализираните" држави е реална.

ЗАКЛУЧОК

Безбедноста претставува динамична категорија и е еден од комплексните и повеќедимензионалните феномените на човековото општество и тоа во сите фази на неговиот развој. Таа како функција е неразделен атрибут на секоја држава и нејзината цел е да заштити одредени општествени вредности од сите облици на загрозување. Државата како референтен објект на безбедноста и како субјект на меѓународната заедница, како и нејзините витални интереси, се загрозени од повеќе внатрешни и надворешни чинители кои се водени од различни мотиви. Изворите на загрозување на безбедноста ги претставуваат општествените и природните загрозувања, како и загрозувања од техничко-технолошка природа. Во скоро сите држави, објекти на загрозувањето, се животот на човекот, неговите права и слободи, државите и нивните институции, нивните општествени уредувања, како и територијалниот интегритет и суверенитет. Денес, безбедноста ја препознаваме и преку социјалната безбедност, преку заштитата при работа, преку здравствената заштита, преку сообраќајната безбедност, преку заштитата на потрошувачите, како и преку заштитата на животната средина.

Изворите на нестабилност во регионот на Југоисточна Европа, кои се предизвикани од историското наследство пред се, се повеќеетничкото, повеќерелигиското и повеќекултурното обележје на овој дел од Европа. Другите извори на нестабилност се резултат на економската нестабилност предизвикана од општата неразвиеност на овој регион, но и од одредените недоследности и неспособноста на заедничката надворешна политика на Европската Унија за пружање помош во решавањето на круцијалните проблеми во овој регион.

Во изминатиот период главните безбедносни закани за националната безбедност на државите беа војната и опасноста од вооружен напад. И покрај тоа што сеуште постои опасност од овој облик на закани, денес државите од Југоисточна Европа се почесто се соочуваат со новиот вид на закани-невоените, кои се најмалку национално врамени и кои не бараат традиционално воен одговор. Овој вид на невоени закани, најчесто се изразени преку организираниот криминал,

корупцијата, тероризмот, миграцијата, еколошките и демографските катастрофи и др. Две од нив кои отскокнуваат по својата опасност и жестина се организираниот криминал и тероризмот. Тие претставуваат сериозен атак врз економијата, политичката стабилност, социјалната хармонија, животната средина, како и врз здравјето на граѓаните. Овој вид на закани имплицираа, традиционалниот концепт на безбедност базиран исклучиво на воените сили, веќе да не претставува клучен инструмент во решавањето на современите безбедносни прашања. Согласно ова произлегува дека безбедноста денес не зависи само од воените сили на државите, туку се повеќе зависи од силата на државите и нивната способност да обезбедат демократски, економски, политички, културно-научен, техничко-технолошки и социјален развој. Државите своите безбедносни функции ги остваруваат преку своите безбедносни структури, на превентивен и на репресивен план. Одговорноста на државата за безбедноста на нејзините граѓани е недделива, непрекината и независна од политичките, социјалните и другите случувања. Во спротивно, може да дојде до дезорганизација на системот, до задоволување само на политичко-партиските, групните, или поединечните интереси и до деструкција која првенствено и најтешко го погодуваат "обичниот граѓанин".

Сите невоени закани, денес имаат неколку заеднички карактеристики, и тоа: актерите не се државите, туку неформалните организации и структури, кои настојуваат да воспостават некој вид контрола над јавните институции, со цел долгорочно и ефективно продолжување со своите недозволени активности заради стекнување на профит и моќ.

II ГЛАВА

1. Организиран криминал

Појавата и развојот на организираниот криминал претставуваат сложен социо-политички и безбедносен процес, поврзан со процесот на радикалните промени во една држава, со далекусежна редистрибуција на националното богатство, корупцијата, како и со појава на "сивата економија" и "црниот пазар" кои егзистираат паралелно со нејзината легална економија и стопанство.

Кривичните дела кои се карактеристични за организираниот криминал, во основа се поделени на два основни облика и тоа: кога кривично дело претставува самото формирање на криминалната структура (криминална група или криминална мрежа), или според Кривичниот Законик на РМ-Злосторничко здружение (чл.394) и вториот облик кој претставува збир на кривични дела кои ги извршуваат припадниците на криминалните структури, со јасни цели заради кои овие структури на организираниот криминал и се формирале.

Така, со извршување на кривичните дела директно се остварува криминален профит кој заедно со стекнувањето моќ, се едни од основните цели на организираниот криминал. Со извршување на кривичните дела се создаваат услови за опстанок и ширење на организираната криминална структура, или пак со примена на коруптивните методи се докажува нејзината"неранливост" и се овозможуваат активности врзани за извршување на други облици на организиран криминал[42].

Со завршување на "Студената војна", а под влијание на новите општествени токови, организираниот криминал стана приоритетна закана за националната безбедност на државите на глобално ниво. Тој влијае на претходно избрана група на финансиски институции, или регионални области, но има влијание и врз националните и меѓународните финансиско-економски мрежи. Тој претставува динамична и лесно прилагодлива општествено негативна појава, препознатлива преку перманентна појава на нови појавни облици што го прави сложен за препознавање и откривање, па со самото тоа и тежок за спречување.

Така, Шкулиќ организираниот криминал го споредува со античкото чудовиште Лернејска Хидра, на која секогаш кога големиот јунак Херакле би и ја отсекол главата, веднаш би и пораснале нови две. Организираниот криминал и наликува на Хидра. Имено, тој е со многу глави, жилав, саморегенерирачки, па се чини дека државите одамна се откажале од илузијата дека оваа негативна појава може да се искорени. Така единствено достижна цел која властите на модерните држави може да ја постигнат е ова т.н. чудовиште да го држат под контрола.[43]

Италијанскиот криминолог Сантино, вели дека организираниот криминал делува како канцер, не можеш да го видиш и почуствуваш со сетилата, но опасноста расте и може да го загрози целото општество. Опасноста расте постепено, но константно и кога еднаш ќе го осознаеме симптомот, обично ќе биде доцна за превземање мерки за лекување. Така и одбраната од нападот на организираниот криминал е многу тешка да во некои моменти ни изгледа и безнадежна.[44]

Организираниот криминал, се прошири со интернационализација на капитализмот и со растот на глобалната трговија, а неговите активности меѓудругото станаа и еден вид на "производен криминал". Во државите каде организираниот криминал се извршува налик на корпоративна и високо профитна стопанска дејност, имаме ситуација на судир на две структури, криминална и државна, од кои криминалната структура понекогаш може да биде со иста силина, а во некои случаи и посилна од државната. Така, во време на општествени и економски кризи во државите, организираниот криминал станува посебно агресивен и настојува да ја заземе и замени државната власт, или во најмала мера настојува со неа да биде рамноправен партнер. На глобално ниво тој егзистира и работи под плаштот на фирми, или корпорации кои се вклучени во сите карактеристични облици на

---

[42] Шкулић М. – *"Организовани криминалитет"*(појам и кривичнопроцесни аспекти), Досије, Београд, 2003

[43] Исто

[44] Santino U.-"*Law Enforcement in Italy and Europe against Mafia and Organized Crime*", Yokohama, 1996

недозволено однесување, кои обезбедуваат нелегални стоки и услуги стекнати со нелегални средства и на нелегален начин и кои ангажираат голем број "работници". Покрај произведување и пласирање на пазарот на нелегални производи и услуги, структурите на организиран криминал произведуваат и пласираат и легални производи и услуги, а за непречено одвивање на овие активности настојува да обезбеди заштита од некои државни структури, или нејзини поединци. Ова поимање на организираниот криминал е производ на многу научни студии кои го потврдуваат горе искажаното, дека за неговото постоење потребно е да бидат задоволени неколку фактори, како што се експлоатација на пазарот и соработка на дел од државните и политичките структури од власта со криминалните структури кои ги штитат и помагаат неговите криминални активности. Заради непречено остварување на своите цели, структурите на организиран криминал настојуваат да ја ослабат и неутрализираат државата и нејзините институции до ниво, кога таа нема да биде способна да функционира и чинат се ваквата состојба да потрае што подолго.

Според Мијалковски[45], структурите на организиран криминал ја остариле својата цел, дури и во случај да "освоиле" само една област од општествениот живот, или само една државна институција доколку државата не е способна, или не покажува одлучност да спречи некој од облиците на организиран криминал. Во случајов станува збор за слаба или неуспешна држава, од причини што организираниот криминал ќе се обиде постигнатиот тактички успех да го издигне на стратегиско ниво, односно да ги "покрие" или да ги стави под своја контрола и другите сфери во државата. Тоа би значело дека организираните криминални структури ќе тежнеат да создадат оптимално слаба држава, а нивните апетити би оделе и до таму да се обидат да создадат сопствена криминална држава.

Организираниот криминал нема некој посебен идеолошки предзнак, но стекнувањето пари и моќ, меѓудругото е и со цел добивање на поголема подршка од политиката, заради заштита од полициски и судски прогон. Овие структури никогаш јавно не ги покажуваат своите политички амбиции, туку се задоволуваат со корумпирање на јавната администрација и политичарите, со чија помош ги спроведуваат своите зацртани криминални активности.

Преку нелегалните активности структурите на организираниот криминал станаа главни "играчи" во нелегалните индустрии, недозволеното производство и трговија со дрога, трговијата со луѓе, или проституцијата, при што заработуваат пари поголеми од бруто националниот производ на некои од државите од регионот на Југоисточна Европа. Разновидноста на криминалните активности и локациите каде тие се изведуваат, им обезбедуваат средства за поефикасно прилагодување на состојбите во државите, како и за откривање и злоупотреба на пропустите во меѓународната соработка на безбедносните структури при превземањето на активностите кои се насочени кон нив.

---

[45] Mijalkovski M. – "*Organizovani kriminal – najopasniji oblik ugrožavanja bezbednosti države*", Revija za bezbednost, br.12/08, Centar za bezbednosne studije, Beograd, 2008

Ако се тргне од историската димензија на изучувањето и објаснувањето на организираниот криминал, потребно е да се истакне дека тој егзистира подолг временски период, а во зависност од развојот и карактерот на општествените и економските односи ги менува и своите појавни облици. За првпат меѓународната заедница го третира организираниот криминал како меѓународен, како и неговите штетни последици по државите на 5-от Конгрес на ООН во 1975 година одржан во Женева, на тема "Превенција на криминалот и третман на престапниците".

Во тој контекст, тогаш терминот меѓународен организиран криминал како една од најсериозните невоени закани за современите држави бил употребен повеќе за негово објаснување од криминолошки аспект, отколку од правен, во делот каде се објаснувала врската на криминалот на "белите јаки" и корупцијата. Основната теза била дека постојат одредени криминални структури, кои имаат иста, или слична цел како и останатите меѓународни актери, како на пр. големите мултинационални компании. Оваа цел, се огледала во максималното зголемување на слободата на акции, или дејствија и во истовременото намалување на ефектите на националната и меѓународната контрола на границите, со цел да се намали ризикот, а да се зголемат нелегалните профити и да се создадат нови пазари.[46]

Добрата подлога за создавање и развој на организираниот криминал ја чинат несредените општества, т.н. држави со многу нерешени внатрешни, но и надворешни проблеми, посебно онаму каде до израз доаѓа економската криза, а согласно тоа, таму каде таа постои неизбежно е и постоењето на кризата на владеење. Сето ова, државите ги прави помалку отпорни на појавата на дејствување на организираниот криминал, кој преку нелегалните активности многу брзо доаѓа до голем незаконски профит. Така, тој се етаблира во оние стопански области каде постојат одлични услови за стекнување на висок профит за многу краток период, како на пример легалната трговијата со оружје и нуклеарни материи, но и во општествено опасните активности како на пр. нелегалната трговија со дрога, оружје и експлозив, трговијата и нелегалното складирање на нуклеарен отпад, нелегалната трговија со акцизна стока како што се цигарите, алкохолот, нафтата и нафтените деривати, нелегалната трговија со луѓе и криумчарење мигранти. Стекнатите пари од овие недозволени и нелегални активности, организираниот криминал ги вградува во легалните бизниси со што го поткопуваат фискалниот и банкарскиот систем на државите, но учествува и во финансирање на тероризмот што претставува особена опасност за современите општества. Во услови на недоизградени државни институции и несредени односи во државите, вака незаконски стекнатиот профит, криминалните структури често успеваат да го легализираат, а нивните водачи успеваат да се стекнат и со општествен углед во државите, кој пак од друга страна им овозможува речиси непречено "перење" на криминално стекнатите или "валкани" пари.

---

[46] Massari M.-*"Transnational organized crime between myth and reality: The social construction of a threat."* In Organized Crime and the Challenge to Democracy, ed.Allum,F. and Siebert, R. New York, London: Routledge. 2008

Општествената опасност од организираниот криминал претставува последица од неколкуте негови карактеристики кои битно го разликуваат од т.н. класичен криминал. Тоа се: високиот степен на организираност на членството, големата желба за пари и моќ, како и меѓународната компонента која не признава државни граници и национален суверенитет.

Основните законувачки аспекти од организираниот криминал се: првиот аспект се огромните пречки во спречување и уништувањето на криминалните структури, нивните меѓународни димензии и влијание и вториот аспект, нивото на нивната инфилтрација во економијата и општеството воопшто. Првиот аспект им дава имунитет и вечност на криминалните структури додека вториот аспект, ги прави измешани со легалниот свет, влијаејќи негативно врз волјата и подготвеноста на државите, да ги спречат и уништат. Колку овие структури се повеќе етаблирани во општеството, толку повеќе стануваат респектабилни, со што станува се потешко нивните членови да се изведат пред лицето на правдата.

Ситуацијата со организираниот криминал во државите од Југоисточна Европа и денес не е изменета на подобро, што се гледа од последниот Извештај на Европол за 2011[47] за регионот на Југоисточна Европа, во кој се зборува за најголема експанзија на организираниот криминал во последните години, како резултат на зголемената недозволена трговија преку Црното Море, ширењето на бројни балкански правци за транзит на нелегална стока посебно дрогата, за и од државите на Европската Унија, како и заради зголемениот пораст на нелегалната миграција преку Р. Грција. Меѓународните криминални структури од Косово, Македонија и Албанија стануваат се поактивни, а дел од нив добиваат поддршка од вооружени групации како на пр. од остатоците од поранешната ОВК на Косово. И понатаму хероинот кој доаѓа од Турција транзитира преку овие држави, а заедно со марихуаната која се одгледува во регионот, завршуваат на нарко пазарот во државите на ЕУ. За одбележување се зголемените активности на недозволената трговија со кокаин, кој од некои од државите на Јужна Америка, преку пристаништата на Јадранското и Црното Море и користејќи ги веќе постојните нелегални канали, пристигнува на пазарот на западнорвропските држави. Новина е формирање на нови транзитни точки, посебно во Унгарија, каде се спојуваат неколкуте нелегални канали на дрога кои водат од Балканот и Црното Море, каде таа се препакува на патот кон западнорвропските држави.

1.1. Терминолошко определување и дефинирање на организираниот криминал

Дефинирањето на поимот организиран криминал претставува еден од најкотраверзните поими на денешницата, кој е базиран врз основа на различните пристапи, големата спротиставеност на мислења за факторите за неговата појава, неговото постоење, развој, обем и секако неговите појавни облици.

---

[47] EU Organised Crime Threat Assessment, OCTA 2011, - Analysis & Knowledge, File no. 2530-274, Hague, 28.04.2011

Дефинирањето на организираниот криминал како општествено негативна појава е сложено и од причина што неговата нелегална активност во многу случаи се испреплетува со некои легални активности. Организираниот криминал се поврзува со легалните активности со цел да ја прикрие криминалната трага и да го зачува стекнатиот профит на криминален начин. Тешкотиите во неговото дефинирање произлегуваат, од една страна од неговите карактеристики кои се однесуваат на ексклузивитетот на членување и дискрецијата во неговите активности, од неспремноста на сведоците и оштетените да го потврдат постоењето на криминалната организација и сл. и од друга страна, од напорите на државните структури кои се спротиставуваат на криминалитетот, да ја покажат својата успешност, односно да го негираат постоењето на организација која на одредено подрачје го загрозува, или нарушува "монополот" на државниот апарат во креирање на правилата на однесување и санкционирање на оние кои тие правила ги кршат.[48]

Друга тешкотија околу постоењето на вистинска дефиниција на овој криминолошки феномен е од причина што неговото постоење може да се докаже дури тогаш кога полициските и правосудните структури ќе го препознаат организираниот криминал, докажат и со правосилна пресуда ќе го потврдат, а за што во реалноста постојат малку такви случаи. Затоа на почетокот на одредена криминалистичка обработка на некој криминален случај или настан, е тешко, а и ризично да се постави цврста дијагноза за постоење или непостоење на организиран криминал.[49]

ФБИ (Федерално Истражно Биро) од САД, широко го дефинира организираниот криминал како "било која група која има на некој начин формализирана структура и чија примарна цел е да се здобие со пари преку нелегални активности".[50]

Според дефиницијата усвоена од Генералното Собрание на Интерпол во 1998 година, "било кое здружение или група на лица инволвирани во постојана нелегална активност со примарна цел генерирање на профит без оглед на националните граници, претставува организиран криминал".[51]

Најширока дефиниција за организираниот криминал е онаа на ООН, која предвидува дека за криминална група може да се смета и онаа која е составена само од двајца извршители (за разлика од Кривичниот Законик на РМ кој предвидува постоење на група, доколку таа е составена од најмалку три извршители), а структурата на таквата криминална група ја остава отворена, така да таа може да биде и неформална (лабава криминална мрежа) и строго хиерархиска. Според оваа дефиниција и двајца извршители можат да ја сочинуваат организираната криминална група, доколку ги исполнуваат и другите услови за постоење организиран криминал и доколку извршиле сериозно кривично дело.

Конвенцијата против транснационалниот организиран криминал на ООН од 2000 година (UNTOC), донесена во Палермо, Италија, ја

---

[48] Шкулиќ М. "*Организовани криминалитет-Појам и кривичнопроцесни аспекти*", Досије, Београд, 2003

[49] Sačić Ž .- „*Organizirani kriminal-metode suzbijanja*", Informator, Zagreb, 2001

[50] Federal Bureau of Investigation, `FBI Glossary.` FBI.gov

[51] `The Problem of Definitions`

дефинира организираната криминална група[52] како "структурирана група[53] од три или повеќе лица, која егзистира одреден период на време и делува во согласност со целта на извршување на едно, или повеќе сериозни криминални дела, или прекршоци....за да се здобијат директно, или индиректно со финансиска, или друга материјална корист."[54]

Во раните 80-ти години кога започна, најпрвин срамежливо, да се зборува за постоење на организиран криминал во Европа, се јави потребата за изнаоѓање на конзистентни пристапи за негово дефинирање. Така, министерството за внатрешни работи на Кралството Велика Британија, организираниот криминал го дефинира како учество на група лица вклучени во продолжени илегални активности со приоритет стекнување профит, независно од државните граници. Владата на Кралството Белгија, во својот извештај од 1997 година, организираниот криминал го дефинира како продолжено извршување на потешки кривични дела со цел стекнување профит, или моќ од страна на повеќе од две лица, кои делуваат неопределено време, со јасна поделба на задачите, притоа користејќи определени легални трговски структури, или применувајќи насилство и други средства на присила и закана, или вршејќи влијание врз политиката, медиумите, јавната администрација, судството, или врз економијата. Германското министерство за правда и министерството за полиција (1988), ја прифераат дефиниција за организиран криминал во која се вели дека тој претставува планско извршување кривични дела со цел стекнување профит или моќ, доколку заедно делуваат повеќе од двајца извршители, вршејќи поделба на работата со индустриските или деловно-техничките структури, со користење насилство, или други средства за присила и заплашување, или со влијание врз политиката, медиумите, јавната администрација, правосудството и економијата. За германскиот автор Фајфер, организираниот криминал претставува планско извршување на кривичните дела со цел остварување добивка или моќ. За да се постигне ова, потребно е запазување на принципите на поделба на работните задачи во самата криминална структура на неодредено време, со учество на повеќе од двајца сторители, притоа користејќи ги специјализираните вештини, или легалните структури, или преку употребата на насилство и други средства за присилба и заплашување, или пак добивката и моќта да ја стекнуваат со поддршка на политиката, медиумите, јавната администрација, правосудството или економијата во државата.

Кустер го дефинира организираниот криминал како планирано кршење на законот со цел стекнување на профит или моќ, преку

---

[52] Конвенцијата против транснационалниот организиран криминал стапила на снага од септември 2003 година. Под *"организирана криминална група" подразбираме структурирана група од три и повеќе лица, која егзистира одреден период и дејствува со цел да изврши едно или повеќе сериозни кривични дела или кривични дела востановени во оваа конвенција, со цел да оствари директна или индиректна финансиска или друг вид материјална корист* - Конвенција на Обединетите Нации против транснационалниот организиран криминал.

[53] Под "*структурирана група" подразбираме група која не е случајно формирана за моментално извршување на криминал и која не мора да има формално дефинирани улоги на нејзините членови, континуитет во нејзиното членство или развиена структура* - Конвенција на Обединетите Нации против транснационалниот организиран криминал.

[54] Article 2(a), *UN Convention against Transnational Organized Crime* 2000

извршување кривични дела со поголема општествена опасност, од страна на повеќе од двајца сторители кои меѓусебно соработуваат во поделбата на задачите за подолг, или неопределен временски период, притоа користејќи легални, или нелегални комерцијални структури, насилство, или други средства на присила и закана, влијание врз политиката, медиумите, јавната администрација, правосудството, или врз економијата во државата.[55]

Некои теоретичари од Европа, истражувајќи го професионалниот и организираниот криминал, дошле до заклучок дека станува збор за еден "организам" кој се именува како "Verbrechensindustrie" или во превод "криминална индустрија", која може да се посматра како посебна врста на општествено и криминално однесување, кое се одликува со планирање на стопанските и со контролирање на криминалните активности.[56]

Според Скалфани, организираниот криминал го карактеризира извршување на масовни криминални активности од страна на стабилни и добро организирани криминални структури кои своите криминални активности ги извршуваат на високо професионален начин, притоа создавајќи систем на самозаштита од општествена контрола со разновидни средства, најчесто преку корупција.

Неколку специфичности на организираниот криминал издвојува и Савона, како што се организираност и кооперативност на повеќе сторители, при што го користат насилството и корупцијата со цел полесно остварување на нивните активности и неговата меѓународната димензија, при што криминалните организации се стремат кон одомаќинување на подрачјето каде што ризикот од кривично гонење е помал и кон прикривање на нивните криминални активности преку легални фирми, а со единствена цел остварување профит.[57]

Истовремено во почетокот на деведесеттите години од минатиот век во државите од Југоисточна Европа, посебно во оние од Балканот, се јавија првите сомневања и јавни признанија за постоење на организираниот криминал. Од тие причини се јави потребата од негово дефинирање со цел разбирање на неговата етиологија, утврдување на факторите за негова појава, неговото влијание врз севкупниот општествено-политички, социјален, економски и културен живот и развој на државите од овој регион.

Така, министерството за внатрешни работи, заедно со министерството за правда на Р. Хрватска и хрватската академска заедница, од 1997 година ја користат работната дефиниција во која се вели дека организираниот криминал опфаќа системско планирани, подготвувани и со поделба на улогите извршени казнени дела, кои ги извршуваат сторители здружени во злосторничка организација со трајно дејствување, со употреба на застрашување, насилство, или корупција, без оглед на државните граници, со цел стекнување финансиска добивка или општествена моќ.

---

[55] Kuster D. *"Organized crime, corruption and power"* Crime Law&Social Change, Kluwer Academic Publishers, Tilburg, 1997

[56] A.Mergen, Die Kriminologie-Eine systematische Darstellung, 3. Auflage, " Verlag Franz Vahlen" München, 1995

[57] Ernesto Savona- *"Organized crime Across the Borders", Preliminary Results*, HEUNI Papers No 6, Helsinki, 1995

Хрватскиот автор Сачиќ, активностите на организираниот криминал ги дефинира како систематски подготвувани, плански и професионално извршени кривични дела, со јасна поделба на задачите, кои ги извршуваат најмалку три меѓусебе поврзани сторители чија цел е стекнување и зголемување на финансиската корист и општествената моќ, преку тајно, трајно и заедничко дејствување на членовите без почитување на меѓународните граници, со примена на насилство, заплашување, или корупција, заради обезбедување на својот илегален опстанок, односно развој на криминалната дејност.[58]

Теоретичарот од Словенија, Добовшек, организираниот криминал го дефинира како спроведена дејност на злосторничко здружение[59] кое користи насилство, или корупција за стекнување на имотна корист, или стекнување општетствена моќ.

Според авторот од Србија, Бошковиќ, поимот организиран криминал опфаќа организирано криминално дејствување со цел стекнување противправна имотна корист и остварување профит, но тука се подразбираат и оние облици на организирано криминално дејствување кога криминалната организација успеала да воспостави определени врски со државата и со нејзините органи. Бошковиќ, организираниот криминал го дефинира како активност на добро организирана криминална организација, со строга хиерархија, дисциплина, одговорност, лојалност и поделба на задачите, чијашто цел е остваравување на што поголем профит и легализација на незаконски стекнатиот имот, благодарение на достигнатиот степен на општествен углед, благодарение на етаблираноста во структурите на власта, или благодарение на воспоставените врски со органите на државата, легалните стопански субјекти и влијателните политички партии и влијателни личности.[60]

Според Шкулиќ, организираниот криминал е појава која се состои во вршење на кривични дела од страна на организирано криминално

---

[58] Sačić Ž .- *„Organizirani kriminal-metode suzbijanja“*, Informator, Zagreb, 2001

[59] Злосторнички здруженија се колективитети со соодветна организациска структура. Тие според структурата и степенот на организираност се делат на злосторнички здруженија од понизок и повисок степен. Според горната поделба под злосторнички здруженија ги подразбираме криминалните групи и криминалните организации. Имено, криминалната група како основен облик на злосторничко здружение е со понизок степен на организациона структура. Криминалната организација пак, претставува злосторничко здружение со повисок степен на организациона структура, јасно определена хиерархиска поставеност, строга дисциплина, со безмилосно санкционирање на членовите за нивните "пропусти", како и изграден систем на самозаштита. Тие се создадени по принципот на криминални претпријатија, а криминалот кој го извршуваат е добро испланирана и организирана активност на повеќе учесници заемно поврзани со план за нивно ивршување.

Според Конвенцијата на ООН против Транснационалниот криминал во членот 2, поимот организирано злосторничко здружение се дефинира како структурирано здружение од три и повеќе лица, кое постои во текот на одредено време и дејствува компактно со цел извршување на едно или повеќе злосторства или казнени дела утврдени врз основа на оваа Конвенција, со цел директно или индиректно стекнување со финансиска или друга материјална корист.

Под поимот "структурирано здружение" се подразбира група на лица кои не се случајно собрани за непосредно извршување на казненото дело и кое не треба да има формално утврдени улоги на своите членови, трајност на членството или класна структура.

[60] Бошковић М. – *"Организовани криминалитет",(први део)*, Београд, 1998

здружение. Овде основното што се дефинира е организираното злосторничко здружение, т.н. криминална група или организација, а сите дела кои се вршат во рамките на тоа криминално здружение се дела од областа на организираниот криминал.[61] Друг српски автор, Игњатовиќ, организираниот криминал го дефинира како вид на имотен криминал што се карактеризира со постоење на криминална организација која врши континуирана стопанска дејност, притоа користејќи насилство и корупција над носителите на власта.

Грчкиот автор Куракис, вели дека организираниот криминал е систематско вршење на криминална активност од страна на структуриран тим на криминалци, кој користи корупција и насилство со цел остварување на поставените криминални цели.

Во Р. Македонија, со научното истражување и дефинирање на организираниот криминал се занимавале одреден број на научни работници, а нивните размислувања даваат голем придонес во разбирањето и објаснувањето на неговата етиологијата и феноменологијата на светско рамниште. Подолг период поимот организиран криминал, во Р. Македонија беше еден од најконтраверзните и не беше конкретно дефиниран во националното законодавство. Од таа причина во препознавањето, евидентирањето, документирањето и анализите на оваа современа невоена закана како основа се прифатени меѓународно признаените критериуми за препознавање на елементите кои се составен дел на етиологијата и феноменологијата на организираните криминални структури и нивното делување. Традиционалната дефиниција за организиран криминал, а која се однесува на строго поставените хиерархиски структури зборува за група криминалци со јасно дефинирана "организациона" структура.

Во изнаоѓањето на сеопшто прифатлива дефиниција за организираниот криминал според одредени размислувања, постојат одредени пречки кои се огледаат, прво во постоењето на реална опасност елементите кои го карактеризираат организираниот криминал да се однесуваат и на вообичаените кривични дела со што би се изгубила разликата во значењето помеѓу организираниот и некои други видови криминал и второ, во постоењето на основниот проблем кога со прифаќањето на дефиницијата за организиран криминал се намалува можноста за целосно осознавање на проблемот, од причини што секојдневно се менува морфологијата на организираниот криминал, пред се преку неговите нови појавни облици. На овој начин веќе постојните дефиниции за организиран криминал не даваат доволно широка рамка за репресивно дејствување на безбедносните структури на државите.

Согласно карактеристиките на криминалната структура и на организираниот криминал и согласно градењето на единствениот пристап за борба против овој вид криминал, заснован врз Конвенцијата на ООН против транснационалниот организиран криминал и Протоколите од Палермо од 2000 година, во Законот за Јавно Обвинителство на Р. Македонија, донесен во Јуни 2004 година во членот 29 објаснети се кривичните дела кои ќе се сметаат за дела на

---

[61] Шкулиќ М.- *"Организовани криминалитет-појам и кривично-процесни аспекти"*, Београд, 2003

организиран криминал.Имено, тоа се: делата извршени од организирана група од најмалку три лица која дејствува одреден период со цел да оствари непосредна, или посредна финансиска корист и друг вид материјална корист и која ќе изврши едно, или повеќе кривични дела како и други кривични дела за кои со Закон е пропишана казна затвор во траење од најмалку четири години[62].

Арнаудовски, поимот организиран криминал го дефинира како извршување на кривични дела од страна на трајна централизирана криминална организација со хиерархиска поставеност, со внатрешна поделба на работите, со планско и систематско занимавање со криминал, постоење на конспиративност и затвореност, внатрешна дисциплина, развиен систем на јатаци, висок степен на покорност и верност, инфилтрирање во државните и стопанските институции и политичките партии до создавање на "персонална унија", со цел воспоставување монопол врз криминалната "бранша", интернационализација и користење на современите средства на комуникација и на мобилност.[63]

Камбовски вели дека организираниот криминал е феномен во кој постои "нешто" што е идентично со другите облици на криминална активност, но е сепак различно од нив, според начинот на извршување, заедничкото дејствување на повеќе извршители, остварувањето на криминалниот резултат, прикривањето на самите криминални активности итн. итн. и дека тоа "нешто" застрашува со својата експанзивна и мутантна моќ. Тој, активностите на организираниот криминал ги дефинира како извршување на казнени дела од страна на злосторничко здружение заради остварување профит и моќ, со употреба на насилство, или со искористување на посебната општествена положба, со намалување на ризикот преку вклучување во легалните економски, политички и други активности и со однапред создаден систем на заштита од гонење. Оваа дефиниција авторот ја проширува и ја надополнува во нејзиниот втор дел и тоа со нови елементи како што се употребата на друга сила или притисок (покрај употребата на насилство), користење на корупцијата, инволвирање на легалните економски и политички активности и влијание врз политиката, бизнисот, медиумите и судството заради полесно остварување профит и моќ и заштита од казнено гонење.[64]

Според Лабовиќ, во државите во транзиција меѓу кои и Македонија, постои тенденција на некои автори, а која не оди во прилог на националните интереси, преку дефинирањето на организираниот криминал да се маскира организираниот криминал во неговата најопасна државно-политичка варијанта, зад организираните криминални групи кои можеби и немаат никаква, или многу слаба поврзаност со структурите од државната власт. Ваквите организирани криминални групи се опасни, но сепак полесни за откривање, докажување и понатамошно кривично-правно ефектуирање, отколку случаите каде државно-политичките структури се носечкиот елемент на организираниот криминал. Според него, организираниот криминал

---

[62] Закон за Јавно Обвинителство на РМ, Службен весник на РМ, бр.8/04

[63] Арнаудовски Љ.- "*Организираниот криминалитет-феномен на денешницата*", МРКПК 2000/1-2

[64] Камбовски В. "*Организиран криминал*", "2 Август С"Штип, Скопје, 2005

претставува организирана криминална активност на група составена од три и повеќе лица, која што делува подолг временски период за извршување на сериозни кривични дела, со различен степен на организациска структура, со или без директна инволвираност на државно-политички структури во криминалната организација, со мешање на легалниот и нелегалниот бизнис преку инвестирање на криминални приноси во легалните бизниси, или други легални трансакции, со влијание врз правосудството, полицијата и државната администрација, коишто во определени ситуации се наоѓаат под целосна контрола на организираниот криминал, се до целосно контролирање, или влијание врз определени медиуми и невладини организации, при што методите на насилство се користат доколку перфидните методи на притисок и корупција не дадат очекуван исход. Целтта на организираниот криминал е стекнување финансиска и друга имотна корист и стекнување и одржување на политичка или општествена моќ. [65]

Карактеристики (прилог 1.) кои мора да бидат исполнети за да зборуваме за постоење на организиран криминал се:

1. Соработка на повеќе од три лица во вршење на криминални дела;
2. Секој член од криминалната структура мора да има своја определена улога и задача;
3. Активностите на криминалната структура треба да се планираат за подолг, или недефиниран временски период;
4. Активноста на криминалната структура да се заснова на примена на одредени правила на интерна контрола и дисциплина на членовите;
5. Да постојат дејствија за извршување на сериозни криминални прекршоци;[66]
6. Активностите на криминалната структура да се планираат и вршат на меѓународно ниво;
7. Користење на насилство, или други средства погодни за заплашување, или да постои спремност за нивна примена;
8. Во вршењето на криминални дејствија да се користат политички, службени, трговски, или бизнис структури;
9. Учество во перење пари, или на незаконски стекнатиот профит;
10. Практицирање влијание на криминалните структури, или на некој нивен дел врз политиката, јавната администрација, судските власти, економските и општествените фактори, или медиумите;
11. Активностите да бидат определени од потрагата по профит и моќ.

Според Ван дер Хеиден[67] барем шест од погоре наведените карактеристики мора да бидат застапени, а три од нив мора да бидат карактеристиките опфатени во точките 1, 5, и 11 како би можело криминалот, или криминалната структура да се класифицираат како организиран криминал, или организирана криминална структура.

Организираниот криминал е со меѓународни димензии, па така и криминалните структури меѓусебно се поврзуваат без оглед на

---

[65] www.fb.uklo.edu.mk/ProfDok/OK%20-voved.pdf

[66] *"Сериозен криминал" значи извршување на кривично дело за кое е предвидена казна лишување од слобода најмалку четири години или повисока казна* - Конвенција на Обединетите Нации против транснационалниот организиран криминал.

[67] http://nejrs.gov/policing

различноста на нациите, државите, верата, расата, и полот. Според Конвенцијата на ООН против транснационалниот организиран криминал (чл.3), кривичното дело има меѓународни обележја во следниве случаи :

- кривичното дело да е извршено во повеќе од една држава;
- кривичното дело да е извршено во една држава, но подготовките, планирањето, насочувањето, координацијата на криминалните активности или контролата се случиле во друга држава;
- кривичното дело да е извршено во една држава, но него го извршила криминална структура која своите нелегални активности ги спроведува во повеќе држави;
- кривичното дело да е извршено во една држава, а последицата е во друга држава.

2. Организиран криминал како актуелна невоена закана за безбедноста на државите од Југоисточна Европа

Организираниот криминал како актуелна невоена закана, не познава граници и државни уредувања и претставува растечки проблем кој влијае на квалитетот на живеењето. И покрај тоа што Европа се смета за колевката на демократијата како и почитувач на правата и човековите слободи, таа претставува и погодно тло за развој на повеќе видови криминал, меѓу кој и на организираниот. Постоењето на социјалните проблеми, изразената мултиетничност и мултикултура, но и други фактори, пред се криминогените, покрај развој на сообраќајот и туризмот, доведоа до интернационализација на криминалот.[68] Експанзијата на организираниот криминал во Европа започна во почетокот на осумдесетите години на минатиот век. Нејзината геостратегиската позиција ја чини крстосница на целокупниот легален и нелегален промет на луѓе и добра, помеѓу Азискиот, Африканскиот и Американскиот континент. Истовремено, таа е и голем конзумент на многу разновидни стоки кои се резултат на легалното, но и на нелегално производство и трговија. Согласно ова и регионот на Југоисточна Европа има улога на важна влезна врата кон Европската Унија. Логистички, важноста на Црното Море, а според наше мислење и Јадранското Море, како и останатите поврзани водени патишта го дефинираат регионот и креираат соодветни можности за легална трговија, но и за создавање услови за развој и спроведување на недозволените активности на организираниот криминал. Согласно ова и Балканот кој како геостратегиски значаен регион на нејзиниот јужен дел и кој е колевка на културно-историскиот и цивилизциски развој за Европа, во географски и геостратешки поглед, претставува "геополитички крст" и "геополитички јазол" на Истокот и Западот, голема врата кон Истокот и Западот, Северот и Југот на Европскиот континент.[69]

---

[68] Bossard. A: Police Cooperation in Europe, International Criminal police Review, No 343, Paris, 1980

[69] Matić B. – *"Geopolitički ključ za sudbinu "veriga sveta" "tajna Balkana"*, SKC, Beograd, 1995

На организираниот криминал како современа невоена закана по националната безбедност, најосетлив стана регионот на Југоисточна Европа, од причини што поголемиот број на држави кон крајот на осумдесетите и во почетокот на деведесетите години од минатиот век доживеаа промени на општествено-економските формации, структурно осиромашување на населението, а во дел од нив се случија и вооружени конфликти. Така, историски гледано, дел од државите од регионот на Југоисточна Европа, мораше да се соочат со бројни потешкотии кога ги започнаа своите транзициони процеси насочени кон пазарната економија. Промените на политички и економски план, зголемувањето на невработеноста, големите разлики помеѓу примањата и висината на цените на производите на пазарот, придонесоа за брзо создавање на "сивата економија" и "црниот пазар". Укинувањето на строгите ограничувања за движење на стоки и луѓе (како на пр. во Албанија, Бугарија, Романија), истовремено ги отстранија и пречките на луѓето за вклучување во т.н. "сива економија". Во првите години на транзицијата недозволената трговија со стоки за широка потрошувачка беше толерирана од страна на државните власти, која и самите ја практикуваа, со цел избегнување на растот на социјалните тензии и можноста од создавање тотален хаос во државите. Развојот на организираниот криминал во државите во транзиција во регионот на Југоисточна Европа, беше тесно поврзан со сивата економија создадена заради две битни причини: прво, заради објективните економски одрекувања и падот на стандардот со кои се соочија граѓаните на овие држави, и второ заради слабите државно-економски институции кои не успеаа да се спротистават и го спречат стопанскиот криминал кој на драматичен начин се разви во државите од овој регион.[70]

Корените на организираниот криминал и факторите кои придонесуваат за негов развој во Југоисточна Европа, меѓу другото ги наоѓаме и во несигурните социо-економски услови, во внатрешно-политичките состојби во овие држави, како и во постоењето симбиоза на структурите на организираниот криминал и поединци од владеачките елити. Така, несигурните социо-економски услови, големата невработеност и осиромашувањето на поголемиот дел на населението, во многу придонесуваат за пролиферацијата на криминалните активности. Од овие причини, голем дел од работоспособното население во овие држави се приморани да заработуваат за живот вклучувајќи се во "сивата економија", или непосредно да учествуваат во недозволените активности карактеристични за структурите на организираниот криминал.

Регионот на Балканот не успеа на соодветен начин да се вклопи во меѓународната димензија за транзиција на регионот на Југоисточна Европа. Последица на овој пропуст, претставуваше фактот што структурите на меѓународниот организиран криминал, како глобални чинители, ги искористија пропустите на слабите држави на Балканот, на тој начин успорувајќи ја трансформацијата и интеграцијата на целиот регион. Така, оваа наречена "проблематична" или "сеуште во тек" транзиција, стана самата по себе закана за безбедноста. Појавата и развојот на организираниот криминал во државите од Балканот,

---

[70] Фатић А. – "*Криминал и друштвена контрола у источној Европи*", Институт за међународну политику и привреду, Београд, 1977

претставува последица на недостатокот на неадекватно и несоодветно заштитените сопственички права, недостатоците во правосудниот систем, корупцијата, недостаток од можностите за вработување на локалното население, високиот степен на сиромаштија, како и кревкоста на демократијата во новосоздадените држави.

Во тој период, особено интересна беше појавата и развојот на организиран криминал во некогашните држави во регионот на Југоисточна Европа, чие државно уредување се темелеше на социјализмот. Процесот на приватизација во голема мера беше одбележан со перење пари, или со вложување на профит кој беше претходно стекнат со нелегални и криминални дејствија во купување на некогашните општествени претпријатија, купување недвижности и сл. Хаотичните општествени околности што владееа изминативе години во овој регион, беа добар предуслов за создавање и акумулација на капиталот сопственост на организираниот криминал, без разлика дали тој беше резултат од извршување на класични криминални дела, или тој капитал беше стекнат преку нелегална трговија на дефицитарна стока за широка потрошувачка, но и преку производството и промет со забранети стоки, најчесто опојна дрога. Во државите наследнички на СФРЈ, дел од нив разорени од војната, погодени од сиромаштијата и од исчезнувањето на средната класа, со високо редуцирани морални норми, скоро сето население стана резистентно на смртта, додека појавата на организираниот криминал претставуваше индикатор за општата состојба. Извршувањето на криминалните активности како професија и како начин на живеење претставуваше очекувана, но шокантна појава во општеството во кое дотогаш се живееше релативно мирно и без силни општествени поместувања и каде криминалот беше редуциран на едно поднесливо ниво.

Организираниот криминал во Југоисточна Европа значително се разви во раните деведесетти години на минатиот век по распадот на реалсоцијализмот во некои од државите во регионот, особено по распадот на СФРЈ како централна држава на Балканот. Тие, по падот на реалниот социјализам, го напуштија планското стопанство и политичкиот монизам, заменувајќи ги со пазарното стопанисување и повеќепартискиот систем. Овој тежок процес на трансформација беше пропратен и со фундаментални промени во секојдневното живеење и работа, што истовремено создаде услови за пораст на организираниот и другите облици на криминал.

Во квантитативна смисла тоа се огледаше преку зголемениот број на кривични дела и нивно извршување со употреба на насилство и корупција, додека во квалитативна смисла развојот на организираниот криминал се огледаше преку професионализација, рационализација и интернационализација на криминалните структури. Етничките судири и војната помеѓу некои од новонастанатите држави по распадот на СФРЈ, имаа големо влијание на развојот на организираниот криминал, а со самото тоа и на ширењето на корупцијата во целиот регион на Југоисточна Европа. Во државите зафатени од воениот виор, структурите на организиран криминал чија основна дејност беше недозволената трговија со оружје, беа подржувани од самите влади, најчесто преку нивните министерства за одбрана и внатрешни работи, разузнавачките служби и царинските агенции. Во тој период овој вид недозволена

трговија, владите ја оправдуваа и промовираа како суштински придонес за националните интереси. Завршувањето на војната и либерализацијата на прекуграничната трговија која не беше придружена со неопходната законска регулатива, кога границите станаа главен механизам за редистрибуција на националното богатство, како и геостратегиската положба на државите кои произлегоа од СФРЈ, во многу придонесоа за брз развој на организираниот криминал.

Карактеристично за транзиционите држави од овој регион беше недостатокот и од политички ресурси што подразбираше мала инстуционална моќ за брзо спроведување на реформите. Тогаш, завземањето на висока положба во државните институции, за поединци не значеше и здобивање со реална моќ. Криминализираните и корумпирани државни институции повеќе делуваа како сервис на вонинституционалните центри на моќ, отколку што делуваа согласно позитивните законски прописи во државата, па дури делови од овие државни институции станаа и независни центри на моќ. Ова е посебно важно за дел од безбедносните структури чии активности се испреплетуваа со активностите на криминалните структури. Криминалните структури беа и сеуште се добро поврзани, а нивните лидери сериозно влијаат врз политичките елити кои се на власт во дел од државите од регионот.

Вториот центар на вонинституционална моќ, беа новите економски елити кои своето богатство го стекнуваа благодарејќи на лојалноста и блискоста со актуелните власти, особено во услови на воена економија, меѓународните санкции и криминализирање на општеството. Овие групи тежнееа да остварат политичко влијание и да ја задржат привилегираната положба во услови на отворање на пазарот и спроведување на приватизацијата.

Промената на државното уредување, ориентацијата кон пазарна економија, реорганизација на политичката и административната рамка и преминот кон демократија во државите од Југоисточна Европа, беа одбележани со пораст на општествените нееднаквости, поткопување на традиционалните вредности и слабеење на формалните и неформалните контролни механизими на овие држави. Овие услови во времето на транзиција не само што му погодуваа на криминалот, туку создаваа и можност за насилно превземање на правните институции на државите, политиката, фирмите и медиумите од страна на припадниците на организираниот криминал.

При оваа промена се создаде хаос поради фактот што таа не беше придружена од неопходна новоизградена правна и законска регулатива, заради постоење на слабо и корумпирано правосудство, заради погодната геостратегиска положба на регионот, но и заради малите и слаби регионални економии. Согласно ова, појавата и развојот на организираниот криминал во државите од Балканот, беа последица и од недостатокот од неадекватно и несоодветно заштитените сопственички права, недостатоците во безбедносниот и правосудниот систем, корупцијата, недостаток од можности за вработување на локалното население, високиот степен на сиромаштија, етничките тензии, како и кревкоста на нивната демократија. Постконфликтните ситуации, военото профитерство и незаконската приватизација, исто така беа едни од чинителите за пораст на организираниот криминал и за негово

стапување во тесна врска со лица од политичката и стопанската елита во државите. Сите овие фактори придонесоа за пораст на добро организираните меѓународни криминални структури кои поседуваат солидни финансиски ресурси.

2.1. Негативни импликации на организираниот криминал врз безбедноста на граѓаните и државите од Југоисточна Европа

Развојот и ширењето на организираниот криминал е во корелација со степенот на организираност на криминалните структури, но и со условите во кои тој се развива и дејствува. Тој нема цел да го урне државниот систем, туку целта е тој да се вгради во него, во сите негови пори на владеење, со цел заштита од кривичен прогон и негово непречено функционирање заради остварување на своите основни цели, а тоа се парите и моќта. Парите претставуваат извонредна материјална основа за општествена и политичка моќ, а моќта во сите области на општественото живеење претставува основна претпоставка за што поголем профит, што укажува дека тие се меѓусебно зависни.

Организираниот криминал ги загрозува темелите на современата држава и ги негира сите начела на нејзиното демократско и правно уредување. Тој го загрозува општеството и неговите вредности, поединецот и семејството како општествени темелни вредности. Организираниот криминал ги дестабилизира владите, го поткопува парламентаризмот, ја руши довербата на граѓаните во државните и правните институции, ги негира легалните закони и општествениот морал. Тој ги доведува во прашање безбедноста, не само индивидуалната, туку и колективната, државната и меѓународната.[71] Сите појавни облици на организиран криминал продуцираат негативни последици по економскиот и политичкиот систем на државите, на внатрешната безбедност како и на нивната надворешна политика. Тешкотиите со кои се среќаваат државите во производното стопанство, а кое е значајно за меѓудржавната соработка, само им одат во прилог на криминалните организации. Централниот удар на организираниот криминал го трпи економијата, финансиските и банкарските институции, од причини што организираниот криминал покрај веќе постојната легална, создава и паралелна сива економија. Доколку таа стане доминантна, ги насочува економските движења според својата логика за стекнување профит, создавајќи инфлаторни притисоци, намалувајќи ги профитите на легалниот бизнис, зголемувајќи ги цените на производите, што пак од друга страна ја оневозможува развојната стратегија на државите од Југоисточна Европа. Негативните ефекти на дејствување на организираниот криминал врз легалните економски токови, најчесто ги препознаваме преку зголемениот степен на криминал, посебно корупцијата, како нечесна конкуренција на легалните стопански субјекти, преку намалување на даноците кон државата заради движење на парите по нелегални финансиски канали, преку нарушената репутација на државата во меѓународни рамки,

---

[71] Grubać M.- "*Organizovani kriminal u Srbiji*", Zbornik radova Pravnog fakulteta u Splitu, br.464/2009

слабеење на финансиските институции и рушење на нивниот кредибилитет, преку компромитираната економија и приватниот сектор и загрозените напори врзани околу приватизацијата[72]. Преку употребата на насилството, структурите на организираниот криминал го загрозуваат јавниот ред и мир, а со самото тоа влијаат и врз личната безбедност на граѓаните.

Доколку успее да се рашири и добро етаблира во една држава организираниот криминал, го доведува во прашање системот на донесување на политички одлуки, а преку тоа и суверенитетот на граѓаните. Тоа го прави со поместување на седиштето на фактичката моќ за донесување на клучните политички одлуки. Последиците се препознаваат во инфилтрацијата на организираниот криминал во политичките партии, посебно во изборните кампањи и во државниот апарат вклучувајќи ја централната и локалната власт.

Преку воспоставената контрола над медиумите од страна на организираниот криминал, на голем удар се наоѓа и слободата на изразување. На тој начин се разнишува консензусот врз кој почива системот, загрозувајќи ја сувереноста на граѓаните и институциите, правејќи ја власта неефикасна дури и соработлива со организираниот криминал. Во голем број случаи, организираниот криминал ги користи медиумите кои директно или индиректно ги корумпира. Така корумпираните новинари преку своите текстови или емисии посредно или непосредно им помагаат на криминалните структури за непречено извршување на криминалните активности.

Во Југоисточна Европа, дел од државите со влади без капацитет и кредибилитет, не поседуваат средства и немаат изградено соодветни методи и начини за спречување на активностите на организираниот криминал. Тие се со нарушени политички и економски односи, со паралелна економија, а поради тоа и со создадени навики на граѓаните да работат надвор од законските, или легалните рамки. Високиот процент на невработеност, корупциските афери во кои без исклучок се вклучени дел од владеачките елити, создаваат недоверба на граѓаните кон легалните институции во државите, што придонесува за широко отворање на вратата кон криминалот. Структурите на организиран криминал кои денес се толку силни што претставуваат сериозна закана по безбедноста на државите од овој регион кои сеуште се во фазата на транзиција, успеваат во некои случаи дури и да ги контролираат во целост. Овие криминални структури, неоптоварени од етничките предрасуди, политичките разлики и од различните општествени уредувања на државите во регионот, како и неоптоварени од бирократските препреки, меѓу себе соработуваат на регионално и на меѓународно ниво многу поефикасно од легалните влади од регионот и нивните безбедносни структури, чија цел е спречување на организираниот криминал. Структурите на организиран криминал во регионот на Југоисточна Европа се мултиетнички и го остваруваат мултиетничкиот концепт, кој им овозможува да имаат разорна моќ за регионот.

---

[72] Бошковиќ Г. – " *Организовани криминал*", Криминалистичко-полицијска академија, Београд, 2011

Политичките, економските, општествените и техничко-технолошките варијабли, се во симбиоза со организираниот криминал и влијаат едни на други. На овој начин, организираниот криминал во најголема мера предизвикува негативно влијае на: политичките, економските, општествените и техничко-технолошките промени.

Политички промени - структурите на организираниот криминал претставуваат закана за политиката на земјите. Спрегата на криминалците со политичките партии и политичките елити, особено оние кои се на власт претставува најсериозна закана за државите.

Економски промени - организираниот криминал ги ремети легалните бизниси и економските токови во државите, при што големи суми неоданочени пари се одлеваат кај криминалните структури, на тој начин осиромашувајќи ги буџетите на државите.

Општествени промени - се огледаат во постоењето страв, дека етаблирањето на криминалот во општеството е контрапродуктивно за негување на демократијата и отворените општества. Прекумерниот удар од организираниот криминал врз граѓанското општество може да биде закана за демократијата и економијата на државите. Профитите на организираниот криминал, се многу големи, па натрупувањето на пари од страна на криминалните структури претставува вовед за нивно големо влијание во општеството.

Техничко-технолошки промени - заканата на организираниот криминал во оваа област е помалку видлива и е со послаб интензитет од претходно опишаните три закани, но тие сепак придонесуваат да преку превземање на мерки за прекумерната заштита од страна на државата, доаѓа до нејзина послаба ефикасност, а развивањето и одржувањето на техничко-технолошките системи заради заштита од криминалот бара повисока цена, т.н.. државата издвојува повеќе пари од својот буџет.[73]

Денес прашањата за организираниот криминал и безбедноста не го опфаќаат само проблемот на јавниот ред и мир во државите од Југоисточна Европа, туку тие опфаќаат цел еден дискурс прашања во однос на квалитетот на демократијата. Тој има силно влијание на социјалната кохезија во нивните општества и на довербата во демократијата. Така, зголемениот интензитет на неговите активности, доведува до влошување на квалитетот на урбаното живеење и колапс на воспоставената врска помеѓу граѓаните и државните институции. Тој ја користи глобалната трговија и финансиите, како и големата мобилност и миграција на луѓето од Југоисточна Европа, развојот на модерниот комуникациско-информатички систем, отворањето на државните граници и нивната слаба контрола, за да може што полесно и побезбедно да ги спроведува своите криминални активности на меѓународен план, со намалување на шансите за нивно откривање од страна на безбедносните структури.

Во денешни услови спречувањето на организираниот криминал, чии дестабилизирачки ефекти се чувствуваат во политичките, економските и социјалните сфери на државите од Југоисточна Европа, често е неуспешна. Причините лежат во тешкото докажување на криминалните активности, во распространетоста на корупцијата како една од неговите најпрактикувани методи, во извонредно изградените

---

[73] http://www.europol.europa.eu

системи на самозаштита на криминалните структури, како и во поседувањето огромна финансиска моќ. Организираниот криминал претставува сериозна закана за развојот на демократијата, владеењето на правото, човековите права и слободи, но и за безбедноста на државите, социјалниот и економскиот развој за целиот регион на Југоисточна Европа. Слабиот одговор на овие држави во спречувањето на организираниот криминал може да биде резултат на недоволните, не едуцираните и технички неопремените државни безбедносни ресурси, но и резултат на се поголемото присуство на корупцијата.

2.2. Дефинирање на корупцијата и нејзиното влијание во активностите на организираниот криминал

Корупцијата претставува општествено негативна појава која во голема мера ја загрозува правната сигурност и рамноправноста на граѓаните и правните лица. Освен што корупцијата е во колизија со позитивните законски прописи, таа е во колизија и со општо прифатените морални норми во државите. Таа ја загрозува економската, политичката и општествената основа и моќ на секоја држава, овозможувајќи им економска моќ на нејзините носители. Таа влијае на појавата и развојот на сиромаштијата, но и сиромаштијата влијае повратно врз неа од причини што во одредени ситуации и сиромаштијата може да биде причина за појава на некој од облиците на корупција. Овој негативен феномен остварува негативно дејство во сите сфери на општествениот живот и влијае врз непочитувањето на законот, слабеење на моралот и создавање недоверба кон државата и нејзините институции. Таа претставува социолошки феномен, но претставува и кривично дело кое ги поткопува темелите на државата, а за нејзино спречување се бара адекватно дејствување на државните безбедносни структури. Од економски аспект, корупцијата е причина за многу дисторзии во економскиот систем на државите, заради нејзиното негативно влијание на развојот на производните сили и производните односи, што неминовно влијае на производството, потрошувачката, распределбата и размената на добра. Сето тоа доведува до систематско поткопување и разградување на темелите на општествените вредности, што пак од своја страна предизвикува огромни морални загуби кои на подолг рок ги надминуваат штетите од материјална природа. Корумпираните носители на власта стануваат соучесници и партиципиенти во криминалните активности, а со самото тоа придонесуваат за распаѓање на демократската власт и владеењето на правото, за создавање анархија, чуство на немоќ, фатализам и држава на криминалци. Корупцијата во голема мера негативно влијае на развојот на државите од причини што го кочи економскиот развој, ја намалува производната активност, а човековата активност ја усмерува кон "лесна заработувачка" и вршење на кривични дела, со што се оневозможува здравата конкуренција и се кочат активностите за намалување и искоренување на сиромаштијата.

Самиот поим корупција доаѓа од латинскиот збор coruptio, што значи: "расипаност, распаѓање, подмитување, потплатување, фалсификување".

Дефинирањето на поимот корупција е многузначно, како во теоријата така и во праксата. Непостоењето на единствена дефиниција за корупцијата, претставува пречка при утврдувањето на причините за нејзино настанување, како и примена на методите за препознавање, превенирање и спречување на истата. Дефиницијата на поимот корупција во широка смисла претставува злоупотреба на службената положба, од страна на државните службеници, или лица кои извршуваат јавна функција, а која има за цел лично богатење, или стекнување на друга материјална корист. Значи, суштината на самиот поим на корупција претставува остварување на приватни интереси на сметка на јавните интереси и општите добра, што најдобро се огледа во ненаменско трошење на планираните буџетски средства. Најприфатливата дефиниција денес е онаа на меѓународната невладина организација "Транспаренси Интернешнл" (Transparency International), според која корупцијата претставува злоупотреба на јавната служба со цел лично богатење.[74]

Корупцијата во државите од Југоисточна Европа се препознава како сериозен проблем кој има влијание на јавната администрација, даночната и царинската управа, на политичките партии, безбедносните структури, правниот систем, медиумите, но и врз приватниот сектор. Ова влијание се манифестира преку користење на митото, непотизмот, фаворизирањето, семејните врски, како и со злоупотребата на воспоставени врски со лица кои се наоѓаат на влијателни места во државната администрација, или со политички експонираните лица.[75] Корупцијата во овие држави, како сегмент на организираниот криминал, обезбедува додатен извор на богатство и моќ за институционализирање на привилегиите кои ги има владеачката елита. Корупцијата, на владеачка елита и обезбедува средства за стекнување на богатство со цел нејзино лично богатење, а истовремено и за задржување на власта. За авторитарната елита во демократскиот систем и системот на приватизирано стопанство, организираниот криминал и корупцијата може да бидат корисни за стекнување на богатство и избегнување на одговорност пред електоратот.

Како би можеле корисниците на услугите на организираниот криминал да дојдат до нив, со цел задоволување на своите потреби, криминалните структури своите активности мора да ги изведуваат транспарентно. Така, на пр. корисниците на дрога не би можеле да дојдат до неа и ги задоволат своите потреби, доколку криминалците се добро притаени и не можат да бидат пронајдени. Тоа би значело дека, мора да се пронајде некоја форма на коегзистенција. Корупцијата е таа која ја овозможува коегзистенцијата, односно им овозможува на криминалните структури, сигурност од откривање и апсење на нивните членови и јавно и транспарентно да ги манифестираат своите активности и да ги нудат своите услуги на корисниците. Согласно изнесеното, структурите на организираниот криминал ја сфатиле потребата дека дел од својот профит треба да го делат со одредени јавни службеници. Во основа корумптивните односи помеѓу организираниот криминал и јавните

---

[74] www.transparency. org

[75] Kovčo-Vukadin I. –*"Kriminalitet na području jugoistočne Evrope"*- Hrvatski letopis za kazneno pravo i praksu, br.1/2008, Zagreb, 2008

службеници, се јавуваат во две области. Првата област е во делот на спроведување на законот, додека втората област е во делот на меѓусебниот однос на криминалците инволвирани во легитимните бизниси и службениците од јавната администрација задолжени за регулирање на тие деловни активности.[76]

Но, покрај транзиционите и во некои од државите со изградена стабилна демократија, постојат ситуации кога демократски избраното раководство воспоставува врска со организираниот криминал со цел да ја заштитат сопствената држава од надворешен економски удар. Вака воспоставените врски ги штитат оние стопански сектори кои се зависни од нелегалните финансиски приходи на организираниот криминал. Поддршката на државата на структурите на организираниот криминал може да се зголеми во ситуации, кога приходот од криминалните активности, на пр. од недозволената трговија со дрога, со оружје, или со цигари и овозможува на државата подмирување на надворешните, но и внатрешните долгови притоа обезбедувајќи средства за социјалните служби со цел купување социјален мир во државата. На овој начин, средствата кои ги обезбедува организираниот криминал, на владеачката елита и обезбедува да ја одржи власта што подолго време. Корупцијата, организираниот криминал ја користи не само за воспоставување на криминални врски со релевантните државни и други структури, туку и за овозможување на непречен тек на процесот на перење пари, добивање на концесии, за непречена недозволената трговија со дрога, обезбедување сигурни победи на наместени тендери и сл. Така, преку распространетата корупција, користејќи ја слабоста на државите и нивните владеачки структури и потпирајќи се врз политичарите со сомнителен кредибилитет, а преку спроведување на недозволените криминални активности, структурите на организираниот криминал генерираат моќ, огромен профит изразен преку неоданочени пари.

Корумпирајќи, криминалните структури може да добијат заштита од јавната администрација, може да влијаат на политичките одлуки во државите, како и да создадат можност за нивно инфилтрирање во државните структури и легалните бизниси. За ненасилно остварување на своите цели, организираниот криминал денес се почесто ја користи корупцијата, а парите вложени за корумпирањето на јавните службеници ги смета за добра инвестиција.

Парите дадени во вид на мито, водачите на криминалните структури ги сметаат за т.н. "режиски трошоци" кои се резултат од "извршената работа", доколку тоа ги зголемува шансите за успех и избегнување на казната, а истовремено ја намалува, или ја доведува опасноста од откривање на кривичните дела на најниско ниво, со сите штетни последици кои тие можат да ги произведат.[77]

Потпирајќи се на корупцијата, криминалните структури обезбедуваат непречено движење на недозволената стока, олеснување на процесот на перење пари, како и минимизирање на ризиците од откривање, нивно апсење и судење. Корумпираните припадници на безбедносните структури, се прават "слепи и глуви" на криминалните

---

[76] Лајман М.,Потер Г. – *"Организиран криминал"*, Магор, Скопје, 2009

[77] Korž V.-*"Korupcijske veze organizovanih kriminalnih grupa i organizacija-kriminalistička analiza"*, Bezbednost 6/02, Beograd, 2002

појави, им пренесуваат информации за полициските истраги, информации за планираните активности на безбедносните структури, како и за намерите, или недостатоците во работењето на обвинителствата и судовите. На овој начин криминалните структури обезбедуваат активно, или пасивно соизвршителство на корумпираните службеници од јавната администрација, со цел спречување на изрекување на санкции над нив во случаите кога тие би биле уапсени.

Поткупот на царинските работници, граничните полицајци, обвинителите, судиите и други државни службеници, е најчесто експлоатирана метода за корупирање, од страна на структурите на организираниот криминал. Митото како метод за корупирање претставува континуирано незаконско плаќање на службениците од јавната администрација со цел обезбедување континуирана заштита од кривичен прогон и овозможување на нелегални активности на меѓународно ниво. Друг начин на инфилтрирање на криминалните структури во јавната администрација, е преку обидите за нивно вработување во нив, особено во безбедносните структури со цел долгорочна заштита на своите припадници, како и за олеснување на нивните криминални активности.

Најопасниот, а воедно и најсофистицираниот начин на корумпирање, е кога криминалните структури настојуваат преку корумпирањето на високите владини службеници да добијат доверливи информации, долгорочни привилегии и бенифиции како и обезбедување на заштита за своите припадници и спроведување на недозволени активности за подолг период. Корупцијата како неизбежен и составен дел на организираниот криминал, морално го поткопува општеството и е израз на пропаѓањето на општествените вредности и постоењето на двојниот морал.

Симбиозата на организираниот криминал, корупцијата и политиката се шири и оди од локално до државно-политичко ниво, а откако ќе се консолидира на овие две нивоа, оваа врска се пренесува и на меѓународно ниво. Големата опасност од постоењето на корупцијата, произлегува од фактот што со неа се овозможува своевидна кохабитација на криминалните структури и политичката власт во државите. Во тие случаи економските интереси на криминалните структури се поклопуваат со интересите на морално и материјално разорените државни службеници. Но, сепак криминалните структури не би можеле да продрат кај овие државни службеници, доколку и нивните припадници не се со сличен психолошки и морален профил. Кохабитацијата помеѓу политичката власт и криминалните структури, придонесува некои држави своите заштитни механизми да не ги применуваат доследно, туку парцијално, кампански и само тогаш кога тоа е корисно и нужно за нивните владеачки гарнитури.

Кога криминалната структура ги корумпира државните институции, создава одредена коруптивна врска помеѓу неа и поединците претставници на власта, врска со поедини видни политичари дури и со цели политички партии. Овие врски најчесто се латентни, но некојпат тие врски се сведуваат на т.н. "јавна тајна". За жал овие криминални врски најчесто немаат доказни вредности за спроведување кривични постапки пред правосудните органи. Организираните криминални структури кои се високо котирани во криминалниот свет имаат т.н.

"квалитетни врски" со поедини претставници на државната власт, и колку се овие врски посилни, толку се посилни и поефикасни криминалните структури.[78]

Во државите корупцијата се исполува како економска и политичка. Така, економската корупција им овозможува на одредени фирми помош за воспоставување на монопол на пазарот, а за возврат криминалните структури за "пружената помош" добиваат пари. Високото ниво на корумпирање вклучува високи функционери од државите, вклучувајќи и претседатели на влади или држави, со цел влез во политиката на криминалните структури и нивно влијание врз креирањето на законите и спроведувањето на судските одлуки.

Политичката корупција и контролата над државните органи од страна на криминалните структури, се карактеристики во земјите во кои најчесто се спроведуваат активностите на организираниот криминал. Тоа се државите кои се наоѓаат во транзиција и државите во развој, каде огромните профити генерирани од криминалните активности, им овозможија на поединци од криминалното миље на голема врата да влезат во бизнисот и политиката. Политичката корупција е карактеристична најчесто за периодот на изборните процеси, со цел обезбедување поддршка на една политичка опција, но и заплашување на противниците. Најчесто користена метода за корумпирање на политичарите е давањето големи суми пари за финансирање на политичките кампањи, со цел стекнување влијание врз избраните функционери. Ова може да придонесе за обесхрабрување на безбедносните структури во спроведување на ефикасна истрага, како и во изнаоѓањето механизми за смена на корумпираните судии и високите полициски офицери.[79]

2.2.1. Организиран криминал и корупција во државите од Југоисточна Европа

Државите во транзиција имаат неразвиена администрација и политички институции, што покрај неадекватната законска регулатива и сиромаштијата на поголемиот дел од населението придонесуваат за растот на корупцијата. Неадекватните контролни механизми на државите го стимулираат извршувањето на кривичните дела кои се манифестираат преку појавата на "сивата економија"[80]. Во ситуација на владеење на "сивата економија" и "црниот пазар" одредени стопански субјекти стапуваат во меѓусебна врска и воспоставуваат сомнителни контакти со претставниците на јавната администрација, најчесто со царините, вработените од инспекциските служби, полицајците, судиите и други државни службеници. Со користење на повеќето начини на корумпирање на овие претставници на власта, тие си обезбедуваат опстанок на "црниот пазар" и стекнување со противправна имотна корист. Оваа појава претставува еден од најважните криминогени

---

[78] Шкулиќ М. – "*Организовани криминалитет*", Досије, Београд, 2003

[79] http://unpan 1.un.org/intrados/groups/public/documents/UNTC/UNPAN016997.pdf

[80] Поимот "сива економија" го објаснува стопанството кое не е контролирано со закон, а нејзините носители го избегнуваат плаќањето на данок, царина и други давачки, со што голем дел од државните приходи одат за нелегални намени, наместо да го полни државниот буџет.

фактори кои ја инкорпорираат и јакнат корупцијата во рамките на постојните економски односи во државите во транзиција.[81]

Феноменолошките обележја на корупцијата во регионот на Југоисточна Европа, ги карактеризира големата динамика и разновидните појавни облици. Стопанството, политиката, економијата, финансиите, државната управа и јавната администрација на државите од овој регион, се најчестите области каде ги сретнуваме криминогените фактори кои се последица на корупцијата. Корупцијата како негативна општествена појава која во државите од овој регион е распространета во голема мера, придонесува за имотното раслојување на населението, за одвраќање на странските инвестиции, истовремено поткопувајќи ја стабилноста и безбедноста на државите. Карактеристично за корупцијата во регионот на Југоисточна Европа денес, е нејзината актуелност, високиот степен на општествена опасност, новите појавни облици на корупција во јавниот и приватниот сектор во склоп на стопанските и нестопанските дејности и врската со организираниот криминал со кој симбиотички претставуваат значаен фактор за загрозување на безбедноста. Денес познатите облици на корупцијата во државите од Југоисточна Европа може да ги подведеме во неколкуте категории како на пример давање и примање на мито, противправно посредување, фалсификување службена исправа и злоупотреба на службената положба и овластување. Во регионот на Југоисточна Европа, криминалните структури ја користат корупцијата со цел добивање заштита од службениците од јавната администрација, за нивно влијание врз донесувањето политички одлуки и за нивно инфилтрирање во државните структури и легалните бизниси. Една од најопасните форми на корупција во овие држави, претставува симбиозата помеѓу организираниот криминал и структурите од безбедносниот сектор.

Р. Албанија. Корупцијата е длабоко вкоренета во Р. Албанија. Ниските плати и социјалната прифатеност на корупцијата како најчест метод за остварување на своите потреби, придонесува за намалената ефикасност на државните органи во борбата со корумпираните државни службеници. Тримчев во својата книга "Организираниот криминал во Албанија", Р. Албанија ја нарекува најкорумпираната држава во Европа. Постои недостаток на институционална согласност за борба против организираниот криминал, кој, според него, живее во симбиоза со државните институции и постои реална закана дека организираните криминални структури би можеле да владеат со земјата, водејќи го албанскиот политички систем до долгорочна деформација.[82]Од гласно најавуваната борба против корупцијата и организираниот криминал на сегашната и сите претходни влади на Р. Албанија, засега нема видливи резултати. Напротив, криминалот и корупцијата станаа пресудни облици на однесување кое ја одредува судбината на самото општество. Причините за оваа состојба може да се најдат во корумпираното судство, како и во недореченоста на законите за кои тамошните елити тврдат дека се во согласност со меѓународните институции.

---

[81] Faladžić A. –*"Korupcijska krivična djela-normativni i kriminalistički aspekt"* Sarajevo, 2008

[82] Trimcev, E., *"Organized Crime in Albania":" An Unconventional Securit Threat"*, p.63

Р. Бугарија. По падот на комунистичкиот режим во Р. Бугарија, криминалот и корупцијата станаа се поприфатливи начини на размислување и однесување во општеството, како и основен или дополнителен извор на приходи. Корупцијата и организираниот криминал не беа штетни само за економијата, туку тие ги компромитираа и демократските институции на државата. Овие негативни феномени претставуваа закана за безбедноста на граѓаните и имотот, истовремено попречувајќи го развојот на демократските процеси и слободната и здрава конкуренција на сите полиња во државата. Суштинскиот услов за постоење на организиран криминал во Р. Бугарија беше постоењето на трајни корумптивни врски помеѓу криминалните структури и претставниците на државата на локално и централно ниво. Такви флангрантни коруптивни врски постоеа помеѓу криминалните структури и јавните обвинители, а најчестиот метод беше директно давање мито на корумпираните обвинители или со посредство на адвокатите, со цел истите да се воздржат од притисок за брза реализација на обвинителниот акт и донесување пресуда против претставници на структурите на организираниот криминал. Корумпирањето на јавната администрација на централно и локално ниво, беше со цел добивање на атрактивни градежни локации, како и добивање ексклузивитет над најпрофитабилните сектори во економијата на поголемите градови како на пр. подигнување на сметот, водоснабдувањето, топлификацијата, управување со паркинзите, зеленилото и др.[83]

Според извештајот на Европската агенција за спречување на финансиските злоупотреби и корупција-ОЛАФ, Бугарија е прогласена за најкорумпирана членка во ЕУ, земја во која прстите на мафијата пристигнуваат до самиот врв во власта, каде се продава и купува се, од дрога до човечка крв и гласови на изборите. Граѓаните на Р. Бугарија, од 2004 година се почесто се среќаваа со зголемен притисок од корупцијата во контактите со јавната администрација, заради остварување на некои свои барања и права. Во прилог на изнесеното одеа и резултатите од истражувањето на Софискиот Центар за проучување на демократијата во 2008 година, според кое скоро 65% од бугарските граѓани, ја оцениле корупцијата како најголем општествен проблем со кој се соочува државата. Јавните конкурси за доделување концесии, распределбата на државните средства и средствата на Европската Унија, како и трансакциите поврзани со земјиштата и шумите, се главните активности за взаемно корупциско дејствување меѓу бизнисот и политиката. Политичката корупција и организираниот криминал, според софискиот Центар за проучување на демократијата, и понатаму воглавно минува неказнето, поткрепено со податоците дека ниту еден висок функционер на владата, политичар или судија не е осуден врз база на обвиненија за корупција.[84]

Р. Косово. Корупцијата како сегмент на организираниот криминал е чест феномен во секојдневниот живот на граѓаните на Р. Косово. Ова,

---

[83] Корупция и контрабанда: мониторинг и превенция, Център за изследване на демокрацията, София, 2000

[84] Centar za proučuvanje na demokratija, Rojters, AFP, Dnevnik.bg, Medijapul, Sofija Eko, News. Bg-28/01/09

во голема мера е резултат на наследството од социјалистичкото уредување на СФРЈ, чиј составен дел беше и Косово, како Автономна Покраина во состав на Р. Србија, а кое создало клима каде корупцијата била толерирана и претставувала составен дел од секојдневното живеење. Вториот момент за појавата и развојот на корупцијата се сегашните социо-економски услови кои го чинат коруптивното однесување неопходно, со цел дополнување на слабите плати на јавната администрација. Околу 80% од населението на Косово ја перцепираат корупцијата како проблем во нивниот секојдневен живот, на тој начин доведувајќи ја во прашање легитимноста на државните институции.[85]

Р. Романија. Корупцијата останува проблем во Р. Романија која најчесто е вгнездена во правосудството и безбедносните структури. Имено, постојната правна легислатива дозволува лицата вмешани во недозволената трговија со дрога да добијат помали казни во замена за давање корисни информации на безбедносните структури, за други криминалци вмешани во овој облик на организиран криминал, што пак од друга страна може да стимулира создавање коруптивна симбиоза на полицијата и криминалните структури. Со создавањето на "анти-коруптивна единица" во рамките на министерството за внатрешни работи на Р. Романија, како и преку спроведување на прикриени операции за откривање и санкционирање на корумпирани поединци од безбедносните структури, Р. Романија се обидува корупцијата да ја сведе на едно подносливо ниво.

Р. Србија. Корупцијата во Р. Србија во голема мера негативно влијае врз образовниот и здравствениот сектор, локалната самоуправа, правосудството, царината и полицијата, а е редовно практикувана од страна на организираниот криминал, но и од поедици за остварување на некои свои права во побрз временски рок од законски предвидениот, или за стекнување со некои права и привилегии кои реално не им припаѓаат.

Р. Хрватска. Особен белег на организираниот криминал во Р. Хрватска, е корупцијата, непотизмот, конфликтот на интереси и сл. Одредени истражувања покажаа дека врските помеѓу политиката, судските институции и организираниот криминал не се системски, но сепак се присутни. Според статистичките показатели, Р. Хрватска е земја со најнизок степен на корупција и со најмалку корумпирана администрација во регионот.[86]

Р. Црна Гора. Корупцијата како составен дел на организираниот криминал е една од најголемите закани на современата држава, е присутна во Црна Гора и се исполува во скоро сите нивоа на општеството. Настојувањето на домашните, но и меѓународните, посебно руските структурите на организираниот криминал, да ги корумпираат структурите од јавната администрација со цел остварување на зацртаните цели, особено е изразено во приморскиот дел од Р. Црна Гора, кој е и најразвиениот нејзин дел, каде во градежништвото и туризмот се вртат милионски суми евра, од кои добар дел се сопственост на овие криминални структури.

Спречувањето на корупцијата во овој регион треба да се одвива во рамките на безбедносната политика на државите, што подразбира

---

[85] Vlada Kosova – *"Strategija za borbu protiv korupcije za Kosovo"*, Priština, 2004

[86] Stojarova, V., *Organized Crime in the Western Balkans*, HUMSEC Journal, Issue 1, str. 94

планска, организирана и сеопфатна активност на безбедносните институции. Превентивните и репресивните методи кои се применуваат во спречувањето на корупцијата, мора да бидат засновани врз основа на добиените резултати од истражувањата на нејзината етиологија и феноменологија. Мерките кои се приоритетни за спречување на корупцијата треба да бидат превентивните мерки, односно превземање мерки за отстранувањето на причинителите кои доведуваат до појава на корупција. Сепак, денес во современите услови на живеење не смееме да ги исклучиме и мерките на репресија од страна на државните структури задолжени за нејзино спречување. Со репресивните мерки се делува на видливите елементи на корупцијата со кои треба да се отстранат последиците на овие кривични дела. Со примената на овие репресивни мерки не се делува директно на причинителите кои ја предизвикуваат корупцијата, туку со откривањето на коруптивните дела, нивните сторители и со обезбедените материјални докази, се настојува да се елиминираат последиците. Од ефикасноста на репресивните мерки зависат и ефектите на генералната превенција, бидејќи стравот од кривично гонење во добар дел ги одвраќа потенцијалните сторители на корупциските дела од нивно извршување.

2.3. Терминолошко определување и дефинирање на тероризмот

Тероризмот претставува употреба на насилство со умисла или закана за употреба на насилство заради заплашување, се со цел присила, или заплашување на актуелната власт и државата, како би се постигнале политичките, верските, или идеолошките цели. Тероризмот претставува акт на физичко насилство, чија цел е да предизвика силни психички реакции, во прв ред страв, со надеж дека тие ќе помогнат да се одржи или промени однесувањето кое е важно за постигнување на политичката цел, ако таквиот акт не е оправдан со општите интереси кои се определени независно од него и ако овој акт не е извршен по правилата кои вообичаено се применуваат при практикувањето на власта.[87]

Етимологијата на зборот "терор" доаѓа од латинскиот збор "terrere" што значи "предизвикување силен страв".

Терористите многу ретко се самоидентификуваат како "терористи", поради негативната конотација на терминот, па затоа тие се почесто ги користат терминте со кои ја истакнуваат својата идеолошка борба, како на пример "сепаратист", "борец за слобода", "ослободител", "револуционер", "војник", "герилец", "бунтовник", "муџахедин" (што на арапски значи борец), или фидаин (кој доаѓа од англискиот збор "feday een" што значи спремен за маченишство).

Денес, кога во светот се заговара мир и демократија, присутни се разновидни облици на терористички активности кои тероризмот го претставуваат како најбрутален облик на манифестација на насилството. Терористичките активности ги сочинуваат три основни чинители и тоа: извршител, жртва и цел што сака да се постигне.

---

[87] Димитријевић В. – "*Људска права и демократија, Свет и Југославија*", Пословна политика, Београд, 1991

Како и при дефинирањето на организираниот криминал, исто така сеуште не постои единствена и универзално прифатена дефиниција за тоа што претставува тероризмот. Според содржината на досега познатите дефиниции за тероризмот кои се разликуваат во одредени нијанси, може да се заклучи дека, во нив во поголема, или во помала мера се препознатливи елементи кои го чинат ова дело општествено недозволиво и незаконско. Тие елементи би биле: закана, насилство, или употребата на сила, страв, политичкиот ефект како крајна цел, психолошкиот ефект и неконтролираната реакција, случајно одбрана цел и жртвите, со намера испланирана и систематски организирана и изведена акција, начинот на борба, како и елементот дека тероризмот е противправен акт.

Друга карактеристика за тероризмот е, што терористот во ниту еден случај не може да биде невин пред законот, не постојат лица и објекти кои се имуни на активностите на тероризмот, а државите и нивните безбедносни структури кои даваат логистичка подршка на терористичките организации се одговорни за стореното. Промовирајќи ги своите идеи, терористите се обидуваат да ги оправдаат криминални активности, а своите членови да ги прикажат како борци за слобода. Согласно наведените елементи на тероризмот можеме да заклучиме дека тој претставува противправен акт на насилство насочен против одредена држава со намера да се предизвика страв или колективна штета, како би се остварила одредена политичка цел. Значи, овде станува збор за намерна употреба на сила, која тероризмот ја користи како начин на борба за остварување на споменатите политички цели.

Терористите за изведување на своите убиствени акции, каде последиците се големиот број човечки жртви и големите разурнувања, а кои траат неколку минути, се подготвуваат со години. Тие секогаш се во предност во однос на безбедносните структури на државите, од причини што тие се подготвуваат онолку време колку им е потребно за изведување на терористичките акции, ја бираат целта за напад, времето и местото на терористичкиот удар и скоро секогаш го постигнуваат ефектот на изненадување. Терористите, своите активности ги изведуваат плански, плод се на нивните внатрешни мотиви кои се комплементарни со политиката на терористичката организација чии членови се тие.

Терористичката организација дејствува илегално, прво со цел да се заштити таа и нејзините припадници од откривање и кривичен прогон и второ преку изведувањето ненадејни акции, преку сеењето страв, и преку создавањето чуство на несигурност, загрозеност и неизвесност, да постигне што е можно поголем ефект во државите.

Современите терористички организации во својата структура имаат политички и терористички крила. Политичките крила обезбедуваат социјални услуги, едукација, водење на деловните активности како и учество на избори со свои преставници, додека воените (вооружените) крила учествуваат во изведувањето атентати, бомбашки напади и слични акти на насилство. Интересно е да се напомене дека, политичкото крило на терористичката организација може и јавно да се огради од активностите на военото крило кога тоа ќе изврши некоја непланирана активност со последици како што се големи разурнувања, или голем број жртви. Оваа констатација може да се потврди и со фактот што, военото крило настојува да биде независно во

извршување на своите активности, губејќи ги од вид основните цели на организацијата, кои можат да и нанесат поголема штета отколку корист. Денес терористите и терористичките организаци, за разлика од минатото применуваат современи методи, стратегија и тактика на дејствување. Тие користат средства кои порано не биле користени, како на пр. некои видови нуклеарно, хемиско, или биолошко оружје што претставува сериозна закана за безбедноста на државите. Порано познатите методи на терористите биле да убијат еден човек со цел да го заплашат останатото население, додека денес тие настојуваат да заплашат и убијат што е можно поголем број луѓе. Терористите ги користат сите познати облици на насилство како диверзија, подметнување на пожари, извршување атентати, киднапирања, закани со употреба на конвенционално или нуклеарно оружје, масовни убиства на цивили или туристи и др., за да ги постигнат пред себе поставените цели. Тие своите атаци најчесто ги насочуваат кон т.н. "меки цели", каде безбедносните структури не можат веднаш и ефикасно да дејствуваат, како што се на пр. авионите, возовите, метроата, прекуокеанските бродови и сл. Исто така, цел на терористите се и најосетливите државни институции, каде со помал напор и ризик за сторителите ќе се добие поголем ефект, преку изведување на што поголеми разорувања и човечки жртви, со крајна цел создавање хаотична состојба, страв и несигурност кај граѓаните.

Денешните активности на терористите ги препознаваме и преку современите форми на терористички активности познати како "наркотероризам", "екотероризам", "биотероризам" или активности поврзани со напади над современите комуникациски и информатички системи познати како "сајбер-тероризам". Доколку "сајбер-тероризмот", или како што уште се нарекува "инфо-тероризам" ја насочи својата енергија кон војување со информациите, тогаш неговата деструктивна моќ и создавањето хаос, ќе биде значително поголема од било која друга моќ, карактеристична за традиционалните терористички организации.

2.3.1. Симбиоза на организираниот криминал и тероризмот

Пред падот на ерата на "Студената војна" терористичките организации во голема мера беа спонзорирани од некои држави, а чии терористички активности се вклопуваа во остварување на нивните стратегиско-политички цели. Но, со падот на "железната завеса" се намали бројот на држави-спонзори на терористичките активности. Терористичките организации, на самиот почеток, доколку не се формирани, потпомогнати или поврзани со безбедносните структури, обично разузнавачките агенции на странските држави, а со цел обезбедување финансиски средства за купување оружје, експлозив, современи средства за комуникација, како и обезбедување друга логистичка поддршка за спроведување на своите активности и своја заштита, се трудат нив да ги обезбедат преку извршување на низа криминални активности кои носат голем профит. Од тие причини, терористичките организации мораа да пронајдат сопствени извори на приходи и финансирање на активностите, односно се повеќе да се занимаваат и со криминални активности. Денес тероризмот се финансира од легални и нелегални криминални извори. Познатите

легални извори се: фондовите на некои невладини организации, трговски фирми, едноставното собирање на парични средства одејќи од врата на врата, собирање средства од локалните институции, собрани парични средства од одржани културни и добротворни манифестации, инвестирање во акции и недвижности, разни донации од богати луѓе, донации од државни институции и сл. Но, постојат и нелегални, или криминални извори на финансирање исти како и кај организираниот криминал, што укажува на нивната симбиоза. Такви извори на финансирање се: недозволената трговија со дрога, оружје, цигари, злато и драги камења, недозволената трговија со луѓе и човечки органи, киднапирањата, уцените и изнудите, вооружените грабежи на банки и други финансиски институции, перењето пари, фалсификувањето пари, финансиските измами, пиратеријата, кражбите на интелектуална сопственост и сл.

Според едни размислувања, заедничко за структурите на организираниот криминал и терористичките организации е тоа што тие своите активности ги изведуваат плански, додека разликата меѓу нив ја наоѓаме во мотивите. Така, додека за криминалните структури основниот мотив и цел е стекнувањето профит и моќ, сигурна средина, како и создавање ситуација државата да го помага, за терористите основните мотиви и цели се комплементарни со нивната политичката определба, а тоа е рушење на актуелната власт и завземање на нејзиното место со востановување на нови државни институции. Иако организираниот криминал и тероризмот на прв поглед имаат различни цели, во првиот случај тоа е профитот, а во вториот тоа е влијанието на политичките токови, слободно може да кажеме дека станува збор за негативни појави кои во праксата некојпат тешко се одвојуваат. Нивните цели се испреплетуваат од причини што организираниот криминал се бори за политичка моќ поради постигнување на профит, а терористите се баваат со криминал заради обезбедување на пари за спроведување на своите политички проекти. Криминалните структури на организираниот криминал се поврзуваат со терористичките организации и стануваат финансиери на терористичките напади. На овој начин се воспоставува врската помеѓу парите и насилството, што во современите општества претставува идеална комбинација за исполнување на различните екстремни цели. Врската помеѓу тероризмот и организираниот криминал денес станува се поцврста, особено со криминалните структури кои се непосредно инволвирани во недозволената трговија со дрога, оружје и експлозивни материи, иако нивната примарна цел не е остварување на политички цели. Но и обратно, организираниот криминал за остварување на своите цели, особено во деведесетите години на минатиот век ја користеше терористичката тактика на употреба на бруталност и насилство, испраќајќи им на властите јасна порака дека ќе направат се за да ги поткопаат и спречат сите дејствија и мерки на безбедносните структури. задолжени за неговото спречување. Терористичката организација според својата структура претставува хиерархиски цврсто поставена организација со водач, која по многу елементи е слична на хиерархиската структура на организираните криминални структури, но со помал број на членови и со одредена општествена поддршка. Заради ова, може да зборуваме дека станува збор за добро организирана криминална организација за вршење на

терористички активности. Допирните точки помеѓу организираниот криминал и тероризмот се гледаат и преку разните видови на недозволена трговија со дрога, со оружје, луѓе, фалсификување и перење пари, а се со цел финансирање на терористичките активности. Во овој контекст, не смее да се испушти од вид и можноста дека организираниот криминал, особено оној со цврста хиерархиска структура, за остварување на своите цели, како и за самозаштита, во поедини ситуации, да употреби и терористички методи на дејствување, што укажува на взаемна поврзаност на меѓународниот организиран криминал и тероризмот. Постојат разновидни облици на тероризам и организиран криминал, кои во одредени фази на својот развој се наоѓаат во причинско-последични односи, со оглед на тоа што тероризмот ги условува и подобрува одредените облици на криминално дејствување, кои пак имаат повратно дејство на севкупната терористичка активност, од причини што се вршат со цел да ги овозможат понатамошните терористички активности.

Но, постојат и размислувања, дека меѓу организираниот криминал и тероризмот има значајна разлика која се огледа во тоа што организираниот криминал е ориентиран првенствено кон стекнување профит и не е заинтересиран за уривање влади, или слабеење на државата на економски и политички план, туку претпочита напредна економија како би ја одржувал својата егзистенција на паразитски начин, а што не е случај кај тероризмот. Насилството кое го користи организираниот криминал, не е наменето за предизвикување на последици, особено не психолошки, надвор од самиот криминален чин. Припадниците на структури на организираниот криминал, едноставно сакаат само да се стекнат со нешто што не им припаѓа и да побегнат, а притоа да не бидат забележани од никого. Согласно ова, криминалните структури за разлика од терористичките, не се заинтересирани за тоа какви последици во јавноста ќе предизвика нивниот криминален акт и за тоа што тие немаат политички карактер. Кога зборуваме за средствата и примената на приоритетните методи и начини за остварување на поставените цели и кај двата облика на криминално дејствување, може да кажеме дека постојат одредени разлики. Имено, при остварување на своите цели, доколку успеат методот на корумпирање, или методот на уцена, изнуда или некој друг пософистициран метод на притисок, структурите на организираниот криминал се откажуваат од употребата на насилство. За разлика од организираниот криминал, тероризмот за остварување на своите цели, без исклучок користи насилство изразено преку свирепи, брутални и нехумани методи и постапки.

Сепак денес, утврдените разлики помеѓу тероризмот и организираниот криминал, исчезнуваат со голема брзина. Така, поголемиот број на терористички и криминални структури наоѓаат своја подршка во иста глобална инфраструктура, ги искористуваат истите слабости на власта во областа на безбедноста и се стремат кон зголемување на своето богатство како резултат од криминалните активности. Независно дали извршителите се изнајмени од страна на нарко-картелите или вршат киднапирања, во спроведеното насилство

тие се водат од ист мотив, а тоа е, да го заработат својот дел од профитот.[88]

Симбиозата на организираниот криминал и тероризмот се исполува преку два облика, првиот кога самата терористичка активност претставува облик на организиран криминал и вториот облик, кој се манифестира преку вршење на повеќе сериозни кривични дела од страна на терористичките организации, најчесто заради самофинансирање, или остварување на одредени политички цели. Постојат и ситуации, кога тероризмот се поистоветува со некој од облиците на организиран криминал во рамките на една држава. Тоа се случува кога терористичките организации се под патронат на некоја од легалните политички партии, кога силно се изразени спротиставените политички и економски интереси, кога не постои можност за освојување на власта по легален пат и кога одредени нивни интереси се базираат на иредентистичките и сепаратистичките тенденции и барања. Но сепак, ваквата терористичка активност под покровителство на политичките партии, не може да опстане во државата, доколку не е под политичка и економска заштита и поддршка од некоја странска земја, која на овој начин се обидува да ги оствари своите политички цели. Од овие причини тероризмот, исто како и организираниот криминал има меѓународен карактер, кој се огледа преку поврзувањето на терористичките организации со странски држави и нивните безбедносни структури, со цел добивање на логистичка подршка за изведување на терористички акции, но надвор од државата давател на подршката. Меѓународниот карактер и на двете криминални активности е поддржан од широката употреба на Интернетот, како и од користењето на најновите видови на телекомуникациски врски. Така според Шели, информатичката технологија денес е централен елемент во извршување на своите криминални активности на организираниот криминал и тероризмот.[89]

Во врска со прашањето на симбиозата на организираниот криминал и тероризмот, денес сепак постојат неколку дилеми. Имено, постојат различни мислења и дилеми за тоа, дали тероризмот може да биде еден од облиците на организиран криминал, каде покрај постоењето на криминална организација, остварување материјална добивка, разни бенефити и политички цели, воспоставена е и тесна врска со дел од владините органи на поедини држави. Вака гледано, тероризмот како облик на организиран криминал нема основа, ниту логика, од причини што ниту една правна држава ниту нејзините државни органи нема да стапат во близок "деловен" однос со терористичките организации, ниту ќе им дадат логистичка поддршка, за тие на териториите на сопствените држави да ги изведуваат терористичките активности и би ги загрозиле нивното уставно уредување и националната безбедност. Но, доколку се работи за случаи кога планираните терористички активности се насочени кон други држави, тогаш може да зборуваме за заеднички интерес на организираниот криминал и терористите, пред се политички и економски.

---

[88] Schweitzer E. Glenn.A Faceless Enemy: "*The origins of modern terrorism*". Cambridge, Massachusetts: Perseus Publishing, 2002

[89] Shelley L.I.-"*Organized crime, terrorism, and cybercrime*" www.american.edultraccc.

Во врска со оваа симбиоза, кај Арнаудовски се јавуваат дилеми во неколку правци и тоа: дали организираниот криминал е средство и метод на дејствување на терористичките групи за стекнување на високи профити наменети за купување на оружје и други средства кои се неопходни за реализирање на терористичките акции, потоа дали, организираниот криминал претставува параван зад кој се крие тероризмот и дали тероризмот и организираниот криминал одат заедно и паралелно со терористичките активности. Кај секој терорист, или терористичка група не постои отсуство на желба за збогатување, стекнување на материјални добра и богатство што ги обезбедуваат преку активностите на организираниот криминал, а согласно тоа и стекнување со моќ, сила и власт.[90]

Според Рос, терористите ги користат криминалните организации, односно нивните криминални активности за постигнување на политички цели. Како резултат на криминалните активности, терористите се почесто се под опсервација на органите за кривичен прогон, и покрај тоа што нивната примарна цел не е вршење на кривични дела. Значи, иако тероризмот е политичка активност која може да ја загрози безбедноста на државите на меѓународно ниво, криминалниот аспект на терористичките операции и организации ги доведува во контакт со кривично-правниот систем. Па оттука Рос ја поставува дилемата, дали со тероризмот треба да се справува кривично-правниот систем на државата или безбедносните институции на државната безбедност.[91] По ова прашање голем број држави сеуште немаат одговор на оваа дилема, па така, тероризмот се третира различно од држава до држава, како и од државните субјектите задолжени за негово спречување.

На крајот, сепак преовладуваат научните размислувања дека постоењето на симбиоза помеѓу меѓународните терористички организиации и меѓународниот организиран криминал, денес претставува една од најсериозните закани по безбедноста на современите држави. Во ерата на глобализација, терористичките и криминалните структури се потпираат на глобалниот транспорт, глобалните комуникациски системи и глобалната финансиска инфраструктура. Пример за најочигледна симбиоза помеѓу тероризмот и организираниот криминал, денес е во регионите на Централна, Јужна и Југоисточна Азија, како и во Јужна Америка, каде парите од недозволената трговија со дрога се користат за финансирање на терористичките активности. Во литературата оваа симбиоза е позната под името "наркотероризам".

2.3.2. Организиран криминал и тероризмот во државите од Југоисточна Европа

Политичката и економската нестабилност во Југоисточна Европа е резултат на порастот на организираниот криминал, но и на тероризмот во регионот. Организираниот криминал и тероризмот се во симбиотичка врска од причини што приходите кои ги остварува организираниот криминал се користат за финансирање на терористички активности во

---

[90] Арнаудовски Љ. – "*Меѓуусловеност и меѓузависност на тероризмот и организираниот криминал*", Научен труд, Скопје

[91] Рајкел Ф.(уредник)- "*Транснационален криминал и Правда*"- ДатаПонс, Скопје, 2009

регионот, а овие за возврат пак им даваат вооружена поддршка и заштита. Неколку месеци по терористичкиот напад во САД од 11 септември 2001 година, се откри дека терористичката организација "Ал Каеда", но и други екстремистички и терористички организации се активни во Европа, особено во државите од регионот на Југоисточна Европа и Балканот, како што се Косово и Босна и Херцеговина. Денес Балканот, според многумина аналитичари, се смета за база на т.н "бела Ал Каеда" во Европа, чии главни спонзори се државите од Арапскиот Полуостров, особено Саудиска Арабија, Египет и Иран.

Најголемата опасност од тероризмот во државите од регион на Југоисточна Европа, претствува доколку "тврдата" исламистичка линија од Саудиска Арабија, милитантните вахабисти и салафисти, или уште поопасните застапници на шиитскиот ислам од Иран, кои добро се етаблирале во Р. Босна и Херцеговина и Косово и се обидуваат да се прошират кон областа Санџак во Р. Србија, населена претежно со муслимани, одлучат да побараат помош од организираниот криминал, поточно од т.н. "нарко картели". Сепак, засега оваа симбиоза меѓу терористичките пред се исламистичките и криминалните структури не е во голема мера актуелна, од причина што исламистичките религиозни уверувања укажуваат дека такви "сојузници" не се прифатливи. Имено исламската религија ја осудува употребата на дрогата и нејзината трговија, како и забраната за стапување во сојузи со криминалците. Сепак, денес во голема мера присутен е ризикот, политичките манипуланти да се здобијат со доминантна улога во релативно "чистите" исламистички кругови во Р. Босна и Херцеговина и во Р. Србија, во областа Санџак и тогаш може да одлучат дека, оперативните предности кои произлегуваат од сојузот со структурите на организираниот криминал, посебно оние кои се баваат со недозволената трговија со дрога, се доволно големи, на сметка на затворањето очи пред моралната димензија на тој сојуз.[92]

Во својата книга "Ера на тероризмот" Галијашевиќ[93], во детали го опишува процесот на пристигнување на исламските терористи т.н. "муџахедини" во Р. Босна и Херцеговина, од државите од Арапскиот свет, формирање на нивните борбени терористички формации и организации, кои на барање на тогашните водечки верски и политички лидери на босанските муслимани, во деветесетите години од минатиот век беа вклучени во воените дејствија против српските и хрватските безбедносни и парамилитантни структури. На овој начин станувајќи база на терористите Р. Босна и Херцеговина во тој воен период успеала да ги доведе исламските терористи и пред самата врата на Европа. Истовремено Р. Босна и Херцеговина стана и база за регрутација на терористи кои подоцна земаа учество во повеќето терористички напади ширум светот.

Присуството на радикалниот исламски фактор на Косово, е потврдено преку активното учество на т.н. "муџахедини" со потекло од некои од арапските држави, во вооружените судири со српските безбедносни структури како членови на Ослободителната војска на

---

[92] Fatić A. – *"Organizovani kriminal i obrisi nove strukture bezbednosti u Evropi"*, Izvorni naućni rad, Beograd, 2004

[93] Galijasević Dž.-*"Era terorizma u BiH"*, Filip Visnić, Beograd, 2007

косово(ОВК), кон крајот на деведесетите години од минатиот век, како и преку изведување на активностите под плаштот на разните исламски хуманитарни организации, формирани од земјите од Арапскиот Залив, најчесто од Саудиска Арабија и Иран. На сличен начин и со иста цел, овие исламски радикали ги пополнуваа и редовите на ОНА во 2001 година, за време воениот конфликт во Р. Македонија при што дејствуваа против македонските безбедносни сили и македонската држава и народ, во целина.

Според одредени размислувања на експертите од оваа област, по воспоставувањето на новата држава на Балканот - Р. Косово, создадени се одлични услови за дејствување на глобалната терористичка мрежа и сигурен регион за структурите на меѓународниот тероризам и организиран криминал. На овој начин ќе се обезбеди поголема сигурност и безбедност на т.н. "Зелена трансферзала" за побрз продор на радикалниот ислам, но и на "Балканскиот пат" заради непречено изведување на криминалните активности изразени преку недозволената трговија со дрога, оружје и луѓе. Оваа терористичка мрежа на Косово ќе создаде услови и за спроведување на повеќето нелегални финансиски операции, најчесто перење пари, кои им се потребни за вложувања во западнорвропските легални економии, или за корумпирање на тамошните политичари заради отапување на реакциите на Европската Унија кон тероризмот, особено кон радикалниот исламски тероризам. Триаголникот кој ги опфаќа територииte на Албанија, Косово и Македонија ќе претставува сигурен регион за меѓународниот тероризам, коридор на терористичките групи и организации во Југоисточна Европа, но може да стане и центар за раководење со терористичките операции во Европа. Најлошите предвидувања одат до таму, што сето горе кажано би претставувало многу сериозна закана за безбедноста на регионот на Балканот, Југоисточна Европа, но и за останатиот дел на Европа и САД. Доколку овој проблем не се сфати брзо и сериозно и не се превземат соодветни мерки против тероризмот од страна на меѓународната заедница, војната против глобалниот тероризам на меѓународната заедница, ќе биде изгубена токму во Р. Косово.

2.4. Безбедносни структури и организираниот криминал во Југоисточна Европа

Познатата песимистичка синтагма "дека секоја држава си има своја мафија, но само кај нас мафијата си има своја држава" произлегува од фактот, што за разлика од западните демократии, или дури и од некои други транзициски држави, организираниот криминал во регионот на Југоисточна Европа се разви преку активна соработка со безбедносниот сектор и институциите кои го спроведуваат законот. Со други зборови, додека во Западна и Централна Европа безбедносните структури вложуваа сериозни напори да го спречат и да го контролираат организираниот криминал, во дел од државите од Југоисточна Европа, организираниот криминал оперираше, а и денес продолжува да ги спроведува своите криминални активности токму со помош на овие безбедносни структури, посебно разузнавачките служби. Ваквата состојба најочигледна беше во некои од државите на Балканот, посебно по распадот на стариот комунистички систем во Р. Албанија, Р. Бугарија,

Р. Романија, и секако распадот на СФРЈ во раните деведесети години. Согласно извршената трансформација и реорганизација на овие служби по овој период, во регионот на Југоисточна Европа се создадоа модерни разузнавачки агенции со цел пресретнување на сите сериозни безбедносни закани насочени кон државите чии интереси ги бранат, вклучително и меѓународниот организиран криминал.[94]

Најголемиот дел од илегалните канали кои ги користеа структурите на организираниот криминал во Р. Албанија беа воспоставени од страна на поранешните агенти на албанската тајна служба "Сигурими". Под името "Сигурими" албанската тајна служба престана со работа во 1991 година и беше заменета со новата Национална разузнавачка служба (НРС), а која денес е позната под името "Шиш".[95] По извршената реформа на разузнавачката служба, околу 10.000 поранешни агенти на "Сигурими" ги загубија своите работни места, или раководни позиции. Оставени на улица, без никаква егзистенција, голем број од овие поранешни добро обучени припадници на безбедносните структури ги понудија своите услуги на структурите на организираниот криминал. Така, криминалните операциите изведувани на воен начин во земјата и странство (најчесто во земјите од Западна Европа и во САД), покажуваа дека овие криминални структури биле обучувани и советувани од поранешните припадници на албанските безбедносни структури.

Безбедносните и разузнавачките структури во Р. Бугарија и Р. Романија кои беа составени од искусни оперативци обучувани во познатата советска школа на КГБ, одеднаш останаа на улица без работа. Но, тие за кратко време успеаа да се соземат и да ги искористат своите вештини, знаења и врски за остварување на сопствените барања за висок профит и моќ. На овој начин и во содејство со криминалните структури, успеаа да создадат нови добро обучени и побрутални криминални структури. Работата на овие криминални структури беше легендирана под плаштот на агенциите за обезбедување и осигурителни компании. Во Р. Србија пак, според разузнавачките информации, во тоа време организираниот криминал беше "алатка" на безбедносните структури во владата на Милошевиќ и служеа за постигнување на неговите политички, економски и воени цели. Како друга крајност пак, може да го земеме примерот со Р. Албанија, каде државата и нејзиниот безбедносен

---

[94] Албанија - ШИШ(Државна Разузнавачка Служба)-SHISH(Shërbimi Informativ Shtetëror); Босна и Херцеговина-ОСА/ОБА(Разузнавачко Сигурносна и Разузнавачко Безбедносна Агенција)- OSA/OBA(Обавештајно Сигурносна и Обавештајно Безбедносна Агенција); Бугарија-НРЗ (Национална Разузнавачка Служба)-НРЗ(Национална Разузнавателна Служба); Грција-НИС(Национална Разузнавачка Служба)-NIS(National Intelligence Service)-EYP(Ethniki Ypiseria Pliroforion); Косово-КИА(Косовска Разузнавачка Агенција)-KIA(Kosovo Intelligence Agency); Романија-СРИ(Романска Разузнавачка Агенција)-SRI(Serviciul Roman de Informatii) и СИЕ(Надворешна Разузнавачка Агенција)-SIE(Serviciul de Informatii Externe); Србија- БИА(Безбедносно Информативна Агенција); Хрватска-СОА(Безбедносно-Разузнавачка Агенција)-SOA(Sigurnosno-Obavještajna Agencija); Црна Гора- АНБ(Агенција за Национална Безбедност)-ANB(Agencija za Nacionalnu Bezbjednost); Македонија-УБК(Управа за Безбедност и Контраразузнавање), АР (Агенција за Разузнавање).

[95] Поопширно во книгата на Котовчевски М.- *"Разузнавачко безбедносните заедници на државите во Југоисточна Европа"*, Филозофски факултет, Бомат графикс, Скопје, 2007

сектор беа толку ослабени што организираниот криминал превзеде контрола над целата територија на државата, резултирајќи со создавањето на пирамидалните шеми на штедилници од 1997, кои пак доведоа до финансиска криза која речиси предизвика колапс на албанската држава. Некаде помеѓу беа и состојбите во другите држави од регионот на Југоисточна Европа, каде корупцијата и заедничките економски интереси креираа "неприродни" но силни врски помеѓу безбедносните структури и структурите на организираниот криминал.

Предусловите за ваквата криминална симбиоза на безбедносните структури и структурите на организираниот криминал во периодот на транзиција во државите од Југоисточна Европа, беа создадени уште пред 1989 година. Погрешниот начин на менаџирање и други недостатоци во областа на развојната и пазарна економија, контролираната и неразвиена меѓународна трговија и недостатокот на основни ресурси и добра, ги принудија поголемиот дел од компаниите и претпријатијата да се потпрат делумно и на т.н. "црн пазар". Несаканиот, но неизбежен ефект на растот на нелегалната трговија, се огледаше преку растечката корупција, посебно присутна меѓу безбедносните структури. Така, и покрај привилегираната позиција на овие структури во државите од регионот на Југоисточна Европа, голем број припадници од пониските ешалони на полицијата, војската, царината, но и припадниците на тајните служби, ги почувствуваа последиците од економската рецесија и општата сиромаштија кои завладеаа во тој период во овие држави. Ваквата, во многу нешта очајна ситуација во која се најдоа припадниците на безбедносните структури, им даде повод да ги злоупотребат сопствените позиции, овој пат само за лично богатење. Безбедносните структури од регионов беа под силно влијание од војните и во нивните редови се чуствуваше отсуство на реалност и демократска атмосфера. Создадени и прилагодени да служат на дотогашните автократски режими, овие структури не одаваа впечаток дека се спремни да се реформираат, да се демоктатизираат и да станат одговорни во општеството и пред граѓаните.

Припадниците на безбедносните служби беа тие, кои најдиректно беа инволвирани во нелегалните операции, така да поголемиот број на канали користени за нелегалната трговија во поранешните комунистички држави од регионот на Источна и Југоисточна Европа беа воспоставени и контролирани токму од нив.

Со цел успехот на овие нелегални операции да биде загарантиран и без ризик, безбедносните, посебно тајните служби регрутираа и користеа лица од криминалното подземје. Овие криминалци т.н "оперативци" беа користени за создавање и обезбедување на нелегалните канали преку кои минуваа луѓе и материјални добра, во спроведување на други криминалните операции, а некогаш и како извршители на атентати, за добар материјален надомест или друга корист. Службата за Државна Безбедност (СДБ) на СФРЈ, ги ангажираше тогаш познатите криминалци кои, или престојуваа во странство, или беа припадници на познатата француска "Легија на странци", заради ликвидации на лица од емиграцијата кои ги сместуваа во групата на т.н. "надворешни непријатели на социјализмот". Со почетокот на војната во раните деведесети години на минатиот век на просторот на поранешна СФРЈ, овие криминалци, во зависност од етничката припадност се враќаат во

своите, сега новоформирани и независни држави, претставувани како патриоти, каде стануваат луѓе од доверба на новоформираните безбедносни структури со специјални задачи при воените операции, особено во етничкото чистење. Во областа на криминалот, овие криминалци, како луѓе од доверба на тогашните владеачки елити беа задолжени за воспоставување на врски со странство, претежно за кражби на автомобили, недозволена трговија со дрога, оружје, или стока за широка потрошувачка и др. Парите кои ги стекнуваа со овие нелегални активности, владите ги насочуваа во финансирање на воените дејствија.

Во тој период владите на новоформираните држави, Србија, Хрватска и на Босна и Херцеговина ги искористија криминалните структури како најдобри средства за избегнување на меѓународните санкции за набавка на оружје и воена опрема за потребите на своите воени единици. На ист начин и структурите на ОВК кои дејствуваа на Косово, во Албанија и во соседните држави, обилно ги користеше своите врски со организираниот криминал во Европа, со цел снабдување со оружје и воена опрема на своите единици во борбата против српските, но и против македонските регуларни вооружени единици во 2001 година.

Од тој период па наваму, ваквата состојба придонела за продолжување на воспоставените тесни врски на безбедносните структури со криминалците, која симбиоза станала толку силна што на моменти, буквално не можело да се направи разлика кој е криминалец, а кој државен службеник. Од една страна се јавиле криминалци кои имале полициски легитимации, кои вршеле политички убиства, учествувале во недозволената трговија со дрога и оружје и кои биле третирани како лица од највисока доверба и политичко значење. Од друга страна пак се јавиле лица од државните структури кои се бавеле со класичниот криминал, како на пр. рекет, уцени, недозволена трговија и сл. Заради релативно ниските примања, а поттикнати од желбата за убав живот над своите можности, некои поединци од безбедносните структури, но и јавни обвинители, судии, цариници и други, лесно стануваа плен стапувајќи во т.н. "бизнис односи" со членовите на организираните криминални структури. По воспоставување на овие односи, организираните криминални структури користејќи ја корупцијата како метод за остварување на своите криминални цели, богато ги наградуваа овие поединци.

За одржување на јавниот ред и мир, за спречување на сите облици на криминал, како и за одржување на севкупната безбедносна состојба на задоволително ниво, меѓународната зедница во Р. Босна и Херцеговина формирала три зеднички безбедносни структури: граничната служба, државната безбедност и агенција за разузнавање и контра-разузнавачка безбедносна агенција.[96] За жал, овие државни органи и институции за безбедност во Босна и Херцеговина, меѓу себе не соработуваат на задоволително ниво, во борбата против организираниот криминал. Босна и Херцеговина, и понатаму останува квази држава, поделена de jure на два ентитети, а de facto на три области контролирани од трите националности Срби, Хрвати и Бошњаци, кои не се волни да соработуваат меѓу себе. За разлика од оваа ситуација, тоа не е случај и со организираните криминални групи. Имено, ним воопшто не им пречи

[96] Stojarova, V., *Organized Crime in the Western Balkans*, HUMSEC Journal, Issue 1, str. 97

различноста на етносите, туку криминалните групи ги врзува единствената цел за профит, што секогаш ги става во позиција на победници над безбедносните структури.[97]

За сериозно предупредување е фактот дека безбедносните ризици генерирани, или поддржани од организираниот криминал, се приоритетни за безбедносните структури, доколку се земе во предвид фактот, дека каналите за недозволена трговија, кои ги користат криминалните структури, истовремено се користат и за спроведување на активностите на другите облици на невоени закани, како што е тероризмот.

ЗАКЛУЧОК

Организираниот криминал претставува невоена безбедносна закана за државите и цели региони, што го разликува од традиционалните безбедносни закани, војната, или други вооружени конфликти. Тој ги злоупотребува придобивките на глобализацијата изразени преку глобалниот финасиски и стопански систем, со цел превземање на активности во легализацијата на криминално стекнатиот профит.

Тој ги загрозува темелните вредности на современата држава и ги негира сите начела на нејзиното демократско и правно уредување, ги дестабилизира владите, го поткопува парламентаризмот, ја руши довербата на граѓаните во државните институции, ги негира легалните закони и општествениот морал, а со тоа ги чини нејзините граѓани да се чуствуваат небезбедни. Намерата на организираниот криминал не е да го урне актуелниот државен систем, туку да се вгради во него, во сите негови пори, со што го доведува во прашање системот на донесување на политички одлуки. Централниот удар на организираниот криминал го трпи економијата, финансиските и банкарските институции, од причини што тој покрај веќе постојната легална, создава и паралелна т.н. "сива економија" оневозможувајќи ја развојната стратегија на државите.

Организираниот криминал во државите од Југоисточна Европа претставува сериозна закана за националната безбедност, политичката стабилност, за нивниот социјален и економски развој, а негативно влијае и врз нивната надворешна политика. Ниту една држава не може да се бори самостојно против организираниот криминал, па од тие причини државите од овој регион, треба да воспостават систем на вредности во кои нема да постои ни најмал степен на толеранција кон криминалот, а силната меѓународна соработка треба да е битен фактор во неговото спречување. Развојот на организираниот криминал не е возможен доколку нема претходно корумпирање на државните и политичките структури во државата. Корупцијата во државите од Југоисточна Европа се препознава како сериозен проблем кој има влијание на јавната администрација, на политичките партии, правниот систем, медиумите и приватниот сектор. Најопасната форма на корупција, се манифестира при симбиозата помеѓу организираниот криминал и безбедносните структури.

Иако организираниот криминал и тероризмот на прв поглед имаат различни цели, во првиот случај тоа е профитот, а во вториот тоа е

---

[97] Исто стр. 98

влијанието на политичките токови, слободно може да кажеме дека станува збор за негативни појави кои во праксата некојпат тешко се одвојуваат од причини што нивните цели се испреплетуваат. Симбиозата на организираниот криминал и тероризмот денес станува се поцврста со подршка на иста глобална инфраструктура. Денес, покрај класичните облици на изведување терористички ации, нивните активности ги препознаваме како "наркотероризам", "екотероризам", "биотероризам", или "сајбер-тероризам". Денес Балканот, според многумина аналитичари се смета за база на т.н "бела Ал Каеда" во Европа и претставува интересен регион и коридор за меѓународниот тероризам, со тенденција да стане и центар за раководење со терористичките операции во Европа.

III ГЛАВА

1. Типови држави и нивната диспозиција во однос на организираниот криминал

Во однос на прашањето за воспоставените меѓусебни релации на државата и организираниот криминал, Вилијамс дефинира четири типа на држави и тоа[98]:

а) Домицилни држави, тоа се држави каде организираниот криминал има свои бази, од каде криминалните структури оперираат и генерално претставуваат погодна средина за нив. Наречени се "безбеден рај" бидејќи нивните легални власти се во симбиоза со организираниот криминал, ги одобруваат, или земаат учество во нивните нелегални активности. Спречувањето на меѓународниот организиран криминал е во голема мера отежнато, од причини што криминалните структури можат слободно да ги раководат своите криминални операции од територииите на ваквите држави, без притоа да бидат спречувани од владеачките елити.

б) Држави домаќини, се држави кои се домаќини не само на домашните криминални структури, туку се домаќини и на криминални структури со етнички предзнак, кои доаѓаат надвор од нивните граници. Овие криминални структури дејствуваат ефективно и ефикасно и се со мал степен на ризик од откривање, од причини што успешно се инфилтрираат во етничките групи кои легално живеат и работат во овие држави. Основниот проблем во спречувањето на активности на овие криминални структури, меѓу другото претставуваат јазичните и културните бариери.

в) Транзитни држави, географски се лоцирани на најпознатите транзитни патишта преку кои се одвива недозволената трговија. Овие

---

[98] Вилијамс Ф..- *"Транснационалниот и националниот организиран криминал и меѓународната безбедност"*, Безбедност, бр.3, Скопје, 1997

држави се ранливи на т.н. "оперативна корупција", корупција чија основна задача е да го олесни движењето на нелегалните производи и луѓе низ државите. Но, во одредени ситуации корупцијата може да стане подоминантна и да создаде ниво кога таа ќе премине од оперативна во системска.

г) Услужни или т.н. "Оф-шор" држави, се оние кои на криминалните структури најчесто му го стават на услуга својот финансиски сектор, со што му овозможуваат на организираниот криминал непречено движење и заштита на неговиот капитал стекнат од криминалните активности. Овие држави го гледаат својот бенефит во меѓународната загарантираност на тајноста на банкарските сметки.

Организираниот криминал, се обидува своите цели да ги оствари на што подискретен начин, притоа користејќи ги до максимум услугите на моќните луѓе од сферата на политиката и бизнисот, како и на јавните службеници од актуелната власт. На тој начин, криминалните структури постигнуваат двојна цел, од една страна ја зголемуваат својата ефикасност во стекнувањето на нелегалниот профит, а од друга страна пак многу ефикасно ги намалуваат шансите на безбедносните структури за нивно откривање и кривично гонење.

Честопати не е јасна правата причина на коегзистенција, или симбиозата на организираниот криминал и државата. Од една страна причината може да биде резултат на неспособноста на државните органи за ефективно и ефикасно спречување на активностите на организираниот криминал, а од друга страна тоа може да биде и заради немањето желба тоа да се стори, од причини што некои моќници од државната администрација, или од сферата на политиката имаат интерес за негово постоење.

Во врска со диспозицијата на државите кон организираниот криминал денес, Вилијамс дава објаснување за пет пристапи и тоа:[99]

а) Спротиставување на државите на организираниот криминал – во овој случај владеачките елити се свесни на опасностите и негативните импликации кои ги носи со себе организираниот криминал по безбедноста на државите и безбедноста на граѓаните. Ова обично се држави со високо развиени економски, техничко-технолошки капацитети и правен систем.

б) Колебливост на државите – во овој случај државите кои се во транзиција, со млада и кревка демократија и т.н слаби држави, со недоволно изграден правен систем и државни институции, не се способни да се спротиставаат и ги спречат активностите на организираниот криминал на нивните територии.

в) Премолчено одобрување – овој пристап на државите кон организираниот криминал најчесто се случува кај оние, на кои им недостасува реална моќ за спротиставување на разурнувачкото дејство на организираниот криминал, поради недоизграденоста на правниот систем, државното уредување и коруптивноста на владеачката елита. Поаѓајќи од синтагмата со негативно значење, "ако неможеш да го победиш, тогаш приклучи му се", овие држави наоѓаат оправдување во

---

[99] Вилијамс Ф.-*"Транснационалниот и националниот организиран криминал и меѓународната безбедност"*, Безбедност бр.3, Скопје, 1997

"реалната корист" за економијата, општеството, или пак за самите владеачки елити, од активностите на организираниот криминал.

г) Поттикнување на криминалните активности на организираниот криминал – слабите држави, државите кои се наоѓаат во период на транзиција, државите во кои владее кревка демократија, а тоа се оние каде постои реален предуслов за егзистирање на организираниот криминал, се трудат да го прифатат организираниот криминал, во случај кога политичката елита која е на власт користи бенефити од неговите криминални активностите. Од тие причини владеачката елита е подготвена да преземе низа мерки за заштита на криминалните структури на организираниот криминал. Во овие држави, структури на организираниот криминал настојуваат да се задржат, од една страна заради нискиот степен на ризик од нивно растурање и апсења на нивните членови, а од друга страна пак им се отвора простор за ширење на криминалните активности.

д) Активен партнерски однос – постои во ситуации кога владеачките елити во државите не се задоволни од тоа да бидат само пасивен корисник на бенефитот кој го носат активности на организираниот криминал, а водени од потребата за зголемен профит, тие влегуваат во активен партнерски однос, или во цврста симбиоза со носителите на организираниот криминал. Овие криминални структури охрабрени од страна на владеачките елити прибегнуваат кон корупција, со цел обезбедување средина со многу низок ризик за спроведување на своите криминални активности. Од друга страна пак, во тие меѓусебни партнерски односи, организираните криминални структури ги прифаќаат државите како корисници на нивните активности, при што овозможувањето за продолжување на криминалните активности со уште поголема жестина, дава слика дека овие криминални активности претставуваат приоритет за самите држави. Овој пристап на државите кон организираниот криминал е најопасен и во ситуација кога многу тешко можат да се разграничат криминалците од државните службеници, може да зборуваме за постоење на синтагмата "мафијата си има своја држава".

2. Фактори кои ги олеснуваат активностите на организираниот криминал

Факторите кои ги олеснуваат активностите на организираниот криминал и кои им овозможуваат помош и поддршка на криминалните структури во остварување на нивните крајни цели може да ги групираме во шест т.н. хоризонтални олеснувачки фактори кои заедно претставуваат збир од можности за дејствување на организираниот криминал. Според извештајот на Европол од 2006 година, тоа би биле: глобализацијата, границите, злоупотребата на финансиски сектор, техничко-технолошки фактор, злоупотребата на транспортниот сектор, измама со фалсификувани документи[100]. Овие фактори надополнети со

[100] Europol – *"European Union Organized crime threat assessment"*, Public Version , The Hague, *2006*

нови сознанија, но и со транзицијата и миграциите на населението како други олеснувачки фактори ќе бидат прикажани подолу во текстот.

2.1. Глобализација

Глобализацијата претставува светски процес во кој напредокот на транспортот,технологијата, посебно информатичката и комуникациската се централни точки каде финансиските, информатичките и комуникациските системи ги надминуваат националните граници. Сепак, глобализацијата има и темна димензија, а тоа е развојот кој олеснувајќи го трансферот на добра, луѓе и пари преку глобалната економија, го овозможува и транспортот на дрога, оружје, луѓе и илегални мигранти, како и зголеменото движење на валкани пари, платените убијци и криумчарењето од секаков вид. Со глобализацијата организираниот криминал од национален проблем стана меѓународен феномен, а од проблем на правото и поредокот премина во проблем на закана по националната и меѓународната безбедност. Големите потреси што ги доживуваат модерните општества како последица на длабоките промени во правниот и политичкиот систем, промени во економската и социјалната структура, природните катастрофи, гладот и сиромаштијата, војната и други појави што предизвикуваат промени во структурата на населението и големи присилни движења на населението, (миграции и егзодуси), нужно стануваат фактори со силина и значење на етиолошките фактори за појава на меѓународниот организиран криминал.

Глобализацијата, ги трансформира и т.н. "криминални пазари", па така сега е многу олеснета набавката на нелегална стока. Многу компании го имаат пренесено своето производство во трети земји заради пониските производствени трошоци, заради ефтината работна снага, или заради ниските даночни стапки. Ова придонесе до извоз на знаењата и вештините надвор од високо развиените држави, зголемувајќи ја веројатноста од злоупотреба на знаењата при производство на фалсификувани производи од страна на криминалните структури.

2.2. Транзиција

Периодот на транзиција во државите го пратат голем број политички, општествени, социјални и културни промени, со што доаѓа до прерасподелба на економската моќ во државата, кое за последица го има зголемениот број невработени, а со самото тоа и создавање голема маса на сиромашни граѓани. Ова пак од своја страна претставува одлична основа за појава и развој на одредени појавни облици на организиран криминал. Транзицијата, како поим се користи во државите кои во деведесетите години на минатиот век преминаа од периодот на социјалистичко уредување во период на парламентарна демократија и истовремено од централизирано кон пазарно стопанство. Транзицијата како светски процес започна во деведесетите години на минатиот век, а за жал во некои држави посебно во оние од регионот на Југоисточна Европа, сеуште трае. Причините за ваквата состојба се во самиот карактер на транзицијата која ги опфаќа спороста, тешкотиите при дејствување на самиот процес на транзиција и динамичните промени, со цел што поитно и побезболно преминување на

општествената своина во приватна, како и вклопување во светските процеси за преод во пост-индустриско доба. Транзиција се одвиваше споро, посебно при процесот на приватизацијата на големите индустриски капацитети, за разлика од трговијата каде овој процес се одвиваше со забрзано темпо. Карактеристиките кои го пратеа процесот на транзицијата, се огледаа преку наглиот пад на индустриското производство, застој во инвестициите, спорото освојување на нови пазари, слабиот влез на странскиот капитал, зголемената невработеност, осиромашување на поголемиот дел од населението, како и незаинтересираност за лошата состојба со животна средина. Промените на политички и економски план, зголемувањето на невработеноста, дисбалансот помеѓу примањата и висината на цените на производите на пазарот, придонесоа за брзо создавање на "сива економија" и "црн пазар". Укинувањето на строгите ограничувања за движење на стоки и луѓе (како на пр. во Албанија, Бугарија, Романија), истовремено ги отстранија и пречките на луѓето за нивно вклучување во т.н. "сива економија". Во првите години на транзицијата, недозволената трговија со стоки за широка потрошувачка беше толерирана од страна на легитимните власти, која и самите ја практикуваа, со цел избегнување на растот на социјалните тензии и можноста од создавање тотален хаос во државите.

Процесот на приватизација во транзициониот период во голема мера беше одбележан со криминални активности на перење пари, преку вложување на профит кој беше претходно стекнат со нелегални и криминални активности, во купување на некогашните општествени претпријатија, купување недвижности и сл.

2.3. Миграции

Миграциите како поим претставуваат преселување на дел од населението, општествени групи и поединци од една на друга територија. Тие се манифестираат како емиграција, или иселување на населението од некој простор предизвикано од за него одбивни фактори и имиграција или доселување на некој простор предизвикано од некои за него привлечни фактори. Поимот миграција води корени од латинскиот збор migrare кој означува селење или преселување, а по дефиниција таа значи било кој облик на привремено, или трајно движење на живите суштества во просторот. Населението најчесто мигрира од социјални, еколошки, демографски и политички причини, или заради бегање од територииите зафатени со воени конфликти. Според тоа каде се одвиваат, миграциите се делат на внатрешни и надворешни. Внатрешните се оние при кои населението се преселува од една на друга територија внатре во домицилната држава, додека надворешни се оние при кои населението се исселува од својата држава, а се населува во друга. Миграциите може да имаат позитивен, но и негативен ефект врз мигрантите, општествата и владите на државите во социјална, економска и политичка смисла, посебно врз пазарот на труд, развојот, интеграциите, здравствените и другите државни институции. Мнозинството мигранти од кои скоро половината се жени, се насочуваат и се концентрираат во релативно мал број на индустриски развиените држави од Западна Европа. Овие држави нудат алтернативен избор на луѓе и работна сила, во време кога

се менува и политиката кон миграциите. Миграцијата со потекло од државите кои се во развој, или државите кои се во транзиција може да помогне во ослободувањето на вишокот работна сила, намалување на невработеноста, како и ослободување од социјалните притисоци. Миграциите на населението, според карактерот се привремени и трајни, легални и илегални. Легалните миграции вклучуваат миграции на квалификувана, или неквалификувана работна снага, миграции заради спојување на семејствата, миграции заради бизнис, или едукација. Но, заради движењето на големиот број на мигранти, добар дел на државите од Западна Европа воспоставија построги гранични контроли за влез во нивните држави, со што се намали процентот на легалната миграција. Од друга страна пак, ова го искористија структурите на организираниот криминал, со што го зголемија процентот на илегалната миграција кон овие држави. Заради се поголемиот профит кој се остварува од нелегалната миграција, структурите на организираниот криминал претставуваат главен фактор на нејзино продуцирање и стимулирање. Нелегалната миграција, која во последниве децении претставува препознатлив феномен, создава свои упоришта, и патишта и остава траги насекаде во светот. Државите од регионот на Југоисточна Европа претставуваат држави на потекло, транзитни држави, а во помал број и држави на крајна дестинација на мигрантите. Голем број на лица на легален или нелегален начин кои пристигнуваат од државите на Блискиот и Далечниот Исток, ја користат територијата на Југоисточна Европа, за да заминат кон богатите Западнорвропски држави.

2.4. Државни граници на Европската Унија

Со бришењето на државните граници помеѓу членките на Европската Унија се создаде можност за слободно движење на луѓе и добра кое многу умешно го искористи организираниот криминал. Тоа се огледаше прво преку фактот дека земјите кои порано не беа приоритетни цели на криминалните групи за недозволена трговија со дрога, сега станаа области од зголемен интерес и второ, усвојувањето на еврото како заедничка валута, ја направи циркулацијата на парите од извршените криминални акти многу лесна, со оглед на тоа што контролите на менувањето на парите во банките и менувачниците практично исчезнаа. Во овој контекс, олеснителното за организираниот криминал е и тоа што административните граници сеуште постојат и ги попречуваат активностите на државните безбедносни структури, заради постоечката бирократија, па од тие причини неговите активности продолжуваат со несмалено темпо.

2.5. Злоупотреба на банкарскиот и финансискиот сектор

Злоупотребата на банкарскиот и финансискиот сектор од страна на организираниот криминал, најчесто се однесуваат на: институциите кои даваат кредити; финансиските институции како што се менувачници, фирмите за пренос на пари, осигурителните компании, или фирмите за посредување, или инвестирање; даночните контролори, сметководители, даночни советници, нотари и други независни легални професионалци; обезбедувачи на кредити, или компаниски услуги; агентите за недвижнини; казината, или други места за играње легален

комар и други легални, или квалификувани лица кои тргуваат со стоки за широка потрошувачка, или услуги како што се компаниите за префрлање пари. Сите овие институции, на разни начини можат да се искористат за перење пари, реинвестирање на криминалните приходи, или вршење измами, од видот инвестициони измами. Во поглед на интернационалната димензија, карактеристични се т.н. "оф шор" (off shor) држави и територии.

Најопасна е ситуацијата кога банкарските и финансиските институции се злоупотребуваат од страна на криминалните структури со помош на лица кои се надвор од нивните структури и кои легално тргуваат со стоки за широка потрошувачка, или кои пружаат други легални услуги.

2.6. Техничко-технолошки фактор

Технологијата станува се повеќе олеснувачки фактор за организираниот криминал, од причини што во последниве години се појавија нови пософистицирани видови на измами како што е на пр. проток на детални податоци за платежните картички преку Интернет. Покрај нив и традиционалните форми на организиран криминал, како што се перење пари, недозволена трговија со дрога, растурање и ширење на порнографски материјал, со цел злоупотреба на децата за проституција, еволуираа како резултат на техничко-технолошкиот развој.

Интернетот, има голем ефект врз криминалот, од причини што информатичката и комункациската технологија, нуди извонредни услови за дејствување на организираниот криминал. На пример, криминалните структури имаат создадено високо-технолошки феномени како што се "хакерството" и "крекингот", кои се одлични за подршката, контактите, регрутирањето, или советувањето. Организираниот криминал настојува, комуникацијата помеѓу членовите во криминалните структури да биде во потполна тајност, или тешка за пробивање, со цел да се избегне давање на навремени информации и сознанија на безбедносните структури, за тоа кои се криминалните активности кои ги планираат криминалните структури, или пак да се оневозможи собирањето валиден доказен материјал за сторените кривични дела.

И-мејлот (e-mail), Скајпот (Skype) и Веб-страниците (web-sites) им овозможуваат брзина во комуницирањето, а во комбинација со средствата и методите за кодирање нудат безбедност на податоците кои криминалните структури ги складираат, или ги разменуваат. Напредните комуникациски мрежи и високото познавање на информатичката технологија им овозможува на криминалните структури да оперираат на добро организиран начин, притоа покривајќи ги криминалните активности со легални.

2.7. Злоупотреба на транспортен сектор

Познати главни облици, или сектори во танспортната индустрија денес се: воздушниот, патниот, железничкиот и водениот(морски, езерски и речен) транспорт. Пристапот на организираниот криминал кон овој сектор вклучува идентификација, определување цел, а потоа корумпирање на клучниот персонал и инфилтрација на криминалните

структури, купување, или формирање на нови транспортни компании кои би оперирале на легалниот пазар, но овој пат со криминални цели.

Недостатокот на каква било стратегија, управување, или стандарди во однос на контролата на вработените и на контролата над компаниите во оваа индустрија, им овозможува на поединци поврзани со организираниот криминал полесно да се инфилтрираат во овој сектор. Криминалните структури ќе ги искористат можностите да создаваат сопствени транспортни компании со што ќе го минимизираат ризикот да бидат откриени од останатите компании членки на транспостниот сектор, со што ќе можат да транспортираат нелегални стоки насекаде каде за тоа ќе имаат потреба.

2.8. Измама со употреба на фалсификувани документи

Заради олеснување, во извршувањето на своите криминални активности, структурите на организираниот криминал се почесто користат фалсификувани лични документи кои се сопственост на реална, или пак се изготвени за фиктивна (измислена) личност, фалсификувани документи за возила или фалсификувани финансиски документи. Измамата со променет идентитет може да се подели во две големи категории:

- Случаи каде е направен и употребен фиктивен но успешен фалсификат на личен документ, со креирање на измислена личност која го покрива вистинскиот идентитет на криминалецот;
- Случаи на крадење на идентитет, кога криминалецот го презема идентитетот на личноста која реално постои.

3. Политичка, економска и социјална димензија на организираниот криминал во државите од Југоисточна Европа

Корените на криминалитетот ги наоѓаме во карактерот на општествената, економската, социјалната и политичката структура на државата, во материјалните и духовните услови за живот, во отуѓеноста на луѓето и во личниот избор своите проблеми, или потреби да ги решаваат или пак задоволуваат на лесен, недозволен, или криминален начин. Сепак, непосредните етиолошки фактори потребно е да се бараат во сферата на брзите промени на социјален, економски и политички план, како и во интеракциските односи и врски на глобален план: миграциите, комуникациите, транспортот, финансиските текови и др. На порастот на организираниот криминал му погодуваат и факторите поврзани со пазарот и слабото функционирањето на државите. Оваа слабост, пак е резултат на превласта на политиката над правото, нефункционирање на правната држава и од непочитување на начелото на законитоста.[101]

Под притисок на глобализацијата локалните пазари на производи и услуги изумираат, а наместо нив се развива еден единствен глобален

---

[101] Матевски З. – *"Социолошки аспекти на организираниот криминал и корупцијата"*, Скопје

пазар. Искористувајќи ја оваа новосоздадена ситуација, структурите на организиран криминал преку новите телекомуникациски технологии, се повеќе користениот воздушен сообраќај и нововостановеното електронско банкарство, можат насекаде во светот и на брз начин да ги пласираат нелегалните производи и услуги. Но, како што влијанието на глобализацијата не е подеднакво насекаде во светот, така и развојот на економијата не е рамномерен. Така, земјоделските производи, или суровините за производство се поскапи во одредени држави за разлика од други. Користејќи ја оваа ситуација, на широко достапен меѓународен пазар, организираниот криминал, многу поефтино ги произведува и пласира своите производи за широка потрошувачка и нудат поефтини услугите, со што сериозно ги поткопува легалните економии особено на државите што се сиромашни и се во фазата на транзиција. Поради сиромаштијата, зголемена е побарувачката на нелегалните призводи кои се поефтини на пазарот, а организираниот криминал користејќи го тоа, отвора ниско платени работни места, притоа вршејќи безобзирна експлоатација на човечкиот труд. Тој, најчесто ги регрутираат сиромашните слоеви, како и илегалните мигранти, за работа по фабриките, продавниците, за шверц, но и за пружање на сексуални услуги. Денешните структури на организиран криминал, налик на легалните фирми или корпорации, се организирани како лабави мрежи на претприемачи, чија примарна или основна цел е остварување на профит и моќ.

Сепак она што ги разликува легалните бизнис активности од бизнис активностите на организираниот криминал е во тоа што тој користи нелегални средства и методи за стекнување и зголемување на својот капитал и моќ, како што се насилството и корупцијата, притоа нарушувајќи ја способноста на државите да доживеат одржлив економски раст. Економската криза во глобалната економија која во 2010 година го достигна својот врв има свој одраз и на условите во кои оперира организираниот криминал. Моменталниот недостаток од знаења во однос на реалната магнитуда и траењето на оваа криза и за динамиката на активностите на криминалните и некриминалните играчи, не дава точни и веродостојни проценки за ефектите од заканите на организираниот криминал во државите од Европа.

Доколку "сивата економија", "црните пазари" и нелегалната, или непријавена работна сила бидат во пораст, тоа ќе претставува додатна пречка во работата на легалните фирми кои се даночни обврзаници, но и за граѓаните кои се обидуваат да закрепнат од кризата, бидејќи нелојалната конкуренција и понатаму ќе ги лиши од легалниот бизнис. Загрижува и фактот што некои сопственици на фирми кои чесно се борат за опстанок на пазарот, би можеле да станат жртви на организираниот криминал, чија крајна цел е да се стекне контрола над легалните бизниси и на тој начин да се инфилтрира во легалната економија. Не смее да се исклучи можноста, некои од нив под притисок на криминалците, а со цел да се заштитат себеси и својот бизнис, да станат поеластични на некој вид соработка со структурите на организираниот криминал. Од друга страна пак, овие криминални структури, по дефиниција, може се карактеризираат и со значително ниво на флексибилност, прилагодливост и иницијатива, така да може да се

очекува дека тие ќе бидат способни да се соочат со предизвиците што доаѓаат.

Претпоставката дека организираниот криминал може да продолжи да прави високи профити, притоа користејќи ја достапност кон ресурсите, и понатамошните обиди да навлезе во легалната економија, во ситуации кога легалните бизниси се сретнуваат со големи тешкотии во работењето, не е издржана. Тоа е од причина што треба да се има во предвид дека многу од структурите на организираниот криминал, се сретнуваат со истите потешкотии, што зависи од степенот со кој нивните имоти и бизниси се веќе интегрирани во легалната економија. Обидот за предвидување на понатамошно пенетрирање на организираниот криминал во легалната економија, како резултат на економската криза е многу комплексен и поврзан со толку многу варијабли што, во оваа фаза било кој обид да се предвиди конечниот исход би бил вештачки и со лимитирачка вредност. Во секој случај е неопходно државите да ја спречат таквата можност, со давање гаранција дека актуелните власти и стопанските субјекти ќе изградат цврста брана против перењето пари и реинвестирањето на нелегалниот профит. Преку изнаоѓање правилен и сериозен пристап на полициските и судските истраги ќе се постигне целта, а таа е идентификување и конфискување на имотите кои се акумулирани од недозволените активности на организираниот криминал. Во овој контекст, воедначеноста и хомогеноста на пристапите помеѓу различните законодавства во државите пред се на Европско тло, но и низ целиот свет е круцијална. Во случај на отсуство на таква хомогеност одредени законодавства, природно може да станат преферирани цели на организираниот криминал.[102]

Големиот дел од населението во државите од Југоисточна Европа, препознатливо преку различни социјални слоеви кои подолг период наназад живееле и работеле во услови на депресија, немаштија, или се наоѓаат на најдолната скала од општественото живеење, се најранливите категории кои за да преживеат ги прифаќаат негативните и недозволеми активности на организираниот криминал како механизам на нивно преживување и опстанок. Стратегијата на организираниот криминал, е што подлабоко да се етаблира во овие социјални слоеви на население, да регрутираат нови припадници, притоа не плашејќи се од компромитација и откривање на нивните недозволени активности. Од друга страна пак, овие ранливи социјални слоеви имаат се поголемо влијание во агресивното промовирање на криминалните активности на организираниот криминал. Сето ова придонесува овие слоеви да прераснат во организација која ќе ги спонзорира, заштитува и извршува криминалните активности како основна дејност. Ова би можело да се случи, само доколку криминалните структури имаат доволно силно влијание врз припадници регрутирани од овие социјални слоеви, со цел обезбедување лојалност и посветеност во извршување на криминалните активности. Она што од социолошки и морален аспект во државите од Југоисточна Европа претставуваше голема опасност, е што преку успешно спроведените активности на перење пари, одредени криминални шефови остварија успешни деловни контакти, стекнаа

[102] OCTA 2009, EU Organized Crime Threat Assessment, European Police Office, 2009,60

големо богатство, а притоа успеаа да ги исперат и своите биографии. Така, сега тие како сопственици на некогаш големите општествени претпријатија, сопственици на спортски клубови, или како значајни спонзори на културни, спортски и слични манифестации, станаа дел од општествената елита и се силно етаблирани во врвот на општеството. Тоа што е посебно опасно, е што овие криминалци успешно етаблирани во врвот на општетвените структури, стануваат многу влијателни во политиката, благодарејќи на парите кои ги вложиле во одредени политички партии, или во некои многу влијателни личности. Во поново време кога општествените околности станаа постабилни, брзо се заборави на делот на животната историја на "новокомпонираните богаташи", па сега многу перфидно влегоа во периодот на легално работење, што им овозможува спокојно да уживаат во "резултатите од минатиот труд".

ЗАКЛУЧОК

Структурите на организираниот криминал своите поставени цели ги остваруваат на подискретен начин, притоа користејќи ги до максимум услугите на корумпираните моќни луѓе од сферата на политиката и бизнисот, како и на корумпираните службеници од јавната администрација. Така, организираниот криминал ги наметнува своите правила, кои им конкурираат на законите од легалниот правен систем, со што го нарушуваат монополот на државата за креирање на правилата за однесување, и создавањето на систем на правни санкции во случај тие правила да бидат непочитувани или кршени.

Често пати причината за коегзистенција на организираниот криминал и државата не е во целост разбирлива. Од една страна причината може да биде резултат на неспособноста на државните органи за ефективно и ефикасно спречување на активностите на организираниот криминал, а од друга страна тоа може да биде и заради немањето желба тоа да се стори, заради фактот што некои високи функционери од државната администрација, или од сферата на политиката имаат интерес за негово постоење. Интересот може да биде од финансиска природа кој се остварува преку корупцијата, но може да биде и заради постоењето страв од компромитација на лицата од државната администрација, или од политиката, за нивната поврзаност и соработка со криминалните структури. Оваа симбиозата на државата и структурите на организиран криминал, која е својствена подеднакво и за развиените и богати држави и за неразвиените и сиромашни, претпоставува погодни услови за дејствување на структурите на организираниот криминал. Согласно ова, може да се распознаат неколку вида држави и тоа: домицилни држави, држави домаќини, транзитни држави и услужни држави.

Диспозицијата на државите кон организираниот криминал оди од една крајност кога државата одлучно се спротиставува со сите сили и средства на неговите криминални активностите, преку колебливоста на државните структури и нивното премолчено одобрување за спроведување на криминалните активности на нејзина територија, до другата крајност, а тоа е воспоставувањето активен партнерски однос. На

овој начин организираниот криминал си обезбедуваат средина со низок ризик за спроведување на активностите и за своите припадници.

Факторите кои ги олеснуваат активностите на организираниот криминал и кои им овозможуваат помош и поддршка на криминалните структури, денес се: глобализацијата, границите, злоупотребата на финансиски сектор, техничко-технолошки фактор, злоупотребата на транспортниот сектор, измама со фалсификувани документи, транзицијата и светските миграциите на населението.

Корените на организираниот криминал во државите од Југоисточна Европа се наоѓаат во карактерот на општествената, економската, социјалната и политичката структура на државата, во материјалните и духовните услови за живот, во отуѓеноста на луѓето и во личниот избор своите проблеми, или потреби да ги решаваат, или пак задоволуваат на лесен, или криминален начин. Нефункционирањето на правната држава, превласта на политиката над правото и непочитување на начелото на законитоста, претставуваат дел од елементите за создавање предуслови за развој на организираниот криминал. Порастот на организираниот криминал го стимулираат и економските факторите, при што ја нарушува способноста на државите да доживеат одржлив економски раст како последици од постоењето на т.н. "сива економија" и "црни пазари", заради вработувањето на нелегална, или непријавена работна сила и заради зголемениот број на илегални мигранти. Доколку овие елементи бидат во пораст тоа ќе претставува пречка за легалниот бизнис, за неговите претприемачи како даночни обврзаници, но и за граѓаните.

Она што од социолошки и морален аспект во државите од Југоисточна Европа претставува опасност, е што одредени шефови на структурите на организираниот криминал, на коруптивен начин, или преку успешно спроведените активности на перење на нелегално стекнатите пари, успеаа да се стекнат со големо богатство и да станат угледни граѓани.

IV ГЛАВА

1. Структури на организиран криминал во Југоисточна Европа

Структурите на организираниот криминал не оптоварени од етничките предрасуди, бирократските препреки, политичките разлики како и од различните политички уредувања на државите од регионот, меѓу себе соработуваат многу поефикасно од владите и нивните безбедносни структури чија цел е препознавање, превенирање и спречување на организираниот криминал. Тие денес, си овозможуваат логистичка подршка, си разменуваат информации, си отстапуваат ресурси, си даваат услуги и си овозможуваат пристап на пазарот според принципот на компаративна предност. На овој начин тие ги намалуваат ризиците и трошоците, а воедно се ставаат и во подобра позиција за

искористување на можностите за извршување на своите криминални активности.

Структурите на организираниот криминал од регионот на Југоисточна Европа се мултиетнички со што го остваруваат т.н. мултиетничкиот концепт, кој има негативна и разорна моќ за регионот. Тие се карактеризираат со значително ниво на флексибилност, прилагодливост и иницијатива. Во поново време, егзистирањето на т.н "криминални мрежи" може дури и да биде фактор кој ќе им овозможи на другите помалку флексибилни криминални структури да ги контролираат криминалните активности и да профитираат од новите можности.

Криминалните групи како еден сегмент на структурите на организираниот криминал најчесто се меѓународни и стануваат се повеќе хетерогени, динамични и организирани. Нивоата на специјализираност на активностите на овие криминални групи е на високо ниво, притоа користејќи легални бизнис структури за прикривање на своите криминални профити. Многу од овие криминални групи директно, или индиректно влијаат врз политичките партии, ги придобиваат за свои потреби лицата од јавната администрација или службеници од безбедносните структури, со цел тие да бидат нивни "бизнис партнери", или едноставно заштитници на нивните нелегални активности, корумпирајќи ги, или едноставно применувајќи врз нив насилство и заплашувања. На овој начин овие групи на организираниот криминал навлегуваат и се етаблираат во легалните институции на една држава.

Денес криминалните групи ги препознаваме како традиционален модел т.н. криминални групи со јасно изразена хиерархиска пирамидална поставеност со главен шеф на врвот од таа пирамида(прилог 2.), потоа криминални мрежи од понов вид, кои се формирани и дејствуваат од доцните осумдесетти години на минатиот век, како и криминалните групи кои егзистираат на далечниот Исток. Основните организациони единици на овие традиционални криминални групи претставуваат "семејствата" структурирани на цврста хиерархиска основа, за долгорочни нелегални и легални активности, со неприкосновен водач на врвот од пирамидата на управување, кој пак има свои помошници, а тие свои и така се до дното на пирамидата на криминалната група. Внатрешните хиерархиски односи се поставени така што контактите се возможни само меѓу членовите од исто ниво, што има за цел одржување на тајноста на организацијата, а со самото тоа и заштита од компромитации и апсење на членовите од криминалната група[103].

---

[103] Секогаш кога зборуваме за добро организирана криминална структура од традиционален модел без исклучок мислиме на "италијанската мафија", поделена во неколку криминални организации и тоа: во Италија, Коза Ностра (Cosa Nostra) од Сицилија(која делува и во САД), Н'дрангета (N'drangheta) од областа Калабрија, Камора (Cammorra) од Неапол и "Нова Сакра Корона Унита"("Nouva Sacra Corona Unita") од областа Пуља.

Во САД, покрај дејствувањето на италијанските криминални групи, свое место за егзистенција пронашле и други криминални структури со различен етнички предзнак како што се "Мексиканската мафија", "Ирската мафија", "Еврејската мафија", "Албанската мафија", но според оценката на стручните лица и најсуровата криминална организација составена од етнички Руси, т.н "Руска мафија" (Русская мафия). Во Јужна Америка каде дејствуваат, т.н.. имаат своја држава во рамките на правната држава се

Во ерата на глобализација, отворените граници и напредната техологија овозможија забрзан раст на меѓународната и глобална трговија што пак од своја страна, овозможи да дојде до брзо зголемување на бројот на криминални структури од регионот на Југоисточна Европа чии активности се спроведуваат и надвор од регионот. Структурите на организираниот криминал стануваат се повеќе неформални лабави криминални мрежи, истовремено и се посилни центри на финансиска моќ. Капиталот кој тие го поседуваат, честопати е поголем од бруто националниот производ на многу држави, особено помалите и сиромашните, какви што се дел во регионот на Југоисточна Европа.

Криминалните структури се разликуваат како во нивната организациска поставеност, така и во нивните вештини и специјализации за извршување одредени облици на организиран криминал и изведување на криминалните активности додека дејствуваат во различни географски области. Тие користат различни техники и механизми за избегнување на законските ограничувања и избегнување на активностите кои кон нив ги превземаат безбедносните структури. Опсегот на криминалната активност опфаќа широк спектар на активности, почнувајќи од примена на насилството преку изнудите па до пософистицираните финансиски измами кои се по природа посложени.

Друга карактеристика на структурите на организиран криминал е користењето на корупцијата како метод, при што го користат поткупот како начин на корумпирање на правниот систем. Големи количини на готови пари, се мотив да се искористи нивната моќ за поткуп на владините претставници во голем обем, со цел обезбедување на нивна поддршка за организираниот криминал.

Групите на организираниот криминал од државите од овој регион, иако сеуште недораснати на силината на италијанските, руските, или криминалните групи од Далечниот Исток, во текот на вооружените

колумбиските нарко картели "Меделин" (Meddelin Cartel) и "Кали"(Cali Cartel) чија основна нелегална активност е производството и трговијата со кокаин. На далечниот Исток, познати криминални структури на организираниот криминал се јапонските "Борукудан" (Boryokudan) во чиј состав влегуваат "Јакузите" (Yakuza) познати по својата суровост, потоа "Јамагучи Гуми" (Yamaguchi-gumi), "Сумијопи Каи" (Symiopi-kai) и "Инагава Каи" (Inagava-kai). Криминалните структури кои се занимаваат со организиран криминал, а чии матични земји се Кина, Тајван и Хонг Конг и се истакнуваат со своите сурови методи за остварување на криминалните цели се таканаречените "Кинески тријади" (Chinese Traiad Societies). Овие организирани криминални групи најчесто се занимаваат со нелегална трговија на синтетички дроги и прекурсори, измами, злоупотреба на кредитни картички, а највносната нелегална активност е недозволената трговија со луѓе и нелегалната миграција кон високо развиените европските држави и САД.

Најновите сознанија укажуваат дека во моментов најопасни и најактивни организирани криминални структури на светско ниво се четири и тоа "Кругот на браќата" (Братья), мултиетничка криминална структура која во најголем дел дејствува од територијата на земјите на поранешниот Советски Сојуз, потоа криминалната структура позната под името "Камора"(Cammorra) од италијанскиот град Неапол, за која се наведува дека од криминалните активности годишно заработува преку 17 милијарди евра. Третата криминална структура по силина и обрт на пари се јапонските "Јакузи" (Yakuza) кои според извештаите во 2008 година броеле дури 80.000 членови, а како четврто рангирана е мексиканската "Лос Зетас" (Los Zetas), особено насилна меѓународна криминална мрежа со припадници од повеќе држави на Латинска Америка, но и членови од САД.

судири во деведесетите години од минатиот век, зајакнаа и воспоставија блиска соработка со криминалните структури од западнорвропските држави, притоа загрозувајќи ја Европска Унија, но најверќе новонастанатите држави во Југоисточна Европа, посебно оние на Балканот настанати со распадот на СФРЈ.

Овие криминалните групи, меѓусебе тесно соработуваат, така да без никакви предрасуди и анимозитети соработуваат криминалните групи од Србија, со оние од Хрватска, Албанија, Косово, или од Македонија, понекој пат логистички потпомогнати од криминалните групи со поголемо искуство и подобра внатрешна структурна организација, како на пр. од Русија, Молдавија, Бугарија, или Романија. Денес постои висок степен на согласност за соработка помеѓу меѓународните криминални групи кои дејствуваат во регионот на Југоисточна Европа, дури и помеѓу криминалните групи кои се сметаа за "затворени", како оние на етничките Албанци, или турските криминални групи. Во исто време, членови на овие криминални групи стануваат се почесто и лица од различни националности кои живеат во регионот. Денес, мешаните криминални групи и криминални мрежи станаа правило наместо исклучок, заменувајќи ги чисто етничките хомогени криминални групи, притоа фокусирајќи се на основната цел, остварување профит од одредени криминални активности.[104]

Соработката помеѓу групите на организираниот криминал се повеќе се продлабочува, како резултат на намалувањето на контролата на меѓународните граници. Глобализацијата на организираниот криминал му обезбедува мобилност, ефикасна комуникациска инфраструктура како и меѓународни врски. Ова е од суштинско значење за овозможување на создавање нов "пазар" за стоки и услуги на криминалните структури, како и нивно меѓусебно поврзување. Новата карактеристика на меѓународните организирани криминални групи е нивното поврзување со други недржавни актери како на пр. терористичките организации и бунтовничките, или герилските групи.

Според едно научно истражување спроведено од страна на ООН во 2002 година во шеснаесет држави од светот, со цел анализа на структурата на организираните криминални групи кои дејствувале на нивните територии, утврдени биле пет типови. Нивната структура се движела во распон карактеристичен за традиционалните криминални групи па се до криминалните мрежи, кои денес се актуелни. При ова истражување е дојдено до една идеална класификација на овие криминални структури, што не значи дека веќе познатите организирани криминални групи, не можат да се подведат под некој од овие класифицирани групи во истражувањето.

Овие пет вида на криминални групи се:

1. Криминална група со стандардна хиерархија;
2. Криминална група со регионална хиерархија;
3. Криминална група со кластерирана хиерархија;
4. Криминална јадрена група;
5. Криминална мрежа.

---

[104] W. Bruggeman, *"New Ways of Policing in Combating Transnational Organized Crime"*, the Hague, 9 October 2003

За првите три видови на организирани криминални групи може да зборуваме за криминални групи блиски на традиционалните хиерарски структури, додека последните два вида може да ги сместиме во категоријата која е карактеристична за ерата на глобалната економија и развој на државите[105].

Кон крајот на дваесеттиот и почетокот на дваесет и првиот век, како нова форма на криминално организирање и дејствување се појавуваат т.н. криминални мрежи (прилог 3.). Овие криминални мрежи заедно со криминалните јадрени групи станаа најефикасните форми на криминално организирање. Според извештајот на Советот на Европа од 2001, структурата на традиционалните криминални групи почна да се менува, т.н. криминалните групи се децентрализираа и се повеќе стануваа од чисто етнички, мултиетнички композити и на местото на масовни, цврсто организирани и хиерарсиски поставени и командувани криминални групи, на сцена стапија криминални мрежи на помали криминални структури. На овој начин, овие криминални структури, може да бидат командувани, или координирани од еден центар, но ефикасно може да функционираат и без таквиот начин на координација и командување, раководејќи се од моменталните потреби или создадени можности на одделни нејзини составни делови. Овие криминални структури, се повеќе во своите недозволени активности инволвираат, или ангажираат, легални бизнис и други професионални структури како на пример адвокати, нотари, финансиски стручњаци, сметководители, или медиуми, со цел истите потешко да се препознаат како маргинализирани структури јасно конфронтирани со општеството.

Светската финансиска криза во содејство со повеќегодишната нестабилност во регионот на Југоисточна Европа, придонесе овие криминални структури да станат толку силни, што во иднина можат да претставуваат респектабилен фактор не само во своите држави, туку и пошироко во рамките на меѓународните институции. Тие располагаат со огромен капитал, кој според некои проценки изнесува неколку милијарди евра, а за кој постои реална опасност дека ќе биде "испран" преку легалните економии на државите. За да се оствари оваа активност, потребна е непосредна соработка со одделни финансиски институции од државите од регионот. Овие криминални структури денес ги контролираат економските и банкарските трансакции во одредени држави и области во регионот на Југоисточна Европа, вршејќи уцени, употребувајќи сила, закани, корупција и други незаконски активности, така да успешниот легален бизнис за поголемиот број луѓе стана ризичен не само во материјална туку, и во физичка смисла. Тие во државите од регионот, се добро поврзани, а нивните лидери сериозно влијаат врз политичката елита која е на власт. Највносните облици на организиран криминал како и најдобрата соработка меѓу криминалните структури од овој регион, се остваруваат на полето на недозволената трговија со дрога, недозволената трговија со луѓе и со оружје, како и перењето пари. Сето ова може да придонесе регионот на Југоисточна Европа, особено државите од Балканот да станат средина за непречено

---

[105] Лајман М.,Потер Г.-*"Организиран криминал"*, Магор, Скопје, 2009

перење пари на светско рамниште, но и за создавање на нова бизнис елита со криминалното минато.

1.1. Карактеристики на криминалните групи

Според Извештајот на Европол од 2006[106], извештаите на безбедносните структури на државите од регионот на Југоисточна Европа и одредени научни сознанија, главните карактеристики на криминалните групи начелно може да ги сублимираме и подведеме во седум категории, што не значи дека со новите истражувања на овој план и новодобиените сознанија, оваа категоризација нема да претрпи измени и надополнувања.

1.1.1. Меѓународна димензија на криминалните групи

Сериозна опасност по безбедноста претставуваат организираните криминални групи, кои изведуваат криминални активности на меѓународно рамниште, и на тој начин се присутни во земјите на потекло, транзит или крајна дестинација. Највисоко ниво на закана претставува кога криминалните групи однадвор раководат со организираните облици на криминал во други држави, но состојбата е уште покомплексна кога тие дејствуваат симбиотички со домицилните криминални групи. Затоа загрижувачки тренд во регионот на Југоисточна Европа, посебно на Балканот претставува формирањето етнички-мешани криминални групи, кои се стремат да регрутираат поединци од различни држави, со цел прилагодување на нивните криминални операции со локалната средина.

1.1.2. Структура на криминалните групи

Криминалните групи кои се организирани по строг хиерархиски принцип се силни, ја истакнуваат улогата на водачот и имаат јасна поделба на задачите и одговорностите за секој нејзин член. Системот на казнување и санкционирање на членовите на криминалните групи кои обично следат по секоја неуспешна акција, предизвикува чуство на почит и респект, додека пак, позитивните стимулации се користат за да се обезбеди лојалност на членовите кон групата во која припаѓаат. Овие криминални групи се затворени, што уште повеќе го усложнува преземањето на било какви суштински мерки против нив од страна на безбедносните структури. Доследната хиерархиска и речиси паравоена поставеност на овие криминални структури, претставува една од основите кои ги прават да бидат сериозна закана за државите.

---

[106] "Europol–*European Union Organized crime threat assessment*, Public Version" , The Hague – *2006*

1.1.3. Злоупотреба на легални стопански и финасиски структури

Организираниот криминал ги злоупотребува легалните бизниси, како би добил поддршка и олеснување на неговите криминални активности. Тој користи повеќе различни методи за корумпирање, насилство, контролирање и вршење влијание врз легалните бизниси од различни нивоа. Користењето на легалните бизнис структури од страна на организираниот криминал може да се поделат во три главни категории:

- Групите на организиран криминал, основаат и самостојно водат легални бизниси, што претставува најопасна категорија. Овој легален бизнис, е со цел пронаоѓање на жртви, перење на нелегалните пари, како и овозможување легално покритие пред јавноста за нивните нелегални активности;
- Криминалните групи ги користат легалните бизнис структури, фирмите, банките и сл., договарајќи се тајно, или принудувајќи ги насилно на соработка менаџерите на познатите и високо профитабилни компании. Овие структури во тие фирми вработуваат свои членови како регуларни работници, чија задача е подоцна да ја олеснат употребата на тие легални бизниси за нелегални цели;
- Криминалните групи ги користат измамите и фалсификатите, со цел создавање профит од легалните бизниси.

1.1.4. Специјализираност на криминалните групи

Под поимот специјализизираност на криминалните групи подразбираме:

- Стекнувањето на специјализираност со цел унапредување на активностите на организираниот криминал и зголемување на професионализмот;
- Вклучување услуги од специјалисти-инсајдери, за потребите на криминалните структури.

Со цел редовно и континуирано снабдување на пазарите со производи за широка потрошувачка криминалните групи мора да бидат добро организирани и специјализирани за поедини активности. Сепак, во поново време тие стануваат универзални во контролата и спроведувањето на сите познати криминални активности. Заради тоа криминалните групи користат услуги од т.н. инсајдерски експерти, кои поседуваат специфични вештини и знаења како на пр. хемичари, адвокати, сметководители, финансиски експерти, информатичари, возачи, водичи, специјалисти за перење пари, специјалисти за оружје, или луѓе кои се спремни да извршат специфични задачи како што се нарачаните убиства, или принудни наплати, изнуди, или рекет.

1.1.5. Корупција и влијание како методи на работа

Криминалните групи ја користат корупцијата и влијанието од две главни причини: да ги намалат ризиците од откривање и прогон, или полесно да се стекнат со можности за спроведување на нивните криминални активности, како и да се стекнат со висока финансиска добивка од криминалните активности. Намалување на ризиците, или

стекнувањето со можности за спроведување на непречени криминални активности, оди заедно со обезбедувањето на сигурна средина за криминалните групи за спроведување на своите активности, со цел да останат неоткриени и да избегнат кривичен прогон или судски пресуди. Генерално, корупцијата и влијанието бараат постигнување на одредено ниво за создавање услови за размена на бенефитите помеѓу двете страни, било тоа да се материјални или нематеријални. Најголемата закана претставува кога организираниот криминал, корупцијата и влијанието ги насочува кон безбедносните структури, со цел запирање на полициските истраги, кривичниот прогон, или донесувањето пресуди против неговите членови.

1.1.6. Насилство како метод на работа

Насилството, покрај корупцијата, претставува еден од најчесто практикуваните методи на организираниот криминал, која се користи за негово промовирање и за заштита на неговите интереси. Криминалните групи, го користат насилството во спроведувањето на криминалните активности од повеќе причини. Насилството може да се искористи како офанзивна, или дефанзивна тактика, може да се планира, или да се базира на реакција, може да доведе до екстремност, или да се лимитира до неопходен степен. Насилството може да биде манифестно или прикриено и може да биде манифестирано внатре во криминалната група, помеѓу криминалните групи и надвор од нив. Генерално, криминалните групи насилството го користат во "бизнисот", иако понекогаш тоа претставува резултат на недостаток на дисциплина внатре во самата структура и потреба за одржување на нејзината кохезија. Користењето на насилството помеѓу криминалните групи е во функција да се победи конкуренцијата, како и за преживување и опстанок на криминалните групи. Ова е контрапродуктивно и погубно за овие криминални групи, од причини што со користењето на ова насилство помеѓу нив, се привлекува вниманието на безбедносните структури и ги одвраќа групите од нивните главни активности, а последиците се: апсења на членовите на криминалните групи, нивни убиства, или губење на стекнатиот профит. Употребата на насилство над лица и фирми кои не му припаѓаат на криминалниот свет, се манифестира преку изнудите, рекетот, експлоатацијата на човечките суштества од секаков вид (работна, сексуална и др.), како и кражбите. Насилството насочено кон жртвите, кои поради страв од подоцнежни негативни последици, или од други причини нема да го пријават, или насилството насочено кон луѓе од затворените етнички заедници кои во принцип никогаш не пријавуваат, претставува дополнителен проблем, а со самото тоа и најзаканувачки облик на употребата на насилството од страна на криминалните структури на организираниот криминал.

1.1.7. Начини и мерки на самозаштита на криминалните групи

Мерките на самозаштита се активности кои се превземаат од страна на криминалните групи, со цел да се избегне нивното откривање и спроведување на кривичен прогон кон неговите членови. Овие мерки најчесто ги класифицираме во три категории:

- Спречување на можноста за откривање на криминалните активности на групите;
- Спречување на можноста од откривање на членовите на криминалните структури и
- Спречување на кривичен прогон и донесување пресуди за членовите на криминалните групи.

Првата категорија на мерки на самозаштита се однесува на активностите како: контранабљудување, измами, инфилтрирање во безбедносните структури, употреба на современи комуникациски и информатички средства, како и софистицирани начини на прикривање на трансферите на пари. Втората категорија мерки за самозаштита се однесува на напорите за спречување на полициските и судските истраги. Во контекс на ова ќе ги споменеме и создадените комплексни мрежи од фирми и фалсификувањето на документите со цел прикривање на криминалните активности и идентитетите на членовите на криминалните структури. Употребата на прекари, кодови, странски јазици или "сленг" е со цел да се избегне идентификацијата преку пресретнување на комуникациите како една од посебните истражни мерки кои ги користат безбедносните структури, на начин утврден со закон. Третата категорија вклучува употреба на насилство, заплашување, корупција или влијание како кон уапсените членови на криминалните групи, така и кон жртвите, сведоците, вработените во безбедносните структури, обвинителите, судиите, службеници од јавната администрација, или кон политичарите.

Најкарактеристични и најефикасни мерки за самозаштита на криминалните структури, покрај корупцијата и влијанието се оние мерки кои имаат меѓународна димензија. Имено, кога шефовите на криминалните структури се наоѓаат заштитени во т.н. “оф шор” држави, или во држави кои не соработуваат, меѓународните акции на безбедносните структури можат да бидат сериозно попречени во лоцирањето на криминалните приходи, или во лоцирањето и апсењето на членовите со висок статус во криминалните структури.

1.2. Криминални мрежи

Иако сеуште постојат голем број криминални структури организирани по хомоген хиерархиски принцип, во поново време криминалните структури се почесто дејствуваат како неформални "лабави" мрежи, релативно независни, или обединети околу еден, или повеќе истакнати криминални авторитети. Овие криминални мрежи превземаат недозволени активности во размер и комплексност согласно на моменталните барањата и конкретните профити.

Според Фатиќ, современите криминални структури на организираниот криминал со тек на време ќе го напуштат строго хиерархискиот модел на организираност, пред се поради големиот притисок од страна на полицијата и обвинителствата. Имено, строго хиерархиски поставената криминална структура е многу позабележителна, нејзиното членство е постабилно, нејзиниот габарит и контурите се конкретни, па поради тоа тие се повеќе се подложни на полициски удар, отколку неформалните криминални структури.[107] Од овие причини криминалците денес се повеќе ги преферираат неформалниот, или т.н. мрежен облик на организација. Овие криминални мрежи се состојат од неколку помали т.н. "криминални ќелии" (прилози 3 и 4.) кои меѓу себе се лабаво поврзани, а се координирани од едно место кога треба да извршат некоја поголема криминална активност, или дејствие. Заштитата од компромитација и нивно откривање од страна на безбедносните структури е доведена на најниско ниво, бидејќи членовите на повеќе различни организирани криминални мрежи меѓусебе не се познаваат. Така, во случај на нивно откривање и растурање од страна на безбедносните структури, не се уништува криминалната структура во целост, туку само една од нејзините ќелии. При изведување на криминалните активности овие структури, покрај криминалците-специјалисти по поедини области ангажираат и други лица т.н. инсајдери кои не се криминалци, а кои имаат легални и легитимни занимања и работат во државната јавна администрација, банките, приватните фирми, транспортните фирми и сл., а кои можат да им бидат од голема корист.

Овие криминални мрежи од регионот на Југоисточна Европа се меѓународни, лесно приспособливи за пренесување на предметот на интерес од една во друга сфера, пропусливи се и доста се флексибилни и еластични. Тоа значи дека, приходите од криминалните активности ги внесуваат многу лесно во легалните економски токови на државите од регионот, имаат можност за брзо ширење и прием на нови членови, како поединци, така и цели групи, или можност за нивно повлекување. Ова овозможува лесно и брзо поврзување со некои легални економски, политички, или други за нив интересни општествени структури, а што може да е од траен, или времен карактер. На овој начин криминалните мрежи може да функционираат како хармонична целина, налик на некое трговско друштво во новосоздадените пазарни услови на стопанисување, во која многу тешко може да се стави граница помеѓу легалните и нелегалните активности. Овие лабави и неформални мрежи на организиран криминал од државите во регионот на Југоисточна Европа,

---

[107] Fatić A. – "*Organizovani kriminal kao predložak za kontrolnu politiku*"- Revija za bezbednost, br.1/10, Centar za bezbednosne studije, Beograd, 2010

иако со послабо искуство за разлика од веќе добро етаблираните структури на организираниот криминал од високо развиените држави од Западна Европа, успеаа многу брзо да ги сфатат и искористат придобивките на глобализацијата и да воспостават блиски "бизнис односи" со нив на глобално ниво. Така некои делови од овие криминални мрежи, или помали криминални групи т.н. "криминални ќелии" од Југоисточна Европа, самостојно извршуваат одредени криминални активности за сметка на исти такви структури од Западна Европа, а кои најчесто се огледаат преку активности за обезбедување и заштита на транспортот на дрога, оружје, луѓе и друга стока преку нивните територии, корумпирање на локални моќници, судии, обвинители или полицајци, но се ставаат и во улога на јатаци за прикривање на познати криминалци кои се барани на меѓународно ниво заради избегнување кривичен прогон. Структурите на овој мрежен организиран криминал од регионот на Југоисточна Европа се почесто соработуваат меѓусебе или се вмрежуваат на регионално ниво за што поуспешно спроведување на своите активности. Тие, неоптоварени од националните и верските различности или од актуелните меѓудржавни односи, кои се движат од пријателски до затегнати, соработуваат по истите принципи како и со посилните западнорвропски структури на организираниот криминал, водени од истите интереси-парите и моќта.

Иако појавата на новиот облик на организиран криминал, т.н."мрежен криминал" е опасна во светски рамки, заради развој на новата методологија на дејствување на организираниот криминал, сепак не треба да се поттцени значењето на класичните криминални групи, со строго воспоставена хиерархиска структура и внатрешна поделба на работите, чии главни активности и понатаму остануваат нелегалната трговија со дрога, оружје, луѓе, насилството изразено преку изнудите, рекетот и киднапирањата, корупцијата и другите нелегални економски и други активности.[108]

1.3. Криминални структури во државите од Југоисточна Европа

1.3.1. Криминални структури во Р. Албанија

Карактеристично за организираниот криминал во Р. Албанија е постоењето на силна етничка компонента, заснована на традиционалната затвореност на албанското семејство и на неговата строга хиерархиско-патријархална поставеност. Заканите од албанските структури на организираниот криминал се темелат и на фактот што тие ги користат врските со големиот број етнички заедници нивни сонародници, но и поради фактот што тие претставуваат силно поврзани фамилијарни кланови кои се тешки за "разбивање" од страна на безбедносните структури на државите кои се нападнати од нив. Структурите на организиран криминал во Р. Албанија, географски и етнички се поделени слично и како двете главни политички партии. Северниот дел на Албанија е населена со етничките Геги и е главното

[108] Камбовски В.- *"Организиран криминал"*, " 2- ри Август С"-Штип, 2005, Скопје

упориште на Демократската партија. Криминалните структури од ова подрачје, најчесто ја контролираат недозволената трговија со нафта, оружје, како и недозволената трговија со хероин насочена кон Западнорвропските држави, најчесто Австрија, Германија и Швајцарија.

Јужниот дел на Албанија кој е населен со етничките Тоски, пак е главното упориште на Социјалистичката партија. Главните активности на криминалните структури од овој дел на Албанија, се врзани за недозволената трговија со луѓе, особено жени за потребите на секс индустријата во Италија, како и производството и недозволената трговија со опојните дроги марихуана и хероин.

Моќта на т.н. "албанска мафија" е базирана на послушноста на фисовите (братствата). Збирот на овие фисови често до 20, ја сочинуваат криминалната лоза, чиј водач воедно е и политички лидер. Овие структури на организираниот криминал се организирани по строго хиерархиски и етнички принцип. Тие се целосно затворени на надворешно влијание, па е многу тешко продирање во нивните редови од страна на безбедносните структури.

Најсилната и најопасната криминална структура во Албанија е позната под името "Кула", под чија контрола се недозволената трговија со дрога која пристигнува од Турција, а е наменета за западнорвропскиот пазар, недозволената трговија со оружје, како и криумчарењето на мигранти, најчесто бегалци. Втората по силина криминална структура е под водство на семејството Абази и која се бави со недозволена трговија со дрога и оружје. Третата по силина организирана криминална структура е позната под името "Боричи" и соработува со италијанските структури на организираниот криминал вклучени во недозволената трговија со дрога и контрола на активностите поврзани со проституцијата. Многу интересен е составот на четвртата организирана криминална структура под водство на семејството Брокај, чии активности се поврзани со недозволената трговија со дрога и оружје, проституцијата, од причини што неа ја сочинуваат поранешни политичари и припадници на некогашната тајна служба на Р. Албанија, позната под името Сигурими.[109]

За непречено извршување на своите криминални активности, но и заштита на своите членови, структурите на организираниот криминал, во светот попознати како "албанска мафија", имаат инсталирано свои разузнавачки единици, преку кои добиваат информации од корумпирани службеници во безбедносните структури на Р. Албанија, од исти такви службеници во некои од соседните држави, но и во западноевропските држави и во САД, каде тие ги спроведуваат недозволените активности. Благодарение на оваа разузнавачка активност, а преку добивање на благовремени и точни информации, "албанската мафија" зазеде доминантна позиција во спроведувањето на активностите на организираниот криминал во регионот на Југоисточна Европа, но и во остатокот од Европскиот континент и во САД.

Со разгорувањето на етничките конфликти на тлото на поранешна СФРЈ, во раните 90-ти години, територијата на Република Албанија беше искористена како алтернативен правец на "Балканскиот пат", кој дотогаш минуваше низ државите од веќе распаднатата СФРЈ, Србија,

---

[109] www.media.srbija.gov.rs/medsrp/.../bela_knjiga1.p...

Хрватска, Босна и Херцеговина и Словенија. Италијанските криминални структури, особено Сакра Корона Унита (Sacra Corona Unita) од регионот Пуља(Puglia), го искористија овој момент, воспоставија тесна соработка и вмрежување со албанските криминални структури и се вгнездија на крајбрежјето на територијата на Албанија, како појдовна област за недозволена трговија на дрога, луѓе и друга стока преку Јадранското море кон Италија.

Структурите на организиран криминал со потекло од Р. Албанија, многу брзо и агресивно го завземаат приматот во криминалниот свет на регионално и глобално ниво користејќи ја корупцијата, својата суровост и бескрупулозност во извршување на криминалните активности. Тие, без разлика дали станува збор за структури со јасно изразена хиерархиска поставеност или помали независни структури мрежно поврзани, заедно со структурите со албански ентички предзнак од Р. Косово, Р. Србија и Р. Македонија во иднина ќе бидат водечки на тој план. Оваа соработка ќе биде исклучително опасна, па затоа спречувањето на организираниот криминал во регион и пошироко ќе биде следено со многу потешкотии.

1.3.2. Криминални структури во Р. Босна и Херцеговина

Во Р. Босна и Херцеговина егзистираат околу десетина криминални групи во просек од три до десет членови. Внатрешната организациона структура на овие криминални групи не е заснована на строго пирамидална хиерархија, туку се потпираат на лабави врски со локалните криминалци, по потреба и за конкретни случаи.[110] Организираниот криминал на територијата на Босна и Херцеговина, заради војната во деветесетите години од минатиот век, но и заради економската, социјалната и политичката криза кои траат подолго време, најде плодна почва за остварување на своите активности. И овде, како впрочем и насекаде во светот, основната цел на организираниот криминал е стекнување на високи профити и моќ, преку нелегалните активности со висока стапка на "повратна инвестициите", како што се недозволената трговија со дрога, оружје, луѓе и човечки органи, проституцијата и сл.[111]

Воените профитери, кои на нелегален начин се стекнаа со огромно богатство и моќ за време на воените дејствија, продолжија со богатење и во повоениот период. Така, тие се трансформираа во локални моќници, кои зад параваните на приватните империи, продолжија да се богатат овој пат бавејќи се со дел од недозволените активности на организираниот криминал.

Р. Босна и Херцеговина, и понатаму претставува квази држава, поделена de jure на два ентитети, а de facto на три области контролирани од трите етнички заедници Срби, Хрвати и Бошњаци, кои баш и не се волни да соработуваат меѓу себе. За разлика од оваа ситуација, тоа не е случај и со структурите на организираниот криминал. Имено, ним воопшто не им пречи различноста на етносите, туку криминалните структури ги врзува единствената цел за профит, што секогаш ги става во

---

[110] Transcrime, *The Contribution of Data Exchange Systems to the Fight against Organized Crime in the SEE Countries.* Стр.73

[111] www.fb.bg.ac.yu

позиција на победници над безбедносните структури.[112] Во Босна и Херцеговина делуваат структури на организиран криминал, чија основна дејност е недозволената трговија со дрога и кои се во спрега со структурите на организиран криминалн од државите од Југоисточна Европа, како оние од Турција, Албанија, Србија, Хрватска, а особено со албанските криминални структури со потекло од Косово. Во големите градски центри во Босна и Херцеговина, криминалните структури делуваат организирано и се предводени од лица кои потекнуваат од соседните држави, но поседуваат државјанство на Р. Босна и Херцеговина. Карактеристика на овие криминални структури е, што нивното јадро е составено од членови на семејствата на водачите на криминалните структури. Овие структури, своите нелегални активности, покрај територијата на Р. Босна и Херцеговина ги спроведуваат и во државите од поширокиот регион на Југоисточна Европа - Хрватска, Србија, Црна Гора, Албанија и се инволвирани во скоро сите нелегалните активности кои носат огромен профит за нив.

Структурите на организиран криминал, кои најчесто дејствуваат независно и се од типот на неформални криминални мрежи и во иднина ќе претставуваат фактор за дестабилизација на државата. Граѓаните од сите три етнички групи кои живеат во Босна и Херцеговина која сеуште неможе да се стабилизира политички и економски, за остварување на своите основни барање во голем дел ќе бараат помош од криминалните структури и од нивните водачи кои сега се етаблирани во некои од државните структури. Доколку Европската Унија која постави свој администратор, не ја превземе во целост грижата за средување на состојбите во Босна и Херцеговија и не обрне поголемо внимание, структурите на организиран криминал, ќе бидат главни во државата и ќе ја држат состојбата на "кревка држава", со цел поуспешно профитирање преку спроведување на своите криминални активности.

1.3.3. Криминални структури во Р. Бугарија

Во Бугарија во периодот на транзиција, егзистираа три вида на носители на организиран криминал познати како "насилни претприемачи", "екстремно ризични претприемачи" и криминалци на чие чело застанаа т.н. "олигарси".

Имено, првиот вид т.н. "насилни претприемачи", своите цели ги остварувааа првенствено со употреба на насилство. Претставници на овој вид се поранешните врвни спортисти, како на пр. популарните "борачи", дигачите на тегови и сл, поранешните припадници на безбедносните структури како и осудените но веднаш амнестирани криминалци.

Вториот вид се т.н. "екстремно ризични претприемачи" кои перманентно и систематски се вклучени во криминална активност, но чија тенденција е да останат надвор од фокусот на вниманието на јавноста. Претставници на овој вид носители на организираните криминални активности, во прв ред беа лица со неоформено образование, но добро етаблирани во своите средини од профилот-таксисти, келнери, бармени, магационери и сл. Но, во овој вид припаѓаа и т.н. инсајдери, разни специјалисти со високо образование-

[112] Исто стр. 98

книговодители, адвокати, како и веќе осудени, но амнестирани криминалци од почетокот на 1990 година. Во оваа група беа опфатени и агенциите за обезбедување, кои вработуваа голем број од отпуштените, но добро обучени припадници на безбедносните структури од тој период како на пр. агенциите за обезбедување "Вис-1", "Вис-2", "777" др.

Третиот вид на носители на организираните криминални активности ги претставуваат криминалните структури на чие чело се т.н. "олигарси"(по примерот од Русија), а чии амбиции беа монополизирање на најпрофитабилните дејности и сектори во државата, користејќи ја корупцијата и влијанието како методи на работа. Претставници на овој вид, беа познатите директори од високо-профитните фирми, високите функционери од поранешната комунистичка партија, како и поранешните државни службеници вработени во служби кои пружаа посебни услуги, како на пр. од војската, полицијата и службата за државна безбедност, кои во перидот 1990-1992 година броеа помеѓу 12.000-17.000 отпуштени добро обучени припадници.

Заедничкото за сите три вида на носители на активностите на организираниот криминал, без разлика на различните структури и методи на "работа", беше желбата за завземање на пазарите, а со тоа и остварување на огромни профити. Влезот на организираниот криминал во легалниот пазар, но и на "црните пазари", се одвиваше во рамките на планираната пазарна економија и нејзината либерализација, како и во контекст на влез на големите меѓународни корпорации на бугарскиот пазар[113]

По падот на тоталитарниот режим во Р. Бугарија и по реформите и трансформацијата на структурите на државната безбедност во периодот од 1990 до 1993 година, илјадниците нивни припадници ги изгубиле работните места. Притоа, тие со себе понеле и голем број на доверливи документи, со имиња на агенти, врски, механизми и методи за избегнување на граничната контрола. Рецесијата која завладеа во Р. Бугарија во периодот на 1989-1991 година создаде идеални услови за развој на недозволената трговија со разновидни стоки за широка потрошувачка, наменети за задоволување на домашниот пазар. До овој период поранешните припадници на безбедносните структури, главно беа вмешани во нелегален извоз и недозволената трговија со лекови и друга забранета стока во други земји, а по овој период, ги искористија истите нелегални канали, но сега за нелегален увоз на стока во обратен правец, односно за стока барана на домашниот пазар. Избегнувајќи го плаќањето на царинските и акцизните давачки, овие поранешни припадници на безбедносниот сектор, сега добро организирани во структури на организираниот криминал, успеаа да акумулираат огромни финансиски средства, притоа јакнејќи ја својата моќ. Денес, основни криминални активности на структурите на организираниот криминал кои дејствуваат на територијата на Р. Бугарија, но и надвор од нејзините граници, поточно во државите на Западна Европа, се врзани за оние најпрофитните, недозволената трговија со дрога и нејзино производство, недозволената трговија со луѓе, криумчарењето мигранти, пиратеријата, како и компјутерскиот криминал со сите негови појавни облици.

---

[113] Center for the Study of Democracy (2002)

Интересна е проценката за меѓународната димензија на бугарските криминални структури инволвирани во организираниот криминал, која ја даваат бугарските експерти и кои наведуваат дека треба да се има во предвид фактот што многу структури на организираниот криминал означени како бугарски, всушност се составени од бугарски етнички Турци и Роми. Можното објаснување на овие бугарски експерти, за т.н. минималната вклученост на етничките Бугари во меѓународниот организиран криминал, според нив е фактот, што криминалот кој се практикувал на територијата на Р. Бугарија бил попрофитабилен и помалку ризичен за структурите на организираниот криминал составени од етнички Бугари, што секако и не мора да биде точно.

И покрај тоа што Р. Бугарија од 2006 година е членка на Европската Унија со хармонизирано европско законодавство, самиот факт што нејзината територија се наоѓа на т.н. "Балкански пат" ја чини сеуште, а и во иднина ќе биде важна точка за спроведување на активностите на меѓународниот организиран криминал.

1.3.4. Криминални структури во Р. Грција

Територијата на Р. Грција претставува простор за дејствување на голем број меѓународни криминални структури кои по својата организациона структура припаѓаат и на двата облика на организациона поставеност, криминални групи со строго хиерархиска поставеност, но и на т.н. лабави криминални мрежи. Така, албанските криминални групи, како и руските кои се организирани по строго хиерархиски и етнички принцип се едни од најопасните кои дејствуваат на територијата на Р. Грција. Покрај нив свои инсталации имаат домашните, грчки криминални структури, како и некои италијански криминални групи, кои се организирани по принципот на т.н. лабави криминални мрежи. Во Р. Грција своите криминални активности ги спроведуваат и криминалните структури со потекло од Блискиот и Далечниот Исток, со иста етничка компонента. Имено, во Р. Грција центарот на главниот град Атина е поделен на т.н. "сектори на влијание" од страна на неколку имигрантски криминални структури. Арапите ја држат "Метаксоургео" област, која се наоѓа близу до најголемата железничка станица во земјата-станицата Лариса, додека криминалните групи од Пакистан и Бангладеш ги "држат" областите околу улиците "Менадроу" и "Содоклеус". Авганистанците и некои Арапи се активни во овластите "Агиос Пантелемонас", додека нелегалните активности во областа околу улицата "Фулис" се контролирани од страна на криминални групи од Сомалија и Алжир. Активноста на курдските криминални структури се манифестира во областа околу железничката станица "Викторија", додека пак нигерските групи ја држат областа околу паркот "Ареос". Криминалната група од Грузија своите криминални активности најчесто ги спроведува околу улицата "Митрополес". Иако вака поделени по области, имигрантските криминални групи горе опишани спроведуваат и заеднички "бизнис операции" во многу други области во главниот град на Р. Грција-Атина[114].

---

[114] Ministry of Foreign Affairs of Greece - "*Drugs and organized crime in the UN and European Principal bodies and actions*", Athens, 2011

Од горе кажаното, може да се заклучи дека територијата на Р. Грција претставува и во иднина ќе претставува интересна арена за спроведување на недозволените активности на голем број криминални структури од разни страни на светот. Најверојатната причина за привлекување и дејствувањето на толку голем број криминални структури во Р. Грција е тоа што таа до скоро претставуваше единствена држава членка на Европската Унија и единствена порта за влез во ЕУ на граѓаните од регионот на Југоисточна Европа, но и за оние од Блискиот и Далечниот Исток и Африканскиот континент.

1.3.5. Криминални структури во Р. Косово

Структурите на организиран криминал на Косово претставуваат фамилијарни кланови т.н. фисови, кои ги контролираат криминалните активности во одредени делови на Косово. Овие криминални структури остваруваат тесна соработка со исти такви структури од Р. Турција, Р. Албанија. Р. Македонија и Р. Бугарија, од причини што територииите на овие држави се наоѓаат на правецот на познатиот т.н. "Балкански пат".

Територијата на Косово во однос на организираниот криминал е поделена на три интересни криминални зони, контролирани од одредени семејства и тоа регионите на Дреница, Дукаџин и Лаб.

Така, регионот на Дреница низ која минуваат стратегиските патишта кои Косово го поврзуваат со Р. Србија, Р. Црна Гора и Р. Македонија, а ги опфаќа градовите Призрен, Клина, Исток и Косовска Митровица, ја контролираат припадниците на т.н. "дреничка група", која е блиска до семејството на сегашниот косовски премиер Хашим Тачи. Оваа криминална група која е тесно поврзана со организираните криминални структури од Албанија, Македонија, Бугарија и Чешката Република се бави со недозволена трговија на оружје, возила, луѓе и на стока за широка потрошувачка, најчесто цигари и нафта.

Во областа Дукаџин каде припаѓаат градовите Пеќ, Дечани и Ѓаковица, дејствува организираната криминална група предводена од семејството на поранешниот косовски премиер Рамуш Харадинај. Нејзините основни криминални активности се недозволената трговија со дрога, оружје, возила, со стока за широка потрошувачка и вршење рекет.

Со областа Лаб, во која припаѓаат градовите Гњилане, Витина и Качаник, организираните криминални активности се спроведуваат од страна на семејството на Мустафи Рустем "Реми", еден од т.н. команданти на ОВК на Косово. Нивната основна активност е недозволената трговија со дрога, а тесно соработува со криминалната структура на семејството на Харадинај.

Но покрај овие три главни структури на организираниот криминал, во Косово дејствуваат и повеќе други помали криминални структури, исто така семејно (клановски) поврзани, а кои се под непосредна контрола на трите претходно наведени. И покрај фактот што криминалните структури меѓу себе ги разграничиле подрачјата на дејствување, сепак постои ривалитет и вооружени пресметки помеѓу нив, пред се како резулат на политичките недоразбирања, но и желбата за владеење со поголема територија[115].

---

[115] www.media.srbija.gov.rs/medsrp/.../bela_knjiga1.p...

Основните активности на сите овие организирани криминални структури се недозволената трговија со дрога, недозволената трговија со луѓе и криумчарење на мигранти, недозволена трговија со моторни возила, оружје и експлозив, стоки за широка потрошувачка, како и други кривични дела со елементи на насилство.

Структурите на организираниот криминал на Косово, за време на косовската криза тесно соработуваа со воените сили на ОВК чии членови, по завршување на кризата зачекорија во политиката и нивнатата соработка продолжува во ситуацијата на de jure автономна покраина и de facto независна држава.[116]

За структурите на организиран криминал, Р. Косово и во иднина ќе претставува многу битен дел од Југоисточна Европа, во делот за регрутирање на нови членови, за развој на поедини облици на организиран криминал, како и за финансирање на одредени исламистички терористички организации, а со самото тоа ќе претставува и извор на нестабилност на целиот регион.

1.3.6. Криминални структури во Р. Романија

Голем број од припадниците на романската служба за државна безбедност, позната под името "Секуритате", одиграле важна улога во развојот на т.н. "црн пазар", перењето пари и во создавањето на големиот број на криминални шеми на недозволена трговија на дрога, оружје и цигари. Појавата на недозволена трговија поддржувана од "Секуритате", започнала во седумдесетите години со цел стекнување со цврста валута(најчесто американски долари) за нивните тајни операции во странство. По падот на режимот на Николае Чаушеску, голем број на припадници на "Секуритате" беа уапсена, но голем број побегнаа надвор од Романија. По воспоставување на демократскиот систем на владеење во Р. Романија, голем дел од пребегнатите поранешни припадници на "Секуритате", се вратија во Романија со цел продолжување и проширување на нивните "бизниси" на недозволената трговија. Така, по избивање на етничките судири во поранешна Југославија, кога се прекина нелегалниот канал преку кој се одвиваше недозволената трговија со хероин попознат како "Балкански пат", Романија стана една од неговите алтернативи.[117]

Според организационата поставеност, денес романските структури на организиран криминал обично не бројат голем број членови, но своите активности ги спроведуваат во повеќе држави, претежно преку недозволената трговија со дрога, трговијата со луѓе и измамите со кредитни и друг вид платежни картички. Приемот на Р. Романија во Европската Унија го олесни движењето кон Европската Унија на романските криминални структури, зголемувајќи го нивното влијание во голем број држави членки на ЕУ. Во Италија, нивната криминална активност, е слична со онаа на етничките албански криминални структури, со големо и безмилосно зголемување на портфолиото на акции на криминалниот пазар.

Структурите на организираниот криминал во Р. Романија своите недозволени активности во иднина ќе ги насочуваат во нивното

---

[116] Исто

[117] htpp://www.fas.org/irp/world/romania/securitate.htm

инсталирање во пристаништето Констанца на Црното Море, кое прерасна во голем меѓународен поморски центар со интензивен трговски прилив. Овој поморски центар во иднина многу тешко ќе се контролира во целост и заедно со веќе востановениот "Балкански пат" ќе претставуваат важни транзитни точки и главни сериозни безбедносни закани кои со себе ги носи организираниот криминал за Р. Романија и за регионот во целина.

1.3.7. Криминални структури во Р. Србија

Службата за државна безбедност на Сојузна Република Југославија во годините по распадот на СФРЈ беше директен наследник на старата Служба за државна безбедност (СДБ). И новата СДБ на СРЈ, ја продолжи праксата за соработка со криминалното подземје, чии членови извршуваа атентати и учествуваа во недозволената трговија со акцизна стока. Парите од овие недозволени активности СДБ ги користеше за финансирање за своите тајни операции.[118] При крајот на деведесетите години од минатиот век службите за државна и воена безбедност на СРЈ, преку контролата над нелегалните канали за недозволена трговија се обидуваа да и "помогнат" на својата држава, да се справи со наметнатите меѓународни санкции. Но, на овој начин, особено структурите на воената безбедност почнаа полека да се претвораат во криминална организација од организиран тип. По директива на тогашната власт на чело со Милошевиќ, таа го контолираше економскиот, политичкиот и правосудниот систем во државата. Тие станаа главни фактори во "извозот" на оружје кон Хрватска, но и главни "увозници" на нафта, нафтени деривати и на дрога. Парите од овие нелегални "бизниси" најчесто завршуваа во банките на Кипар, но дел и во банките во Р. Македонија. Службата за државна безбедност и воената служба, во тој период ликвидираа и голем број припадници на криминалните структури, кои се обидоа да бидат нивни конкуренти во недозволената трговија, особено на дрогата.[119]

По падот на Милошевиќ, во Р. Србија настанаа големи жестоки пресметки помеѓу криминалните групи со голем број жртви, со цел завземање на што поголема територија за спроведување на своите активности, при што многу од нивните шефови ги загубија своите животи.

Денес во Р. Србија како самостојна држава пораспадот на СРЈ, егзистираат околу педесетина криминални групи со најмалку десетици членови во секоја од нив. Криминалните структури претставуваат најчесто лабави криминални мрежи, кои се организирани на хоризонтално ниво, каде не постои строга хиерархија во групите, а членовите на "средно ниво", не се координирани од лидер, туку имаат висок степен на независност во извршување на криминалните активности.[120] Основите нелегални активности на овие структури на

---

[118] http://www.eia.doe.gov/cabs/serbsanc.html

[119] http://www.balkantimes.com/html/english/12732.htm

[120] Transcrime, *The Contribution of Data Exchange Systems to the Fight against Organized Crime in the SEE Countries. Final Report for the Office of the Special Coordinator of the Stability Pact for SEE*, 2004, стр. 258-259

организираниот криминал се недозволената трговија со дрога, оружје и луѓе, како и вршењето на убиства и изведување на т.н. "големи кражби".

Се проценува дека во Р. Србија повеќето структури на организираниот криминал, регионално се поврзани со исти такви структури во соседните држави и пошироко, а најчесто со криминалните структури од Црна Гора, Босна и Херцеговина, Романија, Хрватска, Македонија, Бугарија и од Албанија. Во Србија главните криминални структури се оние кои потекнуваат од Вождовац, Сурчин и Земун. Овие криминални структури за време на етничките судири на просторите на поранешни југословенските републики, па до атентатот над српскиот премиер Зоран Ѓинѓиќ, беа во тесна спрега со тогашната актуелна власт.

На меѓународно ниво, овие структури, се јавуваат како извршители на кривични дела од областа на имотните деликти, додека главните носители на криминалните активности поврзани со нелегалната трговија со опојни дроги, вообичаено се членови на криминалните групи со албански етнички предзнак со потекло од јужниот дел на Србија. Во овој контекст интересно е да го споменеме и фактот дека на меѓународен план српските структури на организиран криминал завземаат високо место во рангирањето на нелегалните активности на организираниот криминал. Само, за пример ќе ја издвоиме криминалната група попозната како група "Пинк Пантер" која претставува страв за најпознатите светски јувелирници.

И во иднина структурите на организиран криминал со потекло од Р. Србија и покрај спроведените безбедносни активности на домашните и меѓународните безбедносни институции за нивно растурање и апсење на дел од нивните водачи, ќе претставуваат сериозни чинители во спроведување на најдоходовните активности на организираниот криминал(недозволена трговија со дрога, оружје и луѓе, како и големите грабежи) на национално, регионално и глобално ниво.

1.3.8. Криминални структури во Р. Хрватска

Недозволените активности на организираниот криминал во Хрватска се зголемиле по распаѓањето на СФРЈ, како и за време на војната, која следеше потоа. Припадниците на криминалните структури беа ангажирани во паравоените единици и државните безбедносни сили на Р. Хрватска, а најчесто беа користени при етничкото чистење.[121] Во тој период во Министерството за одбрана на високи позиции се етаблираа една група луѓе, кои добро ги искористија своите позиции, за воспоставување на каналите за недозволена трговија. Основите на оваа група ја сочинуваа поранешните припадници на француската "Легија на странци" и платеници во војските од целиот свет по потекло етнички Хрвати, кои се вратија во Хрватска во 1990. Бидејќи на новоформираната хрватската армија и недостасуваа обучени и искусни воени кадри, истите беа пополнувани со пристигнатите поранешни платеници. Некои од нив успеаа да добијат највисоки чинови во армијата на Р. Хрватска, што им овозможи услови за целосно превземање на каналите за недозволена трговија со оружје, со цел лично збогатување, под маската вложување "силни воени напори" за основната цел, ослободување на Хрватска.

---

[121] Stojarova, V., "*Organized Crime in the Western Balkans*", HUMSEC Journal, Issue 1, str. 94

Иронијата да биде поголема, истите тие највеќе тргуваа и купуваа оружје од нивните непријатели, вооружените сили на Р. Србија и паравоените српски единици од Босна и Херцеговина, а за возврат им продаваа гориво(нафта и нафтени деривати).

Експертите проценуваат дека бројот на групи на организираниот криминал кои денес егзистираат во Р. Хрватска се движи помеѓу една до десет. Што се однесува до внатрешната структура, криминалните структури во Хрватска претставуваат неформални лабави мрежи, кои немаат посебна хиерархиска структурна поставеност помеѓу членовите на групата и субординација, со планско и континуирано дејствување, конспиративност и сл. Членовите на овие криминални структури ги поврзува заедничкиот интерес за стекнување со нелегална материјална добивка преку провизијата од еден, или неколку извршени прекршоци.[122] Структурите на организираниот криминал во Р. Хрватска припаѓаат на професионалниот или специјализиран тип на криминални здруженија кои се баваат со една, или повеќе криминални активности.

Према сознанијата на безбедносните структури, собрани по оперативен пат и преку следењето на извршените кривични дела, добиено е сознание дека, структурите на организираниот криминал во Р. Хрватска меѓусебно тесно соработуваат, но соработуваат и со други криминални структури кои најчесто дејствуваат во државите кои настанаа по распаѓањето на СФРЈ. Оваа нивна поврзаност е најочигледна при извршување на кривичните дела: криумчарење на мигранти, криумчарење на акцизна стока, оружје, дрога и украдени моторни возила. Водачите и членовите на овие криминални структури, најчесто се со потекло од државите настанати со распадот на СФРЈ.

Р. Хрватска и во иднина ќе претставува излезна држава на "Балканскиот пат" кон Европската Унија, преку чија територија ќе се спроведува транспортот на дрога, цигари и нелегални мигранти, при што домицилните криминални структури, организирани како лабави криминални мрежи ќе претставуаат поддршка за сите заинтересирани структури на меѓународниот организиран криминал, додека се или минуваат низ територијата на Р. Хрватска.

1.3.9. Криминални структури во Р. Црна Гора

Слично како и во Р. Србија, со која долго време беа во државна заедница, црногорските криминални структури се организирани како лабави криминални мрежи на хоризонтално ниво, без стриктна хиерархија и се со висок степен на независност. Криминалните активности на овие мрежи се спроведуваат скоро преку сите облици на недозволена трговија, почнувајќи од недозволената трговија со дрога како најдоходовна гранка, па се до недозволената трговија со производи за широка потрошувачка.

Извесен број на локални криминални структури инволвирани во недозволената трговија со дрога, не само што се поврзани на локално ниво, туку истите одржуваат и блиски контакти со слична криминални структури од соседните земји. Така на меѓународен план, за остварување

[122] Transcrime, *The Contribution of Data Exchange Systems to the Fight against Organized Crime in the SEE Countries. Final Report for the Office of the Special Coordinator of the Stability Pact for SEE,* 2004

на своите активности, тие тесно се поврзани со скоро сите криминални структури од државите наследнички на поранешни-југословенските републики, но посебно интензивна соработка остваруваат со оние од соседна Италија и од Русија, во областа на недозволената трговија со дрога, цигари, луѓе, како и криумчарењето мигранти преку Јадранското Море. Криминалната структура, од Италија со кои најчесто соработуваат црногорските криминални структури на организираниот криминал е "Сакра Корона Унита" од регионот на Пуља. Некои државјани на Р. Црна Гора, според криминалистичко-разузнавачки информации се инволвирани во недозволената трговија со дрога и надвор од Р. Црна Гора, особено во западнорвропските земји и се членови на некои од познатите меѓународни структури на организираниот криминал.

Заради исклучително добрата местоположба, поморските пристаништа, кракот на т.н "Балкански пат", слабата економска состојба на државата и влезот на добар дел т.н. "бизнисмени" од Русија, Р. Црна Гора во иднина ќе биде држава од исклучителен интерес на меѓународниот организираниот криминал. Недозволената трговија со дрога, оружје, цигари, криумчарењето мигранти, но и перењето пари на т.н "инвеститори" од страна, ќе бидат во врвот на приоритети на структурите на организираниот криминал во Р. Црна Гора.

ЗАКЛУЧОК

Структурите на организираниот криминал денес се толку моќни што претставуваат сериозна закана по безбедноста на државите од Југоисточна Европа, од кои дел се сеуште во фазата на транзиција. Овие структури создаваат тесна соработка со корумпираните службеници од актуелната државна власт, или од владеачките политички партии, користејќи ја нивната моќ и влијание за остварување на своите криминални цели. Тие се мултиетнички и не се оптоварени од етничките и верски предрасуди, бирократските препреки, политичките разлики како и од различните политички уредувања на државите од регионот, а меѓу себе соработуваат на регионално и на меѓународно ниво многу поефикасно од самите држави и нивните безбедносни структури.

Криминалните структури се разликуваат според нивната организациска поставеност и според нивните вештини и специјализации за извршување одредени облици на организиран криминал. Тие користат различни техники и механизми за самозаштита, односно за избегнување на законските ограничувања и за избегнување на активностите кои кон нив ги превземаат безбедносните структури. Структурите на организиран криминал, се карактеризираат со значително ниво на флексибилност, прилагодливост и иницијатива, така да може да се очекува дека тие ќе бидат способни да се соочат со предизвиците и промените кои ги носи новото време.

Кога зборуваме за криминалните структури во регионот на Југоисточна Европа, познати се и двата модели и тоа: традиционалниот модел на хиерархиска организираност и структури кои се поврзани во лабави мрежи. Во овој регион освен криминалните структури со албански етнички предзнак кои припаѓаат на т.н. традиционален модел со строга хиерарска структура, во останатите држави најчесто функционираат лабави криминални мрежи, со видоизменета

методологија на работа и кои во новосоздадените пазарни услови на стопанисување, може да функционираат слично како трговските друштва или фирми при што е невозможно да се стави остра граница помеѓу легалните и нелегалните активности, што е особено опасно за економско-социјалните системи на државите. Овие криминални структури од регионот најчесто се околу десеттина на број по држава, независни се една од друга и во нив обично членуваат по околу триесеттина криминалци. Тие се еластични и флексибилни при приемот на членови, или при нивното напуштање, може да се тесно специјализирани во изведувањето на некој од облиците на организираниот криминал, применуваат современи технологии, користат експертски услуги од т.н. инсајдери, може да бидат подолготрајни, или структури кои се растураат по извршување на некој криминален акт, си даваат логистичка поддршка едни на други, а составот на членовите може да биде и од етнички мешан состав. Своите криминални операции овие структури ги изведуваат во рамките на регионот на Југоисточна Европа, но и надвор од него, при што се поврзуваат со останатите посилни и со подолга традиција криминални структури од Западна Европа.

V ГЛАВА

1. Организираниот криминал во државите од Југоисточна Европа и неговите најчести појавни облици

Југоисточна Европа, посебно државите од балканскиот регион се зафатени, но и извезуваат сериозни невоени закани, најчесто изразени преку недозволените активности на меѓународниот организиран криминал во скоро сите негови појавни облици. Активностите на организираниот криминал во регионот на Југоисточна Европа се насочени кон производството на разновидни стоки, а самиот регион претставува и делува како успешна транзитна зона, и зона за складирање и препакување на тие стоки. Дефинирани се трите главни релевантни снабдувачки патишта кои директно влијаат на југоисточниот криминален регион: северен (Украина и Молдавија), централен (државите на Западен Балкан) и јужен (Турција). Значајноста на пристаништето Констанца (Романија) во трговијата со кокаин, денес е во пораст, па така кокаинот се почесто пристигнува во државите на Европската Унија користејќи ги нелегалните патишта кои водат преку државите на Балканот. Ова меѓудругото, е и резултат на зголемената инволвираност на турски групи и групи на етнички албанци во синџирот на дистрибуција на кокаин.[123]

[123] OCTA 2009, EU Organized Crime Threat Assessment, European Police Office, 2009, 14

Овој регион а посебно Балканот, низ кој минува најпознатиот илегален канал за недозволена трговија помеѓу Истокот и Западот, т.н. "Балкански пат", стана идеална средина за развој и ширење на меѓународниот организиран криминал. Слабите државни институции во Албанија, Косово и Босна и Херцеговина, им овозможуваат на балканските структури на организираниот криминал да ја превземат контролата над клучните коридори за недозволената трговија со дрога, луѓе, како и контрола над пазарите од Западна Европа.[124]

Во продолжение ќе биде даден приказ на состојбите со облиците на организираниот криминал во државите од регионот на Југоисточна Европа, од кои дел се членки на Европската Унија и НАТО алијансата, а дел се со кандидатски статус за влез во овие структури.

1.1. Недозволена трговија со дрога

Недозволената трговија со опојни дроги и нивната злоупотреба како континуиран меѓународен проблем, е еден од појавните облици на организираниот криминал кој се одликува со висок степен на организираност. Таа претставува најчест облик на организиран криминал, кој е во пораст, при што до израз доаѓа соработката помеѓу организираните криминални групи.[125] Одредени научни анализи на овој облик на организиран криминал, покажуваат дека истиот е најдоходовен[126] и секојдневно ескалира, притоа зголемувајќи го степенот на општествената опасност и загрозеност на државите. Општествената опасност се огледа преку негативните импликации во економската, социјалната, индивидуалната и националната безбедност, како и во политиката. Недозволената трговија со дрога е една од најлукративните дејности која нуди неколку трговски поволности над останатите видови трговија. Првата поволност може да ја препознаеме во стабилниот нарко пазар кој постојано се шири поради зголемената побарувачка на дрога. Втората поволност е овозможувањето висок обрт на пари и создавање огромен профит. Овде ќе го наведеме и фактот што дрогата при нелегалниот транспорт има мала зафатнина, а огромна вредност на пазарот. Третата погодност, е што овој вид трговија ги експлоатира оние кои се вклучени на почетокот и на крајот на ланецот на трговијата со дрога (на пр. кога станува збор за хероинот, производителите од Авганистан, Иран или Пакистан од една страна и конзументите кои се најчесто од западнорвропските држави од друга страна), додека останатите учесници во овој ланец остваруваат огромни профити. Структурите на организиран криминал кои се занимаваат со овој вид на недозволена трговија имаат развиено мрежи на производители, транспортери, дилери и компании зад кои стојат добро прикриени бизнис активности. Меѓународните структури на организиран криминал имаат раширени мрежи на доставувачи, компании регистрирани за легални деловни активности, а кои всушност имаат за цел да ги олеснат недозволената трговија со дрога и перењето пари добиени од оваа

---

[124] *"Нова стратегија на САД против глобалниот организиран криминал"*, The New York Times 25.07.2011

[125] Шикман М.-*"Организовани криминалитет"*, "БИНА", Бања Лука, 2011

[126] Проценките за годишниот приход на светско ниво од недозволената трговија со опојна дрога, изнесува помеѓу 300 до 500 милијарди американски долари.

криминална активност. Трговијата со дрога се спроведува преку нелегалните канали, под строга конспирација и контрола на криминалните структури, со цел нејзино безбедно пристигнување на претходно определената дестинација. Тие дестинации најчесто се богатите земји од Западна Европа и САД. Во криминалната структура која се бави со недозволена трговија со дрога постои синџир на задачи и одговорност на членовите заради безбедно одвивање на нелегалниот транспорт. Имено, деловите или алките од синџирот се познати како: производители на суровините, откупувачи и преработувачи во илегалните лаборатории за добивање опојни дроги и трговци и дилери на дрогата во крајните дестинации како последна алка во синџирот. Заради заштита на големите приходи кои се остваруваат од недозволената трговија со дрога, алките од синџирот се обезбедени од голем број вооружени лица, организирани во паравоени единици со лесно, но и тешко вооружување. Превозните средства кои се користат за транспорт на опојните дроги се сите досега познати, а колку се големи приходите од трговијата со дрога покажуваат примерите на колумбиските нарко картели кои за непречен и сигурен транспорт користат дури и подморници кои сами ги изработуваат, или ги набавуваат половни по ниска цена, или како компензација со дрога, од некои од поранешните советски републики.[127]

Во случај кога структурата на организираниот криминал специјализирана за недозволена трговија со дрога, загуби некој од големите транспорти на дрога и со тоа ги загуби вложените пари, истата превзема сурови мерки за казнување преку киднапирања, измачувања, или физички ликвидирања на оние кои овозможиле намерно, преку соработка со безбедносните структури, или ненамерно, транспортот со дрога да падне во раце на безбедносните структури.

Познатиот т.н." Балкански пат" (прилог 5.) кој започнува од Р. Турција и кој на излез од таа држава кон Западнорвропските земји, се раздвојува на два крака на т.н."северен" и "јужен" го претставува најважниот коридор на криминалните структури од државите од Југоисточна Европа, особено од државите на Балканот, за остварување на своите криминални активности.(прилог 6.) На европскиот нарко пазар опојната дрога позната под името хероин, доаѓа од правец на Иран, Пакистан и Авганистан до Турција каде се рафинира. Од таму преку државите од регионот на Југоисточна Европа, преку "јужниот крак" преку море, пристигнува до Грција, или по сувоземен пат до Бугарија и Грција, а преку Македонија, пристигнува до Албанија, или Србија, за пат кон конзументите во западнорвропските земји. Помал дел од ова количество хероин останува во споменативе држави за потребите на домашните нарко зависници.

Хероинот по "северниот крак" се движи од Иран, Пакистан и Авганистан, преку Турција, но овој пат преку Романија и Унгарија завршува исто така на западнорвропскиот нарко пазар. Актуелноста на т.н. "Балкански пат" е заради трговската либерализација, добрата

---

[127] Една таква подморница чини околу 600.000$, може да носи 4-5 луѓе, опремена е со еден или два пропелера кои овозможуваат брзини од 10 до 12 јазли. Се претпоставува дека во една тура со подморницата може да се пренесат и до десет тони кокаин, најчесто во САД, во рок од две недели. Дневник, 28 јуни 2008, Скопје

геостратешка положба на Балканот во однос на земјите од ЕУ како крајни дестинации, како и заради веќе етаблираните и многу активни криминални структури од овој регион. "Балканскиот пат" за кој пристаништето Костанца во Р. Романија и каналот Рајна-Мајна-Дунав се главни влезови во ЕУ, се покажа како пат со низок ризик за криминалните структури.[128]

Според некои проценки, дури околу 80 тони хероин од Истокот на годишно ниво минуваат преку државите од регионот на Југоисточна Европа, а околу 70% од транспортот на овој хероин е контролиран од албанските организирани криминални структури. Околу 90% од овој хероин се произведува само во Авганистан. Се проценува дека 500 илјади Авганистанци заработуваат од одгледувањето афион, за што од трговците за произведениот опиум, добиваат по 2000 американски долари по домаќинство, што вкупно би изнесувало една милијарда долари. Но, најголемиот профит во Авганистан, кој изнесува околу четири милијарди долари, што претставува повеќе од половина на БНП на Авганистан, кој изнесува 7.5 милијарди долари, го остваруваат трговците со дрога, талибанците и корумпираните државни функционери како нивни сојузници. Во Турција каде во тамошните лаборатории се преработува опиумот во хероин, истиот може да се набави за сума од 7000 до 12.000 американски долари за килограм, во Австрија истиот чини 40.000$ килограм, додека во Норвешка на пр. изнесува над 60.000$. Оваа голема разлика во цената, претставува големо искушение за криминалците но и за корумпираните службеници од безбедносните структури за нивно лично богатење.

Истите патишта се користат но, сега во обратна насока, за илегален транспорт на синтетичките дроги, оцетната киселина (ацетат анхидрид) која се користи како прекурсор во производството на хероинот, како и опојните дроги марихуана и хашишот од Косово и Албанија, кои преку Македонија, Бугарија и Грција се транспортираат за Турција. Од овие видови на дрога кои доаѓаат од Р. Албанија, каде според полициски информации се одгледува најквалитетната марихуана во Европа, еден дел остануваат во Македонија и Грција за потребите на домашните корисници, а поголемиот дел транзитира за Турција при што марихуаната, хашишот и прекурсорот познат како ацетиканхидрид (оцетна киселина) се заменуваат за хероин.

Марихуаната (cannabis) претставува најраспространет и најлесно достапен вид на дрога кој за конзументите претставува влез во светот на злоупотребата на дрога. Во светот најпознатите производители на марихуаната, покрај веќе споменатата Албанија, се и Мароко, Нигерија и Јужна Африка од афричкиот континент, и Колумбија и Јамајка од Јужна и Средна Америка. Во слабите и сиромашни држави на Југоисточна Европа и покрај ризикот, тренд е ситните земјоделци да произведуваат марихуана, од причини што тоа е најпрофитабилно за нив, бидејќи нарко пазарот се повеќе се шири, за разлика од пазарот за другите земјоделски производи кој е нестабилен и носи мала заработувачка.

Амфетамините, во регионот се произведуваат во Бугарија и Молдавија, додека од западнорвропските земји најпознати производители се Холандија и Белгија, кои се најчесто во облик на

[128] OCTA 2009 – EU Organized Crime Threat Assessment

"трипови", или "екстази" кои се хит меѓу младите на т.н "транс и техно забави" или " хаус журки".

Заедничко за државите од Југоисточна Европа, посебно земјите од т.н. Западен Балкан е појавата на новиот тренд на недозволена трговија со опојната дрога кокаин, која преку воздушен и морски пат пристигнува од Јужна Америка, каде по сувоземен или повторно по воздушен пат, транзитира кон некоја од побогатите западнорвропските земји. Кокаинот, кој се транспортира во поштенски пратки, но и со бродски, авионски и контејнерски превоз, а кој заради неговата скапа цена и економската немоќ на конзументите од регионов останува во помали количини, најчесто транзитира низ овие земји. На годишно ниво за потребите на европскиот нарко пазар од државите на Јужна Америка, според статистичките податоци пристигнуваат просечно околу 250 тони кокаин.

Потребно е да се напомене дека каналите кои ги користат криминалните структури за недозволена трговија со дрога, исто така ги користат и за трансфер на големи колични на неоданочени пари, без разлика дали тие се наменети за купување на нови количини на дроги, или за нивно "перење" преку инвестирање во легалните бизниси, или за купување недвижности. Приходите од недозволената трговија со дрога се мерат со милијарди долари на годишно ниво, а најголемата опасност е што овие пари се користат и за финансирање на голем број терористички организации, герилски или бунтовнички движења, како и за водење на серија помали вооружени конфликти насекаде низ светот, но првенствено во "зони на влијанија" на криминалните групи.[129]

Р. Албанија. Недозволените активности на организираниот криминал во Р. Албанија најчесто се манифестираат преку недозволената трговија со дрога, а парите во добар дел кон крајот на минатиот и почетокот на овој век одеа за финансирање и снабдување со оружје на паравоените формации на албанците на Косово, Јужна Србија и Македонија, заради остварување на зацртаните сепаратистички проекти. До `90-те години од минатиот век, Албанците во меѓународното криминално подземје, најчесто беа користени како "курири" за сметка на турските криминални структури кои се бавеа со недозволената трговија со дрога. Брзиот пораст на албанската емиграција и населувањето на албанските сезонски работници во Западна Европа, ја промени оваа ситуација. Така, албанските криминалци креираа широко распространети криминални мрежи и од турските криминални групи ја презедоа контролата над "Балканскиот пат" и контролата над целата недозволена трговија, од државите од Истокот кон Западна Европа и обратно, притоа користејќи ги за транзит државите од Југоисточна Европа, поточно земјите од Балканот.

Добро вооружени особено по масовните кражби на воено-полициските магацини, албанските криминални структури доминираа во руралните средини особено во јужниот дел на државата, како и во поголемите приморски градови како Драч на северот од државата и

---

[129] Група автори : *"Глобализацијата, мирот и безбедноста"*,- Министерство за одбрана на Република Македонија, Филозофски Факултет Скопје, 2008, Скопје, стр.93, Котовчевски М.-*"Облици на криминално дејствување на транснационалниот организиран криминал"*.

Валона на југот. Тие ја контролираа недозволената трговија со дрога хероин, кој доаѓаше од Република Турција, кокаинот кој доаѓаше од Колумбија во албанските пристаништа, или во грчкото пристаниште Патра, каде живее бројна заедница на албански емигранти. Овој кокаин потоа се препакуваше на албанска територија за понатамошен транспорт кон Италија и другите Западнорвропски држави. Исто така, овие криминални структури го контролираа и организираа одгледувањето на марихуаната во јужните приморски области на Албанија. Според официјални податоци, таа се одгледува на околу стотина локации. Од 1997 година, 25 тони марихуана биле нелегално транспортирани во соседна Р. Грција.[130]

Р. Босна и Херцеговина. Територијата на Р. Босна и Херцеговина се наоѓа на двата правци преку кои се одвива транспортот на дрогата од Истокот кон Запад. Едниот правец на транзит на хероинот низ БиХ, започнува од Авганистан преку Турција, Грција, Албанија и Србија, а потоа преку територијата на БиХ кон западнорвропските држави. Вториот правец на недозволена трговија на дрогата започнува од Албанија, Црна Гора, јужниот дел на БиХ и Хрватска, а од таму повторно кон западнорвропските држави. Во спротивна насока од Запад кон Исток, по истите нелегалн канали се транспортираат прекурсори и синтетички дроги.

За жал добар дел од оваа дрога останува на домашниот нарко пазар за зависниците, чиј број од ден на ден се зголемува.[131] Најновите показатели укажуваат на тоа дека сé поголеми количини на дрога остануваат на домашниот пазар, особено во поголемите центри како Сараево, Бања Лука, Тузла, Мостар и други, каде бројот на уживателите на опојни дроги постојано расте. Според истражувањата на "Transparency International", недозволената трговија со дрога во БиХ го завзема второто место веднаш по недозволената трговија со акцизна стока за широка потрошувачка-цигарите, алкохолот и нафтата.[132]

Во Р. Босна и Херцеговина структурите на организиран криминал чија основна дејност е недозволената трговија со дрога се во спрега со криминалните структури од државите од Југоисточна Европа, како на пример од Турција, Албанија, Србија, Хрватска и особено албанските криминални структури по потекло од Косово.

Методите кои тие ги практикуваат при спроведувањето активности за недозволена трговија со дрога се различни. Имено, лицата инволвирани во овие нелегални активности формираат свои транспортни компании, или воспоставуваат "бизнис" релации со сопствениците на веќе постоечки компании кои се активни во транспортот на патници, или во камионскиот транспорт на стока на релациите од и кон Турција, Србија, Црна Гора, Хрватска и земјите од Европската Унија. За време на нелегалниот транспорт на дрогата, членовите на криминалните структури се движат во кругови, избегнувајќи го секогаш користење на истите гранични премини, со цел намалување на ризикот од нивно откривање.Според некои

---

[130] http://www.aimpress.org/dyn/trae/archive/data/199801/80122-023-trae-pri.htm

[131] "Oslobodjenje"- *"BiH je značajna karika u lancu trgovine drogom"* Sarajevo, 24.12.2006

[132] Бошковиќ М.- *"Организовани криминалитет и корупција са посебним освртом на Републику Српску"*, Бања Лука, 2004

криминалистичко-разузнавачки податоци, нелегалниот канал кој е составен дел на "Балканскиот пат", се двои на два правци во областа Санџак во Србија, при што еден дел од дрогата се транспортира кон Белград а другиот дел се транспортира кон Сараево. Од овие дестинации, поголемиот дел од дрогата нелегално се транспортира кон западнорвропските земји, а дел останува и за домашните корисници. И овде важи правилото дека, во сиот овој транспорт за да се одвива непречено и без проблеми, мора да има инволвирано лица од безбедносните структури. Криминалистичко-разузнавачките податоци зборуваат дека, поедини корумпирани членови на граничната полиција со моторни возила одат до граничната зона со соседната држава, од каде во близина на нелегалните премини го превземаат хероинот од криминалците-државјани на таа земја, а потоа организираат "безбеден" транспорт преку територијата на својата држава до наредната точка предвидена за понатамошен транспорт. Еден од овие нелегални канали за недозволена трговија на хероинот од Турција кон Босна и Херцеговина, а од таму кон некоја од западнорвропските земји, е оној истиот кој се користи за транспорт на злато и златен накит, кој во криминалното подземје е познат како "патот на златото".

Меѓународните структури на организиран криминал кои се составена од турски и државјани на Босна и Херцеговина, инволвирани се и во недозволената трговија на анхидридна (оцетна) киселина. Ацетат анхидридот, или оцетна киселина како прекурсор заедно со водата и опиумот, ги претставуваат главните состојки во производството на хероин, па заради ова цената на оцетната киселина во Турција постигнува висока цена. Во врска со недозволената трговија со синтетички дроги и кокаинот, безбедносните служби на БиХ регистрирале пратки на овие наркотици нелегално внесени од Хрватска, кои биле наменети за нарко-пазарот во Сараево и другите поголеми градови. Според достапните криминалистички информации, овие наркотици нелегално пристигнувале во Хрватска од Шпанија, но и директно од Јужна Америка.

Главните организатори на недозволената трговија со опојна дрога во БиХ главно им се познати на безбедносните структури, но сепак во поголемиот број на случаи, тие ги избегнуваат законските последици како резултат на фактот што имаат создадено мрежи на дистрибутери (дилери) кои се директни извршители на илегалните активности. Локалните водачи на помалите криминални структури се организатори и извршители на продажбата на дрогата по градовите и ја претставуваат втората алка на недозволената трговија со дрога. Главните шефови на криминалните структури, кои ја земаат најголемата финансиска добивка, обично живеат надвор од земјата, во некои од западнорвропските држави.

Според најновите истражувања, исламските фундаменталисти вклучувајќи ги и членовите на т.н. "бела Ал Каеда", тесно соработуваат со организираните криминални структури во БиХ во недозволената трговија со дрога, трговијата со луѓе и во размената на информации за корумпираните службеници од јавната администрација, со цел

генерирање огромни профити, потребни за остварување на своите цели.[133]

Р. Бугарија. Во регионот на Југоисточна Европа, Бугарија претставува крстосница и транзитна држава за опојните дроги, лоцирана на стратешкиот правец на "Балканскиот пат". Но, таа претставува и држава каде се произведуваат синтетичките дроги и се одгледува марихуаната, најчесто во југоисточните делови на државата за домашни потреби како и за "извоз". Се смета дека најголемиот процент на хероинот од Азија, на пат кон Западнорвропските држави минува преку територијата на Р. Бугарија, како и прекурсорите кои се користат во производството на хероинот. Основниот патен правец кој се користи за недозволената трговија со дрога, т.н. "Балкански пат", кој минува низ Југоисточна Европа, претставува продолжение на т.н. "пат на свилата" кој минува низ Централна Азија. Дрогата која во Р. Бугарија пристигнува од Исток, кон Запад се транспортира преку т.н "северна балканска рута" низ Р. Романија. Другите правци на транспорт се во насока на Кавказ во Русија на Север и преку Медитеранот на Југ, како и преку т.н. јужна балканска рута, користејќи ја територијата на Р. Србија, Р. Македонија и Р. Црна Гора. Пристаништата во Варна и Бургас на Црното Море, се најчестите места каде пристигнува дрогата-кокаин, сокриена во контејнери кои преку морски пат пристигнуваат од Јужна Америка. Интересен е начинот на илегален пренос на овој вид дрога. Имено, кокаинот кој е подготвен во прашок, се става во капсули или кондоми, кои пак ги голтаат луѓето-транспортери, т.н. "мулиња". Така "филуваните мулиња" ја минуваат бугарската копнена граница и од територијата на една од соседните држави, по воздушен пат заминуваат во Западнорвропските земјите. Дрогата од Р. Бугарија најчесто се транспортира со помош на сувоземните превозни средства, автобуси, комбиња, патнички моторни возила и камиони, но и по воздушен пат за помали и по морски пат за поголеми количини дрога. Карактеристично за овој појавен облик на организиран криминал во Бугарија, е тоа што трансферот на хероин за останатите држави во Европа, се врши и преку туристички компаниии кои ги одржуваат патните линии од Турција преку Бугарија до Р. Македонија и Р. Албанија. Друг начин на нелегално пренесување дрога, е со користење на тајни контејнери, лоцирани во тоалетите на бензинските пумпи или паркиралиштата. Останатите видови дрога како на пр. марихуаната и амфетамините, во Р. Бугарија се произведуваат за домашниот пазар, но и за пазарот во Турција и земјите од Блискиот Исток. Илегалните посеви на марихуана во Бугарија се наоѓаат во југоисточните и југозападните делови на Бугарија. Тоа се регионите на Благоевград, Петрич, Варна, Пазарџик, Пловдив и Ќустендил. Но поради се позачестените активности на безбедносните структури, одгледувањето на марихуаната е префрлено во Северна Бугарија во регионите на градовите Враца и Русе.

Р. Грција. Недозволената трговија со дрога е многу битен сегмент во активностите на организираниот криминал во Р. Грција. Во 2001 година, според статистичките показатели е утврдено дека дури 90% од хероинот кој се пласирал на грчкиот нарко пазар е обезбеден од страна на турските и албанските структури на организираниот криминал, за

[133] http://www.nacional.hr/printable/articles/view/24016/...

денес тој процент да достигне дури и до 97%. Најголемиот дел од дрогата-хероин кој се пласира на грчкиот нарко пазар потекнува од Авганистан, а пристигнува преку нелегалните канали од Р. Турција и Р. Бугарија. И Р. Грција припаѓа во групата држави низ која минува т.н. "Балкански пат" преку кој се одвива недозволената трговија со дрога. Официјалните статистички податоци зборуваат дека злоупотребата на дрогата и бројот на зависници во Р. Грција е во постојан пораст, а возрасната граница на уживатели се намалува. Голем проблем во спречувањето на недозволената трговија со дрога во Р. Грција претставуваат ниските цени на хероинот кој се продава на улиците и кои денес изнесуваат помалку 20 евра за еден грам. Ова е најниската улична вредност на хероинот во државите од Европската Унија. Причината за вака ниската цена на хероинот е резултат на зголемувањето на производството на опиумот за 500%, во Авганистан од 2001 година па наваму, како и зголемениот број албански криминални групи и бројот на нивни членови во Р. Грција. Високата застапеност на албанските групи во оваа криминална активност, има негативно влијание на јавниот дискурс во Р. Грција и со тоа и врз политиката во земјата. Другата димензија на недозволената трговија со дрога, а со потенцијални политички последици е фактот дека повеќе од 15 години бројот на смртност на конзументите со предозирање во Р. Грција е зголемен за 1.800%, најчесто кај лица-конзументи на возраст помеѓу 18-35 години.

Според полициските извештаи дури 70% од дрогата од видот марихуана во Грција, е со потекло од Албанија и е внесена по копнен пат. Нејзиното внесување главно се извршува преку необезбедените премини на грчко-албанската копнена граница. Во помал број на случаи, недозволената трговија се врши и преку поморската гранична линија со Р. Албанија, со помош на хидро-авиони на релација од албанското крајбрежје кон островот Крф. Цените на албанската марихуана кај уличните дилери се ниски, споредено со домашната произведена марихуана во оранжериите во Централна Грција, или онаа со потекло од Блискиот Исток кои се со повисоки цени.

Со својот морски брег распослан меѓу Средоземното и Егејското море, но и со многубројните острови, Р. Грција се повеќе станува центар за меѓународната трговија со дрогата. Таа располага со најголемата поморска флота во светот, а тоа претставува одличен начин за нелегален транспорт на дрогата-кокаин кој пристигнува од Јужна Америка, а е наменет за конзументите во државите од Западна Европа, од причини што што тој транспорт е најефтин и најбезбеден.

Во врска со недозволената трговија на синтетички дроги, во Грција постепено се создаваат нови нарко пазари, но помали по размер, во споредба со веќе постојните нарко пазари на хероин и марихуана. Сепак, водејќи се од фактот што заплената на синтетички дроги се зголемила во текот на последните години, укажува на тоа дека криминалните структури се обидуваат што е можно повеќе да го развијат и внатрешниот високо доходовен нарко пазар со синтетички дроги.

Криминалистичките истраги спроведени од страна на безбедносните структури на Р. Грција и американската агенција за борба против дрога-ДЕА(DEA), покажуваат дека обемот на трговија со дрога и бројот на организираните криминални структури кои дејствуваат во Р. Грција се драматично зголемени.

Р. Косово. Денес, територијата на Косово е сеуште регион со највисоко ниво на активност на организираниот криминал во Југоисточна Европа и територија низ која минува еден од најзначајните патишта за нелегална трговија со опојна дрога која преку Централна Србија и Црна Гора завршува во некоја од Западнорвропските земји. Косовските и албанските структури на организираниот криминал ја превзедоа контролата над т.н. "Балкански пат" од турските криминални структури, која започна со функционирање за време на `70-те години. По 1995 година покрај дознаките од странство од косовската дијаспора, чии членови мораа да одвојуваат по 3% од нивните месечни примања, како и парите добиени од недозволената трговија со дрога беа основните извори за финансирање на развојот на Косово, но и за финансирање и вооружување на новоформираната т.н."Ослободителна војска на Косово" (ОВК).[134] ОВК целосно ја презеде под контрола недозволената трговија со дрога и каналите кои врвеа преку косовска територија за време на конфликтот и во периодот кој непосредно следеше. Недозволената трговија со дрога на Косово е зголемена, првенствено како резултат на зголемената трговија на Балканот, слабите државни органи, пред се безбедносните, правниот вакум кој се создаде во периодот од доаѓањето на меѓународните сили до воспоставувањето на новата законска регулатива од страна на администрацијата на УНМИК и сегашната на ЕУЛЕКС, порозноста на границите, слабата економија, корупцијата, сиромаштијата, големата невработеност и сл. Од вкупната количина на дрога која завршува на светскиот пазар, дури 65% минува низ територијата на Косово, додека на европскиот пазар 90% од хероинот го минува истиот пат. Исто така, 70% од дрогата на пазарот во Германија, Австрија, Швајцарија и Чешката Република е под контрола на косовските Албанци. Само во СР Германија, овие криминални структури, од оваа трговијата, остваруваат добивка од околу 1,5 милијарди долари. Во Унгарија, како и во Скандинавските држави, косовските Албанци контролираат 80% од недозволената трговија со хероин.

Р. Романија. Таа не претставува држава-извор на опојните дроги, туку таа претставува транзитна држава на правецот Исток-Запад, за природните дроги и во обратен правец за транспорт на синтетичките дроги и прекурсорите од државите на Западна Европа кон азиските држави. Р. Романија се простира долж северниот правец на т.н "Балкански пат", при што структурите на организираниот криминал ги користат црноморското пристаниште Констанца и меѓународните аеродроми. За одбележување е и фактот што по избивање на етничките судири во поранешна Југославија во доцните девеесети години, кога се прекина нелегалниот канал "Балкански пат", Романија стана една од неговите алтернативи.[135]

Зависно од типот на опојната дрога со која се тргува, безбедносните структури на Р. Романија успеале да детектираат неколку правци на недозволената трговија по видови и тоа :

- Меѓународна трговија со хероин

Територијата на Р. Романија како составен дел на "Балканскиот пат" и го претставува неговиот "северен крак". Хероинот пристигнува од

---

[134] http://www.intelbriefing.com/afi/afi010729.htm

[135] htpp://www.fas.org/irp/world/romania/securitate.htm

Авганистан, Пакистан и Иран, па преку Турција и Романија, по сувоземен пат се транспортира до нарко пазарите на западнорвропските држави како крајна дестинација. При извршување на активностите на оваа недозволена трговијата се користат моторни возила, камиони и автобуси, на транспортните претпријатија кои транзитираат низ територите на Романија и државите на поранешна СФРЈ, кон Западнорвропските држави. Новиот алтернативен пат за транспорт на хероинот, кој го откриле безбедносните структури на Р. Романија, започнува од Р. Турција, минува преку Р. Романија, Р. Молдавија и Украина, и завршува со иста крајна дестинација, нарко пазарите на некои од западнорвропските држави;

- Меѓународна трговија со кокаин

Во врска со недозволената трговија со овој вид на опојна дрога, романските безбедносни структури детектирале мал број организирани криминални структури со релативно слаби нелегални активности на територијата на Р. Романија. Главните активности на овие криминални структури се пронаоѓање и регрутирање на т.н. "курири", романски или странски државјани, кои се користат за нелегално транспортирање на кокаинот по воздушен пат во земјите од Западна Европа, а кој најчесто по морски пат пристигнува од некоја од државите на Јужна Америка во пристаништето Констанца на Црното Море;

- Меѓународна трговија со синтетички и т.н."лесни дроги"

Синтетичките и т.н. "лесни дроги", кои доминираат на нарко пазарот на Р. Романија, најчесто нелегално пристигнуваат од Р. Молдавија, преку членови на молдавските криминални групи, кои се и главните "дилери" на територијата на Р. Романија.

Според податоците на романските безбедносни структури, незначителни се активностите на организираниот криминал во врска со недозволената трговија на опојни дроги наменети за домашниот нарко пазар. Ова е обусловено од повеќе фактори и тоа: од малиот број на домашни корисници на т.н. тешки дроги, од релативно ниската куповна моќ на граѓаните, која ја одредува и ниската продажна цена, но и нискиот квалитет на овие дроги. Во контекс на горе изнесеното, е и релативно долгиот временски период потребен за враќање на инвестираните пари од страна на криминалните групи.

Р.Србија. Денес, значителен безбедносен проблем на Р. Србија претставува експанзијата на меѓународниот организиран криминал, изразен преку недозволената трговија со опојна дрога, која во последните години е една од најчестите облици на криминални активности. Во тој поглед, територијата на Р. Србија во изминативе години претежно била користена за транзит, но таа се повеќе е и земја на крајна дестинација. Присутна е појавата на интензивирање на соработката помеѓу криминалните структури од Р. Србија и криминалните структури од другите држави во регионот, без оглед на нивната национална и религиска припадност и конфликтите кои се случија на Балканот во последниот период. Ова се поткрепува со фактот дека, добро развиените нелегални канали кои водат кон западнорвропските земји, минуваат преку територите на поранешни-југословенските републики, Р. Србија, Р. Хрватска, Р. Босна и Херцеговина и Р. Словенија.

Специфичната позиција на регионот на Рашка е поволен за егзистирање на недозволената трговија со опојна дрога, од причина што најголемиот број на нелегални патишта водат преку Рашка и Централна Србија. Според криминалистичко-разузнавачките податоци, најчесто користениот пат за недозволената трговија со опојна дрога која на територијата на Р. Србија пристигнува од земјите од Блискиот Исток, Турција и Албанија, започнува од Косово и оди кон Јужна и Централна Србија и Рашка, каде помал дел од дрогата останува за потребите на нарко-пазарот во Србија, а поголемиот дел транзитира преку соседните Црна Гора, Хрватска и Босна и Херцеговина до крајната дестинација во некоја од Западнорвропските држави.

При спроведување на активностите на недозволената трговија со опојна дрога, се користат сите транспортни средства, а најчесто тоа се патнички моторни возила и автобуси во посебно адаптирани "бункери", камиони натоварени со различни стоки, но се користат и специјални курири, или компании кои испорачуваат разновидна стока. Опојните дроги кои транзитираат преку територијата на Р. Србија се транспортираат и со бродови преку реката Дрина кон Босна и Херцеговина и преку реката Дунав кон Хрватска.

Р. Хрватска. Структури на организиран криминал од Р. Хрватска, кои се дел од синџирот на недозволена трговија со опојни дроги кои пристигнуваат од азиските земји. Така, територијата на Р. Хрватска претставува дел од маршрутата на опојните дроги во двата правца Исток-Запад, со пружање логистичка поддршка од страна на домицилните структури на организиран криминал. За истакнување е што денес, добар дел од дрогата останува за домашните конзументи, кои од ден на ден стануваат побројни, особено во летниот период кога ним им се придружуваат и странските туристи-зависници кои летуваат на хрватскиот дел од Јадранското крајбрежје. Структурите на организираниот криминал, по осамостојувањето на Р. Хрватска успеаа да ги искористат и големите хрватски морски пристаништа за спроведување на активностите на недозволена трговија со опојна дрога, посебно кокаинот кој пристигнува од државите од Јужна Америка.

Р. Црна Гора. Територијата на Р. Црна Гора претставува транзитна зона и е дел од т.н. "Балкански пат" која се користи за нелегална трговија со наркотични средства. Во самата мрежа на меѓународната трговија со дроги, Р. Црна Гора не е земја на потекло, ниту произведувач на дрога. Извесен број на локални криминални структури инволвирани во недозволената трговија со дрога, не само што се поврзани на локално ниво, туку истите одржуваат и блиски контакти со слични криминални структури од соседните земји. Активностите на полето на недозволената трговија со дроги се карактеризираат со различен "modus operandi", изразени преку употреба на курири, инсталирање на специјален простор т.н. "бункери" за складирање во возилата и камионите, организирање на "стража", "претходница", користење на понефреквентни и споредни патишта, или дури и непристапни шумски предели за транспорт на дрогата. Внесувањето на дрогата во Р. Црна Гора, се врши преку веќе востановените канали, користени и за други криминални активности, што е потпомогнато од специфичната конфигурација на теренот на граничната област кон Албанија и Косово. Идентификувани се два патни правци: т.н. "Северен коридор" кој се протега преку Северна Црна Гора

(Плав, Рожаје, Беране, Пљевља, Никшиќ и понатака кон Република Српска и БиХ), како и патниот правец долж црногорското приморје, кој особено се користи за време на летните месеци. Пристаништето Бар, аеродромите во Подгорица и Тиват, како и железничката линија Бар–Белград, исто така интензивно се користат за спроведување на гореспоменатите активности.

Во однос на структурата на дрогите кои транзитираат низ Р. Црна Гора, најзастапени се марихуаната и хероинот. Марихуаната илегално се транспортира преку земјени патишта, додека транспортот преку водени патишта, особено преку Скадарското езеро, во последно време е намалено по интензитет. Криминалните структури тежнеат да ја користат црногорската територија и како еден од пунктовите од таканаречениот "Балкански пат", за недозволена трговија со кокаин кон земјите на Западна Европа. Во таа насока, пристаништето Бар е од особен интерес, земајќи во предвид дека во криминалната средина, ова пристаниште е оценето како најсоодветна точка за прекуокеанските транспорти на кокаин од Јужна Америка кон Европа. Регистрирано е дека некои државјани на Црна Гора кои работат за интернационални поморски компании, зависно од задолженијата кои ги вршат на бродовите, повремено се ангажирани како курири во трансферот на кокаин од Јужна Америка кон Европа. Илегалниот транспорт на дрога, пред се хероин од Црна Гора, преку Јадранското море кон Италија, ја претставува последната етапа од патот, кој води од Турција, преку Бугарија и Македонија до Косово, а од таму преку Црна Гора или Албанија до Италија. Дрогата на италијанска страна ја прифаќаат за понатамошна продажба и транспорт криминалните структури на "Сакра Корона Унита" од регионот на Пуља, како и неаполската "Камора". Овој алтернативен пат беше воспоставен по пресекување на познатиот "Балкански пат", заради започнување на воените дејствија во поранешна Југославија, и беше најактуелен се до престанување на воените дејствија во регионот.[136]

1.2. Недозволена трговија со моторни возила

Кражбите и трговијата со украдени моторни возила претставува сериозен проблем во меѓународни рамки. Според некои проценки и остварениот профит, криминалот со моторни возила е веднаш до недозволената трговија со дрога и луѓе. Имено во земјите членки на Европската Унија, на годишно ниво се одземаат (крадат) од 450-500 илјади возила на кои им се губи трагата, па ако се земе за просек дека вредноста на едно луксузно моторно возило изнесува околу 15.000 евра, профитот на криминалните групи би изнесувал околу 7.5 милијарди евра. Украдените возила од Западнорвропските земји најчесто завршуваат во земјите од поранешните советски републики, земјите од Балканот, од Блискиот Исток, како и земјите на африканскиот континент, од каде потекнуваат и најголемиот број криминалци и организирани криминални групи, како на пр. руските, чеченските, албанските, бугарските, нигериските и др. За украдените возила криминалните структури изготвуваат фалсификувана документација

[136] http://www.iwpr.net/index.pl?archive/bcr/bcr_19991012_3_eng.txt

потребна за нивниот транспорт, или легализација во земјите крајни дестинации.

Техничката заштита на моторните возила денес не претставува поголема пречка за криминалците за нивни кражби заради понатамошна трговија со нив.

На почетокот на девеесетите години од минатиот век не беше за занемарување пазарот на Балканот кој по распаѓањето на СФРЈ и промената на режимите во Албанија, Бугарија и Романија, побаруваше луксузни моторни возила. Овој облик на организиран криминал можеби не претставува сериозна закана за националната безбедност на државите, но штетите на економски план стануваат видливи првенствено за оштетените граѓани и осигурителните компании. Составен дел на овој облик на организиран криминал се и т.н. "осигурителни измами" при што осигурителни компании претрпуваат огромни финансиски штети. Познат е и феноменот на "откуп на возила" во случаи кога криминалците по извршената кражба им нудат на сопствениците за одреден паричен надомест, најчесто 5000 евра па нагоре да го откупат сопственото возило.

Р. Албанија. Кражбите и недозволената трговија на моторни возила е многу популарна во Р. Албанија и ја рефлектира состојбата на недостаток од правна свесност за дел од албанското општество. Голем дел од украдените возила од Западнорвропските држави завршуваа во Р. Албанија, каде нејзините жители на многу лесен начин успеваа да ги стават во легален правен сообраќај.

Р. Босна и Херцеговина. По започнување на воениот конфликт во поранешна Југославија, босанските криминални структури со помош на парамилитантните структури на етничките заедници на србите, хрватите и бошњаците, успеаа да извршат кражби на возилата од производствената програма на фолксваген, од тогашната фабрика за автомобили во Сараево "ТАС" и преку сеуште порозните граници на поранешната држава, за многу ниска цена да ги пласираат низ скоро сите дотогашни републики. На овој начин, овие структури успеаа да се стекнат со значителни парични средства од кои дел ги присвоија за лични цели, а дел ги наменија за купување на оружје. Р. Босна и Херцеговина денес претставува транзитна држава, но и држава на крајна дестинација за возилата украдени во државите од Западна Европа, кои со употреба на фалсификувани документи ги управуваат на нејзина територија.

Р. Бугарија. Структурите на организираниот криминал од Р. Бугарија, беа меѓу првите од овој регион што го практикуваа овој облик на организиран криминал. Имено, голем број на украдени возила од Западнорвропските држави завршуваа во Р. Бугарија, од каде пак се задоволуваше потребата за луксузни возила на купувачите од државите од Балканот, како и на купувачите од Блискиот и Средниот Исток. Но, бугарските криминални структури своите активности за вршење кражби и недозволена трговија со нив, ги насочуваа и кон државите од овој регион, особено кон соседните. Така во спрега со домицилните криминални структури, голем број на возила украдени од Балканските држави исто така завршуваа во државите на Блискиот Исток, но и во државите настанати со распадот на поранешниот СССР.

Р. Грција. Таа како членка на Европската Унија, претставуваше излезна, но и влезна порта за украдените и тргувани моторни возила.

Најчестите правци за излез на овие возила користејќи го бродскиот транспорт беа, кон државите од Блискиот Исток, а за влез правците водеа кон Бугарија, а преку Р. Македонија кон Р. Албанија.

Р. Косово. Структурите на организираниот криминал од Косово, украдените моторни возила од западнорвропските држави, најчесто од Италија, Швајцарија, Германија, Чешка и Полска ги префрлаат на своја територија на Косово. Еден дел од овие возила останува за потребите на домашниот илегален пазар, додека другиот дел од овие возила го продолжува патот кон соседните држави, но и подалеку кон државите од Блискиот Исток.[137]

Р. Романија. Територијата на Р. Романија, најчесто претставува транзитна држава за недозволена трговија на луксузни моторни возила, во правец од државите од Западна Европа кон државите од поранешниот Советски Сојуз, Блискиот Исток, но и за државите од Балканот.

Р. Србија. На територијата на Р. Србија, недозволената трговија со моторни возила претставува организирана активност од меѓународни размери. Имено, моторните возила кои се украдени во Р. Србија, завршуваат во Р. Хрватска и Р. Босна и Херцеговина, каде се врши размена за исти такви украдени од нивните територии. Другиот дел од украдените возила завршуваат на Косово, Македонија и Црна Гора. Еден канал за недозволена трговија со моторни возила води кон Молдавија, Украина, Белорусија и Русија, а друг преку Бугарија кон Турција и државите од Блискиот Исток- Ирак и Сирија.[138]

Според Игњатовиќ, оваа криминална активност во Р. Србија е разработена до тој степен, што нарачаните возила може да се добијат во рок од два часа, доволни возилото да се украде, да се изврши негово фалсификување со бришење на старите и вметнување на нови идентификациони броеви на моторот и шасијата, како и преинсталирање на постојните софтверски и алармни системи.[139]

Р. Хрватска. Во текот на војната 1993 и 1994 година во Р. Хрватска, каналите на недозволена трговија се користеа и за трговија со украдени луксузни автомобили. Така конвои со украдени возила, организирани од страна на високи армиски офицери и агенти на тајната служба на Р. Хрватска, во тоа време се движеа кон Р. Србија, а во спротивна насока се движеше дрогата, најчесто хероинот. Денес, територијата на Р. Хрватска се користи за транзит на недозволено тргуваните возила од државите на Европската Унија, но и како нивна крајна дестинација заради задоволување на домашните купувачи на луксузни, но поефтини моторни возила.

Р. Црна Гора. Таа претставува држава на крајна дестинација на украдените и нелегално тргувани луксузни моторни возила, кои се со потекло од соседните држави, како и државите од Западна Европа. Најзначајните канали за недозволена трговија кон Р. Црна Гора водат преку Косово, Босна и Херцеговина и Србија, а тоа се истите оние кои криминалните структури ги користат за изведување на активности за останатите видови недозволена трговија.

---

[137] www.media.srbija.gov.rs/medsrp/.../bela_knjiga1.p...

[138] Mijalković S.-*"Obaveštajno-kriminalistički aspekti suprostavljanja automafiji"*, rad izložen na međunarodnoj konferenciji *"Politika suprostavljanja organizovanom kriminalu"*, Centar za bezbednosne studije, Beograd, 2008

[139] Ignjatović Đ. –"*Organizovani kriminalitet*", Policijska akademija, Beograd, 1998

1.3. Недозволена трговија со оружје

Големиот број вооружени судири на светско ниво, но и внатрешните во државите, предизвикуваат зголемена побарувачка на пазарот на оружје, муниција и воена опрема. Ова ги мобилизира структурите на организиран криминал кои од вака создадената ситуација гледаат можност за остварување голем профит. Затоа тие со згаснување на некое воено жариште, своите активности ги усмеруваат кон ново, каде нелегално ги пласираат оружјето, муницијата и воената опрема за потребите на учесниците во новите воени дејствија.

Недозволената трговија со огнено оружје е еден од најопасните облици на организиран криминал и претставува реална закана за националната безбедност на државите, но и за цели региони. Предмет на недозволената трговија се конвенционалното и неконвенционалното оружје и технологии, кои силно влијаат врз воените конфликти во одредени региони но и пошироко. Недозволената трговија со оружје ги покрива сите подрачја на светот во кои се водат меѓународни или внатрешни граѓански војни, вооружени преврати, или судири на парамилитантни формации со државните органи, како и редовно вооружување на регуларните вооружени формации на државите.[140]

Хуманитарните и социо-економските последици кои се резултат од недозволената трговија со оружје, се огледаат преку константно одржување на вооружени конфликти, зголемување на нивото на насилство, миграции на цивилното население, ерозија на меѓународното право, или преку попречување на доставување на хуманитарна помош до жртвите на вооружените конфликти. Она што му погодува на постоењето и развојот на овој облик на организиран криминал, се слабо обезбедените магацини за оружје кои се ограбуваат, или се резултат на "матни" зделки на корумпираните владини функционери, како и резултат на искористувањето на слабите извозно-увозни контроли во поедини држави. Ова нелегалното оружје, обично завршува во рацете на паравоените организации вклучени во вооружени конфликти, или во рацете на криминални или терористички структури.

Според одредени статистички показатели, недозволената трговија со оружје генерира криминална добивка од околу 500 милиони евра на годишно ниво, а од секои дванаесет луѓе, на осум оружјето им е лесно достапно особено во регионите на конфликт, што укажува на тоа дека станува збор за особено опасен криминален чин. Структурите на организиран криминал тргуваат со оружје и муниција за кое граѓаните од властите во домицилните држави можат да добијат легални дозволи, но и со оружје кое го нема во слободна продажба на пазарот и се користи во воени цели, како и со хемиското, биолошкото и нуклеарното оружје.

Недозволената трговија со оружје како криминална трансакција се прикрива на разни начини и тоа: со користење на лажни документи со кои се крие вистинскиот примател на оружјето; со лажни документи со која се крие воената природа на предметите и со лажни декларации со кои се крие вистинскиот испорачател. Добивањето на лиценци кои се составен дел од извозниот процес, дури и фалсификуваните, придонесуваат илегалните трансакции со оружје да изгледаат легални.

---

[140] Камбовски В. – *"Организиран криминал"*, "2-ри Август С"- Штип, Скопје, 2005

Се додека трансакцијата изгледа легална, трговците со нелегално оружје можат да го договорат плаќањето на некој од типичните легитимни начини и да ги користат нормалните методи на транспорт на стотиците тони оружје, вредно повеќе милиони долари.[141]

Во регионот на Југоисточна Европа, посебно на Балканот, а особено по распадот на СФРЈ и по уривање на стариот политички систем во Р. Албанија, криминалните структури најдоа погодно тло за реализација на своите криминални активности и заработување на големи количини пари од недозволената продажба на оружје на сите завојувани страни во конфликтите кои следеа. Иако, потенцијално многу опасна криминална активност, недозволената трговија со оружје претставува најмалку видлив облик на организираниот криминал во регионот на Југоисточна Европа. Оваа криминална активност опфаќа: недозволена трговија на мало и лесно оружје и недозволена трговија со автоматско оружје и муниција, ракети, експлозиви и воена опрема.

По завршувањето на воените конфликти на територијата на поранешна СФРЈ и откако новоформираните држави од овие простори престанаа да бидат интересна дестинација за пласман на нелегалното оружје, тоа како и вишокот во дотогаш завојуваните држави, се пренасочи на нелегалните пазари во конфликтните области во азиските и африканските држави.

Меѓународните структури на организиран криминал, терористите и корумпираните владини службеници како нивна поддршка, покрај нелегалната трговија со оружје, по распадот на Советскиот Сојуз се повеќе се вклучуваа во недозволената трговија на нуклеарниот материјал за изработка на оружје за масовно уништување и на радиоактивниот отпад и опасните материи. Конфликтите во поранешниот Советски Сојуз и во регионот на Југоисточна Европа, се покажаа како профитабилни за криминалните структури од Русија и Италија. Потеклото на овој материјал најчесто беше од државите на поранешниот Советски Сојуз, од причини што веќе ја немаше моќната државна контрола врз овој нуклеарен материјал, а која беше присутна за време на "Студената војна".

Првите случаи на недозволена трговија со нуклеарен и друг вид радиоактивен материјал, се јавија во 1990 година, по распадот на СССР и појавата на бранот кражби и недозволена трговија со овие материјали во Русија, Литванија, Украина и Казакстан, кои дотогаш беа негови конститутивни делови, а неговиот пат водеше кон земјите од Европа, Блискиот и Далечниот Исток.[142] Како што криминалните структури стануваа се помоќни, а нуклеарниот материјал стануваше се подостапен на нелегалниот пазар од повеќе причини, заканата од негова употреба за изработка на оружје за масовно уништување стануваше се посериозна на светско рамниште. Опасноста од недозволената трговија со нуклеарниот материјал, е и во тоа што во 80% од случаите од истрагите кои ги водат меѓународните институции за спроведување на законот, не може да се одреди крајната дестинација ниту крајниот корисник на радиоактивниот

---

[141] Лајман М.,Потер Г. – *"Организиран криминал"*, Магор, Скопје, 2009

[142] Во овие држави, на официјалните гранични премини во тоа време немало инсталирано софистицирана опрема за детекција на радијацијата и откривање на нелегалното префрлање на нуклеарниот материјал, или нуклеарното оружје, што претставувало големо олеснување на криминалните структури во спроведување на своите нелегални активности.

материјал или оружје. Веројатно е, дека во многу случаи вакви истраги било тешко да се спроведат или не постоеле, од причини што овој материјал, или бил препродаван повеќекратно од една криминална група на друга, или бил продаван на тајни агенти на безбедносно-разузнавачките служби на некои од заинтересираните држави. Сепак, најголема опасност претставува доколку нуклеарниот материјал, или нуклеарното оружје, како и класичниот експлозив дојде во рацете на некоја од меѓународните терористички структури. Со оглед на огромниот профит што структурите на организираниот криминал го стекнуваат од традиционалните криминални активности како на пример недозволената трговија со опојна дрога и луѓе, недозволената трговијата со нуклеарни материи некој пат можеби и не е нивниот прав избор. Сепак, овој облик на недозволена трговија се спроведува, доколку криминалните структури извршат проценка, дека таа недозволена активност може да биде високо профитабилна за нив.

Р. Албанија. Во 1997 година, за време на кризата во Р. Албанија, беа ограбени голем број на полициски и воени постројки и магацини, од каде според извештаите, биле одземени повеќе од 200.000 пушки од типот АК-47 (популарните Калашникови), 350.000 пушки од типот М44/SKS, 40.000 авоматски пиштоли, 2500 гранати за минофрлачи, стотици илјади рачни бомби, како и неколку милиони парчиња пиштолска и пушчана муниција. Голем дел од ова украдено оружје и муниција заврши на нелегалниот пазар на оружје во албанскиот град Тропоја на границата со Косово, каде на пр. една пушка од типот АК-47 (Калашников) во 1998 година можеше да се купи за 150 тогашни германски марки.[143] Голем дел од ова оружје, заврши и во рацете на Ослободителната војска на Косово(ОВК), а подоцна со него беа вооружени и албанските терористички групации на ОНА кои го предизвикаа етничкиот конфликт во Македонија во 2001 година.

Р. Босна и Херцеговина. Првите активности на недозволената трговија со оружје во Р. Босна и Херцеговина започнале непосредно пред војната во деветесетите година на минатиот век, а и сеште има индиции за активности во оваа сфера. Во мирнодопските услови вишокот на оружје со одлука на државните власти се продавало, но проблемот бил во начинот на продажба и кому ова оружје се продавало. Некогаш оваа продажба се вршела преку полуприватни канали што често се поистоветува со недозволената трговија. Со недозволена трговија со оружје и муниција во Босна и Херцеговина се бават поединци, структури на организираниот криминал, но и државни фирми кои за да ја намалат висината на данокот, оружјето кое е предмет на трговија го претставуваат како сопственост на Р. Босна и Херцеговина. Ова се потврдува со случаите на препродажба на старите полуавтоматски пушки т.н. "паповки" и трговијата на воздухопловниот завод "Орао" со Ирак, што создаде сериозни закани за воведување санкции, заради кршењето на ембаргото за извоз на оружје во Ирак.[144] Недозволената трговија со оружје која беше под контрола на владата на БиХ во

---

[143] http://www.balkanpeace.com/cib/kam/kosd/kosd01.shtml

[144] Прленда А.–*"Организовани криминалитет и регионална сигурност"*, Криминалистичке теме бр. 3-4/2003, Факултет криминалистичких наука, Сарајево, 2003

периодот на етничките судири, 1992-1995 година, беше со цел снабдување на армијата на босанските муслимани, која беше потпомогната и од државите од исламскиот свет. Најчесто недозволената трговија се одвивала преку хуманитарната организација за муслимани под името TBPA (TWRA), основана во Виена, Австрија во 1987 година. Во 1992 година TBPA отворила канцеларија во Сарајево, а на нејзината сметка во "Die Erste Österreich bank" во Виена, се слевале огромни пари од муслиманските држави-Саудиска Арабија, Иран, Судан, Турција, Брунеи, Малезија и Пакистан, со цел набавка на оружје за муслиманската армија на БиХ.[145] По повлекувањето на TBPA од Виена во Истамбул во 1995 година заради превземените активности на антитерористичката полиција на Австрија, Иран стана најважниот снабдувач со оружје на босанската муслиманска влада. Износот на криумчареното оружје, во периодот на 1994-1995 достигнал помеѓу 500 и 800 милиони американски долари. Во тој период и муслиманските држави од Африка, како на пр. Уганда, Судан и Демократска Република Конго, снабдувањето со оружје на босанската муслиманска армија пред светот го правдаа од "хуманитарни причини".[146]

Структурите на организиран криминал кои на територијата на Р. Босна и Херцеговина се занимаваат со недозволена трговија со оружје, се од мешовит состав, односно составени се од домашни и криминалци од останатите поранешни југословенски републики.

Р. Бугарија. Недозволената трговија со оружје во Р. Бугарија, започна со распадот на "Варшавскиот Договор", а посебно по падот на комунистичкиот режим на Тодор Живков. Тогаш големи количина на лесно и тешко вооружување, претежно од руско производство се најдоа на илегалниот пазар на оружје. Како главни трговци се јавија домашните и странските структури на организираниот криминал чија специјалност беше токму недозволената трговија со оружје. Со ова оружје најчесто се тргуваше со државите од Африканскиот континент и државите од Блискиот Исток кои претставуваа кризни и воени жаришта. За време на етничките судири на просторот на поранешна Југославија, бугарските криминални структури беа многу активни, некој пат поддржани и од државните структури, во снабдувањето на завојуваните страни со најновите видови оружје. И денес овој вид на недозволена трговија е една од приоритетните нелегални активности на бугарските структурите на организиран криминал во симбиоза со други меѓународни криминални структури, најчесто албански и руски.

Р. Грција. Таа претставува важна транзитна држава во спроведување на недозволената меѓународна трговија со оружје. Албанските, италијанските и руските криминални структури интензивно ја користат скоро целата територија на Р. Грција за спроведување на недозволената трговија со оружје, експлозив и муниција. Грчките безбедносни структури проценуваат дека на годишно ниво во Р. Грција преку нелегалните канали влегуваат 50.000 парчиња пиштоли. Ова оружје во Р. Грција најчесто го внесуваат криминалните структури од поранешниот СССР, на патот кон Италија и во други држави на

---

[145] http://www.bhdani.com/arhiv/1999/122/t223a.htm
[146] http://www.nisat.org/publications/armsfixers/Chapter4.html

Западот[147]. Огромните профити добиени од овој вид недозволена трговија, се "перат" во Грција и Кипар, каде "руската мафија" има инсталирано силна логистичка поддршка, особено кај некои од "влијателните државни функционери". Покрај руските и албанските криминални структури играат многу важна улога во оваа нелегална трговија. Податокот зборува за оружје од околу 500.000 парчиња, кое тие нелегално го трансферираа преку територијата на Р. Грција, а кое потекнуваше од масовните кражби во воените и полициските магацини во Р. Албанија во текот на 1997 година. Најчесто оружје кое е предмет на трговија во Р. Грција се руските автоматски пушки и нивните копии од типот "калашников", израелските "узи", но и ракетните лансери. Островот Крит претставува најголем центар за недозволената трговија со оружје, но албанските организирани криминални структури имаат воспоставено значајни пазари и во делтата на реката Еврос во градот Јанина, како и во североисточниот и северозападниот дел на Грција.[148]

Р. Косово. Недозволената трговија со оружје и експлозив е меѓу основните криминални активности на косовските структури на организираниот криминал. Ова особено беше изразено со воената криза на Косово, кога големи количини на лесно и тешко оружје, муниција и експлозив, набавени во странство од страна на косовската и албанската дијаспора, преку нелегалните канали, а со помош на криминалните структури беше доставувано до припадниците на т.н. Ослободителна војска на Косово(ОВК). Косовските структури на организиран криминал, недозволените активности во трговијата со оружје ги насочуваат кон Р. Македонија, Р. Бугарија, Р. Албанија, но и кон Чешката Република.

Р. Романија. Голем број од припадниците на романската служба за државна безбедност, позната под името "Секуритате", одиграле важна улога во развојот на т.н. "црн пазар", посебно за недозволена трговија на оружје и муниција. Слично како во Р. Бугарија од периодот на распадот на "Варшавскиот Договор", големите количини на оружје и муниција, претежно од руско производство со кое беа опремени воените и безбедносните структури се најде на продажба на црниот пазар. Поранешните припадници на "Секуритате" сега во улога на припадници на структурите на организираниот криминал, или криминални шефови, го водеа главниот збор во овој профитабилен облик на организираниот криминал. За време воените дејствија, во деведесетите години од минатиот век, романските криминални структури илегално тргуваа со оружје со криминалците од новосоздадените држави настанати по распадот на СФРЈ. Големи количини од ова оружје, преку Црноморското пристаниште Констанца, беше пласирано и на Блискиот Исток и во некои од државите во Африка и Јужна Америка за потребите на бунтовничките или герилски движења и за криминалните структури. И денес сеуште функционира истиот канал, но криминалците ги користат и добро етабliраниот "Балкански пат", како и нововоспоставените сувоземни канали до крајните корисници.

Р. Србија. Големи количини на оружје и воена опрема по распадот на СФРЈ и растурањето на ЈНА, останаа во новоформираната држава

---

[147] http://www.nisat.org>
[148]http://www.iansa.org>

Сојузна Република Југославија. Со оглед на тоа што ова оружје и воена опрема ги надминуваше потребите на државата, а полека и тие технолошки застаруваа, се наметна потребата од нивно ослободување, а воедно и остварување профит од тоа. Преку легални канали дел од ова оружје се пласираше во Азиските, Афричките и Јужно Американските држави, кои беа членки на Клубот на Неврзаните држави, но и во воените и кризни жаришта од истите континенти. Откако меѓународната заедница во деведесетите години од минатиот век ги наметна санкциите кон СРЈ, се создаде потреба ова оружје да продолжи да се извезува, овој пат следено со фалсификувана документација, или користејќи ги веќе утврдените нелегални канали на структурите на организиран криминал. Главната улога во овој "бизнис" кој беше под државен патронат, ја имаа тајните безбедносни служби во спрега со структурите на организираниот криминал добро етаблирани на "црниот пазар".

Р. Хрватска. Во однос на недозволената трговија со оружје, Р. Хрватска претставува земја на потекло, т.н. криминалните групи превземаат активности за нелегален извоз на оружје од Р. Хрватска до земјите баратели. Но, нејзината територија се користи и за транзитирање на нелегалното оружје од странско потекло преку воспоставените нелегални сувоземни, поморски и воздушни патишта. Дел од оружјето, муницијата и експлозивот што се произведуваше во Р. Хрватска преку овие канали заврши во рацете на припадниците на некои од терористичките организации, како на пр. шпанската ЕТА и ирската ИРА. Ова се поткрепува со фактот што во почетокот на 1998 година, француските безбедносни структури на територијата на францускиот дел на регионот Баскија, запленили пратки на експлозив, антиперсонални мини, пиштоли и гранати произведени во Хрватска, како и фактот дека при извршениот атентат врз Мануел Хименез Абад, претседателот на Народната партија во Шпанија е користен воен пиштол кој бил произведен во Хрватска во фабриката за оружје во Ожаљ, јужно од Загреб.[149] Предметниот пиштол бил еден од трите пиштоли со ист сериски број. Повеќеструкото нумерирање на оружјето претставува најстар трик во недозволената трговија со оружје.

За време етничките судири во 1991 година во Р. Хрватска постоеа два главни нелегални канали преку кои се одвиваше недозволената трговија со оружје. Така, поголемиот дел од нелегалното оружје внесено во Р. Хрватска во тој период, беше од руско производство, "увезено" од Унгарија, но и внесено преку територијата на Р. Словенија. Вториот нелегален канал за внесување на нелегалното оружје го покриваше поморскиот пат од Јужна Америка, а кое оружје претежно беше донација од хрватската дијаспора која таму живее и која беше најорганизирана од сите поранешни југословенски народи, надвор од границите на своите матични држави. Сите овие операции на недозволена трговија со оружје беа под контрола на тогашната хрватска безбедносна информативна служба и на безбедносната служба на хрватското министерство за одбрана.[150]

---

[149] Shcepanovic I. – *"Smuggling of weapons: Four Suspects Released"*, published in the Irish News (Belfast) October 17, 2002 (FBIS Document EUP20021011700012 2)

[150] http://www.fas.org/irp/world/croatia/hatzadony.html

1.4. Недозволена трговија со токсичен отпад и нуклеарни материи

Благодарение на глобализацијата, брзиот техничко-технолошки напредок и индустриски развој кон крајот на минатиот и почетокот на овој век, доведе до ситуација да високо развиените држави се соочат меѓу другото и со проблемот за безбедно депонирање и складирање на токсичниот и нуклеараниот отпад. Фактот што западнорвропските држави мораат да вложуваат огромни средства за депонирање на радиоактивниот отпад на безбедни места на своите територии, а за што се во постојан судир со домашната јавност и со невладините организации кои се борат за заштитата на животната средина, овие држави настојуваат да го решат овој проблем, најчесто со изнесување на овие видови отпад од нивните територии, со цел да го заштитат своето население.

Ова го чинат на легален, но и на нелегален начин. Со оглед на тоа што државите, а тоа се најчесто сиромашните, од Африка, Азија, но и државите од регионот на Источна и Југоисточна Европа, добиваат високи профити за да дозволат на нивната територија депонирање и складирање на овие видови отпад, структурите на организираниот криминал и овде го нашле свој интерес. Така тие се почесто се јавуваат во улогата на посредници, организатори, или координатори како на легалните, така и на нелегалните активности за транспорт и складирање на токсичниот отпад и нуклеарните материи од развиените западнорвропски држави во неразвиените.

Нелегалното депонирање на опасните материи, токсичниот отпад, или радиоактивните материи со кој координираат организираните криминални структури, денес претставува високо профитабилна активност. Особена опасност претставува методот кој го користат криминалците со цел да ја прикријат активноста на недозволена трговија, а тоа е кога токсичниот отпад и нуклеарните материи ги мешаат со друг отпад, најчесто разновидни метали кои се користат како секундарни суровини за рециклирање. Подготвен на овој начин отпадот завршува во железарниците на веќе споменатите држави. За да ја спроведат успешно и со голема сигурност оваа недозволена активност, криминалните структури стапуваат во симбиоза со експерти од оваа област, со големите трговци, како и со некои од сопствениците на големите производствени капацитети, чиј интерес е што побрзо и на сигурен начин да се ослободат од отровниот отпад и да го изнесат надвор од државата. Организираниот криминал преку овие активности настојува да продре до самиот врв на власта и во големите меѓународни организации и се обидува да оствари свое влијание кога се водат преговорите и кога се планираат идните инвестиции за изградба на објектите како дел од стопанскиот развој на државите, при што во обзир се зема само економскиот ефект, запоставувајќи ги интересите за заштитата на животната средина со непочитување на определени норми и стандарди. На овој начин до израз доаѓа увозот на застарена технологија, внесување и складирање на радиоактивните и други опасни материи.[151]

---

[151] Бошковиќ М.- *"Организовани криминалитет и корупција са посебним осврtом на*

По распадот на Советскиот Сојуз се јави голем проблем околу незаштитеноста на воените магацини и објекти каде се чуваат нуклеарни материи-ураниум, плутониум, како и црвената жива која самата по себе не е нуклеарна материја, но се употребува при изработката на нуклеарните боеви глави, што создаде одлични предуслови за развивање на активностите на организираните криминални структури. Најголемата опасност која произлегува од овој вид недозволена трговија е кога некои од терористичките организации би дошле во ситуација да набават нуклеарно оружје со цел да го употребат при изведување на терористичките напади.

Недозволената трговија со токсичен отпад и радиоактивни материи во Р. Босна и Херцеговина се спроведува на сличен начин како и останатата недозволената трговија, притоа користејќи ги сите расположливи превозни и преносни средства. Увозот на овие опасни материи се врши со фалсификувани документи, при што се декларира друга роба за увоз во државата. Како еден од начините за увоз на овие опасни материи во Р. Босна и Херцеговина е и примената на разните притисоци од страна на странските партнери кои во својство на продавачи вршат уцена врз домашните купувачи, дека ќе им ја продадат бараната стока по многу поволни услови, доколку со помош на фалсификувана документација во државата внесат и одредена количина на овие опасни материи[152].

На сличен начин, најверојатно се изведуваат криминалните активности на недозволената трговија со токсичен отпад и радиоактивен материјал и во останатите држави од регионот на Југоисточна Европа со оглед на тоа што истите се наоѓаат на релативно мал простор низ кој минуваат голем број илегални канали, а истите се со недоизграден политичко-правен систем и се со кревка демократија, нападнати од големата невработеност и сиромаштијата, без оглед на фактот што Р. Бугарија и Р. Романија се членки на Европската Унија од 2006 година.

1.5. Недозволена трговија со луѓе и криумчарење мигранти

Геостратегиската положба на регионот на Југоисточна Европа ја прави најкратка копнената врска помеѓу државите од Блискиот, Средниот и Далекиот Исток, од каде што доаѓаат најголемиот број незадоволни граѓани од една страна и државите членки на Европската Унија, како најпожелни дестинации на овие мигранти од друга страна. Недозволената трговија со луѓе и криумчарење мигранти како феномен, мора да се разгледува во рамките на домашните и меѓународните движења и миграции кои се поинтензивно се случуваат како резултат на глобализација, вооружените конфликти, или преструктуирање на државите и трансформација на политичките граници.

Отворањето на границите по политичките промени во Европа од 1990 година покрена лавина од масовни легални и илегални миграции на населението од поранешниот Советски Сојуз и од другите источни и

Републику Српску", Бања Лука, 2004

[152] Исто

југоисточни европски држави кон богатите западнорвропски држави. Денес и покрај општиот цивилизациски напредок и развој на свеста за нужно унапредување и заштита на правата и слободите на луѓето, сеуште е присутна праксата на драстична повреда на основните вредности но и животите на луѓето, огледана преку недозволената трговија со луѓе. Како еден од облиците на организиран криминал, недозволената трговија со луѓе во последните години зазема згрижувачки размери. Оваа трговија е еден од најопасните облици на организиран криминал не само од причини што се кршат човековите права и слободи, туку и заради фактот што се засегнати најранливите категории во општеството, а тоа се жените и децата. Експлоатацијата на жртвите на недозволената трговија со луѓе која најчесто се манифестира преку принудната работа или преку сексуалната злоупотреба, вклучувајќи ја и педофилијата, предизвикува штетни и трауматски последици врз жртвите со што се поткопуваат можностите за нормално живеење и продуктивен живот.

Недозволената трговија со луѓе која претставува сериозен општествен проблем и предизвикува тешки последици по безбедноста, расте со алармантна брзина, од причини што овој облик на организиран криминал најбрутално ги загрозува основните човекови права, како што се правото на живот, правото на слобода на избор, правото на слобода на движења и други права кои им припаѓаат според Конвенцијата на ООН. Овој општествен проблем подеднакво ги засега и државите во транзиција, државите излезени од воениот хаос(кои најчесто се држави на потекло на жртвите), како и високо развиените држави(кои најчесто се држави на крајна дестинација).

Големите потреси што ги доживуваат модерните општества како последица на длабоките промени во правниот и политичкиот систем, промени во економската и социјалната структура, природните катастрофи, гладот и сиромаштијата, војната и други појави што предизвикуваат пак промени во структурата на населението и негови големи присилни движења, миграции и егзодуси, нужно стануваат фактори со силина и значење на етиолошките фактори за појава на трговијата со луѓе како криминална појава. Кон крајот на 20 век, најпрвин распадот на "Варшавскиот договор", а потоа и на Советскиот Сојуз, доведе до формирање на голем број држави во кои сиромаштијата стана доминантна категорија. Така, распаѓањето на системот заснован на социјалистичките општествено-економски односи, во овие источноевропски држави доведе до дисторзија и пропаѓање на големите и гломазни стопански системи, а тоа пак доведе до осиромашување на населението. Овие процеси особено негативно се одразија на младата генерација, бидејќи и ги затвори сите перспективи за работа, вклучување во општествените процеси и нивно влијание на развојот на своите држави. Од тие причини, голем број млади луѓе од овие држави (Русија, Украина, Молдавија, Романија, Бугарија, Албанија) своите перспективи ги побараа во западнорвропските земји, минувајќи ги границите на легален или илегален начин.[153]

Уништувањето на социјалното ткиво кое беше предизвикано од конфликтите во регионот на Југоисточна Европа, масовните миграции како и економскиот колапс на државите од регионот создадоа плодна

[153] Исто

почва за развој на еден од најопасните облици на организиран криминал-недозволената трговијата со луѓе.[154] Спориот стопански раст кој го одржуваше нискиот животен стандард на поголемиот дел од населението, државите од регионот на Југоисточна Европа ги претвори во своевидни регрутни центри на принудна проституција и илегална миграција, додека на организираните криминални структури им овозможи долгорочни извори на профит. Најголемиот дел од жртвите на недозволената трговија со луѓе се на просечна возраст од 14 до 32 години и потекнуваат од сиромашните рурални и урбани средини.

Најчестите облици преку кои се манифестира недозволената трговија со луѓе се: сексуалната и работната експлоатација, принудниот брак, лажното посвојување, принуда за питачење и извршување на кривични дела, како и трговија со човечки органи. Под работна експлоатација се подразбира кршење на стандардите кои се однесуваат на условите за работа, платата, здравственото осигурување и безбедноста при работа, додека под сексуална експлоатација се подразбира користење на жртвите за вршење проституција, изведување порнографски претстави и за производство на порнографски материјали.[155]

Постои битна разлика помеѓу поимите проституција во рамки на недозволената трговија со жени и проституцијата како социо-патолошка појава. Под поимот проституција како социо-патолошка појава може да се зборува и за проституирање со согласност на женската особа, додека проституцијата во рамките на недозволената трговија со луѓе подразбира принудно проституирање на женската особа, чие движење е ограничено, одземени и се документите за идентификација, и се определува бројот на клиенти, а е подложена и на психичко и физичко малтретирање и казнување од страна на трговците со луѓе "во чија сопственост е жртвата". Недозволената трговија со луѓе со цел сексуална експлоатација претставува високо профитабилна, а ниско ризична криминална активност. Тоа е познато и уште како модерно ропство каде најчести жртви се млади жени и девојки.

Во регионот на Југоисточна Европа, недозволената трговијата со луѓе може да ја подведеме под три категотии и тоа:

- Трговија со жени (главно се користат за сексуална експлоатација);
- трговија со машки лица(сиромашни лица кои се интересни за нелегалните пазари на работна сила);
- трговија со деца (најчесто се користат за питачење, ситни или џепни кражби, но и како донатори на органи).

---

[154] Конвенцијата на ООН против Транснационалниот организиран криминал ја дефинира трговијата со луѓе, па вели дека *"трговијата со луѓе претставува регрутирање, транспорт, трансфер, давање засолниште или прием на лица, со закана или употреба на сила или други форми на присила на киднапирање, на измами, злоупотреба на власта или положбата на ранливост или давање или примање на исплати или корист за да се добие согласност на лице кое има контрола над друго лице со цел негова експлоатација".*

[155] Марковић И. – *"Трговина људима као облик организованог криминалитета"*, Криминалистичке теме, бр. 3-4/2003, Факултет криминалистичких наука, Сарајево, 2003

Во современото општество феноменот на недозволената трговија со луѓе по својата тежина како криминална и социо-патолошка појава е од најтежок облик, од причина што луѓето кои се предмет на трговија се продаваат или препродаваат по неколку пати во зависност од побарувачката на пазарот и од тоа колкава цена сака да постигне трговецот, при што се руши човечкото достоинство, честа и личниот интегритет. Жртвите се изложени на понижување, бруталност, со многу елементи на насилство, што пак го чини овој феномен тежок, опасен и сложен за откривање и сузбивање, така да тие кои во најголем дел се жени и деца, во меѓународните документи добиваат статус на "посебно заштитени лица". Трговијата со луѓе како безбедносен тренд, е во врвот на интересот на криминалните структури, заради релативно ниската опасност по нив, а и заради фактот што за многу краток период се остваруваат високи приходи. Со цел успешно спроведување на овој криминален облик, како и намалување на ризикот за нивно откривање, структурите на организиран криминал ги користат услугите од другите специјализирани криминални структури како оние, кои фалсификуваат документи, имаат врска со корумпирани припадници на безбедносните структури, но и поединци кои им обезбедуваат логистичка подршка.

На овој феномен, како друг појавен облик на криминал со луѓе се надоврзува и нелегалната трговија со човечки органи, каде организираните криминални структури ја идентификувале можноста за заработка, ставајќи ги под притисок луѓето од екстремно сиромашните групи да прибегнуваат кон продавање на делови од своето тело, најчесто внатрешни органи, како би можеле да излезат од долговите, или едноставно да преживеат тие и членовите на нивните семејства. Новопројавениот т.н. "туризам на трансплантација" е најприсутен во Азиските земји, Индија и Пакистан, а додека најголемиот центар на црниот пазар за човечки органи, според меѓународните извештаји, е Кина. Но, овде не треба да се заборави да се споменат и Јужна Африка, Бразил и Колумбија кои имаат висока стапка на киднапирања на деца и бездомници чии органи се нудат на црниот пазар. Во последниов период во Косово, Обвинителот на мисијата на ЕУЛЕКС (EULEX) од канцеларијата на Специјалното обвинителство на Косово, откри клиника каде на богати пациенти од странство им се вршела илегална трансплантација на човечки органи, при што како донатори се јавуваа (како и во сите досегашни случаи), многу сиромашни лица.[156]

Другата инкриминација, која во голема мера наликува на трговијата со луѓе, е криумчарењето мигранти.

Криумчарењето мигранти стана глобален бизнис кој им носи огромна добивка на криминалните структури, со што денес претставува исто така една од најдоходовните криминални активности. Големиот

---

[156] За таа цел обвинителот од мисијата Еулекс, а во врска операцијата "Медикус", именувана по болницата каде се вршеле криминалните трансплантации, поднел обвинение против девет инволвирани лица. Во овој контекст е и познатата аферата која во својата книга "Лов", ја опишува поранешната Обвинителка на Хашкиот трибунал Карла дел Понте, која зборува за злоупотреба на заробените лица од страна на припадниците на ОНА, при што на територијата на Косово и Албанија, во нелегални "клиники", од нив противправно се одземани човечки органи со цел нивна понатамошна продажба.

притисок од луѓето кои сакаат доброволно да побегнат од сиромаштијата или од конфликти во нивните матични држави, а во комбинација со желбата за подобар живот, го зголеми пазарот за криумчарење мигранти. Користејќи ја невољата на жртвите, структурите на организиран криминал, криумчарењето го спроведуваат во ужасни услови, често ставајќи го нивното здравје и живот во опасност. Дел од жртвите се држат во заробеништво во земјата на крајна дестинација се додека не се исплатат "долговите" кои се поврзани со нивниот транспорт. Според утврдените димензии на криумчарењето мигранти, денес овој облик на организиран криминал претставува голема опасност за безбедноста на транзитните држави или државите на крајна дестинација, од причина што тоа може да претставува одличен извор за регрутација на припадници за потребите на терористичките стуктури, или "легендиран" транзит на терористи.

Патот по кој се одвиваат недозволената трговија со луѓе и криумчарењето во регионот на Југоисточна Европа е т.н. "Балкански пат" кој започнува од Турција. Од таму тој се дели во неколку насоки и тоа: преку Бугарија, Романија и Унгарија кон Германија, или преку Македонија, Албанија, Италија кон Германија и другите западнорвропски држави. Покрај овој познат криминален пат, се користи и т.н. "медитерански пат" кој започнува од Турција, од каде по морски пат преку Грција, или Албанија води кон Италија, а од таму до останатите западнорвропски држави. Дефинирањето на овие кривични дела, терминологијата, мерките за заштита на жртвите, нивното спречување, соработката и превземањето на други мерки од страна на државите членки на ООН, се дефинирани во двата Протоколи од Палермо донесени на 15.12. 2000 година, како надополнување на Конвенцијата на ООН против транснационалниот организиран криминал.

Р. Албанија. Недозволената трговија со луѓе и криумчарењето мигранти кон високо развиените западнорвропски држави, преку Јадранското Море, е вториот по ранг вносен облик на практицирање на криминалните структури во Албанија, кој е во тесна спрега со организираните ланци на проституција, каде најчести жртви се млади девојки од Албанија и од државите од источниот и југоистичниот регион на Европа. Недозволената трговијата со луѓе, претежно со жени и деца, претставува голем извор на нелегални профити не само за организираните криминални структури, туку и за дел од корумпираната албанска полиција. Околу 37% од машките и женските проститутки се малолетни, а криминалните групи кои се бават со овој појавен облик на организиран криминал ги контролираат албанските жени кои работат како проститутки, чиј број се движи од 15.000 во Италија, 5000 во Грција па до стотина жени во Франција.[157] Во прво време, жртвите на криумчарењето мигранти кон Италија, беа по потекло од Албанија, но како "бизнисот" се развиваше и се утврдија и обезбедија нелегалните канали, мигранти кои станаа предмет на криумчарењето беа Курди, Кинези, Иранци, Пакистанци, Босански муслимани, како и државјани од Р. Македонија. "Албанија е рај за нелегалната трговија. Ниту државата

---

[157] United Nations Development Program (UNDP), *Albanian Human Development Report,цтр.31-32*

ниту полицијата претставуваат проблем за шефовите на криминалните групи кои се занимаваат со недозволената трговија со дрога, може да купите политичари, а не е и реткост лидер на криминална група да работи во некоја државна институција."[158]

Р. Босна и Херцеговина. Недозволената трговија со луѓе и криумчарењето мигранти не се непознати појави во Р. Босна и Херцеговина, од причини што постојат добро организирани криминални структури кои за одредена сума пари овозможуваат да се премине границата на Р. Босна и Херцеговина, како и границите на голем број европски држави. Постојат индиции дека некои од туристичките агенции се вмешани во посредување при криумчарењето на мигрантите. Криумчарењето мигранти преку територијата на Р. Босна и Херцеговина подразбира две категории на мигранти. Првата категорија ја сочинуваат економските мигранти кои пристигнуваат од државите од Источна Европа, државите од Блискиот Исток и Далечниот Исток. Втората категорија мигранти ја сочинуваат млади жени и деца од државите на Источна Европа, кои од разни причини пристигнуваат во Р. Босна и Херцеговина, каде доброволно, или насилно се бават со проституција, додека децата стануваат предмет на трговија.[159] Криумчарените мигранти на босанските криминални структури, за извршената услуга им плаќаат околу 4000 американски долари по особа[160].

Условите кои и погодуваат на недозволената трговија со луѓе и криумчарењето мигранти во Р. Босна и Херцеговина се препознаваат преку порозноста на државните граници, неадекватноста на визниот режим, недостатокот од правна регулатива за оваа материја, непостоење на азилантски центри во кои би се прифаќале овие категории лица, недостаток од материјални средства за адекватен прифат и депортирање на овие лица до државите на потекло, недоволна координација помеѓу институциите на државата во чија надлежност е решавањето на проблемите на странските државјани во Р. Босна и Херцеговина и сл.[161]

Р. Бугарија. По промената на социјалистичкото уредување, Р. Бугарија стана држава на многубројно невработено население, а сиромаштијата стана нејзин заштитен знак. Безперспективноста на младите и нивната желба за убав живот предизвика состојба на голема миграција на нејзиното население, претежно млади лица, во правец на богатите држави од Западна Европа. На овој начин Р. Бугарија стана држава на потекло на жртвите, но и држава на транзит за жртвите од Блискиот и Далечниот Исток, на нивниот пат кон Западна Европа. За пристигнување до новите дестинации тие не бираа начин и пат, на тој начин станувајќи лесен плен за структурите на организираниот криминал. Така Р. Бугарија стана "регрутен центар" на млади жени и девојки за потребите на секс индустријата, а младите мажи за потребите на градежништвото или за работи во земјоделството. На овој начин

---

[158] Mappes-Niedek, N., *Balkan – Mafia. Staaten in der Hand des Verbrechens – Wine Gefahr für Europa* p.79.

[159] Салкић Х. – *"Учешће Царинске Управе федерације БиХ у откривању и сузбијању илегалних миграција и трговине људима на подручју Босне и Херцеговине"* Securitas, Федерално МУП, Сарајево, 2002

[160] http://migration.ucdavis.edu/mn/archive_mn/dec_2000-12mn.html

[161] Милосављевић М.- *"Илегалне миграције, криумчарење и трговина људима"* Securitas, Федерално МУП, Сарајево, 2002

бугарските криминални структури во спрега со руските, албанските и италијанските, користејќи ги постоечките илегални канали, на брутален начин во улога на "трговци со човечки души", заработуваа голем профит. И денес и покрај фактот што Р. Бугарија е членка на Европската Унија, не престануваат миграциите на бугарските граѓани кон западнорвропските држави од истите мотиви како и порано, што укажува дека криминалните структури не престанале со работа со овој облик на недозволена трговија, притоа акумулирајќи високи криминални профити.

Р. Грција. Географската поставеност на Грција, високиот животен стандард и фактот дека таа е членка на Европската Унија, ја прави атрактивна дестинација за криминалните структури кои се бават со недозволената трговија со луѓе. Во Р. Грција, трендовите и начинот на работа на трговците со луѓе постојано се менуваат во смисла на методологијата и начинот на регрутација, експлоатација на ранливите социјални групи и користењето нови софистицирани технологии. Патиштата кои структурите на организираниот криминал ги користат за нелегално префрлање на илегалните мигранти кон Грција, се повеќе на број и тоа, за албанските државјани преку Р. Македонија во Грција, или директно од Албанија во Грција, за државјаните од Централна и Источна Европа преку територијата на Македонија, Бугарија и Турција, додека за државјаните од афро-азиските држави патиштата водат главно преку Турција. Геостратегиската позиција на Грција на југоисточниот дел на Европа, ја прави "влезна врата" за економските мигранти, од каде само по морски пат може да се стаса во некоја од западнорвропски држави. Фалсификувањето на документи за идентификација на мигрантите, ја претставува секундарната криминална активност на организираните криминални структури инволвирани во недозволената трговија со луѓе и криумчарењето мигранти. Сумата пари која ја наплаќаат криминалните структури за овие услуги, се движи од 1.500 евра до 5000 евра, во зависност од земјата на потекло на мигрантите, а која им се исплаќа на криминалците, или во земјата на потекло, или во земјата на крајна дестинација на илегално префрлените мигрантите. Младите девојки и жени тргувани во Р. Грција најчесто со потекло од државите на Источна Европа, Балканот и Нигерија, се наменети главно за сексуална експлоатација[162]. Принудната работа е нова реалност за мигрантите криумчарени во Р. Грција, кои не поседуваат документи. На овој начин мажите-мигранти, најчесто со потекло од Р. Албанија, Р. Романија и Р. Бугарија, се ангажираат за извршување на земјоделски работи и за работи во секторот на градежништвото. Некои од жртвите се малолетни лица, кои без придружба влегле во Р. Грција таму да останат, или за да стасаат до некоја друга западноевропска дестинација. Малолетниците кои таму се приморувани да питачат или се вовлекувани во ситен криминал, најчесто се експлоатирани од страна на членови на нивните сиромашни семејства во содејство со трговците со луѓе. Нов предизвик за безбедносните структури инволвирани во борбата против трговијата со луѓе е појавата на нелегални посвојувања на новороденчиња. Заради

---

[162] Project *"Migrations, Combating Trafficking in Persons: Valorisation and Social Inclusion of Victims"*-Georgios A. Vanikiotis - *"Human Trafficking and National Plans: The Hellenic Perspective"*, Lisbon, 2010

негативните последици кои ги носи овој вид на криминал, Грција започнала на поконзистентен начин да се бори против недозволената трговија со луѓе, а значаен чекор за тоа претставувало воспоставувањето на "Единица за борба против трговијата со луѓе"-ОКЕА во 2001 година, која е составен дел на Министерството за јавен ред.

Р. Косово. Од Косово, за време на конфликтот во 1999 година, ОВК, во соработка со албанските и италијанските криминални структури, организираа транспорт на незаконски начин на десетици илјади бегалци-мигранти, во Италија, а од таму во другите Западнорвропски држави, заработувајќи по 1000 евра од едно лице. Киднапирањата од бегалските кампови во Албанија на млади жени и девојки и нивно нелегално префрлање во Италија и Грција, заради присилна проституција, не беше непозната активност на организираните криминални структури на косовските албанци.[163] Недозволена трговија со луѓе на Балканот во правец на Грција и Италија, е во целост под контрола на организираните криминални групи од Косово, кои се во тесна соработка со исти такви од Албанија и Македонија. Недозволената трговија со луѓе, посебно со жени, криминалните структури од Косово ја започнаа од 1999 година кога голем дел жени од Косово заминале во соседна Албанија, каде добар дел од нив биле вклучени во мрежите на проституција. Криминалните структури во овие мрежи на проституција покрај албанките, се повеќе вклучуваа жени од Романија, Молдавија, Русија, и од државите кои настанаа по распадот на поранешната СФРЈ. Во соработка со турските, италијанските и африканските, криминалните структури од Косово вклучени во криумчарењето мигранти кон западнорвропските држави, се почесто ги користат мигрантите и како курири за нелегално пренесување на дрогата. Најчесто се криумчарат економски мигранти државјани на Косово, Албанија, Турција, Пакистан, Кина и држави од Блискиот и Далечниот Исток.

Присуството на меѓународните воени сили на Косово овозможи по 2000 година да процути проституцијата, при што беа отворени голем број бордели за потребите на персоналот на овие воени сили. Во нив претежно вработени беа млади жени и девојки-проститутки од источноевропските држави, но и од поранешните југословенски републики, кои како класично тргувани лица од страна на структурите на организираниот криминал пристигнуваа на Косово.

Р. Романија. Факторите кои го овозможуваат појавувањето и развојот на недозволената трговија и криумчарење мигранти како облик на организиран криминал во Р. Романија, според одредени аналитички информации би биле:

- Побарувачката за ефтина работна сила во земјите на ЕУ, вклучувајќи ја потребата на некои работодавачи, за искористување на ефтина нелегална работна сила;
- Нискиот животен стандард на одредени категории на луѓе во Р. Романија и земјите од регионот;
- Редуцираниот капацитет за вработување на работната сила во регионот на Југоисточна Европа;
- Политички и религиозни прогони или прогони од друга природа, кои се наметнати врз одредени категории на население;

---

[163] http://www.state.gov/www/global/human_rights/1999_hrp_report/albania.html

- Постоењето регионални конфликти;
- Постоењето на пренаселени области во некои региони;
- Појава на природни катастрофи.

Во врска со овој облик на организиран криминал, активностите на криминалните структури, во Р. Романија се одвиваат преку патишта со два крака, зависно од државите и регионите на потекло на жртвите или мигрантите. Имено, првиот крак води од Север и Североисток кон Запад. Тргуваните луѓе и криумчарените мигранти преку овој крак се државјани на државите од поранешниот Советски Сојуз, Русија, Украина, Молдавија, потоа Кина, како и државјани од афричките и азиските земји, најчесто од Сомалија и Судан. Во Романија овие лица влегуваат преку граничните области на север и североисток од државата, и тоа од Украина и Молдавија. Вториот крак води од Југ и Југоисток кон Запад. Во овој случај извор на мигранти се државите од Блискиот и Далечниот Исток, особено Ирак, Иран, Авганистан, Турција, Индија и Пакистан, кои пристигнуваат во Романија преку граничните области со Бугарија и Србија.

Согласно горе изнесеното, определени се и правците на недозволената трговија и криумчарење на мигранти кои започнуваат од Романија кон западнорвропските држави. Тоа се:

- Романија – Унгарија – Австрија и други западнорвропски држави;
- Романија – Србија – Хрватска – Словенија – Италија – Австрија и други западнорвропски држави;
- Романија – Бугарија – Грција.

Со оглед на фактот што Р. Романија е членка на Европската Унија, во иднина романските безбедносни структури очекуваат феноменот на илегалната миграција да доживее извесни промени. Имено, заради вештачкиот недостиг од работна сила, сега Романија би можела да стане земја на крајна дестинација за мигрантите.

Р. Србија. Во осумдесеттите години на минатиот век Р. Србија беше држава на крајна дестинација на млади жени и девојки од источните држави, но по завршувањето на војната во деведесетите години, стана држава на потекло на жртвите. Имено, во ерата на транзиција, голем број млади жени и девојки останаа без работа заради неможноста за преквалификација за занимања кои ги бараше новосоздадениот пазар на труд. Тогаш тоа вешто го искористија криминалците, па преку огласи во печатените и електронските медиуми бараа млади женски лица за работни места во странство, како беби-ситерки, келнерки, медицински сестри или танчерки. Ова претставуваше идеална можност за младите и невработени жени и девојки за заминување, работа и престој во странство. Спротивно од своите очекувања, тие кои завршуваа во некоја од овие западнорвропски држави биле приморувани да пружаат сексуални услуги. Во Србија исто така се познати и присутни појавите на трговија со деца заради сексуална експлоатација, питачење, вршење кражби или заради нелегално посвојување, но и за нивна работна експлоатација. Овие вулнерабилни категории на српски граѓани се жртви и на т.н. "внатрешна трговија".[164]

---

[164] http://beogradskaka5anija.cyberfreeforum.com/t2133-trgovina-ljudima

Р. Хрватска. Криминалните структури ја користат територијата на Р. Хрватска за транзитирање, но и како држава, на крајна дестинација на луѓе од поранешните советски и другите поранешни југословенски републики кои обично се земји на потекло на жени и деца со кои се тргува. Дел од нив остануваат во Р. Хрватска, додека поголемиот дел илегално транзитираат кон државите од Западна Европа како крајна дестинација, а тоа обично е Италија[165]

Р. Црна Гора. Во периодот од 2003 година па наваму, имаше појава на криумчарење на мигранти, поточно ангажирање на нелегални градежни работници од Украина, кои биле злоупотребувани со принудна работа во градежништвото во ужасни услови и за многу ниски надници.[166] Правецот за недозволена трговија со луѓе и криумчарење мигранти кој води преку територијата на Црна Гора е оној кој води кон Италија, а од таму кон другите високоразвиени европски држави. Така, криумчарените мигранти кои пристигнуваат во Црна Гора од Босна и Херцеговина, Србија и Косово, најнапред се собираат во нелегален центар во близина на Јадранскиот брег, потоа се префрлаат до неколкуте морски заливи, од каде со брзи глисери за околу четири часа ноќно возење, се префрлаат на италијанскиот брег. Таму се прифаќаат од страна на италијанските криминални структури и се спроведуваат понатаму кон саканите дестинации во некои од Западнорвропските држави. Тие за оваа услуга на криминалците од Црна Гора им плаќаат од 1000 до 1500 американски долари по лице[167].

Со оглед на тоа што овие нелегални правци во голема мера беа "сигурни", а со самото тоа привлекуваа и се поголем број мигранти, структурите на организиран криминал во Црна Гора, покрај недозволената трговија со дрога и цигари, на овој начин успеваа да акумулираат големи парични износи, кои подоцна преку процесот на "перење пари" ги вложуваа и вградуваат во легалните бизниси во земјата.

1.6. Недозволена трговија со предмети од културно-историско наследство

Историската, културната, уметничката но и материјалната вредност на добрата од културно-историско значење, отсекогаш претставувале предмет на интерес за структурите на организираниот криминал, од причини што преку недозволената трговија тие стекнуваат огромни материјални средства. До овие културни добра, криминалците доаѓаат преку вршење кражби на овие предмети, преку корумпирање на јавните службеници задолжени за нивна заштита, или преку изработка на нивни репродукции, кои подоцна ги продаваат на нелегалниот пазар,

---

[165] U.S. Department of State,-"*International narcotics Control Strategy 2003*", March 2004

[166] Примамени од т.н. менаџери и за заработка од 800 до 1000 евра месечно, тие работеле и по 12 часови во ненормални услови, а морале да платат и по 800 евра за наводни административни трошоци. Им биле одземани нивните патни исправи веднаш по нивното пристигнување во Црна Гора, а во случај да побарале да им се исплатат заработените пари, одговорите од газдите биле дека со нивните плати се покривале трошоците за сместување и исхрана.

[167] http://migration.ucdavis.edu/mn/archive_mn/dec_2000-12mn.html

или на пасионираните колекционери ширум светот, заради престиж и стекнување повисок углед меѓу колекционерите.

Предметите од културно-историско наследство, како што се разните црковни икони, крстови, слики од познати автори, разни археолошки предмети и сл. се дел од одредени музејски постановки и како такви се достапни за разгледување на поширокатa јавност, но и на криминалните структури. На овој начин тие лесно доаѓаат до потребните информации врз основа на кои ги прават плановите за нивно обезбедување и присвојување на криминален начин. Недозволената трговија со предмети од културно историско значење претставува проблем на национално и на меѓународно ниво. Основната цел за вршење на кражбите и на недозволената трговија со овие предмети е задоволување на потребата на нелегалните пазари на богатите држави и на богатите поединци-колекционери, наречени "колекционери со вкус". Побарувачка од овие предмети кои се високо ценети на пазарот, придонесува за зголемување на бројот на кражбите на културно-историското благо најчесто во сиромашните држави, што продуцира уништување на нивното културно-историското наследство. Активностите преку добро разработената шема и вклучени лица кои придонесуваат за успешна недозволена трговија, најпрвин започнуваат во државите на "диво-копачите" на предмети од културно-историско значење, кои се во тесна "бизнис" врска со криминалците како од домицилните држави, така и со криминалци од богатите држави кои се добро етаблирани на нелегалните пазари. Овие криминалци мораат добро да ги познаваат правилата на пазарот, да имаат стручни познавања за нив како би ги рангирале предметите според квалитет, а согласно тоа и би ги одредувале и нивните пазарни цени. За разлика од нелегалните пазари каде се пласираат другите производи, пазарите за пласирање на предметите од културно-историско наследство се отворени и полулегални, дури во некои држави тие се и легални.

Доколку продажбата на овие предмети не е претходно договорена, лицата вклучени во оваа трговијата неретко се соочуваат со проблеми околу нивната понатамошна продажба. Имено, доколку предметите се набавени во една држава, а треба да се продаваат во друга држава, за истите е потребно да се поседува легална документација за извоз и увоз. Стекнувањето на овие документи за нивна легализација во европските држави, според Кристин Алдер и Кенет Полк[168] обично се прави во големите транзитни пристаништа. Веднаш штом предметите ќе пристигнат во овие транзитни или т.н. "слободни пристаништа" добиваат извозна документација која омозможува овие предмети да бидат пласирани на пазарите, согласно законот, како легални добра. Според Адлер и Полк, трговијата на овие предмети преку Швајцарија е најсигурна од две причини. Прво, законите се наклонети кон "чесните купувачи", па така лицето кое купило ваков предмет преку вообичаените комерцијални канали добива легален документ, што обично е тешко да се направи во други држави. Второ, штом се добие легалниот документ, предметот може релативно слободно да се движи низ пазарот и да добие легални документи за извоз. "Испрани" на овој начин, предметите може

---

[168] Рајкел Ф.- *"Прирачник за Транснационален криминал и правда"*, (Адлер К. Полк К – *"Незаконска трговија со украдени антиквитети")* - Дата Понс, Скопје, 2009

да се појават на продажба во големите аукциски куќи, како сопственост на некој угледен колекционер. Олеснувачки момент за структурите на организираниот криминал кај овој вид недозволена трговија, е што на пазарите владее правилото продавачите и купувачите при нивната купопродажба да не поставуваат прашања за потеклото на предметите.

Со цел успешно спроведување на недозволената трговија со предмети од културно-историско значење, потребно е да бидат задоволени два моменти и тоа: прво, потребно е да постојат мрежи на криминални структури кои се баваат со овој вид недозволена трговија и второ потребно е да има чин на корумпирање на полициските и царинските службеници.

Предметите од културно-историските значење од Р. Босна и Херцеговина се објекти за "напад" од страна на криминалци-поединци и од структурите на организиран криминал. Домицилните криминални структури во соработка со оние од соседните Србија и Хрватска извршуваат кривични дела за обезбедување и присвојување на предметите од културно историско значење за Босна и Херцеговина, нивно прикривање до моментот за создавање поволни услови за нивен понатамошен транспорт и недозволено тргување, при што успеваат да остварат големи профити.

Слична е состојбата и во останатите земји од овој регион, каде се користат истите нелегални канали за недозволена трговија со предмети од културно-историското наследство, исти се криминалците кои корумпирајќи ги вработените во музеите и добро плаќајќи им на дивокопачите изнесуваат дел од културното и историското благо на државите. На тој начин несвесно, или свесно криминалните структури нанесуваат големи и непроценливи штети со продавањето на историските корени за постоење на своите народи, што од своја страна доведува до нивна самонегација.

1.7. Недозволена трговија со производи за широка потрошувачка

Недозволената трговија со производи за широка потрошувачка е меѓу најексплоатираните криминални активности од страна на структурите на организираниот криминал, пред се поради тоа што законодавците во државите за нив предвиделе пониски казни, во споредба со останатите видови недозволена трговија, а и заради фактот што оваа недозволена активност обезбедува високи профити, со вешто одбегнување на даноците и царинските давачки. Во прилог на овој вид на недозволена трговија и оди и зголемениот тренд на меѓународна трговија, или зголемениот обем на трговска размена меѓу државите. На овој начин се олеснува криењето на нелегалната роба со која се тргува, се намалуваат шансите за откривање на криминалците, а и се зголемува криминалната добивка од причини што се избегнуваат давачките кон државата. Еден од основните фактори кои го стимулираат овој вид недозволената трговија се високите даночни и царински давачки, особено за акцизните стоки - цигарите, алкохолните пијалоци, кафето, нафтата и сл. Затоа, структурите на организиран криминал на пазарот ги нудат поефтино производите за онолку, колку што изнесуваат давачките кон државата. Овој облик на криминал покрај тоа што влијае негативно

врз легалната економија на државите, преку пласирање на пазарот на несертифицирани производи влијае и врз здравјето на населението. Друга одлика е, што структурите на организиран криминал не дозволуваат индивидуално дејствување, ниту дејствување на помали криминални групи во поголем обем или за подолг временски период на црниот пазар. На овој начин тие се приморани да се приклучат на структурите на организиран криминал, бидејќи тоа им е единствениот начин да егзистираат на црниот пазар, кој го контролираат овие структури.

Структурите на организиран криминал во Босна и Херцеговина ја користат порозноста на границата и каналите преку кои се одвива недозволена трговија со останатите нелегални стоки-дрогата, нелегалното оружје и сл., за нелегално внесување на стока за широка потрошувачка која се пласира на црниот пазар. На овој начин тие го избегнуваат плаќањето на царинските давачки, даноците и акцизата, што пак од своја страна придонесува за јакнење на "сивата економија". Оваа стока му конкурира на легалниот пазар бидејќи е продавана преку нелегални и незванични продажни места, најчесто долж границата на двата ентитета-Федерацијата Босна и Херцеговина и Република Српска.[169] Најчесто тргувани стоки на црниот пазар во Босна и Херцеговина се алкохолот, нафтата и нафтените деривати, цигарите, возилата, прехрамбените артикли, козметиката, возилата, машката и женска гардероба и сл., а што зависи од моменталната побарувачка на пазарот. Со оглед на дисбалансот на цените на одредени производи на легалниот пазар во Р. Босна и Херцеговина и платежната моќ на населението, организираниот криминал го пронашол својот интерес, па преку поевтини цени на нелегалните производи ги задоволува нивните барањата.Недозволената трговија со производи за широка потрошувачка во Р. Босна и Херцеговина се одвива по веќе познатите криминални канали, при што криминалните структури ги преземаат сите потребни мерки за обезбедување на транспоротот на стоката, а преку корумпирање на припадниците од безбедносните структури го оневозможуваат откривањето на овие нелегални канали, како и запленета на стоката која е предмет на недозволена трговија.

Во текот на војната, голем број населени области во БиХ беа прогласени за "бизнис области", па како такви тие во голема мера беа поштедени од ужасот на војната. Во овие области, како на пр. Цазинска Краина и градовите Тузла и Вареш, криминалните структури од сите три ентитети Срби, Бошњаци и Хрвати, водеа "бизнис" едни со други, продавајќи и купувајќи меѓусебе нелегална стока, вклучувајќи гориво, оружје, цигари, но и дефицитарни прехрамбени производи, сол, шеќер, брашно, зејтин и друго. Најчесто, српските организирани криминални структури тргуваа со оружје, додека за трговијата со гориво(нафта и бензин) и прехрамбените стоки беа задолжени муслиманските и хрватските криминални структури.[170]

Рецесијата која завладеа во Р. Бугарија во периодот на 1989-1991 година создаде идеални услови за развој на недозволената трговија со

---

[169] Бошковић М.- *"Организовани криминалитет и корупција са посебним освртом на Републику Српску"*, Бања Лука, 2004

[170] http://www.bhdani.com/arhiv/2000/146/tl461.htm

разновидни стоки за широка потрошувачка, наменети за задоволување на домашниот пазар. До овој период поранешните припадници на безбедносните структури, главно беа вмешани во нелегален извоз и во недозволената трговија со лекови и друга забранета стока во други земји. По овој период, тие ги искористија истите нелегални канали сега за нелегален увоз на стока во обратен правец, односно за стока барана на домашниот пазар. Избегнувајќи го плаќањето на царинските и акцизните давачки, овие поранешни припадници на безбедносниот сектор, сега добро организирани во криминални структури успеаа да акумулираат огромни финансиски средства, притоа јакнејќи ја својата моќ.

Една од високо доходовните недозволени активности на структурите на организираниот криминал во Р. Романија е врзана со акцизната стока и стоката за широка потрошувачка. Според некои проценки, најголемиот дел од стоката за широка потрошувачка, како што се цигарите, алкохолот, благородните метали и сл., нелегално транзитираат преку Романија и државите од Југоисточна Европа, или пак се произведуваат во овој регион. Оваа недозволена активност е стимулирана пред се, од големата разлика во висината на цената на овие производи во државите од ЕУ, која е резултат на акцизните давачки наметнати со цел на пр. да се обесхрабри конзумирањето, но и резултат на ниската цена на шверцуваните цигари. Вториот фактор на стимулирање на недозволената трговија во Р. Романија, е тоа што недозволената трговија со цигари носи мал ризик, како и фактот што сите држави не ја третираат оваа нелегална активност како криминал, туку како обично кршење на финансиските или граничните правила, односно го подведуваат во сверата на прекршок, каде запретените казни се минимални.

Р. Црна Гора молчешкум го прифати организираниот криминал како извор на средства неопходни за нејзино функционирање, за обезбедување на минимум егзистенција на населението, но и за набавка на оружје, муниција и воена опрема. На овој начин организираниот криминал беше прифатен како дел на "тактиката за стопанско и државно преживување".[171] Во периодот на воведени санкции од страна на меѓународната заедница, Црна Гора која сеуште беше во заедница со Србија, со т.н. "економска герила" што се манифестираше преку недозволената трговија со цигари преку Јадранското Море, овозможи активностите на организираниот криминал да се издигнат на ниво на државна програма. Недозволената трговија со цигари во еден момент стана најпрофитабилана економска дејност на Црна Гора. Со флотила составена од мали но брзи чамци, кои секоја вечер испловуваа од некој од црногорските пристаништа, најчесто Бар, Тиват и Херцег Нови, на италијанскиот брег на тамошните криминални структури, пред се "Сакра Корона Унита" од регионот на Пуља, им беа предавани по неколку тони брендирани неоданочени цигари за потребите на црниот пазар во Западнорвропските држави. Така, според италијанските судски власти чија државна економија беше најнападната од овие нелегални активности, приходите од оваа трговија учествуваа со 50% во бруто

---

[171] Grubać M. – *"Organizovani kriminal u Srbiji"*, Zbornik radova Pravnog fakulteta u Splitu, god.46,4/2009

националниот производ на Р. Црна Гора. Така само од недозволената трговија со цигари, според италијанските судски власти, црногорската влада инкасирала околу 700 милиони американски долари на годишно ниво.

1.8. Фалсификување пари

Фалсификувањето пари, а особено еврото, иако не е главната цел на организираниот криминал, сепак привлекува интерес од причини што може да обезбеди голем и до одреден степен лесен начин, за остварување на нелегален профит. Во многу држави, структурите на организиран криминал не се инволвирани директно во фалсификувањето на парите, туку користат и контролираат други помали криминални структури кои работат за нив.

Фалсификувањето пари е стара појава, но структурите на организиран криминал денес ја модифицираа и ја усовршија нејзината технологија. Организираниот криминал покрај користењето на современите технологии за изработка на фалсификувани пари, за добар материјален надомест ангажира професионалци за фалсификување, им обезбедува репроматеријали, машини и алати потребни за изработка на фалсификуваните пари, превзема мерки за безбедност од нивно откривање, како и дистрибуцијата и вметнување на фалсификуваните пари во легалниот платен систем на државите. Фалсификувањето пари, како и други хартии од вредност, е во корелација со подобрување на квалитетот и осовременување на опремата која се користи при фалсификувањето. Постојаното осовременување на технологијата за производството на фалсификувани пари и хартии од вредност го подобрува квалитетот, како и зголемувањето на количествата на фалсификувани пари кои се пуштаат во оптек, што предизвикува тешкотија за нивна идентификација од страна на безбедносните структури на државите. Овие големи количини фалсификувани пари пуштените во платежниот промет на државите, го поткопуваат банкарскиот и фискалниот систем на државите, предизвикувајќи пореметување во монетарната политика и економските интереси.

Во основа, организацијата на фалсификувањето на пари се карактеризира со строга поделба на задачи помеѓу сите инволвирани, почнувајќи од производителите, посредниците и дистрибутерите на фалсификуваните банкноти. На европско ниво во голем број случаи тие се контролирани од криминалните групи по потекло од Италија, но и од криминалните структури од Литванија, Бугарија и Полска. Најмногу од инволвираните криминални структури имаат мулти-криминален профил и ја искористуваат меѓународната димензија и сите претходно утврдени патишта по кои се одвива недозволената трговија, со цел да обезбедат за себе и за други заинтересирани, широк спектар на нелегални банкноти на евра, или американски долари кои денес се најчести парични единици кои се предмет на фалсификување.

Структурите на организираниот криминал произведуваат, дистрибуираат и ги користат фалсификуваните пари при нелегалните трансакции, за финансирање на нивните нелегални операции, за плаќање на своите обврски кон трети лица, или други криминални структури, како и за плаќање на услуги, купување дрога, оружје и други

стоки, за корумпирање на некои службеници од јавната администрација, како и за промовирање на нивните недозволени активности. Исто така, овие фалсификувани пари тие ги користат за нивна продажба со намален процент од номиналната вредност на вистинските пари. Приходите кои криминалните структури ги остваруваат од продажбата на фалсификуваните пари обично изнесуваат до 40 % од нивната номинална вредност. Овие приходи пак како готов капитал, криминалните структури ги инвестираат во други нелегални и криминални активности. Според статистиката на Европската централна банка секоја трета фалсификувана банкнота е во апоени од 50 евра, додека останатите фалсификати ги чинат банкнотите од 20 и 100 евра.

Во регионот на Југоисточна Европа, бугарските структури на организиран криминал се највеќе застапени во фалсификувањето и растурањето на фалсификувани банкноти, за потребите на останатите криминални структури. Во последно време забележлив е и трендот, покрај фалсификување на еврото и американскиот долар и фалсификување и на македонските банкноти во апоени од 500 и 1000 денари, исто така од страна на бугарските криминални структури.

1.9. Перење пари

Овој облик на организиран криминал ја претставува неговата универзална и клучна активност. Имено, добивките од сите други активности на организираниот криминал кои генерираат профит, може да останат неискористени доколку не успеат да се внесат во глобалната финансиска инфраструктура без дозвола, или знаење на легалните институците на фискалната и монетарната власт.

Денес постојат голем број обиди за изнаоѓање на потеклото на терминот перење пари, почнувајќи од оние кои овој термин го врзуваат со 30-те години во САД кога криминалците од Чикаго, нелегално стекнатите пари ги прикажувале како промет од перилниците за алишта чии сопственици во најголем дел биле тие. Други овој феномен го врзуваат со познатиот криминален шеф Ленски од САД, кој своите нелегално стекнати пари ги префрлал во државите преку море[172] за да ги сокрие и заштити од заплена од страна на полицијата, а додека други укажуваат дека овој термин станал многу популарен во 70-те години при разоткривање на аферата "Вотергејт", заради која, оставка од функцијата претседател на САД даде Ричард Никсон. Сепак терминот перење пари во судството, или во контекс на правото, за првпат е употребен во 1982 година во САД во врска со вложувањата на мафијата во легалните бизниси.[173] Едно од најраспростанетите и наједноставни сфаќања и една од наједноставните дефиниции на терминот перење пари е дека тоа претставува претворање на "црните пари во зелени".[174]

Перењето пари како активност на организираниот криминал претставува мост кој ги поврзува нелеганите и легалните глобални

---

[172] Терминот држави преку море е преземен од буквалниот превод на терминот "off shore" што се користи во В.Британија и САД. За овие држави најголемиот број на други држави претставуваат држави "преку море", Тасева С. – *"Перење пари"*, ДатаПонс, Скопје, 2003

[173] Исто

[174] Вилијамс Ф. – *"Перење пари"*, Безбедност, бр.4,1997 година

економии. Перењето пари ги користат легалните финансиски пазари како начин за трансфер и вложување на нелегалните средства кои потекнуваат од недозволените активности на организираниот криминал. Оваа активност претставува комплексен процес, при кој криминалните структури користат многубројни и разновидни техники за постигнување на своите цели, а тоа се добивање "чисти" пари од "валканите" бизниси. Перењето пари претставува глобален феномен, кој во различен степен и преку најразлични облици, претставува сериозна закана за сите држави. Активностите на перење пари се прикриени нелегални активности кои се изведуваат од страна на одредени лица, или организирани криминални групи, кои на мошне софистициран начин, настојуваат да го избегнат ризикот од откривање на нивните активности од страна на безбедносните структури на државите. Перењето пари им овозможува на криминалните структури да го сокријат вистинскиот извор на средства, со цел истите да ги направат легални и како такви да ги вградат во легалните бизниси. Овој облик на организиран криминал, продира во стопанското и финансиското работење од причина што се јавува потребата за легализирање на парите стекнати на криминален начин односно, потребата овие пари да се вклучат во легалните финансиски токови, со што се отежнува, или оневозможува утврдувањето на нивното потекло. Со разни банкарски, стопански и друг вид трансакции, овие пари се појавуваат како легално средство на промет на пазарот на пари.[175]

Перењето пари овозможува и прикривање на криминалните активности и на оние лица кои се сопственици на фирми, или завземаат одговорни места во стопанските и финансиските институции и поседуваат голема економска моќ, а кои во секојдневниот живот се претставуваат за чесни и угледни граѓани. Успешното спроведено перење на нелегално стекнатите пари, му помага на организираниот криминал да ги поддржи и финансира идните криминални активности на домашен и на меѓународен план. Тоа ги попречува напорите на безбедносните структури во идентификацијата на изворите на нелегалните приходи, средствата употребени за нивно стекнување, криминалците кои тоа го извршиле, како и напорите за конфискација на тие нелегални приходи. Според најновите проценки, денес во светот се "перат" околу еден трилион американски долари на годишно ниво, а чистата заработувачка на организираните криминални групи од овој облик на организиран криминал изнесува од 300 до 500 милијарди долари, од кои најголем дел се испраните пари од недозволената трговија со дрога.

Методите кои се користат при перењето пари се најразлични. Структурите на организираниот криминал претпочитаат воспоставување на легални бизниси како фронт за спроведување на нелегалните активности на перење пари. Овие легални бизниси најчесто се оние т.н. "готовински бизниси", како што се водење хотели, ресторани, казина, фирми за финансиски услуги, градежни фирми, или туристички агенции, чии навидум легални активности продуцираат големи количини готови пари. За реализација на активностите на перење пари, т.н. "перачи" ги користат банките кои се со седишта на тајни локации, а

---

175 Бошковић М.-*"Организовани криминалитет и корупција"*, Висока школа унутрашњих послова, Бања Лука, 2004

кои нудат банкарска и корпоративна тајност и ниска каматна стапка. Во други случаи организираните криминални структури ангажираат банкарски службеници за спроведување на активностите на перењето пари, а постојат и случаи кога овие криминални структури се обидувале да станат сопственици на банки со цел олеснување на активностите за перење пари.

Факторите кои влијаат на појавата и развојот на меѓународниот феномен на перење пари може да ги препознаеме во процесот на глобализација, процесот на технолошката револуција, развојот на финансиската инфраструктура на глобално ниво, брзи трансфери на луѓе и пари преку границите, успешна меѓусебна соработка на криминалните групи инволвирани во меѓународниот организиран криминал, во високите приходи од криминалните активности, како и во високиот степен на корупција во национални и меѓународни рамки.

Структурите на организиран криминал перманентно ги усовршуваат методите за перење пари, притоа користејќи ги новите технолошки достигнувања и развојот на економските и финансиските односи на светско рамниште. Тие на национално и на меѓународно ниво настојуваат да воспостават симбиоза со дел од државните, политичките, економските и финансиските институции, со цел вклучување на дел од нивните претставници во перењето пари со злоупотреба на нивната положба, функција, влијание и углед кој тие го имаат во општеството. Со цел што посигурно одвивање на процесот на перење пари и сведување до минимум нивно откривање од страна на безбедносните структури, криминалните структури настојуваат валканите пари стекнати од криминални активности во една држава да ги исперат преку финансискиот систем на друга држава. Во поголемиот број ситуации вака испраните пари, криминалните структури повторно ги враќаат назад во државата, најчесто во облик на разни вложувања во стопанството, трговијата, финансиите, или пак во спортот.

Државите со млада демократија и државите кои сеуште се наоѓаат во фазата на транзиција, меѓу кои се и дел од државите од регионот на Југоисточна Европа се ранливи на овој облик на организиран криминал. Факторите кои влијаат на ранливоста на државите се огледаат во недостатокот на правната легислатива, или соодветно и благовремено решавање на проблемот, недостаток од законот за банкарска тајна, слаби финансиски институции, како и несоодветен и неефикасен надзор над финансискиот сектор, неедуцирани кадри, владеење на корупцијата и др. Перењето пари како облик на организиран криминал, го поткопува бонитетот и кредибилитетот на банките и другите финансиски институции, а со самото тоа ја намалуваат и довербата на граѓаните во финансискиот систем на државите. Другата последица е, бркањето на потенцијалните инвеститори заради постоење на оправдан ризик за нивните евентуално вложени средства. Економиите на овие држави се особено ранливи на обидите за перење пари од страна на криминалните структури, корумпираните институции и поединци, кои со поседување на големи суми готови пари, потенцијално ја поткопуваат политичката стабилност, а со тоа и националната безбедност на овие држави.

Р. Албанија е држава со најголем ризик од перење пари заради големиот влог на готовински трансакции. Структурите на организиран криминал од Р. Босна и Херцеговина, во последниот период своите

криминални активности ги префрлаат на полето на лихварство, организирање нелегални обложувалници и сл. со цел перење пари и легализирање на нелегалниот профит, притоа создавајќи имиџ пред јавноста на своите членови на "успешени бизнисмени". За успешно перење на нелегалните пари, криминалните структури за одреден материјален надомест ангажираат експерти од различни области како на пример адвокати, сметководители, финансиски експерти, експерти за берзата и слични профили. Затоа и не изненадува фактот што во некои делови на Босна и Херцеговина, со "испрани пари" може да се купи се од голема банка, фирми, пасош, полициска информација, судии и обвинители, па и слобода. Најчестите начини за легализација на нелегално стекнатите пари во Р. Босна и Херцеговина се преку трансакции со готовински уплати и исплати за "извршени испораки" и "извршени услуги" од страна на фиктивни фирми, како и трансакции преку сметките на овие фирми за испорачана стока, односно извршени услуги, по легнувањето на готовите пари на сметката на тие фирми[176]. Имено, парите стекнати од криминалните активности, пред се од недозволената трговија со дрога, оружје, муниција, луѓе и др. се депонираат на сметките на некоја од фиктивните фирми на име дневен пазар, или на име остварен купопродажен договор со други фирми. Притоа се води сметка сумата на депонираните пари да не го помине дозволениот лимит кој е предвиден од страна на Агенцијата за банкарство на БиХ која меѓудругото, согласно законот е овластена да ја блокира предметната сметка во определен рок. Заради тоа, депонираните пари од сметките на овие фиктивни фирми веднаш ги подига овластено лице, спречувајќи блокирање на тие сметки. Сета оваа трансакција ја прати и соодветна документација (договор за купопродажба, царинска декларација, фактури и друго), иако стоката која е предмет на купопродажба воопшто не постои, ниту пак е извршена таква легална купопродажба. Добар дел од стопанствениците од Р. Босна и Херцеговина, кои парите ги стекнале со помош на структурите на организираниот криминал, а благодарејќи на нивниот статус, тие пари ги префрлаат и ги депонираат на сметки во странските банки.[177]

Во годините по осамостојувањето на Р. Црна Гора, која целосно се преорентира кон развој на туризмот, кој според оценката на владата е стопанската гранка која ќе ги носи најголемите приходи во буџетот, присутна стана појавата на вложувања на руските олигарси во градежништвото, кои особено се заинтересирани за изградбата на хотели и други стамбени објекти долж Јадранскиот брег. Меѓутоа, искуствата од другите држави, покажуваат дека овој вид бизнис е најинтересен за структурите на организиран криминал, од причини што тој е високо профитабилен и добар начин за перење на парите стекнати со вршењето криминални дела, за што руските структури на организираниот криминал имаат богато искуство. Истражувањата покажаа дека појавата на перење пари во градежништвото е најчесто присутна во административните и индустриските центри. Ова од причина, што

---

[176] Шаковић А. – *"Организовани економски криминал у односу на корупцију и прање новца у Босни и Херцеговини"*, Криминалистичке теме бр. 3-4/2003, Факултет криминалистичких наука, Сарајево, 2003

[177] Бошковић М.- *"Организовани криминалитет и корупција са посебним освртом на Републику Српску"*, Бања Лука, 2004

миграцијата на населението од руралните области во овие центри е се поприсутно, што создава ситуација за поголема побарувачка за живеалишта, а со тоа и зголемени градежни активности. Како би се задоволиле овие потреби, а со цел избегнување на плаќање високи даноци и други давачки кон државата при што се намалуваат и трошоците за изградба, таквите фирми вработуваат нелегални мигранти од други држави како ефтина работна сила, со што стануваат конкурентни на пазарот.

1.10. Пиратерија, кражби и фалсификување на интелектуална сопственост

Согласно Конвенцијата на Светската организација за интелектуална сопственост од 1967 година, WIPO (World Intellectual Property Organisation), изразот интелектуална сопственост се однесува на: книжевни, уметнички и научни дела; интерпретации на уметниците и интерпретаторите и изведување на уметниците изведувачи; научни откритија; индустриски примери и модели; фабрички, трговски и услужни жигови, трговски имиња и називи, како и заштита од нелојална конкуренција и на сите други права врзани за интелектуална активност во индустриската, научната, книжевната и уметничката област[178].

Новите технологии освен тоа што придонесуваат за унапредување на особините, а со тоа и на квалитетот на производите, придонесуваат и до полесно создавање плагијати, како и создавање подобри услови за развој на пиратеријата и други активности со кои се повредуваат правата на интелектуалната сопственост. Самата дефиниција за интелектуална сопственост објаснува дека таа претставува облик на сопственост над одредени производи на човековиот интелект, ум или дух. Интелектуалната сопственост, како правна категорија ги определува правата со кои се штитат творбите на личната инвентивност и креативност, но не и идеите. Таа ги штити само производите на тие идеи.

Постојат две основни групи права на интелектуална сопственост: права кои на некој начин може да се заштитат, на пр. правата на индустриска сопственост (патентиран производ, жиг, лого, дизајн и сл.) и втората група права, се оние кои можат само да се регистрираат, на пр. авторски и сродни права. Заштитата на интелектуалната сопственост се прави во специјални државни агенции и институции, најчесто познати како заводи или дирекции за заштита на интелектуална сопственост. Кражбите и нелегалното користење на интелектуална сопственост, резултира со економски, социјални и развојни трошоци, кои се поголеми од изгубената добивката на компаниите и штетите на економскиот раст. Пиратеријата и фалсификувањето се пречка на законските можности за вработување на лица како и последица на големи проценти изгубени приходи од данокот кои ги трпат државите. Криминалните структури ги крадат од иноваторите и креаторите, наградите за нивните иновации, го дестимулираат мотивот за инвестирање и ја ограничуваат разноврсноста и широкиот асортиман на стоки и услугите од висок квалитет. Потрошувачите имаат штета од фалсификуваните производи бидејќи меѓу другото, истите можат да претставуваат и ризик по здравјето и

[178] http://en.wikipedia.org/wiki/World_Intellectual_Property_Organization

нивната сигурност. Големото социјално влијание врз пиратеријата и фалсификувањето, налага потреба од спречување на овие нелегални активности како приоритет на државите, а не тоа да остане само потреба на сопствениците на правата на интелектуалната сопственост.

Заштитата и правилното управување со интелектуалната сопственост придонесува за економски раст на државите, без разлика дали се тие високо или ниско развиени, на тој начин што ги поттикнуваат иновациите, културната разноликост и технолошкиот развој. Интелектуалната сопственост му носи корист на општеството, особено на населението, преку зголемување на вредноста на производите и преку обезбедување гаранции за нивниот квалитет. При купувањето на фалсификувана и пиратска стока, потрошувачите намерно се наведуваат на мислата дека купуваат квалитет кој би требало да се очекува од реномиран и брендиран производ. Фалсификуваните и пиратски производи, се произведуваат без претходна проверка на квалитетот или сигурноста, кои ги наметнуваат меѓународните стандарди или самиот сопственик на брендот.[179]

Опасноста по државата која доаѓа од добивката остварена од продажбата на пиратските производи, е во фактот што најголемиот дел од овие средства одат во финансирањето на организираниот криминал, но и за финансирање на тероризмот. Овој облик на организиран криминал во последно време станува се повеќе водечки во изведувањето на криминалните активности, од причини што секоја вложена пара се зголемува за пет пати, запретените казни се помали од оние запретени за другите облици на организиран криминал, а и бројот на потенцијалните купувачи на светскиот пазар на овие пиратски производи од ден на ден е се поголем.

Кражбите на интелекуална сопственост создава огромни економски трошоци како во развиените држави, така и во државите во развој. Овие кражби ги запираат иновациите и ги одвраќаат локалните претприемачи од инвестирање во производството и се разбира во економскиот раст. Ова е најчесто негативно влијае на економските гранки, а чија основа е знаењето, кое пак е основа на економската стратегија во многу држави. Пиратеријата и фалсификувањето го спречуваат развојот на државите чија цел е зголемување на вредноста на извозот користејќи го интелектуалниот капитал. Тие нанесуваат штети и за уредно и легално функционирање на конкуренцијата. Легалните индустриски капацитети не можат да се натпреваруваат со пиратите и фалсификаторите околу цените на производите, бидејќи овие вториве, се иземени од трошоците потребни за истражување, развој и маркетинг, кои ги плаќа легалниот индустриски сектор. Структурите на организираниот криминал, едноставно бесплатно го користат сиот труд, креативната работа и инвестициите на легалната економија, што придонесува до сериозна дисторзија на пазарот. Заради тоа и заштитата на интелектуалната сопственост е еден од клучните елементи за неопходниот раст на економијата. Како би се постигнало ова, потребно е системот на интелектуалната сопственост да има поддршка од здрав економски менаџмент, добра инфраструктура, како и политичка

---

179 Frušić S.–*"Zaštita intelektualne svojine-uloga carinske službe u borbi protiv krivotvorenja"*, Revija za bezbednost br. 5/07, Centar za bezbednosne studije, Beograd, 2007

поддршка. Активната и позитивната национална политика која се однесува на интелектуалната сопственост и ефикасните решенија, како и свеста и подршката од јавноста се клучните елементи за заштита.[180]

Софтверот е една од највредните технологии во ова информатичко време кое движи се, од компјутери до интернет. За жал, поради фактот дека софтверот е многу важен, но и поради фактот дека за секунда на компјутерот може да се направи идентична копија на една програма, софтверската пиратерија е широко распространета.[181] Терминот "софтверска пиратерија" ги покрива различните активности како што се нелегалното копирање програми, фалсификување и дистрибуција на софтвери, па дури и размената на нелиценцирани програми меѓу пријателите. Софтверска пиратерија е нелиценцирана, неовластена репродукција и нелегална дистрибуција на софтвер, без разлика дали е наменета за бизнис или за лична употреба.[182] Познавањето на сите нелегални канали на софтверската пиратерија, е многу важен сегмент, не само заради задоволување на законските прописи, туку и за спречување на појавата на поголеми проблеми од економска природа како што се изгубената заработувачка, изгубените работни места и сл. Тоа што на дискот стои логото на Мајкрософт (Microsoft), или пишува дека софтверот е оригинално инсталиран во вашиот компјутер, не е гаранција дека тој е легален. Се започнува со една легална лиценцирана копија на софтверот. Продажбата на софтверот преку веб страниците (web sites) е вообичаена и едноставна работа, што го прави Интернетот совршен механизам за фалсификување.

ДВД пиратеријата е сериозен криминал, бидејќи парите од продажбата на пиратските ДВД најчесто се користат за финансирање на недозволената трговијата со луѓе, проституцијата, недозволената трговија со дрога и финансирање на многу други криминални активности. Се проценува дека пиратеријата создава 108.5 милиони фунти губиток годишно само заради неплатен данок.[183]

Со оваа недозволена активност, покрај поединци, се занимаваат и структурите на организиран криминал, при што парите добиени од продажбата на пиратската стока може да завршуваат во рацете на криминалните структури кои се бават со недозволената трговија на оружје или терористичките организации.

Во врска со пиратеријата и кражбите на интелектуалната сопственост според информациите на Министерството за Правда на САД од 1997 година, Р. Бугарија беше посочена како втора држава во светот по Кина, како производител и дистрибутер на пиратски цедиња. И покрај преземените мерки за спречување на овој вид на организиран криминал, а пред се поради поволната географска положба, Р. Бугарија и понатаму остана извозна држава на нелегално произведените цедиња кон соседните, кон источните и кон западноевропските држави.

Пиратеријата на стоки за широка потрошувачка се спроведува во многу градови низ Р. Грција и претставува сериозен проблем и покрај многубројните полициски акции и добрата соработка помеѓу властите и

---

[180] Glasnik Privredne/Gospodarske komore Federacije Bosne i Hercegovine, Glasnik br.18, Sarajevo

[181] http://w3.bsa.org/serbiaandmontenegro/antipiracy

[182] http://www.microsoft.com/Piracy/

[183] http://www.amazon.co.uk/gp/feature.html?ie=UTF8&docId=1000042743

носителите на авторските права. Местата за производство на фалсификуваните производи се наоѓаат во мали лаборатории сокриени во станови за живеење или мали гаражи. И покрај тоа што интернет-пиратеријата бележи намадување во 2010 година, од причини што биле изведени голем број успешни и транспарентни рации и апсења на криминалците од оваа "индустрија", таа останува и понатаму закана особено за аудиовизуелниот и музичкиот сектор. И понатаму остануваат проблемите поврзани со спречување на пиратеријата и изработката на нелегални софтвери, како и кај неавторизираните комерцијални копии на книги, прирачници, проекти и други документи на универзитетите.

1.11. Компјутерски криминал

Компјутерскиот криминал, или во светот попознат како "Сајбер криминал" (Syber crime), претставува еден од облиците на организиран криминал, каде користењето на компјутерската технологија и информатичките системи се препознаваат како начин на извршување кривични дела. Тој се манифестира преку двата негови појавни облици и тоа: кога компјутерите се употребуваат како алатка во извршување на кривични дела и вториот облик е кога компјутерскиот систем претставува цел на напад од страна на организираните криминални структури. Имено, кога зборуваме за обликот каде компјутерот претставува алатка за вршење кривични дела во рацете на организираните криминални структури, најчесто се мисли за извршување на кривичните дела перење пари, финансиски измами, педофилија (детска порнографија), пиратерија, кражби на интелектуалната сопственост и др. Компјутерскиот криминал се манифестира и преку компјутерските кражби, компјутерските измами, противправно користење услуги и неовластено прибавување податоци и информации, компјутерски саботажи, компјутерски тероризам, како и криминал врзан за компјутерските мрежи, каде тие претставуваат цел на напад, средство или алат, или пак мрежите се место каде што овие напади се реализираат.[184]

Кога компјутерскиот систем претставува цел на напад, зборуваме за два начини за негов напад. Според Маршал, Робинсон и Квак овие напади се делат на пасивни и активни напади[185]. Пасивните напади се однесуваат на пробивање на податоците, како на пр. лозинките, корисничките имиња, електронските пошта, како и тајните податоци со користење на посебни софтвери. Активните напади, се однесуваат на злоупотреби на грешките и ранливоста на компјутерскиот систем, при што компјутерот намерно се преоптеретува до точка на негово забавено работење или тотален пад на неговиот систем. Компјутерскиот криминал, истовремено претставува и противправна повреда на имотот во ситуации кога, компјутерските податоци се менуваат, бришат или неовластено се користат.

Паралелно со зголемувањето на зависноста од високите технологии во современите општества, зголемена е и зависноста на

---

[184] http://www.apisgroup.org/sec.html?id=29

[185] Рајкел Ф.-*"Прирачник за Транснационален криминал и правда"*, (Маршал К. Робинсон Х. Квак Д.-*"Компјутерски криминал во храбриот нов свет")* - Дата Понс, Скопје, 2009

криминалните структури од нив, како атрактивен и софистициран извор на приходи, но и побезбеден начин за нивните комерцијални и финансиски трансакции. Структурите на организиран криминал, преку компјутерскиот криминал ги спроведуваат своите недозволени активности релативно безбедно со користење многу мали средства, мали човечки ресурси, а притоа сторителите не се наоѓаат на местото на извршување, туку се надвор од дофатот на безбедносните структури на државата каде што е сторено кривичното дело. Примената на новите технологии во области на телекомуникациите и транспортот и развојот на т.н. "сајбер" простор, создадоа широк простор за дејствување на структурите на организираниот криминал. Ширењето на бизнисот по електронски пат и можноста за креирање на т.н. "виртуелни идентитети" на интернет, играат важна улога во помагање и прикривање на криминалните активности како и овозможување на поголема анонимност и заштита во тие активности.

Според видот на извршените кривични дела компјутерскиот криминал може да го поделиме на: политички (компјутерска шпиунажа, компјутерска саботажа, хакинг, компјутерски тероризам, компјутерска војна) и на економски (компјутерски измами, хакинг, компјутерски кражби, пиратерија, индустриска шпиунажа, недозволена трговија со дрога, оружје и луѓе). Во оваа пригода потребно е да ги наведеме и кривичните дела со кои се повредува човековото достоинство, моралот и неговите права и слободи (детска порнографија, педофилија, ширење на национална и верска омраза, неовластено прислушкување, навлегување во е-поштата и сл). Така, можностите за злоупотреба на интернетот во голема мера го олеснија производството, дистрибуцијата, ширењето, преносот и објавувањето на порнографските содржини со деца, како и вовлекување на децата во педофилските мрежи. Интернетот овозможува поефикасна и поефтина коресподенција помеѓу производителите, вебмастерите и корисниците на детската порнографија, што го отежнува откривањето на добро организираните педофилски мрежи.

Структурите на организиран криминал, но и терористичките организации, без сомнение ја користат информатичката технологија, за подршка на нивните криминални активности, или за извршување на криминални дела со примена на новата компјутерска технологија. Можностите кои ги нуди интернетот како нов медиум, привлече многу легални бизнис активности, имајќи ја предвид брзината, леснотијата и опсегот со кој трансакциите може да се спроведуваат притоа намалувајќи ги во многу трошоците. Но, истовремено и криминалните структури откријa дека интернетот може да пружи нови можности, на што побезбеден и побрз начин ги зголемат добивките од нелегалните бизниси. Тој нуди и нови средства, начини и методи за извршување на класичните кривични дела, како на пр. измама, а нуди и нови можности за обезбедување податоци за т.н. "привлечни цели за изнуда", криминал кој отсекогаш бил карактеристичен за организираниот криминал. Со користење на компјутерските системи, на пр. кривично дело изнуда, сега се извршува на нов начин и со "нови алатки". Темната страна на интернетот вклучува не само измами и кражби, порнографија и педофилски кругови, туку овозможува и простор за развој на недозволена трговија со дрога, како и активност на криминалните организации кои се повеќе насочени кон експлоатација, отколку кон

прекинување, или упади во компјутерски системи кое е во фокус на хакерската заедница. Самиот интернет обезбедува можности за различни видови на кражби, без разлика дали се во прашање "он-лајн" банки, или интелектуална сопственост. Поверојатно е, дека интернетот се почесто ќе се користи и за извршување на еден од софистицираните облиците на организираниот криминал, "перење пари". Како што интернетот станува медиум преку кој се повеќе се реализира меѓународната трговија, можностите за перење пари рапидно ќе растат. "Он-лајн" аукциите нудат можности за префрлање пари преку навидум легални купувања и каде злоупотребата се состои во тоа што се префрлаат многу повеќе пари, отколку што вреди купената стоката. "Он-лајн" комарот, исто така овозможува префрлање на пари, посебно во "оф-шор" финасиските центри инсталирани во некои од државите на Карибите, или во европските држави (Монако, Лихтенштајн, Кипар, Швајцарија....). Како што електронските пари и електронското банкарство се проширува, можностите да се прикрие движењето на парите кои потекнуваат од криминалните активности е се поголема, така и појавите на нелегални трансакции веројатно уште ќе растат.

Организираниот криминал во спроведувањето на своите недозволени активности ангажира високо обучени програмери кои се слабо платени во државната администрација, со цел стекнување на пристап до компјутерските системи на министерствата или фирмите и заштитените информации кои тие ги содржат. Исто така ги користи и лицата од хакерската заедница кои се оспособени и стручни и кои преку наградување или преку закани ги извршуваат нелегални активности ефективно и ефикасно. Во меѓународната размена на информации помеѓу полициските структури од државите, добиени се податоци дека најангажирани и најискористени "хакери" потекнуваат од Кина и Русија. Истите најпрвин за одреден паричен надомест, а подоцна со закани и киднапирање на членови од нивните семејства, се принудувани од криминалните структури за извршување на овој вид софистициран криминал. Но, поедини членови на структурите на организираниот криминал, денес стануваат се повеќе компјутерски образовани, што им овозможува самостојно да ги користат најсовремените технологии. Така, тие комуницирајќи преку шифрирана електронска пошта и преку интернет, се штитат од откривање и следење на комуникациите на нивните телефони, телефакси или други комуникациски канали.

Другите форми на криминалните активности преку кои организираниот криминал ги остварува своите нелегални активности ги препознаваме како:

- злоупотребата на кредитни и други платежни картички, преку користењето на т.н. "off-theshelf" технологии, каде вистинските податоци на имателите на кредитните картички може да се "пробијат" во една држава, да се произведат фалсификувани кредитни картички со истите податоци во друга држава и на крајот тие да се злоупотребат во трети држави;
- "фишинг или рибарење", каде со употреба на лажни веб-страници ги доведуваат во заблуда корисниците на истите, при што на измамен начин криминалните структури доаѓаат до броевите и лозинките на нивните кредитните картички, кои понатаму ги злоупотребуваат;

- лажни лотарии, и т.н. "нигериски писма";
- лажна продажба на патнички моторни возила;
- упади во компјутерски систем од страна на таканаречени "хакери".

Во сите случаи трансферот на пари оди преку фирми за брз трансфер на пари при што криминалците го употребуваат т.н. "украден идентитет".

Штетните последици кои настануваат како последица на компјутерскиот криминал може да ги поделиме во три категории и тоа: финансиски (материјални), нематеријални и комбинирани. Финансиските, или материјалните последици се манифестираат преку стекнување на противправна имотна корист за криминалната структрура, или доколку пак оваа структура не успее да се стекне со противправна материјална корист за себе, чини реална финансиска штетна последица. Нематеријалните последици кои ги предизвикува компјутерскиот криминал се манифестираат преку неовластеното откривање на лични, или деловни тајни. Комбинираните штетни последици се манифестираат кога со откривање на одредена тајна, или повреда на авторските права, се наруши угледот и се повредат правата кои се пропишани со законот, на физички и правни субјекти, а истовремено се предизвикаат и материјални штети од поголем обем[186].

Преку извршување на овие активности на компјутерскиот криминал, организираниот криминал ги загрозува виталните активности на државата кои се потпираат на информатичката технологија. На овој начин постојат реални можности од загрозување на економската, воената и политичката моќ на државата доколку нејзините информатички системи се нападнати меѓудругите и од страна на овие криминални структури. Криминалните активности од оваа област, претставуваат се поголем проблем за безбедносните структури во спроведување на законот и заштитата на националната безбедност. Креирањето на комплексни компјутерски мрежи, кои се повеќе ги користат владите и нивните министерства, јавните претпријатија, финансиските институции, приватните фирми и други сегменти од државата, создаде можност за нелегален пристап, прекин како и уништување на важните информации од страна на голем број т.н. хакери. Овие нелегални пристапи или т.н. компјутерски напади покрај хакерите, се изведуваат и од страна на незадоволни вработени во тие институции, странски разузнавачки служби, но и од фирми и корпорации кои се конкуренција на нападнатите институции. Ова не е непознато и за терористичките организации и за структурите на организираниот криминал, кои на нелегален начин ги пробиваат и искористуваат за свои потреби компјутерските бази на податоци. На овој начин криминалните структури имаат пристап до личните, финансиските, комерцијалните, безбедносните или воопшто до сите владини информации, со цел нивна кражба и друг вид злоупотреба.

Најчестите облици на компјутерскиот криминал во Р. Србија се повредата на интелектуалната сопственост, пиратеријата, злоупотребата на платежните картички и педофилија, односно детската порнографија преку интернет, од причини што посетителите на сомнителните сајтови најчесто се деца кои лесно можат да се излажат. Случаите на детска

---

[186] http://www.apisgroup.org/sec.html?id=29

порнографија откриени во последните неколку години, во соработка со странските полиции, покажаа дека ниту Србија не е поштедена од злоупотребата на достигнувањата на информатичката технологија од страна на еден од најопасните облици на организиран криминал, кога се во прашање децата. Но, сепак проблемот при спречувањето на овој облик на злоупотреба, претставува недоволната координација на јавните служби, слабите материјални ресурси, слабата обученост на службениците задолжени за негово спречување, како и постоењето низок степен на свест кај граѓаните за постоењето на детската порнографија во Р. Србија.

1.12. Еколошки криминал

Еколошкиот криминал е релативно нова област за истражување од било која безбедносна служба во светот како и за меѓународните полициски организации Европол и Интерпол и СЕКИ иницијативата. Овој вид на криминал е исклучително разнолик и апсолвира голем број на поврзани прекршоци кои може да бидат опфатени со посебната, општата, или граѓанската легислатива во зависност од правниот систем и видот на извршен криминал во соодветните држави. Безбедносните структури се соочија со многубројни проблеми при истражување на случаите на еколошкиот криминал.

Од направената сеопфатна анализа за овој вид на криминал, утврдено е дека сознанијата, информациите и податоците за негово постоење мора да се собираат од различни институции и организации на национално и регионално ниво. Во други случаи потребни им се сознанија, информации и податоци или помош во истрагите од меѓународната заедница. Од голема важност е создавањето и постоењето на еден централен контактен центар, со единствени бази на податоци, со цел координирање на меѓународната полициска соработка во различните случаи, како оној во Интерпол формиран во 1992 година. Од осумдесеттите години од минатиот век, општествата се повеќе се фокусираа на еколошките проблеми и поради ова, безбедносните структури станаа се повеќе ангажирани во разрешување на случаите поврзани со појавните облици на еколошкиот криминал и нивните сторители, без разлика дали станува збор за правни или физички лица. Најчестите облици на еколошкиот криминал се трговијата со загрозени животински и растителни видови, криминал против животната средина, како и нелегалната трговија со супстанции и други промотори за брз раст. Колкава е добивката од овој вид криминал укажуваат некои извештаи според кои, структурите на организираниот криминал во Италија за 2008 година заработиле од т.н. еко-мафијашки потфати околу 16 милијарди евра.

Денес структурите на организираниот криминал, се повеќе се инволвираат во недозволената трговија со заштитените видови на флора и фауна. Програмата за животна средина УНЕП(UNEP) при ООН од 2005, проценува дека добивката од нелегалната трговија со заштитените видови флора и фауна на глобално ниво, годишно изнесува околу 160 милијарди евра. Проценката е извршена врз основа на декларираните увозни вредности, а вклучува стотици растителни и животински видови.

Сепак, штетата која притоа се нанесува на животната средина е немерлива.

Недозволената трговија со заштитени и ретки егзотични видови на флора и фауна, го загрозува биодиверзитетот на државите, придонесува за исчезнување на поедини врсти на ретки растенија и животни, воведува инвазивни врсти во еко системите на државите, па државите каде тие се наменети се изложени на голем ризик од разни преносливи болести, кои во многу случаи може да бидат и смртоносни за домицилните животни и растенија, но и за луѓето. На овој начин, овој вид недозволена трговија во голема мера може сериозно да го разниша и националното стопанство на државите.

За одбележување е дека од година во година овој облик на недозволена трговија со заштитени и ретки егзотични видови на флора и фауна бележи пораст, пред се поради фактот што таа е помалку ризична криминална активност за овие "трговци", а запретените казни се многу помали за разлика од останатите видови нелегална трговија, како и поради фактот што полицијата и царината во повеќето држави оваа нелегална трговија ја третираат како поблаг прекршок. Слабата и несоодветна кадровска екипираност со стручни лица кои ја познаваат оваа материја, како и слабата материјално-технички опременост, се уште еден чинител кој оди во прилог на порастот на недозволената трговија со заштитени примероци на флората и фауната и на криминалните структури. Со оглед на тоа што ловењето животни и собирањето билки во комерцијални цели, претставува втора важна причина за исчезнување на некои облици на живиот свет од планетата земја, веднаш по неконтролираните исушувања на мучуриштата, уништувањето на тропските шуми и непревземање на противмерки од страна на државите, може да доведе до целосно исчезнување на поедини растителни и животински врсти.

Со недозволената трговија со заштитени ретки и егзотични видови на флора и фауна, се кршат одредбите од националните закони кои се однесуваат на ловот, заштитата на природата, законите кои ја регулираат даночната, царинската и здравствената политика. Се тргува како со убиени, така и со живи примероци на ретки животни. Локалното население, обично од сиромашните држави, за многу мали суми пари го продаваат уловот на колекционери, или ловат по нарачка. По ова, уловот пристигнува кај дилерите во државите увозници, кои обично имаат регистрирано фирми за друг бизнис кој им обезбедува легална фасада, а кои обезбедуваат фалсификувана документација, ги корумпираат полициските, царинските и други инспекциски службеници, задолжени за издавање на соодветни дозволи, или за спречување на овој облик на недозволена трговија. Во прилог на криминалните структури кои се бават со овој вид криминал, им оди и фактот што во голем број развиени, а уште повеќе во неразвиените и сиромашни држави, не постојат централни збирки на податоци за заштитените видови флора и фауна. Заради ова, недозволената трговија со овие загрозени видови за нив не претставуваат висок приоритет на државна заштита, додека за криминалните структури оваа недозволена активност е поврзана со остварување висок профит во услови на релативно низок степен на ризик. Организираниот криминал, во сиромашните држави на Европа, особено оние од Југоисточна Европа, во спроведувањето на овие

криминални активности за ниска материјална надокнада користи стручни лица познавачи на флората и фауната, како и веќе воспоставените нелегални канали за недозволена трговија

Нелегалната и неконтролирана сеча на шумите за потребите на градежната индустрија, исто така претставува сериозна закана на биодиверзитетот од причини што се намалуваат областите со т.н. "големи шуми".

Токсичниот отпад, опасните и радиоактивни материи, кои неконтролирано се тргуваат и депонираат на легални и нелегални депонии во организација на структурите на организираниот криминал, без превземање на безбедносни мерки, многу негативно влијаат врз животната средина, односно врз основните природни ресурси-водата, почвата и воздухот. Но, негативните последици за животната средина не ги засегаа овие криминални структури од причини што профитот кој тие го заработуваа од овие недозволени активности го задоволуваа нивниот висок апетит за пари.

Р. Србија е држава на увоз и на извоз на ретки растителни и животински врсти. Недозволената трговија со ретки или егзотични животни со потекло од Јужна Америка, Африка и Индонезија, во Р. Србија најчесто пристигнуваат од Чешката Република и Полска[187]. Од Р. Србија најчести животни кои се цел на оваа недозволена трговија за извоз, се желките за кои на локалното население им се плаќаат по десет евра од парче. Истите на Запад достигнуваат околу 400 евра, додека за птиците од родот на соколи, орли, јастреби и други ретки птици цените се движат помеѓу 500 и 50.000 евра[188].

Карактеристично за Р. Босна и Херцеговина е тоа што со завршување на воените дејствија кон крајот на деведесетите години од минатиот век, нејзината територија беше зафатена со масовно и неконтролирано пустошење на шумското богатство, кое попримило размери на еколошки геноцид.

Со оглед на релативно малиот географски простор каде се сместени и останатите држави на Југоисточна Европа, може да кажеме дека еколошкиот криминал на ист начин и со слични методи ги напаѓа нивните општества, а исти се и последиците кои произлегуваат од неговото практикување.

1.13. Насилен криминал

Деликти на насилство, претставуваат инкриминирани човечки однесувања кои со употреба на сила, или сериозна закана ги повредуваат или загрозуваат правно заштитените добра, односно деликтите на насилство се противправна употреба на сила, или закана кон друго лице или кон предмети.[189] Организираното насилство претставува облик на организиран криминал кој ги опфаќа кривичните дела каде се работи за постигнување на одредена цел, преку вршење напади по животот и

---

[187] Станува збор за папагали, желки, разни видови змии и пајакот тарантула.

[188] Kešetović Ž. – *"Ilegalna trgovina biljnim i životinskim vrstama kao oblik organizovanog kriminala"*, Revija za bezbednost br. 4/09, Centar za bezbednosne studije, Beograd, 2009

[189] Lazarević Lj. – *"Delikti nasilja-krivično pravni delkti"*, Institut za kriminološka i sociološka istraživanja, Beograd, 2002

телото, или преку упатување на сериозни закани по животот и телото.[190] Организираните криминални структури покрај употребата на насилство за остварување на своите поставени цели, го користат и за сопствена заштита од компромитација и откривање.

Еден од најзастапените облици на насилен криминал претставува т.н рекет, кој овозможува стекнување на приход на криминалните структури со примена на сила, или сериозна закана. Кај рекетот, криминалците нудат услуги за "заштита" на одредено лице, обично бизнисмен, за одредена сума пари. Во случај овие лица да ја одбијат понудената заштита, следат брутални мерки кои се манифестираат од причинување на намерни штети или целосно уништување на имотот на лицата, различни начини на малтретирање, напади, нанесување повреди, па се до вршење убиства на тие лица, или на членови од нивните семејства. Најновите сознанија укажуваат и за новите методи на работа, каде структурите на организиран криминал кои нудат "заштита", своите побарувања за наплата ги пренасочуваат кон барање за добивање на одреден процент од заработувачката на фирмите, или барање за воспоставување партнерски однос, при што криминалците се јавуваат како косопственици на одреден имот, фирми и слични добра. Постојат случаи кога во одредени ситуации структурите на организиран криминал вршат убиства на сопствениците на имоти или фирмите кои не ја прифатиле "заштитата", па на тој начин стануваат и единствени сопственици над истите, се разбира со претходно под присилба, случен писмен договор со претходниот сопственик. Воспоставување на должничко-доверителните односи вон регуларниот платен промет во државата, со давање на средства во вид на заеми со екстремно високи камати, овозможи организираните криминални структури со примена на насилство да вршат присилни наплати на побарувањата, или да изнудуваат пари од добро ситуираните граѓани и лица од бизнисот, заради "нивна заштита".

Присуството на овие форми на насилен криминал-рекет, изнуди, киднапирања и присилни наплати, направените согледувања во однос на методите кои ги користат криминални структури, како и остварувањето на високи приходи, укажуваат на реалната опасност од проширување на нивното влијание врз политичките партии и државните институции. Така, се создаде реална опасност за навлегување на организираниот криминал во сите пори на општествениот живот и остварување контрола врз значајните пунктови на легалната власт. Своите почетоци овие облици на насилен криминал, ги имаа во времето на појавата на првите агенции за обезбедување, време кога оваа материја сеуште не беше правно регулирана. Во условите на висока побарувачка, а ниска или недоволна понуда на готови пари заради недоверба во банкарскиот систем на земјата, организираниот криминал располагаше со сите потребни механизми за успешно работење-закана со насилство, примена на насилство и што е уште поважно, репутација дека заканите би можеле да се реализираат.

Криминалните активности на организираниот криминал во Р. Албанија, пред се, се манифестираат преку облиците каде примената на

---

[190] Ignjatović Đ. –*"Kriminalistički aspekti delikata nasilja, delikti nasilja"*, Institut za kriminološka i sociološka istraživanja, Beograd, 2002

насилството како метод на работа им носат висок профит, додека нивното извршување е пратено со голема бруталност.

Статистиките на грчките безбедносни структури за генералната безбедносна ситуација и криминалот, покажуваат дека насилниот криминал во Р. Грција е помалку застапен отколку во другите Европски земји. Атина, како главен град е посигурен за граѓаните во однос на насилниот криминал, споредено со другите светски метрополи. Сепак, забележително е постојано и драматично зголемување на небезбедноста изразена преку вооружени инциденти со импровизирани експлозивни и запалливи направи, како и со мало и лесно оружје, рачни гранати и друг вид експлозивни средства. Мнозинството од вооружените инциденти најчесто се политички мотивирани со јасно дефинирана цел. Вооружените насилства и напади на банки исто така се во пораст, како и компјутерскиот криминал. Званичните статистики за движењето на криминалот, покажуваат дека оној поврзан со измамите и сексуалните напади е на ниско ниво во споредба со бројот на населението.

Во Р. Србија облиците на насилен криминал беше обусловен од војните кои се водеа на просторите на поранешна СФРЈ, од наметнатите санкции од меѓународната заедница, ниските лични доходи и падот на општествениот стандард, при што беа карактеристични пресметките помеѓу криминалните групи и се почестото извршување на кривични дела со цел стекнување на противправна имотна корист. Високата стапка на насилен криминалитет во Србија, во тој период беше предизвикана главно од т.н. воени ветерани од хрватската и босанската војна, кои се бореа во рамките на паравоените единици. Најчестите криминални дела кои тие ги извршуваа беа атентати, киднапирања, тешки кражби, уцени, изнуди и рекет.

ЗАКЛУЧОК

Со цел задоволување на се поголемите барања за стекнување со повисок профит, организираниот криминал е во секојдневна потрага по области кои се погодни за криминална експлоатација. Неговите активностите денес се посложени, пософистицирани, пазарно се ориентирани и се прилагодуваат на локалните и глобалните условите во скоро сите континенти. Така, неговите активностите во регионот на Југоисточна Европа се насочени кон легално и нелегално производството и недозволената трговија со разновидни стоки, а самиот регион заради поволната геостратегиска положба и минувањето на т.н."Балкански пат", претставува и делува како успешна транзитна зона, и зона за складирање и препакување на тие стоки. Најголемиот дел од појавните облици на организираниот криминал меѓусебе се поврзани, се испреплетени и се надополнуваат.

Недозволената трговија со дрога, оружје, моторни возила, недозволената трговија со луѓе и криумчарењето мигранти, како и недозволената трговија со стока за широка потрошувачка, претставуваат највносни криминални активности на структурите на организираниот криминал во државите од овој регион. Големиот профит изразен во пари кој е резултат од спроведените недозволени активности, а преку "перењето пари" овие структури се обидуваат да го вметнат во банкарскиот и фискалниот систем на државите, или да ги финасираат

активностите на одредени терористички организации присутни во овој регион. На овој начин вака "испраните пари", криминалните структури ги вложуваат во легалниот бизнис, со што во голема мера ја поткопуваат безбедноста, како и економската и социјалната стабилност на државите. Сето ова, овие структури не би успеале да го постигнат, доколку не го користат методите на насилство и корумпирање на дел од владеачката елита, политичките структури на власт, како и на дел од безбедносните и правосудните институции.

Заради високиот степен на сиромаштија во некои од државите на регионот, криминалните структури успеваат во организирање и посредување за депонирање и складирање на токсичен отпад од високоразвиените држави од Западот. Недозволената трговија со предмети од културно историско значење претставува проблем на национално ниво, но е исто така и меѓународен проблем. Со кражбите на интелекуална сопственост, пиратеријата и фалсификувањето, криминалните структури го спречуваат развојот на државите чија цел е зголемување на вредноста на извозот користејќи го интелектуалниот капитал. Денес, преку активностите на компјутерскиот криминал како најсовремен облик на организиран криминал, постои голема опасност од загрозување на виталните активности на државата, нејзината економска, воена и политичка моќ, а кои во голема мера се потпираат на комуникациските системи и информатичката технологија. Екологијата претставува уште една сфера, каде организираниот криминал го нашол својот интерес за стекнување со нелегални приходи, притоа нарушувајќи ја рамнотежата во природата и задавајќи му удар на биодиверзитетот во регионот на Југоисточна Европа.

Како што може да се забележи од досега кажаното, скоро сите облици на организиран криминал без исклучок се присутни во сите држави од Југоисточна Европа опфатени со трудот, без разлика на нивното државно уредување, или на тоа дали се членки на Европската Унија или не. Овие држави се наоѓаат на крстопатот Исток-Запад и Север-Југ, низ кои минува т.н. "Балкански пат" со своите краци, преку кој се одвива целокупниот транспорт на нелегална и недозволена стока и луѓе. Со о глед на се поголемата побарувачка на нелегална стока за широка потрошувачка, заради пониските цени, како и недозволена стока, пред се дрога за конзументите од Западнорвропските држави, но и зголемениот процент на миграционите процеси од повеќе причини, ќе придонесат овие држави и во иднина да бидат важни транзитни точки на правецот Исток-Запад и обратно, но и се повеќе да бидат држави-конзументи.

VI ГЛАВА

1. Сличности и разлики во дејствувањето и спречувањето на организираниот криминал во државите од Југоисточна Европа

Карактеристично за државите со кревка демократија и држави во транзиција, каде настанаа промени во политичките и економските системи, а тоа се токму дел од државите од регионот на Југоисточна Европа, е постоењето на правен вакум. Политичките елити во спрега со економските намерно го одржуваа овој правен вакум со цел создавање на тн. "бизнис олигархија" заради концентрација на капиталот во мал круг на луѓе. На овој начин, во ситуации кога не функционираа институциите на правната држава, постоеше отсуство на нивна контрола, владеење на политички неодговорни влади, беа извршени незаконски приватизации на големите општествени претпријатија, беа избегнувани плаќањата царини и акцизи, а актуелни беа и наместените тендери за јавните набавки. Во прилог на создавањето и одржувањето на оваа нездрава клима во транзиционите држави им одеа неколку битни фактори. Како прво, непостоењето на независни државни институции, кои би биле под општествена, а не под партиска контрола, чија задача беше превенирање, откривање и пресудување на сторителите на кривичните дела од областа на организираниот криминал. Вториот фактор го препознаваме во недоизграденоста и непостоењето на квалитетна правна рамка, отсуство на правно дефинирање на кривичните дела од областа на организираниот криминал и во несоодветно изградената казнена процедура. Непостоењето на правно формулирана и регулирана национална стратегија за спречување на активностите на организираниот криминал и големите дискрециони овластувања на службениците од државните институции создаваа реални предуслови за појава и развој на корупцијата. Корупцијата ги загрозуваше нивната економска, политичка и општествена основа, а истовремено им овозможуваше економска моќ на припадниците на организираниот криминалал. Нетранспарентноста, или фаворизирањето на одредени субјекти во процесите на приватизација, јавните набавки, нетранспарентност во финансирање на политичките партии, непотизмот, постоењето бирократски кочници при издавањето на разни дозволи за увоз, или извоз на репроматеријали или готови производи и сл. претставуваше фактор за создавањето на нездрава општествена клима во државите од регионот.

Големото влијание на политичките партиите врз државните службеници од безбедносните структури преку деградирање во службата, отпуштања на "неподобните", или неистомислениците со актуелната политичката елита и пополнување на нивните испразнети места со нестручен, неспособен партиски кадар, оправдувајќи го тоа како спроведување на неопходните реформи на безбедносните структури, е еден од многу важните фактори кои одат во прилог на организираниот криминал. Слабите материјални примања на овие државни службеници,

нивната незаштитеност од самоволието на политичките, или криминалните авторитети, кои се упатени едни на други во дел од овие држави, нивната слаба материјално-техничка опременост како и ниското ниво на едуцираност за методите и начините за препознавање и спречување на облиците на организираниот криминал, претставуваат уште еден фактор кој придонесуваше за опстанокот и непречен развој на организираниот криминал. Имено, во вака создадената ситуација на владеење на хаосот, безаконието, ерозијата на моралот и при непостоење на систем на вредности во транзиционите држави од регионот, припадниците на криминалните структури ја видоа својата шанса.

Геостратегиската положба на новоформираните држави кои произлегоа по распадот на СФРЈ, како и промената на нивното уставно уредување, како и уставното уредување на Албанија, Бугарија и Романија, и преминот од социјалистичко кон плурално демократско општество, создаде слични интереси и стратегија на дејствување на криминалните структури, не иземајќи ги тука и организираните криминални структури на Р. Грција, како постара демократска држава. Најпрвин, како ситни партнери на веќе изградените и силни меѓународни организирани криминални структури, криминалните структури од овој регион, полека чекор по чекор, се изградија и толку зацврснаа што станаа респектабилни чинители во криминалниот свет во светски рамки. Така, едни од најсилните структури на организираниот криминал станаа, албанските и српските, чии главни активности беа недозволената трговија со дрога, со оружје, со луѓе, но и вршењето насилство, изнуди и убиства. Предмет на интерес на скоро сите криминални структури во регионот беше одраз на географската положба, односно правецот на каналите за недозволена трговија минуваат преку нивните држави на крстопатот Север-Југ и Исток-Запад. Во новите општествени консталации и развојот на информатичката технологија, се повеќе криминалните структури своите нелегални активности ги спроведуваат со примена на новата информатичка технологија, со цел воспоставување побрз и побезбеден проток на стока и пари, но и создавање услови за поголема самозаштита. Овие криминални структури беа пополнувани со поранешни припадници на безбедносните и воените структури, кои беа отпуштани од работа заради трансформациите на општествено-политичките уредувања на овие држави. Добро обучени со полициски вештини и со познавање на воената стратегија, овие структури стануваа се поголема опасност за новосоздадените држави со млада демократија, но и за конкурентските криминални структури од Европа. Криминалните структури од овој регион, за успешно реализирање на своите активности стапуваат во блиска меѓусебна соработка без оглед на нивната етничка припадност, за разлика од актуелните политики на нивните држави.

Од социолошки и морален аспект, она што е општествено опасно во овие држави, е тоа што по успешно спроведените активности на "перење пари" стекнати од криминалните активности, одредени припадници на криминалните структури, или одредени поединци кои од блиската и успешна бизнис соработка се стекнаа со големо богатство, е што успеаа и да ги "исперат" и своите биографии и да ги уживаат "плодовите на својот минат труд". Овие лица, сега како единствени сопственици, или доминантни сопственици на некогаш големите и

значајни претпријатија, или спортски клубови, стануваат значајни "спонзори" на културни, спортски и други манифестации и стануваат дел од "општествената елита" која цврсто се етаблира во власта. Посебна опасност е што овие структури се многу влијателни во политиката, благодарејќи на средствата кои ги вложиле во некои од политичките партии, или во влијателни личности во државите. Откако државите, најпрвин срамежливо го признаа постоењето на организиран криминал, со новите политички одлуки на нивните влади, започнаа со превземање сериозни мерки за откривање и спречување на неговите активности, на национално, регионално и меѓународно ниво. Од причини што дел од државите сеуште го немаат прецизно дефинирано организираниот криминал и секоја од нив за дневнополитички потреби различно го појмува, како и фактот што нивните безбедносни структури го немаат потребниот капацитет за препознавање и спречување на неговите активности, мораат да превземаат мерки за искрена меѓусебна соработка, како и да пристапуваат во новоформираните меѓународни организации и асоциации, со цел превземање на глобални мерки и активности против меѓународниот организиран криминал.

2. Превенција и успешно спречување на организираниот криминал значајни фактори за воспоставување на стабилна национална безбедност во државите од Југоисточна Европа

Новата безбедносна структура во Европа е конституирана врз основа на видоизменетата природа на заканите за безбедноста, каде примарни станаа невоените закани, пред се организираниот криминал. Во годините на нестабилност, по завршувањето на "Студената војна" кога државите од овој регион се обидуваа да се позиционираат со цел утврдување на својот идентитет и територијална целовитост, организираниот криминал полека, но сигурно напредуваше и се развиваше со амбиција што подлабоко да се етаблира во државната власт. Неговите криминални структури во тој период, по успешно изведените активности, стануваа се побогати, повлијателни и поспособни да ги поднесат ударите од страна на безбедносните структури манифестирани преку, повремените апсења и заплени на стоките кои беа предмет на недозволената трговија.

Во државите од овој регион одреден број припадници на безбедносните структури беа вклучени како во процесите на криминалната приватизација во деведесетите години на минатиот век, така и во други вносни криминални активности. На овој начин чувството за граѓански права и слободи, кои произлегуваат од самата припадност на општествената и политичката заедница беше сериозно загрозено. Оваа загрозеност е главниот извор на чувството на небезбедност во регионот и која ќе го одредува начинот на размислување и политичко однесување на граѓаните за подолг временски период. Ова политичко однесување меѓудругото, природно и систематски ќе влијае на изборните резултати и на процесите преку кои се воспоставуваат и одржуваат институциите во државите од овој регион. Може, многу лесно да се случи стравот да стане доминантен социјален мотив за политичко однесување, а општествата со кои раководи стравот, многу тешко можат да

напредуваат и да обезбедат клима на стабилност и безбедност, која е неопходна за нивните граѓани да имаат автентична, здрава и некорумпирана власт. Од овие причини, многу успешни луѓе кои претставуваат основна база на развојната политика во своите држави, иако директно не се економски загрозени, ги напуштаат државите од овој регион.

Превенцијата како основен облик на спречување на криминалот, а со тоа и на организираниот криминал низа години беше предмет на разгледување на голем број научници од скоро сите научни области. Таа претставува збир од мерки, активности и актери, кои со заедничко дејствување работат на реализација на поставените цели во оваа област.

Превенцијата е потребно да ги оствари целите, како што се намалување на криминалот и зголемување на степенот на безбедноста на граѓаните и нивниот имот, зголемување на способноста и капацитетите на субјектите задолжени за превенција на криминалот, како и развој на блиска соработка помеѓу владините и невладините институции задолжени за превенција на криминалот.

Таа се спроведува преку три нивоа и тоа: примарно ниво, каде превенцијата се спроведува преку образовниот и информатичкиот систем, преку институциите за социјална заштита, или преку невладиниот сектор. На секундарно ниво, превенцијата се спроведува преку конкретни програми насочени кон појавата, поединците и групите кои се ризични за појавата и развојот на криминалното дејствување. Терцијалното ниво на превенција е усмерено кон спречување на рецидивизмот во ситуации кога криминалот е веќе појавен, како и кон криминалните дела од особено тежок облик. Према тоа, превенцијата, е насочена кон ситуацијата или амбиентот, кон социјалното опкружување, кон потенцијалните извршители, кон можните жртви, како и кон градење соработка со граѓаните со цел подобра реакција на појавата на криминалот.[191]

Заштитата од организираниот криминал, се состои од превземање на разновидни мерки на превенција, контрола врз службениците од јавната администрација, искоренување на корупцијата, развивање на свеста за неопходноста од вклучување на сите државни институции, целокупната јавност и релевантните политички фактори во неговото спречување. Најголемото внимание треба да се обрне на бескомпромисното одземање на имотот и друга имотна корист кои се стекнати со недозволените активности на организираниот криминал. Имотната корист е најчесто профитот изразен преку парите и претставува еден од главните цели на организираниот криминал, а со тоа и негова "ахилова пета". Ако таа корист изостане, т.н. истата се одземе од криминалците, нема да постои и организираниот криминал.[192] Од причини што структурите на организираниот криминал преку доследно спроведување на институтот конфискација на имот и друга имотна корист, ќе бидат лишени од доволни количини пари за корумпирање на судиите и обвинителите, како и за ангажирање на најдобрите адвокати,

---

[191] Република Србија, Министарство унутрашњих послова -*"Полазни оквир Националне стратегије превенције криминала"* Београд, 2009

[192] Grubać M. – *"Organizovani kriminal u Srbiji"*, Zbornik radova Pravnog fakulteta u Splitu, god.46,4/2009

логично е во една легална правна процедура да следат високи ефективни и долгогодишни затворски казни за нив. На овој начин, самата репресија ќе влијае превентивно, врз активностите на организираниот криминал.

Безбедносните структури не можат сами и одвоени од другите државни системи, граѓаните и општеството, ефикасно да се спротиставуваат на криминалот. Сите држави од регионот од Југоисточна Европа, во иднина мора да воспостават систем на вредности во кои нема да постои ни најмал степен на толеранција кон криминалот, додека силната меѓудржавна и регионална соработка ќе претставува еден од клучните иструменти за успешно спречување на криминалот. За таа цел, некои од државите од регионот, заради успешно спречување на организираниот криминал, создадоа специјализирани агенции, чија основна активност е собирање на криминалистичко-разузнавачки информации. Тие не треба да постапуваат како одговор на сторено конкретно кривично дело, туку е потребно да ги пратат трендовите и делувањата на структурите на организираниот криминал, да собираат корисни информации и да настојуваат да ги предвидат можните правци на развој на заканите по безбедноста кои произлегуваат од активностите на организираниот криминал.

3. Стратегии за спречување на организиран криминал на државите од Југоисточна Европа

Елементите на националните стратегии за спречување на организираниот криминал, произлегуваат од основните задачи на безбедносните структури, а тоа се превенцијата и спречувањето на организираниот криминал, преку собирање, анализа и оперативна употреба на криминалистичко-разузнавачките информации, како и преку координација на нивните активности со активностите на другите институции и организации, државни и невладини. На овој начин безбедносните структури се насочуваат пред се кон проучување на структурите на организираниот криминал, отколку на делата кои тие ги извршуваат, со цел предвидување на заканите по безбедноста на државите и нивните граѓани кои тие ги продуцираат, како и кон предвидувања на трендовите и идните активности и видови закани кои би биле составен дел на организираниот криминал.

3.1. Стратегија за спречување на организиран криминал на Р. Албанија

"Националната Стратегија за борба против организираниот криминал, трговијата со луѓе и тероризмот на Р. Албанија"[193], го изразува стремежот на албанската влада да се вклучи во борбата против организираниот криминал, недозволената трговија со луѓе и тероризмот. На овој начин државните структури даваат гаранција за целосна координација на активностите и за мерките кои се превземаат од страна на институциите кои се вклучени во спречувањето на овие појави, а кои

---

[193] Republic of Albania -*"Strategy of the fight against organized crime, trafficking and terrorism"*, Tirana, September 2007

се означени како закани и опасности кои предизвикуваат тешки последици на сите нивоа на националната безбедност. Стратегијата е битно достигнување за сите институции во Албанија и придонесува за зголемување на квалитетот на специјализираните институции, помага за подобрување на делегирањето на задачите и координацијата на активностите. На овој начин таа влијае за напредокот во спречувањето на организираниот криминал и тероризмот.

Оваа стратегија има за цел да ги дефинира основните приоритети во борбата против организираниот криминал, да ги постави целите на сите институции кои се вклучени во оваа борба, како и да ги координира активностите за исполнување на овие цели.

Националната Стратегија на Р. Албанија има за цел:

- Идентификување на феноменот на организираниот криминал и други целни феномени со темелна анализа на причините и факторите за нивната појава и развој;
- Презентирање на активностите на сите чинители вклучени во борбата против организираниот криминал;
- Вршење проценки на ситуацијата со организираниот криминал во државата, базирани главно врз документи, медиуми и податоци добиени од меѓународните институции;
- Воспоставување на цели и приоритети кои треба да се исполнат со цел минимизирање на активностите на организираниот криминал и определување на најчестите облици на овој вид криминал;
- Дефинирање на мерките кои треба да се преземат од страна на разни институции, со цел исполнување на зададените цели;
- Потенцирање на акциониот план, дефинирање на мерките кои се преземаат од страна на институците врз основа на другите утврдени стратегии, акциони и национални планови или матрици;
- Дефинирање на мониторинг методи за имплементација на стратегијата;
- Дефинирање на финансиските средства за исполнување на активности поврзани со имплементацијата на оваа стратегија.

3.2. Стратегија за спречување на организиран криминал на Р. Босна и Херцеговина

Донесувањето и имплементацијата на "Стратегијата за борба против организираниот криминал"[194] е од големо значење за граѓаните на Р. Босна и Херцеговина и претставува важен чекор во процесот на асоцијација во Европската Унија, но и јасна определба на државата во најголема можна мерка да придонесе во борбата против организираниот криминал.

Согласно ова, Советот на Министри на Р. Босна и Херцеговина е задолжен да ги обезбеди сите неопходни политички и правни претпоставки за успешна примена на стратегијата со тежиште на трите основни принципи: проактивен пристап за развој и примена на превентивното дејствување, примена на репресивното дејствување и

---

[194] Bosna i Hercegovina, Vijeće Ministara-*"Strategija za borbu protiv organizovanog kriminala"* (period 2009-2012), Sarajevo, 2009

одземањето на имотот стекнат со извршување на кривични дела. Советот на Министри на Р. Босна и Херцеговина преку своите и надлежните институции на "ентитетите" и на "Дистриктот Брчко", имаат за задача активно развивање на довербата и соработката со граѓаните, со јавниот, општествениот и приватниот сектор, со цел поврзување на сите сили и потенцијали на општеството во борбата против организираниот криминал. Со стратегијата, Советот ја утврдува политиката во областа на воспоставување на ефикасен систем за борба против организираниот криминал, ги дефинира стратегиските цели, улогата и одговорноста на сите субјекти и ја утврдува рамката за изработка на планови за нејзина имплементација. Со стратегијата се создаваат дополнителни услови за ефикасно вклучување на Р. Босна и Херцеговина во регионалниот, европскиот и светскиот концепт за борба против организираниот криминал. Стратегијата е во склад со обврските специфицирани низ процесот на стабилизација и асоцијација со Европската Унија, односно имплементација на барањата од т.н. "мапа на патот" за реализација на визниот режим за граѓаните на Р. Босна и Херцеговина, како и тековните реформски процеси во државата, пред се на оние кои се наведени во документот "Европско партнерство". "Стратегијата за борба против организираниот криминал" е во функционална врска со другите стратегии во Р. Босна и Херцеговина, кои се однесуваат на различни области: интегрирано управување со границите; борбата против корупцијата; спречување на перењето пари и финансирање на терористичките активности; сузбивање на трговијата со луѓе; контрола на недозволената трговија со опојни дроги, нејзино сузбивање и превенирање, како и спречување на илегалната миграција.

Учесниците во изработката на Стратегијата се воделе од следниве принципи:

- принцип на политичка волја, што значи дека активната борба против организираниот криминал ќе претставува приоритетна активност на институциите на Р. Босна и Херцеговина;
- принцип на недискриминација и почитување на човековите права и слободи;
- принцип на легалитет, што бара почитување на домашните закони и одредбите на меѓународните договори чиј потписник е Р. Босна и Херцеговина;
- принцип на единствено и глобално согледување на проблемот на организираниот криминал;
- принцип на координација и заедничка соработка на сите релеванти субјекти во државата;
- принцип на професионализам и ускладеност во сите подрачја на дејствување, од причини што борба против организиран криминал подразбира и континуирана професионална обука, образование и усовршување на експерти, како и размена на искуства од најдобрите практики и современите достигнувања и нивна ускладеност со превентивно-репресивните мерки;
- принцип на активна меѓународна соработка;
- принцип на почитување на обврските за имплементација на стратегијата со утврдување на институциите задолжени за нејзино спроведување, со јасно дефинирани обврски и планирани рокови за нејзино спроведување;

- принцип на континуитет и прогресија на системските активности за борба против организираниот криминал, кои се од траен карактер;
- принцип на доверба, во однос на необјавување на лични податоци произлезени од специфичните активности, освен во случаи и под услови дефинирани со закон;
- принцип на анализа, кој ја опфаќа периодичната анализа и оцена на реализираните цели и превземени мерки;
- учество на јавните и приватните сектори и цивилното општество;
- принцип на ускладеност и адекватно користење на едукативните, превентивните и репресивните мерки;
- принцип на транспарентност и отворени проекти достапни на јавноста.

Основни цели на оваа "Стратегија за борба против организираниот криминал" се: со неа, а во склад со меѓународните стандарди и препораки да се предвидат можните трендови и правци на развојот на организираниот криминал и да се дефинираат општите и посебните цели и можности на Р. Босна и Херцеговина за негово рано предупредување и намалување на неговите активности на најниска можна мера. Исто така, со стратегијата се дефинираат политиката, правецот и методологијата на надлежните органи на Р. Босна и Херцеговина во борбата против организираниот криминал.

Општи цели на "Стратегијата за борба против организираниот криминал" се:

- хармонизација на правните прописи на Босна и Херцеговина со меѓународните конвенции, договори, препораки и стандарди кои ја третираат борбата против организираниот криминал, како и со прописите за одземање на имотна корист стекната со извршување на кривични дела;

- хармонизација на правните прописи во Р. Босна и Херцеговина;

- зголемување на ефикасноста на борбата против организираниот криминал со примена на едукативното, превентивното и репресивното дејствување, како и одземање на имотот стекнат со извршување на кривични дела;

- јакнење на капацитетите, човечки и материјално-технички, во Р. Босна и Херцеговина задолжени за борба против организираниот криминал;

- развивање на проактивен пристап во борбата против организираниот криминал;

- јакнење и развој на меѓуинституционалната и меѓуагенциската соработка во Р. Босна и Херцеговина;

- развој на меѓународната соработка во борбата против сите облици на организиран криминал со интензивирање на учество во меѓународните организации, иницијативи, работни групи и клубови, со ефикасно и правовремено спроведување на одлуките и заклучоците кои произлегуваат од нивните активности;

- развој на независни истражувања на организираниот криминал, подршка на институциите кои се баваат со мултидисциплинарните истражувања на организираниот криминал, со унапредување на соработката со други научни и академски институти;

- зацврстување на соработката помеѓу јавниот, општествениот и приватниот сектор, како и со цивилното општество;

- подигнување на свеста на цивилното општество и едукација на граѓаните за ризиците и штетните последици кои организираниот криминал ги нанесува на општеството;

- креирање на свеста на правосудните институции и агенции за спроведување на законите за потребата за соработка со медиумите, електронски и пишувани, со цел објективно и благовремено предупредување на јавноста за факторите кои го генерираат организираниот криминал, за поголемите случаи на организиран криминал и за примерите каде се одзема имотот и друга имотна корист стекнати со криминални активности.

Посебни цели на "Стратегијата за борба против организираниот криминал" се:

- подобрување на законската рамка и институционалните капацитети на криминалистичката анализа и криминалистичко-разузнавачката работа;

- обезбедување услови за адекватна примена на законските и подзаконските акти во врска со одземањето на имотот стекнат од криминални активности;

- воспоставување на правна рамка и јакнење на институционалните капацитети за водење на финансиски истраги и за постапките за оземање на стекната корист на криминален начин;

- обезбедување на стандардизирана и ефикасна правна рамка, како и институционални капацитети за примена на посебните истражни мерки;

- обезбедување на стандардизирана и ефикасна правна рамка за спроведување на мерките за заштита на сведоци во Р. Босна и Херцеговина и финансирање на програмата за заштита на сведоци;

- воспоставување и развој на меѓународна соработка во кривично-правната материја на правосудните органи, со што ќе се овозможи водење на заеднички кривични и финансиски истраги;

- воспоставување и развој на соработка на агенциите кои ги спроведуваат законите на национално, регионално и меѓународно ниво со што ќе се овозможи водење на заеднички операции;

- создавање нови стандардизирани, како и развој, одржување и ажурирање на постојните информатички системи и бази на податоци на безбедносните агенции, како и континуирана едукација за вработените;

- интензивирање на активностите за спречување на недозволено производство и трговија со опојни дроги;

- целосна имплементација на меѓународните стандарди и препораки за спречувањето на перењето пари и финансирање на терористичките активности;

- продолжување на активностите за сузбивање на кражбите на моторните возила и нивна продажба, како и изнудите врзани за нив;

- намалување на количините на фалсификуваните пари кои се во оптек, намалување на измамите извршени со фалсификувани хартии од вредност и вредносни знаци, намалување на случаи на повреди на авторските права, намалување на случаите на затајување на данокот, царинските измами, криумчарењето стока, како и превенција и сузбивање на компјутерскиот криминал;

- намалување на бројот на разбојништва и разбојнички кражби;
- сузбивање на недозволена трговија со оружје и воена опрема, како и забрана за набавување, превоз и складирање на нуклеарниот материјал на територијата на Р. Босна и Херцеговина;
- координирање на "Стратегијата за борба против организираниот криминал" и нејзина имплементација со останатите стратегии како што се: стратегиите за интегрирано гранично управување, за борба против корупцијата, за спречување на перењето пари и финансирање на терористичките активности, стратегијата за сузбивање на недозволената трговија со луѓе, контрола на недозволената трговија со дрога и нејзина превенција и сузбивање, како и стратегијата за спротиставување на илегалната миграција;
- обезбедување на адекватни затворски капацитети и услови;
- обезбедување на ефективна меѓуинституционална соработка и координација, со јасно дефинирани улоги и одговорности, како и обезбедување координација помеѓу агенциите на разни нивоа на власт;
- зацврснување на соработката помеѓу агенциите за спроведување на законите и правосудните органи на сите нивоа;
- воспоставување на систем на реална проценка на заканите од организираниот криминал за Р. Босна и Херцеговина;
- воспоставување и одржување на функционален информатички систем;
- јакнење на меѓународната соработка.

Со оглед на тоа што организираниот криминал денес претставува посебен проблем и предизвик, не е без причина тоа што приоритетот во XXI век е да се совлада евидентната опасност која тој ја носи за меѓународниот мир и безбедност. Соочена со фактот дека покрај националната безбедност од пресудно значење се и регионалната и глобалната безбедност, Р. Босна и Херцеговина ја промовира намерата со стратегиски пристап со помош на меѓународната заедница, со координирањето на законодавната, судската и извршната власт, да ги развие националните капацитети и потенцијали за ефикасна борба против сите облици на организираниот криминал, а особено против облиците на коруптивно однесување и влијанието на неговите носители во структурите на власта на сите нивоа.

Донесувањето и имплементацијата на "Стратегијата за борба против организираниот криминал"[195] е од големо значење за сите граѓани на Р. Босна и Херцеговина и претставува важен чекор во процесот на асоцијација во Европската Унија, но и јасна определба на државата во најголема можна мерка да придонесе во спречувањето на организираниот криминал.

3.3. Стратегија за спречување на организиран криминал на Р. Бугарија

Имајќи ја во предвид потребата од нов државен консензус за превенција и репресија против корупцијата и организираниот криминал,

---

[195] Bosna i Hercegovina, Vijeće Ministara-*"Strategija za borbu protiv organizovanog kriminala"* (period 2009-2012), Sarajevo, 2009

кој требало да ги обедини бизнис структурите, синдикатите, цивилното општество и медиумите околу националните приоритети, владата на Р. Бугарија најавила решителност за превземање конкретни и системски активности против овие негативни појави. Сите облици на корупциска активност, особено злоупотребата на власта за лична, или корист на одредена категорија лица од јавната администрација, се во спротивност со нормалното функционирање на државата, при што ја намалуваат ефикасноста на државните механизми, го намалуваат квалитетот на јавните услуги, ги кршат принципите на социјалната правда и ги ограничуваат правата и слободите на граѓаните. Истовремено, организираните криминални структури се повеќе ги зголемуваат напорите за акумулирање на капиталот стекнат на недозволен начин и вршат влијание, преку различните корупциски облици. Криминалните активностите поврзани со извршување на економскиот криминал, производството и трговијата со дрога, недозволената трговија и експлоатација на луѓе, шверцот, производството и дистрибуција на фалсификувани пари и документи, компјутерскиот криминал, перењето пари, како и тероризмот, беа и сеуште се едни од главните закани за безбедноста на граѓаните во демократските општества. Во периодот по напуштањето на социјалистичкото уредување Бугарија падна во економска, финансиска и социјална криза, која беше придружена со промена на личните и општествените вредности. Во општеството се формира млако и тивко несогласување со појавните облици на корупцијата и организиран криминал, како и толерирање на корупција кога се работеше за остварување личен интерес. Високиот праг на толеранција кон оние негативни феномени го олесни нивниот развој, што од своја страна предизвика проблеми во раководењето со државата, како и до развивање недоверба на европските партнери кон Р. Бугарија. Недостатокот на доследно реализирање на политичката волја во голем степен продуцираше незадоволителни резултати во спречувањето на корупцијата и организираниот криминал. За надминување на оваа ситуација, во последните години биле развивани стратешки документи и превземани конкретни мерки. Се настојувало да се подобрат координацијата, интеракцијата и оперативноста на безбедносните структури, како и тимскиот принцип на работа при спроведување на безбедносните активности. На овој начин Р. Бугарија, превенцијата и спречувањето на корупцијата и организираниот криминал ги истакнувала како еден од главните приоритети на државата. Во исполнување на овие обврски владата се водела од основните принципи на правната држава, од позитивната политика на управување, владеење на правото, одговорност, транспарентност, отчетност, навременост, ефикасност, соработка и координација меѓу институциите на законодавната, извршната и судската власт. Но, и покрај тоа Бугарија во почетокот не реализирала видлив напредок во борбата против овие негативни феномени.

Посветувањето на одлучна и ефикасна борба против организираниот криминал, претпоставува комплексен и конзистентен начин на управување, пристап кој ќе ги ангажира сите државни ресурси и ќе ги користи сите методи и механизми за превенција и справување - регулаторните, административните, контролните и кривичните. Така, приоритетна политика на “Интегрираната Стратегија за превенција на

корупцијата и организираниот криминал"[196] и нејзина реализација, е изградбата на трајна и цврста соработка помеѓу државните институции, економијата, граѓанското општество и медиумите. Оваа стратегија е со јасно дефинирана цел, подцели и насоки за ограничување на корупцијата и организираниот криминал на сите нивоа во државната власт, локалната самоуправа и во бизнис структурите и го исполнува очекувањето на бугарското општество да живее во безбедна средина.

Целта на стратегијата е создавање на доверба на бугарските граѓани кон државата и владеењето на правото, како и доверба на европските партнери и странските инвеститори кон Р. Бугарија преку усмерени, систематски, решителни и професионални активности во сите државнни институции. Ова е потребно заради: спречување на корупција и прекинување на сите можности за воспоставување на тесна соработка помеѓу организираниот криминал, политичките партии и органите на власта; постигнување на видливи резултати во борбата против честите корупциски активности кои се на штета на граѓаните, им пречат на бизнисот и ја еродираат државата; максимално ограничување на активностите на организираниот криминал, ефикасно гонење на носителите на овие криминални активности, како и одземање на приносите стекнати од тие активности; признавање на Р. Бугарија како сигурен партнер при спроведување на политиките за слобода, безбедност и правда, со нејзин придонес за заштитата на финансиските интереси на Европската Унија; надминување на кризата со моралот во земјата, градење на доверба во вредности како интегритет, морални квалитети и солидарност и одобрување на одржлив систем на вредности во општеството со изградени ставови за елиминирање на корупцијата и организираниот криминал.

Според стратегијата основниот инструмент за спречување на корупцијата е превенцијата. Превенцијата се состои во отстранување на факторите кои ја создаваат корупцијата, како и формирање на јасна позиција на секој граѓанин за бескомпромисна борба против неа, особено со нејзините чести и секојдневни манифестации. Неопходно е државните институции, невладините организации, медиумите и бизнис структурите да работат на превенцијата, започнувајќи од широката пропаганда, преку застрашување на граѓанинот од учеството во коруптивните зделки, па до негово ангажирање за пријавување на сите осознаени корупциски активности. Истовремено, безбедносните структури мора да ги заштитат овие граѓани, сведоците и изворите на доверливи информации за склучените коруптивни зделки. Заштитата на идентитетот на овие сведоци и извори, меѓудругото ја обезбедува ефикасноста на кривичниот прогон, нивната безбедност во кривичната постапка, но претставува и гаранција и за нивната лична безбедност.

Превентивните активности за борба против организираниот криминал се поврзани и за систематското собирање и анализа на доверливи информации за подготвување кривични дела, како и за создавањето средина во која ќе биде ограничено функционирањето на структурите на организираниот криминал. За постигнување на саканите цели и подцели, стратегијата ги означила следниве насоки за

---

[196] http://www.dokkvpp.mvr.bg/NR/.../o/anticorrup.pdf

законодавни, административни и организациски активности, како и активностите за меѓународна соработка:

-Создавање на стабилно и непротивречно законодавство, кое треба да одговара на актуелните и објективните општествени состојби, меѓународните правни стандарди и најдобрите пракси;

-На промените во законската регулатива треба да им претходат анализа и оценка за потребното законодавството и идентификација на недостатоците кои би овозможиле извршување криминални активности на штета на државата и јавниот интерес;

-Постигнување на висок степен на транспарентност на менаџерскиот процес и зајакнување на цивилната контрола;

-Зголемување на транспарентноста при обезбедување на јавните услуги, управувањето со одземениот државен и општински имот, контрола на постапките за јавни набавки и распределба на концесии, управување и искористување на средствата од европските фондови и програми;

-Транспарентност во спроведување на постапката за назначување на службените лица и стриктно следење на јасни правила за професионално однесување, оценување и развој;

-Обезбедување на целосна транспарентност во финансирањето на политичките партии и изборните кампањи;

-Развој на нова политика од областа на кривичното право, забрзување на реформите во правосудството и постигнување на брз, ефикасен и транспарентен кривичен прогон заради обезбедување на безбедност на граѓаните и за заштита на европскиот јавен ред;

-Одржување на ефикасен систем од институции за реализација на државната политика за превенција и спречување на корупцијата и организираниот криминал;

-Зајакнување на интеракцијата и подобрување на координацијата помеѓу државните институции;

-Постојана стручна обука и унапредување на знаењата и квалификациите на службените лица;

-Подобрување на ефикасноста во работата на контролните органи на централно и локално ниво;

-Создавање услови за објективност, непристрасност и висок професионализам во активностите на специјализираните контролни органи во извршната власт;

-Квалитетно управување со информатичките ресурси, притоа користејќи го интегрираниот пристап;

-Прилагодување на националните информатички системи кон општите стандарди за обединување и постигнување на компатибилност со европските бази на податоци;

-Ограничување на можностите за добивање на бенефиции и легализација на приходите од криминална активност, како и нејзино финансирање, со цел намалување на мотивацијата и капацитетот на структурите на организираниот криминал;

-Усовршување на правните инструменти за навремено идентификување, следење, замрзнување и одземање на имотот стекнат од криминална активност;

-Подобрување на механизмите за соработка со институциите кои го спроведуваат законот од други држави, заради ефективна размена на информации и спроведување на заеднички операции;

-Промовирање на билатерални, регионални и меѓународни иницијативи за спречување на транснационалниот организиран криминал и корупцијата;

-Преку користење на капацитетите на образованието и комуникациските кампањи, да се создаваат одржливи ставови и активна граѓанска иницијатива во општеството, со цел намалување на толеранцијата кон корупцијата и организираниот криминал.

Националната интегрирана стратегија за превенција и спречување на корупцијата и организираниот криминал и активностите за нејзиното реализирање се клучниот елемент од државната политика за обезбедување на јавниот ред и заштита на правата и слободите на граѓаните.

Можните ризици во текот на спроведување на стратегијата би биле: недостаток на секвенца, или двоумење при извршување на задачите; недостаток на оптимална организација и интеракција; пасивност на граѓанското општество; недоволно финансиски и материјални средства; недоволен административен капацитет; нестабилност на правилата, како и промените и честата реорганизација во безбедносните структури.

Надминувањето на ризиците за спроведување на стратегијата е обврска на целото општество, а најмногу на актуелната власт. Постигнување на саканата цел зависи од волјата на секој граѓанин и од активностите на органите на државната власт, кои при извршување на своите обврски се повикуваат на бугарското законодавство, европските правни норми и Универзалната повелба за човекови права. Реализација на стратегијата е израз на споделување и зајакнување на вредностите како што се слободата, безбедноста и правдата во бугарското општество.

На крајот, оваа стратегија претставува документ од отворен карактер, кој се ажурира периодично врз база на аналитички извештаи за спроведување на мерките утврдени во комплексниот модел за превенција и спречување на корупцијата и организираниот криминал, посебно во делот во кој двата феномени се преклопуваат. Исто така тој се ажурира и врз база на Акциониот план за превенција и спречување на организираниот криминал, нивото на активности за постигнување на целта, известување за динамиката на општествените потреби и очекувања, како и врз база на извршената проценка за промена на состојбите, видот и силината на овие закани.

3.4. Стратегија за спречување на организиран криминал на Р. Грција

Сеопфатниот "Национален Акционен план за борба против трговијата со луѓе" на Р. Грција, кој се однесува на превенција и гонење на сторителите на кривични дела од областа на недозволената трговија со луѓе, како и заштита на жртвите, е усвоен во 2004 година. Националниот Акциски план е изготвен од страна на "Меѓу-министерскиот Комитет" составен од државните секретари на девет надлежни министерства - за правда, финансии, за надворешни работи,

за јавен ред, образование, внатрешни работи, вработување, за здравство и министерството за рамноправност кое е составен дел на министерството за внатрешни работи. Овој комитет е одговорен за имплементација и спроведување на "Националниот Акциски План", кој покрива цела низа на активности поврзани со недозволената трговијата со луѓе -превенција, заштита и гонење.

Во мај 2006 година, министерството за правда продолжило со унапредување на работата на Комитетот на ниво на државни секретари. Формиран бил и "Специјален Комитет"[197] кој на политичко ниво ја координира работата околу примена на одредбите на законот и воведување на нови закони или други мерки за борба против трговијата со луѓе, со амандман бр.41396 на Министерството за правда (Службен весник бр. 493/18.4.2006) и амандман бр. 41404 (Службен весник бр. 581/9.5.2006). На овој начин биле зголеми овластувањата на специјалниот Комитет на ниво на државни секретари, со цел да се воведат нови законски предлози, или други мерки за спречување на недозволената трговија со луѓе. Секое од деветте надлежни министерства имаат допирни точки и контакти со секретаријатите за поддршка, со цел обезбедување непрекинат мониторинг на тековното работење.

Во контекст на работата на "Меѓу-министерскиот Комитет" и неговата соработка со невладиниот сектор, во 2005 година беше потпишан "Меморандум за соработка" кој ја постави рамката за соработка помеѓу државните актери, меѓународната организација за миграција и невладините организации, со цел борбата против овој феномен да биде што поефективна и поефикасна.

Во 2009 година е формиран и "Националниот механизам за координација". Главните задачи на Националниот механизам за координација се мониторирање и борба против недозволената трговија со луѓе под водство на министерството за надворешни работи. Националниот механизам за координирање ги координира државните безбедносни структури и невладините организации кои работат на полето на спречување на недозволената трговијата со луѓе. Ова тело, е задолжено за планирање, имплементација и евалуација на активностите за спречување на недозволената трговијата со луѓе на национален план, како и за промоција и координација на меѓународната соработка. Така, Националниот механизам за координирање кој воспоставил две бази на податоци, една за жртвите на трговија со луѓе и втората за криминалните истраги и обвинениja, секојдневно дава поддршка на полицискиот оддел за спречување на трговијата со луѓе, со цел откривање на што повеќе жртви и зголемување на бројот на кривични истраги и обвинениja, промовирање на учеството на невладините организации, кампањи за подигнување на свеста за постоење на овој облик на организиран криминал кај јавноста во соработка со локалните, регионалните и меѓународните медиуми-печатени и електронски.

Програмата насловена како "Акции против трговијата со луѓе" во Р. Грција е создадена со цел координација помеѓу надлежните

---

[197] Special Committee Against trafficking in Human beings - *"National Action Plan to combat trafficking in human beings"*, Athens, 2006

министерства и покрива цела област на активности за спречување на недозволената трговија со луѓе на грчко тло, и тоа:
- мониторинг на недозволената трговија со луѓе;
- идентификација на жртвите и нивна заштита;
- основање и водење на т.н. "шелтер центри";
- давање медицинска и психолошка помош;
- давање правна и административна помош на жртвите;
- рехабилитација на жртвите;
- образование, работно оспособување и вработување со цел интегрирање на жртвите од трговијата со луѓе во општеството;
- едукација и тренинг на полицијата за овој вид криминал;
- едукација на јавните обвинители и судиите за овој вид криминал;
- подигнување на јавната свеста кај граѓаните за штетните последици од активностите на овој вид криминал[198].

Со цел на организиран начин да се координираат активностите за спречување на недозволената трговија со дрога изготвен е документ под името "Националната Стратегија за борба против дрогата", како составен дел на Националниот Акциски План. Улогата на тело кое ќе го мониторира спроведувањето на нејзините активности е "Државната организацијата против дрога".

За совладување на предизвиците со кои се соочуваат носителите на авторските права, владата на Грција изготвила "Акциониот План за заштита на интелектуалната сопственост", а преку "Меѓу-министерскиот Управувачки Комитет" се обезбедувала поефикасна координација на сите иницијативи за заштита од пиратерија и фалсификување и злоупотреба на интелектуалната сопственост. Членовите на овој Управувачки Комитет за мониторинг и координација доаѓаат од министерствата за надворешни работи, за економија и финансии, за внатрешни работи, за јавна администрација и децентрализација, за развој, за правда, за култура, потоа од министерството за рурален развој и храна, како и од грчката асоцијација за авторски права и грчката агенција за индустриска сопственост.

3.5. Стратегија за спречување на организиран криминал на Р. Косово

Со цел утврдување на правците, основните начела, целите, одговорните институции и начините за успешно спречување на организираниот криминал, Р. Косово изготвила документи под име "Национална Стратегија против организираниот криминал"[199] за период 2009-2012, како и Акционен План, кои се базирале на Уставот и актуелното законодавство на Косово, како и врз база на меѓународните законодавни инструменти и најдобрите меѓународни практики.

Националната стратегија претставува документ кој ги утврдува стремежите, основните начела, целите и институциите кои треба да ги спроведуваат активностите од стратегијата, заради остварување на успех

---

[198]http://www.greekembassy.org/Embassy/content/en/Article.aspx?office=1&folder=904&article=1962

[199] Republika Kosovo- "*Drzavna Strategija i Akcioni Plan protiv organizovanog kriminala*" za period 2009-2012, Priština, 2009

во спречување на организираниот криминал. Стратегијата е структурирана на начин јасно да ги идентификува целите кои треба да се исполнат, со цел ставање во фуннкција на сите институционални механизми за спречување на организираниот криминал на Косово, истовремено станувајќи партнер на државите и меѓународните организации во борбата против овој феномен преку институтот меѓународна соработка. Оваа стратегија ќе помогне во развојот и имплементацијата на политиката за јакнење на институционалните капацитети против организираниот криминал на институционално и општествено ниво. Политиките на спречување и контрола на организираниот криминал треба да се засноваат на разбирањето за тоа, што всушност претставува организираниот криминал според меѓународните стандарди, кои се областите на негово дејствување, како и кои се заканите и методите на негово дејствување.

Основната цел на оваа стратегија е да даде адекватен одговор на организираниот криминал преку: натамошен развој на законодавната инфраструктура; изградба на капацитети на институциите со цел спречување на организираниот криминал; развивање на меѓуинституционална соработка; развивање на соработката и меѓународната координација и спречување на сите облици на организираниот криминал. Процесот на спроведување на стратегијата е процес на реализација на стратешките цели, специфичните цели и активности. Мониторингот и оценувањето на реализираните цели и резултатите од овие активности се интегрален дел од стратегијата и главни компоненти на процесот на нејзино спроведување. Тие, ќе послужат за следење на тековите на стратегијата, со цел мерење на степенот на реализација на поставените цели, за проценка на потребата и утврдување на правецот за регулирање на активностите. Овој процес на мониторирање ќе го реализираат релевантните косовски институции со широко учество на сите заинтересирани субјекти.

Акциониот План е изработен во рамките на државната Стратегија против организираниот криминал. Акциониот план за спроведување на државната Стратегија ги содржи: стратешките цели; специфичните стремежи; конкретни активности за реализирање на целите; ги утврдува одговорните институции и ги подржуваат целите и активностите, а го утврдува и временскиот рок за реализација на секоја поставена цел.

3.6. Стратегија за спречување на организиран криминал на Р. Романија

При определувањето на целите за "Националната Стратегија за борба против организираниот криминал"[200], Р. Романија се водела од неколку меѓународни документи и тоа: ратификуваната "Конвенцијата за транснационален организиран криминал на ООН", Протоколот за превенција, репресија и казнување на трговија со луѓе, посебно жени и деца, Протоколот за нелегално пренесување на мигранти преку воздух, вода и копно, и Протоколот за нелегално производство и трговија со огнено оружје, делови, или компоненти и муниција, кои се составен дел

[200] http://www.secicenter.org/doc/Strategy_organised_crime_20051.doc

на Конвенцијата. Исто така, основа за изработка на Стратегијата биле и програмските документи за прием на Р. Романија во Европската Унија, како и забелешките, препораките и заклучоците кои произлегле по извршената анализа во последната фаза од овој процес. Стратегијата за борба против организираниот криминал содржи општи и посебни цели.

Општите цели на стратегијата се: институционален и оперативен развој со цел хармонизација со Европските структури, според меѓународните конвенции, договори и препораки и според домашното законодавство; развој и модернизација на раководните капацитети и на оперативниот кадар од безбедносните структури; хармонизација на националното со законодавството на Европската Унија; борба против организираниот криминал; развој на меѓуинституционална соработка, како и развој на меѓународна соработка во борбата против организираниот криминал.

Посебните цели на оваа Стратегија се: компатибилност на институционалните и на функционалните нивоа со Европските структури; подобрување на законодавството; оптимизирање на активностите на структурите вклучени во спречување на организираниот криминал; зголемување на ефикасноста на оперативните активности преку употреба на современа информациска и комуникациска технологија; подобрување на меѓу институционалната соработка со цел постигнување на поголема ефективност во спречувањето на организираниот криминал; оптимизирање на активностите за борба против нелегалната трговија со дрога и употребата на дрога, а кои се насочени кон зголемување на заплената на високо ризичните дроги, а воедно и за намалување на побарувачката за дрога; спречување на злоупотребата на прекурсори кои се легални; конфискација на имот и вредности кои произлегле од криминални активности поврзани со организираниот криминал; намалување на трендот на недозволената трговија со луѓе; одржување на тренд на намалување на криминалот кој е придружен со голем степен на насилство; намалување на бројот на украдени возила од Европската Унија, кои транзитираат преку територијата на Р. Романија; развој на активности кои спречуваат нелегална трговија со стратешки материјали; намалување на бројот на фалсификувани банкноти во економијата и финансиските текови, како и на измамите поврзани со платежните картички; борба против перењето пари вршено од домашни и меѓународни криминални структури; елиминирање на корупцијата; компјутеризирање на базите на податоци, како и вмрежување на специјализираните безбедносни структури на национално ниво.

3.7. Стратегија за спречување на организиран криминал на Р. Србија

Владата на Р. Србија во 2009 година ја усвои "Националната стратегија за борба против организираниот криминал"[201], со што е направен почетен чекор во спречувањето на безбедносните закани од организираниот криминал. Вториот чекор е самото спроведување во

[201] http://www.srbija.gov.rg/extfile/sr/106769/strategija protiv organizovanog kriminala 0077 lat.zip.

дело на стратегијата. Донесувањето и имплементацијата на "Националната стратегија за борба против организираниот криминал" е од најголемо значење за граѓаните на Р. Србија и е важен чекор во процесот за интегрирање во Европската Унија. Владата на Р. Србија се обврзала да ги создаде сите политички и правни претпоставки за успешна примена на стратегијата со акцент на трите основни принципи: примена и развивање на превентивното и репресивното дејствување, како и на одземање на имотот стекнат со извршување на кривични дела. Со стратегијата Р. Србија ја утврдила политиката во областа за воспоставување на ефикасен систем за борба против организираниот криминал, со што ги дефинирала стратешките цели, улоги и одговорноста на државните субјекти и ги утврдила рамките за изработка на плановите за нејзина имплементација. Стратегијата е во склад со "Националната Програма" за интеграција во Европската Унија, како и со тековните реформски процеси во земјата, пред се оние кои се зацртани во документот "Европско партнерство". Оваа стратегија е во цврста концепциска и функционална врска со другите стратегии на Р. Србија, кои се однесуваат на различни области: борба против корупцијата, перењето пари и финансирање на тероризмот, трговијата со луѓе, интегрирано управување со границата, недозволената трговија со дрога и спротиставување на илегалната миграција. Со стратегијата, а во склад со меѓународните стандарди и препораки, за подолг временски период се предвидуваат можните трендови и правци на развој на организираниот криминал и се дефинираат основните цели и можности на Србија за негово рано предупредување и негово намалување на најмала можна мера. Со неа се дефинираат политиката, правецот и методологијата на државните органи во борбата против организираниот криминал. Исто така, владата преку своите институции, активно ја развива довербата и соработката со граѓаните и приватниот сектор, со цел поврзување на сите сили и потенцијали на заедницата во борбата против организираниот криминал. Стратегијата се темели врз основа на сите важечки закони, конвенции, билатералните и мултилатералните договори, како и врз другите правни акти донесени и усвоени до денот на стапување на снага на оваа стратегија. Со неа се создадоа и дополнителни услови за успешно вклучување на Р. Србија во регионалниот, европскиот и светскиот концепт за борба против организираниот криминал.

Усвоен е и "Акционен план" за спроведување на стратегијата, со што се конкретизира начинот на спроведувањето на дефинираните цели во стратегијата. Тие цели се: развивање на проактивен пристап и зголемување на ефикасноста во спречувањето на организираниот криминал; развивање на криминалистичко-разузнавачката работа; јакнење на човечките и материјалните ресурси на институциите; јакнење на соработката помеѓу државните институции, приватниот сектор и цивилното општество; хармонизирање на националното законодавство со меѓународните стандарди во областа на спречување на организираниот криминал, како и јакнење на соработката на национално, регионално и меѓународно ниво во областа на безбедноста.

3.8. Стратегија за спречување на организиран криминал на Р. Хрватска

Р. Хрватска ја препозна потребата од енергично и ефикасно спречување на организираниот криминал, а со цел обезбедување на ефикасен кривичен прогон и санкционирање на неговите носители. Р. Хрватска го прилагодува своето кривично право, особено оние делови кои влијаат врз унапредување на работата на правосудните органи и другите институции. Према мислењето на Европската Комисија, Р. Хрватска е потребно да постигне уште поголем степен на развој на стратешкиот пристап во борбата против организираниот криминал, како и поголема ефикасност и желба за водење на таа борба.

Имајќи ја во предвид важноста на соработката на државите од Југоисточна Европа во спречување на организираниот криминал, владата на Р. Хрватска, заедно со другите држави од регионот, а согласно со обврските кои се превземени од Лондонската конференција за организиран криминал во Југоисточна Европа и заклучоците кои се донесени на Форумот на Министри за Внатрешни работи и Правда во Брисел 2003 година, се обврзала за спроведување на низа мерки кои го вклучуваат развојот на регионалната соработка на државите од регионот, во спречувањето на активностите на организираниот криминал.

"Националниот План за борба против организираниот криминал" кој бил донесен во 2004 година, претставува документ од општ карактер во кој е даден приказ на законодавната и институционалната рамка на Р. Хрватска за спречување на организираниот криминал, приказ на движењето и структурите на организираниот криминал, како и предлог мерки за спречување на организираниот криминал и корупцијата. Со цел откривање и спречување на одредени појавни облици на организираниот криминал, донесени се и посебни национални стратегии, кои се во согласност со стратешките определби во Националниот План за борба против организираниот криминал. Така, донесена е Национална стратегија за сузбивање на злоупотребата на опојни дроги и Акциски планови како нејзини составни делови, Национална програма за сузбивање на трговијата со луѓе и Оперативни планови за нејзино спроведување, Национален план за сузбивање на трговијата со деца, Национална програма за сузбивање на корупцијата, како и Нацрт предлог на Акцискиот план за борба против перењето пари и финансирање на тероризмот.

Бидејќи во овие документи се предвидени мерки од траен карактер кои треба да се спроведуваат во континуитет, нивната реализација ќе се следи преку извршување на општите мерки предвидени во Националниот план за борба против организираниот криминал.

При дефинирање на конкретните мерки и активности во правец на реализација на поставените стратешки определби за наредниот период, прифатени се насоките и препораките содржани во неколкуте документи на Советот на Европа и тоа:

- Акциски план на дејствување за борба против организираниот криминал (усвоен од страна на Собранието на ЕУ од 1997 година);
- Превенција и контрола на организираниот криминал: Стратегија на ЕУ на почетокот на новиот век, (ОЈ Ц 124 од Мај 2000 година);

- Хашка Програма, усвоена на состанокот на Европскиот Совет во Брисел во 2004 година;

- Резолуција на Советот на Европа за превенција на организираниот криминал со цел ситемска изградба на Стратегијата за сузбивање на организираниот криминал, (ОЈ Ц 408 од 1998 година);

- Одлука на Советот на Европа од 2006 година за начелата, приоритетите и условите содржани во Пристапното партнерство со Хрватска и за укинување на Одлуката 2004/648/ЕС, (ОЈ Л 55 од Февруари 2006 година).

3.9. Стратегија за спречување на организиран криминал на Р. Црна Гора

Согледувајќи го фактот дека корупцијата и организираниот криминал се едни од најголемите закани на современите демократски општества, Р. Црна Гора одлучи да ја развие и унапреди својата правна рамка, институциите и нивните капацитети, да соработува со државите од регионот и меѓународните организации, а и да ги употреби сите расположливи капацитети во борбата против корупцијата и организираниот криминал. Така владата на Р. Црна Гора во средината на 2005 година, ја усвои "Програмата за борба против корупцијата и организираниот криминал", како прв национален документ од стратегиско значење во кој се дефинирани целите кои е потребно да се остварат во таа борба. Со цел имплементација на приоритетите утврдени со "Програмата за борба против корупцијата и организираниот криминал", владата на Р. Црна Гора во 2006 година го донесе и "Акциониот план" за спроведување на оваа Програма. Со одлука на владата во 2007 година, формирана е и "Национална комисија" за пратење на имплементацијата на Акциониот план, а во 2008 година донесен е нов и надополнет "Акционен план" за периодот 2008-2009 година. Со цел известување за сработеното и изработка на единствена методологија на статистичките показатели во областа на корупцијата и организираниот криминал, формирана е "Трипартитна комисија" во која партиципираат претставници од судовите, обвинителството и полицијата.

Во 2009 година, црногорската влада усвои нова "Програма за борба против корупцијата и организираниот криминал", за периодот 2009-2012,[202] одобрувајќи сет на анти-корупциски закони и формирајќи бројни институции за борба против овој глобален феномен. Оваа Програма претставува мултидисциплинарен, меѓуресорски и долгорочен проект, кој има за задача да помогне во остварувањето на широките цели на демократијата, доброто управување и економскиот просперитет на Црна Гора. Целта на оваа Програма е да стане дел од општиот општествен план и широко прифатен систем на мерки и активности за сузбивање на корупцијата и организираниот криминал, како особено штетни општествени феномени.

Врз основа на оваа Програма, во јули 2010 година изработена е и "Стратегија за борба против корупцијата и организираниот криминал" за

---

[202] Vlada Republike Crne Gore, Ministarstvo unutrašnjih poslova – *"Program borbe protiv korupcije i organizovanog kriminala"*(za period 2009-2012), Herceg Novi, 2009

периодот 2010-2014.[203] Согласно Стратегијата изработен е и "Акционен План" за спроведување на Стратегијата за борба против корупцијата и организираниот криминал, за период од 2010-2012[204]. "Националната Стратегија за борба против корупцијата и организираниот криминал" ги дефинира стратешките правци, начела и цели за борба против корупцијата и организираниот криминал, приоритетните мерки во рамките на воспоставување на ефикасен систем за борба против корупцијата и организираниот криминал во јавниот, приватниот и цивилниот сектор, како и улогата и одговорноста на сите субјекти, што претставува основа за ефикасен развој на одржливиот систем за мониторинг и евалуација на ефективноста на националниот одговор на заканите кои ги носат овие негативни феномени. На овој начин обезбедена е функционална врска со веќе донесените стратегии од областа на недозволената трговија со луѓе, интегрираното гранично управување, недозволената трговија со дрога и спречување на илегалната миграција.

Стратегијата за борба против корупцијата и организираниот криминал е базирана врз следниве принципи: постоење на политичка волја; владеење на правото; почитување на основните човечки права и слободи; развивање на личниот и институционалниот интегритет; почитување на меѓународните стандарди; партнерство со заедницата; транспарентност при работата; деполитизација на јавниот сектор и правосудните органи и одговорност за имплементација на стратегијата.

Основната цел на стратегијата е создавање на предуслови за спречување и санкционирање на корупцијата и организираниот криминал на сите нивоа, преку натамошно јакнење на институнционалната рамка, ефикасно кривично гонење и донесување правосилни пресуди, превенција, едукација и воспоставен систем за мониторинг и следење на стратегијата и реализација на акциониот план задолжен за нејзиното спроведување. Реализацијата на основната цел на стратегијата ги опфаќа следниве компоненти:

- натамошна хармонизација на националното законодавство со меѓународните стандарди во областа на борбата против корупцијата и организираниот криминал;
- рационализација на административните постапки и елиминирање на бизнис бариерите;
- зголемување на ефикасноста во работата, јакнење на интегритетот, одговорноста и транспарентноста во јавниот сектор, а во врска со тоа и јакнење на довербата на граѓаните во јавниот сектор;
- јакнење на меѓуинституционалната, меѓусекторската и меѓународната соработка;
- јакнење на надворешната и внатрешната контрола над работата на власта во сите области, а особено јакнењето на контролната функција на Собранието на Р. Црна Гора;

---

[203] Министарство унутрашњих послова и јавне управе Р. Црне Горе-*"Стратегија за борбу против корупције и организованог криминала"*(за периодот 2010-2014), Подгорица, 2010

[204] Vlada R. Crne Gore- Ministarstvo unutrašnih poslova i javne uprave- *"Akcioni Plan za sprovođenje Strategije borbe protiv korupcije i organizovanog kriminala"*(za period 2010-2012), Podgorica, jul 2010

- воспоставување на ефикасен и објективен механизам за следење на спроведувањето на Стратегијата;
- зголемување на ефикасноста во борбата против корупцијата и организираниот криминал преку адекватна примена на превентивното и репресивното дејствување, особено преку одземањето на имотот стекнат со извршување на кривични дела, како и преку едукацијата;
- подигнување на нивото на јавната свест за штетноста од корупцијата и афирмирање на пристапот за нулта толеранција на корупцијата;
- вклучување на граѓаните, невладините организации, медиумите и приватниот сектор во борбата против корупцијата и организираниот криминал.

Наведените цели, понатаму ќе бидат поединечно разработени, а начинот и роковите за нивна имплементација јасно ќе бидат дефинирани преку акциските планови. Посебна улога во реализација на основните цели на стратегијата ја имаат органите кои го спроведуваат законот, особено правосудните органи и полицијата. Во превентивното дејствување за спречување на корупцијата клучна улога ќе имаат "Управата за антикорупциска иницијатива" и "Комисијата за спречување на судир на интереси". Предусловите за успешно сузбивање на корупцијата и организираниот криминал, како и на спроведувањето на "Националната Стратегија за борба против корупцијата и организираниот криминал", ќе бидат континуираното јакнење на независноста на клучните органи и институции, како и јакнењето на нивните административни, технички и материјални ресурси.

ЗАКЛУЧОК

Во ситуација на владеење на хаосот, безаконието, ерозијата на моралот и непостоење на системот на вредности во некои од државите од регионот на Југоисточна Европа, припадниците на криминалните структури ја гледаат својата шанса. Големото влијание на политичките партиите на власт, врз службениците од безбедносните структури е еден од многу важните фактори кои одат во прилог на организираниот криминал. Слабите материјални примања на овие службеници, нивната незаштитеност од самоволието на политичките, или криминалните авторитети, кои се упатени едни на други, нивната слаба материјално-техничка опременост како и ниското ниво на едуцираност за методите и начините за препознавање и спречување на облиците на организираниот криминал, претставуваат уште еден фактор кој придонесува за непречен развој на организираниот криминал.

Превенцијата претставува основен облик на спречување на криминалот и е збир од мерки, активности и актери, кои со заедничко дејствување работат на реализација на поставените цели во оваа област. Целите кои треба да се остварат преку превенцијата се намалување на криминалот и зголемување на степенот на безбедност на државите, безбедноста на граѓаните и нивниот имот, зголемување на капацитетите на субјектите задолжени за превенција на криминалот, како и развој на блиска соработка помеѓу владините и невладините институции задолжени за превенција на криминалот.

Со цел спречување на организираниот криминал на еден организиран и координиран начин државите изготвиле национални стратегии и акциони планови со утврдени цели, мерки и активности и државни субјекти задолжени за нивно имплементирање. Националните стратегии за спречување на активностите на организираниот криминал претставуваат основен документ кој е во функционална врска со останатите стратегии, а кои се однесуваат на спречување на различните облици на организиран криминал.

Скоро сите стратегии на државите од Југоисточна Европа се со исти цели, со исти мерки, исти правци и насоки, од причини што активностите на организираниот криминал во регионот се манифестираат преку истите појавни облици, криминалците работат со слична методологија, на мал простор и со иста цел, а тоа се профитот и моќта. Овие стратегиии помогаат во развојот и имплементацијата на политиките за јакнење на институционалните капацитети против организираниот криминал на национално, регионално и меѓународно ниво.

VII ГЛАВА

1. Импликации на организираниот криминал врз безбедноста на Р. Македонија

1.1. Актуелни состојби со организираниот криминал во Р.Македонија

Распадот на СФРЈ предизвика Македонија да излезе како најсиромашна република од поранешната југословенска федерација, институционално недообликувана, кадровски слабо екипирана, со слаба економија, што всушност беше карактеристика на низата држави од регионот на Југоисточна Европа, од периодот на транзиција. По распадот на СФРЈ во почетокот на деведесетите години од минатиот век, целокупната општествена состојба во Р. Македонија како самостојна држава, се карактеризираше со одреден степен на безбедносна нестабилност. Како дестабилизирачки, или криминогени фактори во тој период беа воведувањето на економското ембарго од страна на Р. Грција, непостоењето на платен промет, како и слабата економска соработка со новонастанатите држави произлезени од поранешната СФРЈ и останатите држави од соседството. Глобализацијата, спориот транзиционен процес, нискиот општествен стандард на граѓаните и високиот степен на невработеност, сиромаштијата, непостоењето на пазарна економија, институционалната недообликуваност, корупцијата, како и слабата контролна функција на новоформираните, или реформирани државни органи, кризата на државниот авторитет, нездравата политичка клима, спорото носење на закони компатибилни со европското законодавство и наследената инфраструктура од стариот систем, претставуваа одлична подлога за појава и развој на

организираниот криминал. Настаната криза кај северниот сосед, во тогашната српска покраина Косово и Метохија, воената криза во Македонија настаната заради сепаратистичките намери на одредени албански структури подемот на недозволената трговија со дрога, оружје и луѓе, претставуваа сериозни криминогени фактори кои го условуваа развојот на организираниот криминал. Како еден од условите кој му погодуваше на развојот на организираниот криминал во регионот на Југоисточна Европа, согласно тоа и во Македонија како негов составен дел, претствуваше и процесот на приватизација, кому му недостасуваше свеж и чист капитал, што организираниот криминал успешно го искористи за вложување на својот готов капитал. Голем дел од членовите на старата владеачка гарнитура, по 1991 година успеаа да се инфилтрираат во новосоздадените државни институции, притоа задржувајќи ги високите клучни места и во новата власт. Последица на ова беше што старата бизнис елита со помош на новата демократски избрана власт успеа да ги зачува привилегиите кои дотогаш ги уживаа во економијата и стопанството, блокирајќи ги во помала, но и во поголема мера новите општествени токови. Така, за кратко време наследената стопанска и нестопанска инфраструктура премина во рацете на т.н. новосоздадена општествена елита, која истовремено наследи и нестабилно и непродуктивно стопанство, отсуство на странски инвестиции и голема стапка на невработеност, која слика за жал и денес не е воопшто променета.

По 1991 година Р. Македонија, беше целосно напуштена и отсечена од сите свои до тогаш традиционални трговски партнери, а тоа беа поранешните југословенски републики. Така, војната во Р. Хрватска и во Р. Босна и Херцеговина, ги затвори пазарите за македонските производи; во 1992 година од страна на ООН беа наметнати санкции кон Р. Србија како еден од најголемите трговски партнери на Р. Македонија; во 1994 година Р. Грција, заради познатиот спор околу името со Р. Македонија, официјално воведе едностарно ембарго, иако тоа фактички функционираше уште од 1992 година и го спречи пристапот до солунското пристаниште, кое беше од витално значење за македонската економија и стопанство. Вака наметнатата ситуација за Р. Македонија во тој период продуцираше загуби од околу 60 милиони долари на месечно ниво. Соочена со овие проблеми, Р. Македонија мораше да бара нови пазари и патишта за трговија и транспорт. Р. Бугарија на Исток и Р. Албанија на Запад, беа алтернативните патишта за трговија и транспорт на македонските производи. Но, слабата патна инфраструктура на коридорот Исток-Запад и зголемената должина на патот, предизвикаа зголемување на вкупните трошоци за 400% по тура. Од овие причини многу бизниси пропаднаа, голем број фабрики мораа да го намалат, или да го запрат производството и да ги затворат производствените капацитети, а како резултат на оваа состојба голем број работници ги загубија своите работни места. Ова доведе до многу лоша социо-економска состојба во државата, се зголеми невработеноста, населението осиромаши, отсуствуваа странските инвестиции, што пак од своја страна доведе до појава и развој на "сивата економија" и "црниот пазар". Од овие причини во тој период, но и денес, за голем дел од населението во Македонија, недозволената трговија претставува "легитимен" начин за заработка и справување со лошата економска состојба. Во тој период, а

заради активно учество и на меѓународниот "црн пазар", меѓународната заедница, Р. Македонија ја стави во ист кош со државите кои го кршеа ембаргото во трговијата со оружје.[205] Во овој контекс ќе ја споменеме аферата "Fortend" и врската со македонската фирма "Fortend-Микеј" овластена за трговија со оружје и воена и полициска опрема, која заврши со пресуда од три години затворска казна во 1999 година, за американскиот сопственик на фирмата "Fortend" во Сојузната американска држава Калифорнија.[206]

Несовесноста во работењето и противправното стекнување на имотна корист преку корумпирање беше, а покрај влијанието и насилството, сеуште е еден од најексплоатираните начини на дејствување на организираниот криминал во Р. Македонија. Тој Македонија е тесно поврзан со бизнисот и неговите структури, заради спроведување на активностите за нетранспаретната, а некаде и криминална приватизација, заради јавните набавки, јавните тендери, нелегалното финансирање на политичките партии, избегнување на задолжителното плаќање на давачките кон државата и сл. Во неколкуте спроведени истражувања за постоењето на корупцијата во Р. Македонија, докажано е дека свеста на населението за нејзино постоење и разорно дејство е се на повисоко ниво[207].

Во Македонија структурите на организираниот криминал своите активности ги спроведуваат преку неколкуте криминални облици:

"Перење пари". Методите кои криминалните структури ги користат за извршувањето на ова кривично дело се: злоупотребата на нерезидентните сметки, злоупотребата на системот за дознаки, злоупотреба на системот за брз трансфер на пари, тргување со недвижности и хартии од вредност, работење со фирмите со седишта во "оф-шор" државите, злоупотреба на извозно-увозното работење, формирање на фирма со еден вработен т.н. "човек-фирма" заради пласман, или прикривање и физички пренос на готови парични средства преку граница и сл.

---

[205] http://www. nisat.org/publications/armsfixers/Chapter8.html

[206] http://www. aimpress.ch/dyn/pubs/archive/data/199712/71227-007-pubs-sko.htm

[207] Покрај нејзино практикување од страна на лицата од бизнис структурите кои ги корумпирааат службениците од јавната администрација, со цел остварување некои свои барања и потреби, нејзе ја практикуваат и обичните граѓани како би можеле да добијат соодветни и сигурни услуги за брз временски период, што премина во нормален начин на постапување. Одредени криминални структури со цел прикривање на кривичните дела, нивните сторители, или одложување на судските постапки до застарување, корумпираат лица од безбедносните структури и правосудството. Корупцијата во Р. Македонија влијае и во одвраќање на директните странски инвестиции кои се неопходни за економскиот развој на државата, заживување на индустријата и отворање на нови работни места. Она што е интересно да се спомене во оваа пригода е големата дискрепанца помеѓу малиот број на изречени судски пресуди за корупција, во однос на добиените резултати за нејзино постоењето во скоро сите сегменти во државата. За таа цел е потребна поддршка за спроведување други нови истражувања, со цел пронаоѓање и утврдување на причините и факторите за овој дисбаланс, како и нивно брзо елеминирање. Резултатите од овие истражувања би требало да бидат насочени кон јакнење на политичката волја на сите релевантни фактори во државата, што подоследно користење на современите алатки и спроведување на активностите согласно со новите и дополнети законски решенија кои ја регулираат оваа материја. Јакнењето на безбедносните и правосудните структури и едукација на нивните припадници ќе бидат уште еден придонес кон овие заложби.

Насилен криминал. Насилниот криминал, посебно вооружените кражби и разбојништва, во Р. Македонија се извршуваат од страна на структури на организираниот криминал со употреба на огнено оружје, како во внатрешноста, така и на нејзините граници, особено во западниот дел со Р. Албанија. Имено, во изминатиот период беа регистрирани голем број на грабежи и разбојништва извршени од страна на добро организирани криминални структури од соседна Албанија на подрачјето на Дебар, Струга, Гостивар и околните рурални гранични области. Објект на напад беа граѓаните од кои се одземаа пари, жива стока и други материјални добра. По извршените кривични дела овие криминални структури веднаш се повлекуваа на територијата на нивната матична држава, со цел да се оневозможи нивно кривично гонење. Кај останатите вооружени грабежи, во внатрешноста на Р. Македонија, најчести објекти на напад се: поштите, поштенските транспорти на пари, банките, менувачниците, бензинските пумпи, станови и сл. каде покрај огненото оружје се применува и несразмерна сила. Појавата на киднапирањата во Р. Македонија исто така не е непозната појава. Се киднапираа домашни, но и странски бизнисмени, а за чие ослободување се бараа високи откупнини, или пак од нив се бараше подмирување на долговите спрема други бизнисмени. Беа регистрирани и случаеви на подметнување на експлозивни направи поради неплатен долг и доставување на писма со заканувачка содржина, со кои од бизнисмените се изнудуваа високи парични средства.

Недозволена трговија. Од причини што Р. Македонија, географски го зазема централното место на правецот на т.н. "Балкански пат", таа претставува и држава чија територија се користи за транзит и за спроведување на активностите на сите познати видови на недозволена трговија. Големиот степен на невработеност и сиромаштија придонесоа структурите на организираниот криминал, домашни и меѓународни, да регрутираат невработени млади работоспособни лица за извршување на дел од криминални активностите. Така, структурите на организиран криминал овие млади лица во Р. Македонија ги користат како обезбедувачи на транспортите со дрога додека минуваат преку територијата на Р. Македонија(прилог 7.), како прекугранични транспортери на опојните дроги, или како ситни дилери на дрогата во државата и надвор од неа. Истите се искористуваат и како водичи, или лица кои им пружаат логистичка поддршка на трговците со луѓе и криумчарите на мигранти, за прифаќање на украдените моторни возила за понатамошен "реекспорт" (прилог 10.) и др. Укинувањето на визите за македонските граѓани од страна на Европската Унија, овозможи голем број млади луѓе да побараат егзистенција и спас од сиромаштијата во Западнорвропските држави. На овој начин дел од нив станаа лесен плен за ангажирање од страна на криминалните структури, претежно со етнички предзнак, за извршување на нелегални активности особено во сферата на недозволената трговија со дрога, со украдени моторни возила, недозволена трговија со стока за широка потрошувачка, особено со брендирана облека и обувки, како и во посредувањето за вршење на проституција. На рака на овие млади лица им одеше и фактот, што поголемиот број од нив се без полициски досиеја и не се познати во криминалната средина, што им овозможуваше во прво време успешно да "работат" и да се стекнат со капитал. Со дел од овие средства, овие млади

луѓе ги издржуваат своите семејства во Р. Македонија, или пак нив ги вложуваат во легални бизниси дома, најчесто во отворање угостителски објекти, на тој начин прикривајќи ги своите криминални активности и изворот на парите. Пример за тоа е т.н."франкфуртска мафија" каде членуваат многу млади лица од повеќето градови во Р. Македонија.

Недозволена трговија со луѓе. Распадот на СФРЈ кој предизвика војни на овие простори, создаде егздуси од сите поранешни-југословенски републики кон нови дестинации најчесто кон Западнорвропските земји, во потрага по сигурност и безбедност за себе и своите, како и за работа и полесен живот. Р. Македонија како релативно мирно подрачје, во почетокот беше поволна дестинација за таквиот егзодус. Најпрвин го доживеа босанскиот, а подоцна и косовскиот егзодус кога пристигнаа голем број бегалци, меѓу кои имаше голем број жени. Во тој период во Р. Македонија се појавија и дејствуваа голем број меѓународни хуманитарни и невладини организации, а во нивна заднина и скриени криминални структури и поединци, кои отворените и необезбедените граници ги искористија за спроведување на своите криминални активности, како на пр. недозволена трговија со луѓе и криумчарење мигранти(прилог 8.). Во врска со овој облик, а врз основа на досегашните аналитички согледувања, Република Македонија се јавува како земја на крајна дестинација, земја на транзит, а во последно време и како земја на потекло, не останувајќи имуна на овој високо профитабилен криминален феномен. "Внатрешната трговија" пак, се карактеризира со регрутација на млади жени и девојки најчесто од руралните средини и градови од источниот дел на Македонија за "работа" во угостителските објекти, ноќните барови во западниот дел од државата. Во последно време актуелен е и феноменот на "брак по нарачка" т.н.. недозволена трговија со млади жени и девојки од Р. Македонија во западнорвропските земји, со согласност на измамените родители, верувајќи дека таму тие склучуваат брак. Најчесто овој феномен во. Македонија е присутен меѓу припадниците на ромската етничка заедница.

Криумчарење мигранти. Поволната геостратегиската положба на Р. Македонија овозможи и брз развој на криумчарењето мигранти. Мигрантите најчесто се со потекло од сиромашните држави на Блискиот и Далечниот Исток, кои од Р. Бугарија или Р. Србија, преку територијата на Р. Македонија, заминуваат кон Р. Грција, а од таму и во повеќето Западнорвропски држави(прилог 9.). Во врска со ова, структурите на организиран криминал од Р. Македонија, редовно беа вклучувани во меѓународниот криминален синџир за контрола на овие активност на територијата на Р. Македонија од кои активности тие добро профитираа.

Недозволена трговија со културно-историско наследство. Република Македонија, со векови наназад располагала со значајно културно-историско наследство, кое било одлика на постоење на јака и здрава култура и цивилизација на овие простори со посебно обележје за народите кои живееле и твореле на оваа територија. Заради сето ова, македонското културно-историско наследство било од интерес за присвојување од страна на поединци и држави кои на незаконски начин се обидувале да дојдат до него. Заради слабата социо-економска состојба и сиромаштијата на поголемиот дел од населението, а и заради нивното непознавање на вистинските вредности на овие предмети кои се од

извонредно културно-историско значење, тие лесно стануваат соработници на меѓународните криминални структури, кои од нив за "мали пари" ги откупуваат ископаните археолошки предмети, или украдените икони од незаштитените цркви и манастири. Подоцна дел од овие предмети кои постигнуваат високи цени на црниот пазар, завршуваат на т.н. "црни аукции", кај богати колекционери, или кај сопствениците на антикварниците од богатите западнорвропски држави. Во однос на овој појавен облик на организиран криминал, Котовчевски зборува за праксата која ја практикуваат некои наши соседи, кои без исклучок имаат негаторски став кон нашата историја, култура и традиција, кон нашите корени, идентитет и севкупно постоење. Преку континуирано ограбување на нашето културно историско наследство тие прават обиди за уништување на сите историски и културни материјални докази за нашето постоење.[208] На овој начин се одлевај дел од историјата и реалноста за постоењето на македонскиот народ низ вековите.

Еколошки криминал. Активностите на еколошкиот криминал во Македонија ги препознаваме преку непланската и неконтролираната сеча на шумите, кои населението заради високите цени на другите енергенски ги користи за загревање, преку неконтролираното и нестручно собирање лековити билки, преку вршењето недозволени ископи на песок од речните корита и во нивна близина, преку недозволено собирање на минерали, преку нелегалниот извоз на автохтони, ретки и заштитени животни, на пр. желките и др. Невработеноста и сиромаштијата на населението, најчесто од руралните средини, го користат структурите на организираниот криминал ангажирајки ги за мали надници во извршување на овие недозволени активности, за кои населението некогаш и не е свесно дека претставуваат криминален чин.

Компјутерски криминал. Тој како еден од современите облици на организиран криминал, во Р. Македонија најчесто се манифестира преку хакерските упади во компјутерските системи, преку обиди за измами со т.н. "нигериски писма", како и преку злоупотребите на кредитните и другите видови платежни картички. На овој начин од банкоматите се одземаат паричните средства од банкарските конта на граѓаните. Овие активности најчесто се изведуваат во содејство со криминалци, или криминални структури од соседна Бугарија, каде најчесто се изработуваат фалсификуваните платежни картички.

Но, структурите на организираниот криминал во Р. Македонија, не би можеле да ги остварат своите цели без подршка, или во соработка со поедини службеници од јавната администрација, најчесто вработени во безбедносните и финансиските структури, судовите, обвинителствата, видни бизнисмени и влијателни политичари. Во прилог на горе изнесеното, одат и големиот број криминални случаи, каде покрај членови на криминалните структури, бизнисмени, уапсени беа и голем број лица од јавната администрација, најчесто припадници на МВР и царината, а сменети беа и добар дел на судии. Така, организираниот криминал без корумпирање на овие структури не би можел да опстане

---

[208] Поопширно во книгата на Котовчевски М. – *"Национална безбедност"*, Филозофски факултет, Скопје, 2011

подолго време, од причини што би бил загрозен и брзо уништен од страна на државните институции на Р. Македонија.

Со цел елиминирање на причините и условите за појавата и развојот на организираниот криминал, е превземање низа мерки кои можат да придонесат во правец на поттикнување на функционирање на пазарните механизми, растот на инвестиции, а особено зајакнување на владеењето на правото. Заради поефикасно спречување на организираниот криминал во Р. Македонија во тек е хармонизацијата на домашната легислатива со легислативата на Европската Унија, што претставува стратешки интерес за Република Македонија. Овој интерес коинцидира со јасните определби на Европската Унија кои беа изразени на Лондонската конференција (2002) и на Солунскиот самит (2003), а се поддржани со конкретни програми за реализација. Република Македонија настојува да се следат и имплементираат меѓународните пропишани стандарди во оваа област, а за која цел ги има потпишано и ратификувано најважните мултилатерални договори за борба против криминалот[209].

Досега, беа извршени значајни измени во некои од најбитните закони, како и формирани беа нови агенции за борба против организираниот криминал. Со најновите измени и дополнувања на Кривичниот Законик на Р. Македонија, дополнително се зајакна казнената политика во однос на кривичните дела од областа на организираниот криминалитет, а се воведоа и нови одредби и инкриминации, со цел олеснување на откривањето и докажувањето на кривичните дела од областа на организираниот криминал. Паралелено со измените во Кривичниот закон беа извршени измени и во Законот за кривична постапка. Ова е направено со цел да се создадат нормативни основи за спречување на дејствувањето на организираниот криминал и корупцијата со примена на посебните истражни мерки, обезбедување на заштита на сведоците, соработниците на правда и жртвите, пропишување на одговорност на правните лица, како и постапката за конфискација на имот и имотна корист стекнати со извршување на кривично дело.

Во декември 2003 година Собранието на Р. Македонија го изгласа амандманот за измена на членот 17 од Уставот на Република Македонија, со што е овозможена примената на посебните истражни мерки. Согласно оваа новина која придонесува кон поуспешна откривачка активност на безбедносните структури, како и зголемување на можноста за документирање на кривичните дела од областа на организираниот криминал, во Законот за кривична постапка беше воведен нов член 142 со кој е прецизирана примената на т.н. "посебни истражни мерки"[210]. За

---

[209] Конвенцијата на Обединетите Нации против транснационалниот организиран криминал, заедно со протоколите кои се однесуваат на трговијата со луѓе и борбата против криумчарење на мигранти(2000), Конвенцијата за перење, откривање, запленување и конфискација на криминалните приноси (2000), Римскиот статут на меѓународниот кривичен суд (2002). Конвенција на ООН за недозволена трговија со наркотични дроги и психотропни супстанци (1993), Европската конвенција за трансфер на осудени лица (1999), Европската конвенција за взаемна правна помош во кривични предмети (1999), Европската конвенција за екстрадиција (1999), Казнено-правната конвенција за корупција (1999) и Граѓанско-правната конвенција за корупција на Советот на Европа (2002)

[210] Закон за Кривична постапка-Службен весник на РМ, бр. 150/10

многумина најважната посебна истражна мерка, следење на телекомуникациите, е нормирана во новиот Закон за следење на комуникациите донесен во ноември 2006 година[211]. Овие мерки се познати во скоро сите европски земји, а во Р. Македонија за прв пат им се даде можност на безбедносните структури за нивно користење.

Заради постигнување на добри резултати во спречување на организираниот криминал, меѓу другото потребна е добра едукацијата на кадарот на институциите задолжени за спречување на организираниот криминал, професионализацијата, а не негова партизацијата, градењето на добар менаџмент, материјално-техничко опремување, електронско поврзување и градење на единствени бази на податоци на безбедносните институции, како и развојот на криминалистичко разузнавање и анализа на ризикот, кои се битни елементи во тој правец. Реформите во судството, потесната соработка со локалната самоуправа, невладиниот, граѓанскиот и приватниот сектор, медиумите, хармонизација на законската регулатива со Европската Унија, се исто така дел од приоритетните задачи. Зајакнување на меѓународната соработка на сите нивоа во однос на безбедносните прашања и благовремените размени на информации, како и водењето на заеднички безбедносни, најчесто полициски операции на регионално ниво се од големо значење. Со имплементацијата на сите овие елементи, Р. Македонија ќе го даде својот придонес во спречувањето на организираниот криминал, а со тоа и за подобрување на националната, регионалната и меѓународната безбедност.

1.2. Институции во функција на спречување на организиран криминал

Институции кои се во функција на спречување на организираниот криминал во Р. Македонија се :

- Министерство за внатрешни работи;
- Министерство за финансии;
- Министерство за одбрана;
- Агенција за разузнување;
- Јавно Обвинителство на Р. Македонија;
- Судови;
- Државна Комисија за спречување на корупција.

Министерството за внатрешни, преку Центарот за сузбивање на организиран и сериозен криминал и Граничната полиција, како

Посебните истражни мерки се однесуваат на увид и пребарување во компјутерскиот систем, тајно набљудување, следење и визуелно тонско снимање, привидно симулирано давање и примање поткуп, контролирана испорака на лица и предмети, користење лица со прикриен идентитет за следење и собирање информации т.н. "андеркавер операции" ("under cower"), отварање привидни банкарски сметки, регистрирање на привидни правни лица, или користење на постојните заради собирање податоци. Со примена на овие мерки се обезбедуваат материјални докази, кои на друг начин е неможно да се обезбедат, а кои би се употребиле во судската доказна постапка.

[211] Закон за следење на комуникации - Службен весник на РМ, бр. 121/2006

составни делови на Бирото за јавна безбедност и Управата за безбедност и контраразузнавање, се ангажира за собирање информации, препознавање, откривање и спречување на појавните облици на организиран криминал како и откривање и кривично пријавување до Јавното обвинителство, на неговите сторители. Носителите на овие активности во МВР се полициските службеници кои се со посебни должности и овластувања.

Министерството за финансии, преку своите четири сегменти дава активен придонес во спречувањето на организираниот криминал и тоа:

- Финансиската полиција собира информации и податоци, со цел откривање на сторители вклучени во активности врзани со даночно затајување, перење пари, криумчарење, недозволена трговија со разни стоки и други кривични дела кои вклучуваат затајување на поголеми и значителни износи на данок, царина и други приходи. Финансиската полиција врши и истраги при постоење на основани сомненија за недозволени финансиски активности, кои се спротивни на економските интереси на земјата, а се организираат во земјата, или се од меѓународен карактер. Сите овие активности ги спроведуваат финансиски полициски службеници.
- Управата за јавни приходи, се грижи за полнење на државниот буџет, преку редовното подмирување на даночните обврски од страна на даночните обврзници, а преку даночните инспекциски служби ги санкционираат затајувачите на данокот.
- Царинската Управа на Р. Македонија, преку царинските службеници со посебни должности и овластувања е задолжена за спречување на криумчарењето стока, недозволената трговија со производи за широка потрошувачка, недозволената трговија со дрога, оружје и сл., како и за спречување на увоз и извоз на стока надвор од одобрените царински точки.
- Управата за финансиско разузнавање кој е орган во состав на министерството за финансии, со својство на правно лице прибира, обработува, анализира, чува и доставува податоци за откривање и спречување на перење пари и финансирање на тероризмот до надлежните органи. Законот за спречување на перење пари и други приноси од казниво дело и финансирање на тероризам во член 3 ги определува надлежностите на Управата за финансиско разузнавање. Таа е дел од механизмот на глобалниот систем за борба против перењето пари и финансирањето тероризам. Управата има за задача благовремено да ги препознае обидите за перење пари, или за финансирање на тероризам, истите да ги пресретне и да го спречи влезот на валканите пари во легалната економија, како да го спречи финансирањето на терористичките активности. Остварувајќи ја својата цел Управата придонесува за непречено владеење на правото и на принципите на демократијата, а воедно и за заштита на општествено-економскиот систем, со што се обезбедува нејзината национална безбедност.

Министерството за одбрана – Воената служба за безбедност и разузнавање, своите активности во борбата против организираниот криминал ги остварува преку сегментите, безбедност, разузнавањето и контра-разузнавањето.

- Безбедноста и разузнавањето опфаќаат мерки и активности и постапки за собирање, документирање и анализирање на разузнавачки податоци значајни за безбедноста и одбраната на Р. Македонија, меѓу кои и за организираниот криминал како современа невоена закана за националната безбедност, како и нивна размена со останатите државни институции од безбедносниот сектор.
- Контраразузнавањето го опфаќа делот на спречување на сите форми на организиран криминал и на терористичка дејност насочени кон Р. Македонија. Овие активности Министерството за одбрана ги врши преку овластените службени лица од своите редови.

Агенцијата за разузнавање како независна институција е надлежна за собирање на информации и податоци и нивна размена, кои се од значење за безбедноста и одбраната на Р. Македонија, како и информации врзани за стопанските, политичките и другите интереси на државата. Агенцијата за разузнавање соработува со другите државни институции, по прашањата од заеднички интерес, а се однесуваат на безбедноста и одбраната на Р. Македонија. Своите активности Агенцијата за разузнавање ги остварува преку вработените кои се со посебни должности и овластувања.

Јавното Обвинителство на Р. Македонија е единствениот самостоен државен орган кој ги гони сторителите на кривичните и други со закон утврдени казнени дела. Јавното обвинителство преку Јавните обвинители од Основните и Вишите Јавни обвинителства превземаат мерки и активности за заштита на правата и слободите на човекот и граѓанинот, заштита на интересите на општествената заедница и на другите правни субјекти, поефикасно откривање на кривични и други казниви дела и нивните сторители, со употреба на правни средства и законито утврдување на фактите и примена на правото. Во рамките на Јавното Обвинителство на Р. Македонија од 2004 година дејствуваше и специјализирано одделение, кое во 2008 година прерасна во Обвинителство за гонење на сторители на кривични дела од областа на организиран криминал. Ова Обвинителство, покрај другото надлежно е и за издавање на наредби за употреба на специјални истражни мерки, при собирање на материјални докази, кои не може да се обезбедат на друг начин, а во случаи кога се работи за откривање на непознати сторители на кривичните дела од областа на организираниот криминал.

Судовите преку судиите од основните и апелационите судови, а посебно преку судиите од специјализираниот суд за судење на кривични дела од областа на организираниот криминал и судските процеси, вршат истрага, донесуваат пресуди и одмеруваат казни соодветни на извршените кривични дела. Овој Суд е надлежен и за издавање наредби за примена на посебни истражни мерки, при собирањето на материјални докази, кои не може да се обезбедат на друг начин, но во случаи кога се работи за познати сторители на кривични дела од областа на организираниот криминал.

Државната комисија за спречување на корупција е задолжена за истражување на коруптивното однесување, во случаи кога е присутно искористување на функцијата, јавното овластување, службената должност и положба за остварување на каква и да било корист за себе

или за друг. Своите активности државната комисија за спречување на корупцијата ги остварува преку седум члена. Комисијата дејствува како правно лице, таа е самостојна и е независна во вршењето на работи определени со законот за спречување на корупцијата.

1.3. Стратегии на Р. Македонија и организираниот криминал

Р. Македонија сеуште нема изготвено "Национална стратегија за спречување на организираниот криминал", како основен документ во кој ќе бидат наведени заложбите, целите, насоките, начините и институциите задолжени за спроведување на активностите на државата во правец на превенирање, препознавање и спречување на овој негативен феномен. Со оваа стратегија треба да бидат предвидени можните трендови и правци на развојот на организираниот криминал, а со тоа и можностите на Р. Македонија да ги развие националните капацитети и потенцијали за ефикасност во спречувањето на организираниот криминал. За да се оствари зацртаното во оваа стратегија, се наложува потребата од воспоставување државен консензус на сите релевантни фактори во државата, со цел утврдување на насоките за препознавање, превенција и репресија на организираниот криминал. Донесувањето и имплементацијата на "Националната стратегија за спречување на организираниот криминал" треба да претставува приоритет за Р. Македонија, меѓудругото и од причини што претставува важен чекор во процесот за интегрирација во Европската Унија и НАТО структурите. Оваа стратегија треба да претставува основен документ кој мора да биде во цврста концепциска и функционална врска со веќе донесените стратегии на Р. Македонија, како: стратегијата за интегрирано гранично управување, стратегијата за спречување на перењето пари и финансирање на тероризмот, стратегијата за спречување на недозволената трговија со луѓе и илегалната миграција, како и стратегијата за справување со дроги. Во оваа стратегија мора да бидат опфатени и низа мерки и активности кои ја вклучуваат и соработката со државите од регионот во спречувањето на активностите на организираниот криминал. "Националната Стратегијата за на организираниот криминал" би претставувал документ од јавен карактер, кој е потребно редовно да се ажурира согласно спроведените активности утврдени со мерките од стратегијата. За успешно менаџирање и координирано спроведување на активностите зацртани во "Националната стратегија за спречување на организираниот криминал", вршење анализи на добиените сознанија, носење соодветни заклучоци и давање препораки врз основа на тие анализи, се наметнува потребата од изработка на акциони планови и од формирање на државно тело, комитет или комисија.

Во продолжение ќе биде даден краток приказ на стратегиите кои досега се изготвени и по кои се постапува во Р. Македонија, а кои во иднина би требало да станат функционални делови на основниот документ "Национална стратегија за спречување на организираниот криминал".

Националната стратегија за интегрирано гранично управување

Владата на Р. Македонија, со цел побрза евроинтеграција, членство во НАТО, зачувување на националниот и регионалниот мир и стабилност, а како дел од реформите во безбедносниот сектор и напорите за олеснување на движење на лица и стоки преку државната граница, во 2003 година ја донесе "Националната стратегија за интегрирано гранично управување"[212]. Со цел интеграција и приближување кон стандардите на ЕУ и одржување на националниот и регионалниот мир и стабилност, оваа стратегија е креирана во согласност со препораките и обврските кои ги превзеде Р. Македонија. Со донесената стратегија за гранично управување, должностите за заштита и управување со државната граница беа префрлени од армијата на Р. Македонија и беа предадени за цивилно управување на новоформираната гранична полициска служба во рамките на МВР на Р. Македонија на 31. 12. 2005 година. Беше создаден Национален Координативен механизам за гранично управување, со кој координира граничната полициска служба, а во кој партиципираат сите национални институции и министерства кои имаа допирни точки со државната граница. Со цел успешно спротиставување на современите невоени закани, безбедносните структури, посебно оние задолжени за гранично управување и обезбедување, мора секогаш да бидат чекор понапред од структурите на организираниот криминал, или терористичките организации. Тоа ќе го направат доколку активностите на сите релевантни фактори во државата бидат координирани, со цел давање брз и ефикасен одговор на заканите.

"Националната комисија за интегрирано гранично управување"[213] е формирана како помошно и советодавно тело на Владата на Р. Македонија, со надлежност за спроведување на мерките и активностите околу воспоставување на системот на интегрираното гранично управување.

---

[212] http://www.igu.gov.mk/.../nacionalna/nacionalna _strategija

[213] http://www.kliknime.com.mk/nacionalna-komisija-za .....

Национална стратегија за дроги

Владата на Р. Македонија, врз база на основните начела од Уставот за создавање рамка за мерките и активностите насочени кон контрола на дрогите[214], а со цел да обезбеди координација на сите чинители кои учествуваат во нивната реализација, изготви "Национална стратегија за дроги" за периодот 2006-2012[215]. Националната стратегија создава рамка и ги поставува приоритети за акција, со основна цел справување со дрогите во Р. Македонија. Активностите согласно стратегијата се разработуваат во т.н. пред-спроведувачки Акциски план за дрога за периодот 2007-2008 година и во Националниот ациски план за дрога за периодот 2009-2012 година. "Национална стратегија за дроги" се заснова врз база на релевантните меѓународни конвенции за контрола на дрогата, резолуциите усвоени на Специјалното заседание на Генералното собрание на ОН за дрога од 1998 година, врз база на стратегијата за дроги на Европската Унија за периодот 2005-2012 година, другите протоколи, меѓународни конвенции и резолуции во врска со проблемот на дроги и акти усвоени од страна на Република Македонија. Оваа стратегија е во согласност со Националната стратегија за превенција од ХИВ/СИДА, стратегијата за ментално здравје, како и со Националната стратегија за јавно здравје. Оваа стратегија претставува и продолжение на Националната програма за контрола на злоупотребата на дроги и недозволена трговија со дроги[216], која беше усвоена од страна на Владата на Р. Македонија во 1996 година. Националната стратегија за дроги е во согласност и со Повелбата на ОН, со меѓународното право и со основните вредности на Европската Унија, изразени преку: почитување на човековото достоинство, слобода, демократија, еднаквост, солидарност, владеењето на правото и човековите права. Националната стратегија за дроги ја нагласува потребата од интегриран, мултидисциплинарен и урамнотежен пристап заснован на пет клучни елементи и тоа: координација на национално и меѓународно ниво; намалување на побарувачката; намалување на снабдувањето и борба против недозволена трговија; проценка, надгледување, информации, обука и меѓународна соработка. Националната стратегија за дроги ја нагласува потребата од следење и евалуација на искуствата кои се стекнати во последните години во посочување на најдобри практики, со цел обезбедување доследност и постојаност на дејствување во справувањето со феноменот на дроги и за посочување на новите предизвици и стратегии кои треба да се имплементираат во Македонија во соработка со Европската Унија и другите меѓународни партнери. Националната стратегија за дроги е структурирана за постигнување на општа,

---

[214] Терминот контрола на дроги се користи во документите на меѓународните организации, а особено во ОНОДК документи како и термините борба против дрога и справување со проблемот на дрога. Овие синоними означуваат активности на Меѓународната заедница на меѓународно, регионално и национално ниво кои се состојат од превенција, лечење и општествена реинтеграција, искоренување на недозволени растенија и алтернативен развој, контрола на производството на недозволени дроги, превенција од трговија со дрога и борба против корупција и перење пари.

[215] Министерство за здравство – *"Национална Стратегија за дроги на Република Македонија"* (2006-2012), Скопје, 2007

[216] Службен весник на Република Македонија; бр. 35/96.

специфична и достижна цел, како и акција која ги опфаќа специфичните активности кои е потребно да се спроведат за да се постигнат саканите цели. Целите на "Националната Стратегија за дроги" на Р. Македонија се поделени на општа цел и специфични цели[217].

"Координативниот комитет" за проблемот со дроги функционира како главно советодавно тело на Владата на Р. Македонија на полето на сузбивање на дрогата. Го надгледува и следи спроведувањето на целите и остварувањето на предвидените резултати онака како што се усвоени со Националната стратегија за дроги и активностите од Националниот акциски план за дроги и ги усвојува годишните извештаи за напредокот. Националниот координатор(најчесто министер) е претседател на Секратаријатот на ова тело, кој пак назначува национален координатор на меѓуресорскиот комитет чија цел е структурирање на работата на извршната власт. Членовите на Координативниот комитет за проблемот со дроги се претставници на сите релевантни министерства, претставници од локалната власт, како и претставници од невладиниот сектор.

Стратегијата за борба против трговијата со луѓе и илегална миграција

Оваа стратегија во Р. Македонија, има за цел да ги постави насоките и приоритетите за справување со овој криминален феномен. Тргнувајќи од уставните одредби со кои корпусот на основните слободи и права на човекот и граѓанинот и почитувањето на општоприфатените норми на меѓународното право се утврдуваат како фундаментални принципи на уставното уредување, а имајќи ја предвид Спогодбата за стабилизација и асоцијација и Конвенцијата на Обединетите нации против транснационалниот организиран криминал со протоколите, Р. Македонија во 2002 година донесе "Национална програма за борба против трговијата со луѓе и илегална миграција". Целтта е, активно вклучување во напорите на меѓународната заедница за превенција и борба против трговијата со луѓе, како еден од најтешките облици на организираниот криминал. Во Програмата се опфатени активностите кои одат во насока на откривање на причинско-последичните врски кои имаат влијание на трговијата со луѓе на национално и регионално ниво, откривањето на носителите на овие криминални активности,

---

[217] Општата цел се однесува на изнаоѓање ефективна рамнотежа помеѓу политиките за намалување на користење на дрогата и штетите кои се како последица од нејзината злоупотреба и политиките за намалување на недозволената трговија, како облик на организиран криминал и нејзиното производството. Вториот дел од општата цел на оваа стратегија е подобрување на капацитетите за развојот на овие политики, преку меѓународната соработка на билатерален и мултилатерален план, како и целосно учество во релевантните меѓународни организации од оваа сфера. Специфичните цели на националната стратегија за дроги на Р. Македонија се: координација и организација на локално, национално и меѓународно ниво на оддржлив, мултидисиплиниран и урамнотежен приод за справување со дрогата; детална политика за намалување на побарувачката на дрога; детална политика за намалување на снабдување со дрога; сеопфатен систем за лечење, набљудување, истражување и проценување, како и развој на меѓународната соработка.

методологијата на работа, мерките кои се преземаат на превентивен и репресивен план, како и за заштитата на жртвите на недозволената трговија со луѓе.

Владата на Р. Македонија, реагирајќи одлучно против трговијата со луѓе и илегалната миграција, а сакајќи да постигне повисоко ниво на ефикасност и заедничко дејствување во борбата против овие појави во Р. Македонија, донесе Одлука за формирање на "Национална комисија" за борба против трговијата со луѓе и илегалната миграција во Република Македонија[218]. Врз основа на оваа Одлука, Владата донесе Решение за именување национален координатор и членови на Националната комисија[219].

Најголема ангажираност за успешно операционализирање на стратешките цели на стратегијата се очекува од органите на државната управа и администрацијата во чија надлежност спаѓа спречувањето на овој облик на организиран криминал. Во оваа насока, непосредната соработка и поддршка од страна на меѓународните и невладини организации, исто така, ќе биде од есенцијално значење за неговото имплементирање.

Со цел заштита на децата од нелегалната трговија и експлоатација, давање приоритет на правата и интересите на децата, донесен е Акциониот план за борба против трговија со деца. Акциониот план за борба против трговија со деца е заснован на Конвенцијата за правата на децата и на изјавата за обврзување потпишана на Четвртиот министерски форум во рамките на Пактот за стабилност за Југоисточна Европа одржан во 2002 година во Софија, одредбите на Националната програма за борба против трговијата со луѓе и илегална миграција во Република Македонија усвоена од Владата на Република Македонија во 2002 година и меѓународните документи за човекови права, особено факултативниот протокол за продажба на деца, детска проституција и детска порнографија кон Конвенцијата за правата на детето,

---

[218] Одлуката е објавена во „Службен весник на РМ", бр. 18/2001

[219] Решението е објавено во „Службен весник на РМ", бр. 19/2001, 26/2002
Националната комисија има задача да ја следи и анализира состојбата со трговијата со луѓе и илегалната миграција и да ги координира активностите на надлежните институции, меѓународните и невладини организации кои се вклучени во решавањето на проблемите во оваа област. Секретаријатот е тело кое функционира во рамките на Националната комисија, а секретарот ги реализира одлуките на Комисијата и го претставува ова тело, во кое учествуваат и претставници од меѓународните невладини организации и експерти од владините институции. Во рамките на Националната комисија етаблирана е подгрупа за борба против трговија со деца. Националната комисија за борба против трговијата со луѓе и илегална миграција во Р. Македонија работи на давање адекватен општествен одговор на овој облик на организиран криминал преку спроведување на стратегијата во насока на утврдувањето на неколкуте принципи и насоки за дејствување на полето на: создавање на поддржувачката рамка (координирачки структури, законска и регулативна рамка, изградба на капацитети, мобилизација на ресурси и буџет); превенцијата (подигнување на свеста и едукација); поддршка и заштита на жртвите и сведоците (идентификација на жртвата, социјална поддршка и заштита на жртвите, психосоцијална поддршка и заштита на жртвите); пристап до правните постапки, заштита на сведоци и судскиот третман на лицата-жртви на трговија со луѓе; целосен пристап до правосудните и административните органи и пружање на соодветна стручна бесплатна помош; реинтеграција, социјално вклучување, враќање и превенција од повторна виктимизација; истрага и кривично гонење на трговците со луѓе (проактивна и ретроактивна истрага и меѓународна соработка меѓу органите надлежни за примена на законите и судска соработка).

Конвенцијата на ОН против транснационалниот организиран криминал и Протоколот за превенција, спречување и казнување на трговија со луѓе, особено жени и деца.[220] Акциониот план има за цел да и обезбеди на Р. Македонија средства и механизми за спроведување на заложбите за борба против трговијата со деца и унапредување на координацијата меѓу владините институции и меѓу владиниот и невладиниот сектор во борбата против трговијата со деца.[221]

---

[220] Акциониот план за борба против трговија со деца се темели на четири основни начела вклучувајќи ги основните начела на Конвенцијата за правата на детето и тоа:

- заштита на правата (вклучувајќи ја и заштитата од дискриминација од сите форми на злоупотреби, занемарување и експлоатација);
- право на опстанок и развој вклучувајќи го правото на престој во прифатилиштата со овозможување на пристап до здравствените установи, образовни институции, заштита на правата од економска експлоатација и заштита на физичкиот, психичкиот и менталниот развој на децата;
- учество на децата во донесувањето на одлуки што се однесуваат на нивните права и интереси и нивно влијание во сите прашања поврзани со нивните права и интереси (вклучувајќи го и правото за формирање и презентирање на нивните погледи и мислења и правото да добиваат информации достапни и разбирливи за нив што придонесуваат за нивна благосостојба, како и нивна заштита од штетното влијание на разни информации, материјали и содржини);
- најдобриот интерес на децата да биде апсолутен приоритет при креирањето на владината политика и при донесувањето на одлуки на секој поединец, институција или во законодавниот дом.

[221] Влада на Р. Македонија - Национална комисија за борба против трговијата со луѓе и илегалната миграција во Република Македонија – *"Стратегија за борба против трговијата со луѓе и илегална миграција во Република Македонија"*, Скопје, 2006
Основните цели на Акциониот план се:

- да се унапреди политиката на Р. Македонија во однос на борбата против трговијата со деца и експлоатацијата на децата во однос на заштитата на децата- жртви на трговијата за период од 3 години;
- да се воспостават минимум стандарди преку кои ќе се обезбеди заштита на ризичните

групи деца, трудово-експлоатираните и запуштените деца потенцијални жртви на трговија;

- најдобриот интерес на децата да има примарно значење во заштитата на правата на децата- жртви;
- да не се исклучи ниедно дете од обезбедувањето на соодветната заштита од вклучување во трговијата, или како жртва на трговијата;
- да се преземат превентивни мерки за намалување на причините и ризиците што доведуваат до појава и зголемување на трговијата и експлоатацијата на децата;
- да им се обезбеди посебна заштита на децата со посебни потреби жртви на трговијата;
- да се вклучат децата со свои мислења и одлуки во преземањето на мерки за заштита од трговија;
- да се преземаат активности за идентификација, рехабилитација и реинтеграција на децата жртви на трговијата

Националната стратегија за спречување на перење пари и финансирање на тероризам

Оваа стратегија претставува стратешки документ кој ги утврдува сите елементи кои ќе го надоградат системот за спречување на перење пари и финансирање на тероризам во Р. Македонија. Стратегијата има за цел да го дефинира од една страна системот за спречување на перење пари и финансирање на тероризмот, а од друга страна да го дефинира и предвиди начинот и активностите за надминување на утврдените слабости и недостатоци. Со Националната стратегија е потребно да се достигнат следните цели: законската регулатива да биде хармонизирана со регулативата на Европската Унија и меѓународните стандарди за спречување на перењето пари и финансирање на тероризам; да се овозможи институционална надградба; изградба на ефикасен систем на меѓуинституционална соработка; зајакнување на меѓународната соработка и подигнување на јавната свест за неопходноста од преземање на мерки за спречување на перењето пари и финансирање на тероризмот.

За постигнување на подобри резултати во борбата против перењето пари и финансирањето на тероризам, потребно е зголемување на степенот на меѓуинституционалната соработка преку реализирање на следните активности: подобрување на соработката на управата за спречување перење пари и финансирање на тероризмот со истражните органи и судовите; утврдување на процедурите за доставување на извештаи кои таа ги подготвува за надлежните органи; координирано спроведување на надзор и формирање на заеднички тимови за координација на истрагите за перење пари, или финансирање на тероризам. Активностите зацртани во стратегијата се координирани од страна на "Советот за борба против перење пари и финансирање на тероризам".[222]

---

[222] http://www.usppft.gov.mk/.../..
Ова советодавно тело е надлежно да ги следи и координира активностите на институциите надлежни за спроведување на оваа стратегија во насока на исполнување на утврдените цели, да ја унапредува функционалноста на системот и да предлага активности за зголемување на неговата ефикасност. Ова тело е одговорно за успешно реализирање на оваа стратегија, како и за вршење контрола над одредени сегменти од системот и на системот во целина. Реализацијата на предвидените мерки и активности ќе обезбеди насочување, или креирање на националната политика за соработка или соодветна координација во борбата против перењето пари и финансирањето на тероризмот. Во советодавното тело членуваат претставници од Министерство за внатрешни работи, Министерство за Правда, Јавно обвинителство, Царинска управа, Управа за јавни приходи, финансиската полиција, Народна банка на Р. Македонија, Комисија за хартии од вредност, Нотарската Комора и Адвокатската Комора. Членовите на советодавното тело и нивните заменици се именувани од страна на Владата на Р. Македонија, а директорот на Управата раководи со ова советодавно тело.

1.4. Координација на безбедносните структури на национално ниво

Интегрираното управување и контролата над остварувањето на функцијата на безбедноста на национално ниво, подразбира системско организирање и координирано спроведување на мерки и активности на безбедносните структури, како и нивно ставање под контрола на највисоките државни институции. Во спроведување на безбедносната политика на државата, вклучени се бројни државни структури, како реализатори на нормативно-политичките документи кои се однесуваат на оваа област, а кои се нужни за развојот на политичките мерки, поради што е важно државата да развие соодветен концепт, модел и стратегија на националната безбедност, која ги вклучува сите релевантни општествени субјекти. Таквиот пристап и овозможува на државата можност, да со сите безбедносни проблеми и потреби се бави на целосен и сеопфатен начин. Новите безбедносни ризици и закани, се мисли пред се на невоените, а посебно организираниот криминал и тероризмот, бараат создавање нови стратегии и сериозна координација и раководење, бидејќи за нивното спречување потребно е вклучување на повеќето државни институции од областа на безбедноста, финасиите и правосудството.

Координацијата и соработката на национално ниво, помеѓу државните институции задолжени за борба против организираниот криминал, мора да биде задолжителна и обврзувачка, професионална, непосредна, усогласена, координирана и секојдневна. Заради прецизно регулирање на правилата како и начинот на меѓусебна соработка и координирање на заедничките активности на национално ниво, потпишани се неколку меморандуми и протоколи. Така, во 2004 година потпишан е "Меморандум за соработка за спречување на организираниот криминал и други видови криминал" помеѓу Министерството за внатрешни работи и Министерството за финансии. На 13.12.2004 година потпишан е "Протокол за спроведување на соработка за спречување на организираниот криминал и други видови криминал во Р. Македонија", помеѓу Министерството за внатрешни работи и Министерството за финансии, односно Царинската Управа. На 24.06.2005 година, потпишан е "Меморандум за соработка во откривањето и гонењето на сторители на кривични дела од областа на организираниот криминал и корупцијата" помеѓу Јавното обвинителство и Министерството за внатрешни работи, Царинската Управа, Управата за јавни приходи, Управата за спречување перење пари и финансирање на тероризмот, како и Финансиската полиција. Со посебна одредба на Владата на Р. Македонија за преземање конкретни мерки и активности за спречување на организираниот криминал од 10.11.2003 година, со горе споменатиот Меморандум беше утврдено дека оваа меѓусебна соработка треба да се одвива преку т.н. "Национален Центар за соработка"[223]. На седницата одржана на 09.03.2010 година, Владата на Р. Македонија донесе Одлука за воспоставување на единица за меѓународна координација на органите надлежни за спроведување на законот (ILECU-International Law Enforcement Co-ordination Units), во рамките на

[223] Проектот наречен *"Национален Центар за соработка"* сеуште не функционира

Министерството за внатрешни работи на РМ. Оваа единица треба да остварува координација на меѓународната соработка на органите кои го спроведуваат законот во РМ, и тоа: МВР, Министерство за финансии (Царинска Управа и Управата за финансиска полиција), Јавното обвинителство на РМ, како и со Министерството за правда на РМ. Донесената Одлука требало да отпочне да се применува од 01.02.2011 година.[224]

1.5. Координација и соработка на државите на регионално ниво

Спречувањето на организираниот криминал е проблем кој државите не можат самите да го решат, од причина што тој зазема меѓународни димензии. Неговото решавање бара не само регионална соработка, туку и нов начин на размислување на политичките елити. За да биде успешна борбата против организираниот криминал потребна е регионална соработка и координација на заедничките активности во борбата против ова зло.[225]

На регионално и меѓународно ниво државните структури развиваат интензивна соработка со другите институции на државите во регионот на Југоисточна Европа, меѓународните полициски организации и меѓународните институции на правда, согласно потпишаните и ратификувани меморандуми за разбирање, билатерални и мултилатералните договори, а чија цел е поефикасно спречување на организираниот криминал на национално, регионално и меѓународно ниво.[226]

Координираната меѓународна соработка на институциите за спроведување на законите (полициски и финансиски организации и институции на правдата), се остварува преку:

- INTERPOL(ИНТЕРПОЛ)-Меѓународна полиција;
- EUROPOL (ЕВРОПОЛ)-Европската полиција;
- SECI(СЕКИ)-Иницијатива за полициска соработка во Југоисточна Европа;
- UNODC(УНОДК)-Канцеларија при ООН за борба против наркотици и криминал;
- EUROJUST(ЕВРОПРАВДА) - Организација на европските обвинители и судии;
- OSCE(ОБСЕ)-Организација за безбедност и соработка во Европа;
- OLAF(ОЛАФ)-Европска агенција за спречување на финансиски злоупотреби;

---

[224] Службен весник на РМ, бр.38/2010

[225] Бакрески О.- *"Регионалната соработка и координацијата како предуслов за побрзо членство во НАТО"*, Министерство за одбрана на Р Македонија, Скопје, 2003

[226] Р.Македонија е полноправна членка на Процесот за соработка во Југоисточна Европа- SEECP(СЕЕЦП), Пактот за стабилност-SP(СП), Иницијативата за соработка во Југоисточна Европа-SECI(СЕКИ), OSCE(ОБСЕ), UN(ООН), активна е во мониторинг механизмите на Советот на Европа GRECO(ГРЕКО) и MONEYBAL(МАНИБОЛ), а има и статус на набљудувач во рамките на Јадранско-Јонската иницијатива и Сегединскиот процес.

- FATF(ФАТФ)-Оперативна група против финансиските активности на перење пари при ЕУ;
- SPOC-SP(СПОК-СП)-Оддел за сузбивање на организираниот криминал при Пактот за Стабилност;
- EULEC(ЕУЛЕК)-Европски институт за правна соработка;
- ILECU(ИЛЕКУ)- Единица за меѓународна координација на органите надлежни за спроведување на законот;
- IPA(ИПА)-Регулативата како иструмент на Европската комисија на предпристапна помош на земјите кандидати за членство во ЕУ од 01.01.2007 година. Оваа регулатива е наследничка на меѓународната програма за општествена подршка, реконструкција, развој и стабилизација-KARDS(КАРЦ).

На регионално и меѓународно ниво, целокупната соработка е координирана преку Секретаријатот за европски прашања при Владата на Р. Македонија, со вклучување на странски и домашни експерти од државни институции како и експерти од цивилниот сектор, задолжени за следење на состојбата и спречување на активностите на организираниот криминал на национално, регионално и меѓународно ниво.

ЗАКЛУЧОК

Целокупната општествена состојба во Р. Македонија во периодот од 1991 година па наваму, се карактеризираше со одреден степен на безбедносна нестабилност. Дестабилизирачките фактори беа како последица на воведувањето на економското ембарго од страна на Р. Грција, кризата кај северниот сосед, непостоењето на платен промет, како и слабата економска соработка со новонастанатите држави по распадот на СФРЈ и останатите држави од соседството. Глобализацијата, спориот процес на транзиција, нискиот општествен стандард на граѓаните, големата невработеност, сиромаштијата, корупцијата, недообликуваност на државните нституции и нивната слабата контролна функција, нездравата политичка клима, спорото носење на закони компатибилни со европското законодавство и наследената инфраструктура од стариот систем, претставуваа одлична подлога за појава и развој на организираниот криминал. Нему му погодуваше и процесот на приватизација, каде недостатокот од свеж и чист капитал, организираниот криминал успешно го искористи за вложување на својот готов криминален капитал.

Корупцијата како составен дел на активностите на организираниот криминал, влијаеше за одвраќање на директните странски инвестиции кои се неопходни за економски развој на државата, заживување на индустријата и отворање на нови работни места. Појавата и развојот на "сивата економија" и "црниот пазар", големиот степен на невработеност и сиромаштија придонесоа структурите на организираниот криминал, домашни и меѓународни, да регрутираат невработени млади работоспособни лица за извршување на дел од криминални активностите. Структурите на организиран криминал своите активности ги спроведуваат преку неколкуте познати облици и тоа: "перење пари", извршување на кривични дела од областа на насилниот криминал, недозволената трговија со дрога и оружје, со украдени моторни возила,

недозволената трговија со предмети од културно историско значење, недозволена трговија со луѓе, криумчарење мигранти, еколошкиот криминал и комјутерскиот криминал. Организираниот криминал во Р. Македонија, не би можел да ги оствари своите цели и да опстане подолго време без подршка, или спрега со поедини службеници од јавната администрација, најчесто вработени во безбедносните структури, судовите, обвинителствата, видни бизнисмени и влијателни политичари од политичките партии.

Во спроведувањето на безбедносната политика на државата, вклучени се бројни државни структури, а институции како Министерство за внатрешни работи, Министерство за финансии, Министерството за одбрана, Агенција за разузнување, Јавното Обвинителство, Судовите и Државната Комисија за спречување на корупција.

Од причини што спречувањето на органаизираниот криминал претставува еден од врвните приоритети на Р. Македонија, а досега сеуште не е изготвена "Национална стратегија за спречување на организираниот криминал", се налага потребата од изготвување и нејзина имплементација. Оваа стратегија треба да претставува основен документ и мора да биде во цврста концепциска и функционална врска со веќе донесените стратегии на Р. Македонија. Новите безбедносни ризици и закани, пред се невоените, посебно организираниот криминал и тероризмот, бараат сериозна национална и меѓународна координација и раководење. Таа координацијата и соработката на национално ниво, помеѓу институциите мора да биде задолжителна и обврзувачка, професионална, непосредна, усогласена и секојдневна. Координираната меѓународна соработка на безбедносните институции, се остварува преку повеќето меѓународни полициски, финансиски и правосудни организации, институти и оперативни групи. Оваа соработка во Р. Македонија е координирана преку Секретаријатот за европски прашања при Владата.

VIII ГЛАВА

1. Поим и модели на меѓународна соработка

Меѓународниот организиран криминал, најпрвин беше перцепиран како домашен проблем во релативно мал број на држави како Италија, САД и Јапонија. Во годините кои доаѓаа, стана повеќе од јасно дека проблемот не е повеќе ограничен на неколку држави и не може повеќе да се третира како нешто што е ексклузивитет само на една држава. Порастот на глобалниот финансиски и трговски систем и глобалниот пазар на дрога, фундаментално го изменија контекстот, во кој оперираат криминалните организации, со што ги охрабрија предоминантно домашните криминални структури да се развијат во меѓународни криминални организации.[227]

Денес е познато дека криминалот не останува во национални рамки, туку тој во ерата на глобализацијата во голема мера стана меѓународен. Негативната последица од ова, а во врска со спречувањето[228] на меѓународниот организирани криминал е, доколку државите се потпираат само на домашното законодавство и на сопствените безбедносни структури, нема да можат да ги заштитат своите граѓани од него. Затоа е потребна тесна соработка помеѓу нив, со цел обезбедување соодветен одговор на овој негативен феномен.[229]

Додека структурите на организираниот криминал не познаваат и не признаваат граници и нации, безбедносните структури од новосоздадените држави од регионот на Југоисточна Европа, на почетокот, не само што не соработуваа меѓусебе, туку едни на другите си ги ускратуваа информациите важни за откривање на организираниот криминал и неговите носители на овие простори. Ова беше најзабележително по распадот на СФРЈ, кога безбедносните структури во новоформираните држави, едни на други си ги ускратуваа информациите, пред се од политички причини. Тоа се чинеше преку прикажување или оцрнување на другите држави пред меѓународната заедница, дека тие наводно го стимулираат, или непосредно се вклучени во активностите на организираниот криминал. На овој начин новоформираните држави кои само декларативно се залагаа за соработка, се обидуваа да се стекнат со политички поени пред меѓународната заедница, што носеше одредени бенефити преточени во

---

[227] W. Bruggeman, -*"New Ways of Policing in Combating Transnational Organized Crime"*, the Hague, 9 October 2003, стр.1

[228]Во терминолошка смисла повеќето владини, меѓународни организации и институции задолжени за спроведување на законот, како и НВО, медиумите и јавноста кои го следат организираниот криминал, употребуваат различни термини за објаснување на активностите кои овие институции ги превземаат во правец на организираниот криминал како глобален негативен феномен на денешницата. Така во литературата, полициската или судската терминологија сретнуваме употреба на различни термини со исто значење, од типот: спречување на организираниот криминал, сузбивање на организираниот криминал, справување со организираниот криминал, борба против организираниот криминал и сл.

[229] Исто

материјална, или друг вид финансиска и политичка поддршка. Но, за жал заради тесноградоста на политичките елити, од ваквата состојба во периодот на раните деведесетти години, единствен бенефит имаа само структурите на организираниот криминал.

Внатрешната нестабилност т.н. нестабилност на политичкиот систем на државите, влијае за формирање на структури на организираниот криминал, кои од своја страна преку спроведување на недозволените активности ја генерираат оваа нестабилност. Под влијание на предностите кои ги нуди глобализацијата во современиот свет, внатрешните безбедносни закани се преливаат на регионално и на меѓународно ниво.Најголемата општествена опасност од организираниот криминал, произлегува од неколкуте негови карактеристики, кои го разликуваат од останатите видови криминал. Тоа се, високиот степен на организираност на неговите припадници, големата "жед" за пари и моќ и неговиот меѓународен карактер. Оваа негова последна карактеристика, е една од главните причини што современите држави почнаа да се одрекуваат од догмата за неповредливост на националниот суверенитет и започнаа да ја признаваат неопходноста од меѓународна соработка и создавање на заеднички меѓународни заштитни институции за меѓународен одговор кој подразбира воена, полициска и судска соработка меѓу државите. Но, се не оди така лесно од причини што една од основните пречки во воспоставување на таа соработка претставува токму зачувувањето на суверенитетот на државите. Така, еден од најгорливите проблеми врзани за областа на меѓународната соработка, е токму тоа, што при нејзиното воспоставување, секоја независна држава ја вклучува својата легислатива и судскиот систем, но притоа мора и да се откаже од дел од својот суверенитет секогаш кога потпишува и ратификува меѓународен договор. Сепак, во секој случај доколку се сака да се постигнат позитивни резултати во спречувањето на организираниот криминал, ќе мора да се оствари интензивна и добра меѓународна соработка помеѓу државите од регионот и пошироко во светски рамки.

Мултилатералните меѓународни договори од областа на безбедноста, може да ги поделиме во неколку категории и тоа: договори кои ја регулираат светската безбедност(Повелбата на ООН), договори за меѓународно хуманитарно право, кои ги регулираат меѓународните вооружени судири(четирите Женевски конвенции и двата дополнителни протоколи), меѓународни договори за различните врсти на вооружување и нивната употреба (Договор за антибалистички ракети, Договор за намалување на стратегиското оружје, Конвенција за противпешадиските мини и сл.), меѓународни договори со кои се создаваат регионални организации, а кои ги тангираат прашањата од областа на безбедноста(Договор за Европската Унија, заклучен акт на ОБСЕ и сл.), регионални договори за воена соработка и взаемна помош во делот на одбраната и безбедноста и др.

На состанокот на Советот на Европа, одржан во 2003 година во Брисел, усвоена е "Стратегијата за Европска безбедност". Оваа стратегија е изработена со цел на Европската Унија да и се овозможи поефикасно соочување со новите ризици и закани, како и поголем придонес во создавњето на регионалниот систем на безбедност, како дел на еден глобален безбедносен систем.

Билатералните договори треба да бидат сфатени како средство за изразување на надворешната безбедносна политика и како средство при решавањето на конкретни прашања од областа на одбраната и безбедноста.[230] Традиционалниот начин на кој државите од Европскиот континент отсекогаш соработувале за криминални прашања, е преку потпишување на договори во разни форми за меѓународна соработка. Треба да се истакне дека шенгенските договори од 1985 и 1990 имаа значително влијание на полициската и правната соработка во Европа. Посебната важност на неколку шенгенски инструменти – посебно оние за полициска соработка, судска соработка и размена на информации – драматично ги изменија начините на соработка.[231]

Рамката на соработка на државите од Југоисточна Европа и Европската Унија е регулирана преку регионален пристап, што подразбира претходна интензивна соработка меѓу државите од овој регион во сите области на општественото живеење и работење. Овој пристап е базиран врз основа на неколку критериуми, почнувајќи од консолидирање на демократијата, економскиот развој, почитување на човековите права и слободи, создавање на безбедно опкружување во регионот, како и прекугранична и добрососедска соработка на сите полиња.

1.1. Како и колку зајакната меѓународна соработка придонесува за успешно спречување на организираниот криминал во државите од Југоисточна Европа

Организираниот криминал не е единствениот проблем во државите во Југоисточна Европа, но јасно е дека тој претставува голем проблем кој може да биде пречка во стабилизацијата, одржување на безбедноста и развојот на овој регион. Од тие причини актуелните власти во државите од регионов, треба активно да ги следат и спремно да ги пречекуваат новите трендови и појавни облици на организиран криминал. За да биде тоа изводливо, потребно е постоење на тесна соработка меѓу политичарите и експертите, како и стандардизација и хармонизација на безбедносните структури и правосудството. Меѓународната соработка во неговото спречување треба да биде на највисоко ниво, со прифаќањето на основните принципи за соработка и имплементација на потпишаните и ратификувани меѓународни документи. Но, државите често пати не успеваат да ги остварат своите обврски кои произлегуваат од меѓународните договори. Заради ова, хармонизацијата на домашната легислатива со пропишаните меѓународни стандарди за спречување на организираниот криминал е често козметичка отколку реална. Причините ги наоѓаме во слабите капацитети на државите, недостатокот на политичка волја, или во корумпираните државни институции и поединци. Во случај на неисполнување на меѓународните пропишани и прифатени стандарди од

---

[230] Matić G.-*"Nova bezbednosna politika Republike Srbije"*, Pravni informator, Beograd, 2009
[231] W. Bruggeman,- *"New Ways of Policing in Combating Transnational Organized Crime"*, the Hague, 9 October 2003, стр.3

страна на државите, меѓународната заедница понекогаш спроведува и одредени санкции кон нив.

Од причини што ниту една држава не може да се бори самостојно против организираниот криминал со традиционалните репресивни средства кои и стојат на располагање, за негово спречување, на внатрешен и надворешен план потребно е многу повеќе време, софистицирани методи и техники, ресурси и добро обучен и некорумпиран персонал од безбедносните структури и секако добра политичка волја. Во овој случај основната цел не треба да биде само едноставно казнување на поединецот-сторител, туку целта е да се разбие и уништи организираната криминална структура на која тој и припаѓа, како и замрзнувањето, а подоцна и конфискувањето на целокупниот движен и недвижен имот кој тој, неговите блиски, или криминалната структура го стекнале од криминалните активности.

1.2. Меѓународна полициска и правна соработка во спречувањето на организираниот криминал во државите од Југоисточна Европа

Државите се основните субјекти на меѓународното јавно право и во меѓународните односи, па согласно тоа, само на меѓудржавно и политичко ниво може да се постигне договор и согласност за заедничка и единствена визија, политика и договор за изготвување на стратегии, методологии, планови и задачи за спречување на меѓународниот организиран криминал. Тие се спротиставуваат на активностите на меѓународниот организиран криминал, преку специјализираните безбедносни структури. Но, за негово успешно спречување потребно е и постоење на тесна соработка помеѓу државите на регионално и меѓународно ниво. За таа цел создадени се повеќе меѓународни организации, тела и регионални иницијативи, кои треба со ефикасни и ефективни акции да ги спречат сите појавни облици на организиран криминал. Во овој контекст покрај потребата од подобрување на непосредната меѓународна соработка помеѓу безбедносните структури на билатерален и мултилатерален план, потребно е подобрување и на соработката со и преку меѓународните полициски организации и правни системи, како што се Европол, Интерпол, Секи, Обсе, Еуроџаст и сл.

Меѓународните организации претставуваат основни трајни облици на институционална соработка, врз база на договори помеѓу три, или повеќе држави, со посебни статути, или постојани органи, во чии рамки се одвиваат процеси на мултилатерални преговори и заедничко одлучување на државите членки во одредена област на соработка.[232]

Потребата за меѓународна полициска соработка[233], заради заштита на безбедноста на граѓаните, на државата и безбедноста на регионите, во

---

[232] Рачић О., Димитријевић В. – *"Међународне организације"*, Савремена администрација, Београд, 1980 година

[233] Меѓународната полициска соработка е институционализирана, правно уредена и дефинирана, посредна и непосредна, формална или неформална соработка на безбедносните структури, која се одвива во рамките на меѓународните полициски организации, или надвор од нив, со цел да со навремени контакти, размена на валидни информации и превземени заеднички полициски операции, успешно се спречат

денешни услови е потребна, повеќе од кога и да е порано. Воспоставувањето и развојот на меѓународната полициска соработка е одраз на реалните потреби на државите од регионот на Југоисточна Европа за спречување на меѓународниот организиран криминал како заеднички непријател, кој се почесто ги загрозува најважните цивилизациски вредности, економските и другите основи на државите, како и нивниот опстанок во целина. Меѓународните полициски односи, кои имаат официјален карактер, се воспоставуваат и развиваат по принципите на начелните меѓународни односи, меѓународното право и врз основа на одредени автономни постапки. Општото начело кое има трајна важност во овие односи, претставува начелото на почитување на суверенитетот, рамноправноста и територијалниот интегритет на државите.

Според Бабовиќ, основните принципи врз кои се темелат меѓународните полициски односи се:

- принципот на суверенитет, кој претставува темелно начело на меѓународните односи воопшто, па со самото тоа претставува и превземено начело во меѓународните полициски односи. Ова начело е интегрирано во секој формален извор на меѓународната полициска соработка;
- принципот на рамноправност, се применува на ист начин како и во сите други сфери на меѓународните односи, каде актерите се рамноправни, без оглед на разликите во политичката и економска сила на државата, бројот на жители, географската големина на државата, воената моќ и друго;
- принципот на антикриминална солидарност, поаѓа од заедничките интереси и цели на учесниците на меѓународните полициски односи. Универзалната заедничка цел на државите е обезбедување и одржување на јавниот поредок, ред и мир и спречувањето на криминалот;
- принципот на аполитизам е заснован на гледиштето дека, полициските односи се воспоставени помеѓу стручни и професионални институции на државите и дека мора да бидат ослободени од политичко влијание;
- принципот на почитување на човековите права, подразбира, дека при превземањето на меѓународни полициски операции од страна на државите, или меѓународните полициските организации, пред се треба да се почитуваат човековите права на криминалците како човечки суштества, кои им се загарантирани согласно меѓународните договори и конвенции, како што се на пример правото на адвокат, лекар, храна и сл.[234]

Полицијата на една држава може да бара помош од полициите на другите држави во случаи, кога не е во можност самостојно и со сопствени сили да реши одреден безбедносен проблем на своја територија. Има случаи кога соработката помеѓу националните полиции воопшто не мора да биде иницирана од потребата за спречување на

појавите на загрозување на безбедноста и пружање заштитата на граѓаните и државите, како и пружање помош и поддршка на жртвите на овие загрозувачки појави.

[234] Бабовић Б.-"*Полиција у свјетском поретку*", Неа, Београд,, 1997.

меѓународниот организиран криминал, туку таа може да се оставарува и на полето на решавање на други безбедносни проблеми, како на пример отстранување на последиците од природните катастрофи, техничко-технолошките акциденти, еколошки катастрофи, епидемии, зарази и слично.

Меѓународните полициски организации претставуваат институции кои ги создаваат државите како институции за реализација на меѓународните полициски односи. Лицата кои се вработени во овие меѓународни полициски организации имаат статус на меѓународни службеници.

Меѓународната полициска соработка денес се остварува на неколку нивоа и тоа на меѓународно, регионално и локално ниво. За успешно спречување на организираниот криминал на глобално и регионално ниво, но и во рамките на националните држави, најголемо значење имаат координацијата на активностите на меѓународните полициски операции, создавање на централна база на податоци, усогласување и хармонизација на националните законодавства во доменот на кривичното право и формирање на специјализирани безбедносни институции.

Под налетот и експанзијата на криминалот во сите сфери на општественото живеење, се поттикна развојот на меѓународната полициска соработка и организирањето на нови современи меѓународни полициски организации. Константната закана од нови катастрофи, доведе до потенцирање на неопходноста за интернационализирање на полициските активности во спречување на сите видови криминал, особено најопасниот со меѓународни примеси, организираниот криминал.[235]

Еден од најважните документи кој ја регулира меѓународна полициска соработка во регионот на Југоисточна Европа е Конвенцијата за меѓународна полициска соработка во Југоисточна Европа[236] која е потпишана на 05.05.2006 година во Виена од страна на претставниците на Албанија, Босна и Херцеговина, Македонија, Молдавија, Романија и од тогашната Државна заедница на Србија и Црна Гора, чии правни наследнички денес се Србија и Црна Гора. Со потпишувањето на овој важен документ е искажана и потврдена желбата на договорните страни, дека со стапување во безбедносно партнерство и со јакнење и унапредување на полициската соработка ќе ги исполнат заедничките безбедносни интереси. Овде пред се, овде станува збор за ефикасно спречување на меѓународниот организиран криминал. Со оваа Конвенција се предвидени одредени институти, мерки и активности, субјекти и правила на меѓународната полициска соработка, кои во потполност ги уважуваат националните законодавства на земјите потписнички, освен ако не е на друг начин предвидено со Конвенцијата, или со билатералните договори на државите потписнички. Овие решенија во Конвенцијата, всушност во голема мера ги операционализираат мноштвото начелни препораки од Конвенцијата на Обединетите Нации против транснационалниот организиран криминал.

---

[235] Бабовиќ Б.-*"Интерпол: Мит и стварност"*, Београд, Глобус, 1986

[236] *Police cooperation convention for southeast Europe*, Done at Vienna, 2006,

Сите облици, мерки и процедури за соработка од Конвенцијата се групирани во пет области и тоа: општи мерки на меѓународната полициска соработка, мерки кои се превземаат на полето на превентивна криминалистичко-разузнавачка активност, полициски мерки кои можат да се преземаат на територијата на друга држава, формирање и дејствување на заедничките меѓународни тела како и разгледувања на прашања околу ограничувањето на полициската соработка, одговорностите и надзорот над спроведување на Конвенцијата во државите потписнички.

1.2.1. Меѓународни полициски организации во функција на спречување на организиран криминал

1.2.1.1. Меѓународна криминалистичка полиција – Интерпол (Interpol-International Criminal Police Organization)

Интерпол (Interpol-International Criminal Police Organization), е најголемата меѓународна полициска организација во која членуваат 186 земји од целиот свет, меѓу кои и Република Македонија. Седиштето на Интерпол е во Лион, Франција.

Интерпол е создаден во 1923 година во Виена, под назив Меѓународна комисија на криминалистички полиции. Основната задача на оваа меѓународна полициска организација е да овозможи прекуграничната полициска соработка, да им помогне и асистира на сите организации, агенции и сервиси чија задача е превенција и спречување на меѓународниот криминал, како и остварување на меѓусебна помош на полициите во согласност со националните законодавства и фундаменталните вредности на Универзалната декларација за човекови права на ООН. Статутот на Интерпол забранува било каква интервенција, или активност која има политички, воен, религиозен, или расен карактер.

Основни цели на Интерпол кои се утврдени со Статутот се:

- развивање на меѓународна помош на криминалистичките полиции во рамките на националната легислатива на одделните држави согласно Универзалната декларација на правата на човекот;
- востановување и развивање на сите институти кои можат да придонесат за ефикасна и ефективна превенција и репресија на казнивите дела.

Организационата структура на Интерпол ја чинат: Генерално собрание, Извршен комитет, Претседател, Генерален секретаријат, Национални Централни Бироа и советници.[237]

Основни принципи на меѓународната полициска соработка во рамките на Интерпол се:

---

[237] http:// www.interpol.int

- примена на кривичното право;
- еднаквост на сите членки;
- флексибилност во методите на работа;
- соработка со други служби;
- универзалност;
- респектирање на националниот суверенитет.

За што поуспешно функционирање на оваа полициска организација формирани се Национални Централни Бироа (НЦБ) во секоја земја членка, чии задачи се воспоставување контакти помеѓу националните полициски служби во сопствената земја како и воспоставување контакти помеѓу две, или повеќе НЦБ и помеѓу НЦБ и централата на Интерпол. Седиштето на македонското НЦБ на Интерпол е во Министерството за внатрешни работи во Скопје.

Една од најважните функции на Интерпол е овозможување на размена на информации кои се однесуваат на: лица што се бараат за екстрадиција поради извршено потешко кривично дело, лица што треба да издржуваат казна затвор над 4 месеци, исчезнати лица, неидентификувани лешеви, украдени предмети, можни закани, како и податоци за "modus operandi". Заради поефикасно спроведување на овие активности, потерниците и објавите се означуваат со различна боја и тоа: црвена, жолта, зелена, сина, црна и портокалова.

Во овој контекст многу важно е да се напомене дека екстрадицијата ќе биде побарана од секоја земја, со која државата барател склучила билатерален договор за екстрадиција, конвенција за екстрадиција, или било која друга конвенција, или договор кој содржи одредби за екстрадиција.

Правната основа за постапување на Интерпол произлегува од конвенциите на Советот на Европа и ООН и тоа:

- Европска конвенција за екстрадиција (1957) со двата дополнителни протокола;
- Европска конвенција за меѓусебна правна помош во кривичната материја (1959) со двата дополнителни протокола;
- Конвенција на ОН против недозволена трговија со наркотични дроги и психотропни супстанци (1988);
- Европската конвенција за перење пари, заплена и конфискација на имотната корист од кривичните дела (1990);
- Конвенција на Обединети Нации против транснационалниот организиран криминал (2000).

1.2.1.2. Европска Полиција-Европол (Europol-European Police)

Европол е еден од централните столбови за борба против криминалот во државите од Европската Унија. Оваа организација на иницијатива на Германија, беше формирана во вид на централна канцеларија за размена на криминалистичко-разузнавачки информации и анализирање на криминалот без било каква извршна моќ. Предлогот за основањето на Европол е официјализирано со Договорот за Европска

Унија од Мастрихт, на 7 февруари 1992, со цел подобрување на соработката помеѓу земјите членки на ЕУ во спречување на недозволените криминални активности од областа на недозволената трговија со дрога, тероризам и други сериозни форми на меѓународен организиран криминал. Врз основа на член 13 од Договорот за Европската Унија во 1998 година донесена е најважната правна основа за нејзините активности, а тоа е Конвенцијата за формирање на Европска полициска канцеларија - Европол, која стапи на сила во Октомври 1998. Европол стана оперативен на 1 јули 1999. Седиштето на Европол е во Хаг, Кралството Холандија.

Европол ги регистрира и анализира криминалистичко-разузнувачките информации за меѓународниот организиран криминал, ја олеснува размената на информации помеѓу земјите-членки, ги информира за посебните врски помеѓу криминалните дела и криминалните структури, изработува оперативни и стратешки анализи и ги поддржува земјите-членки во други области на полициската соработка, на пр. обука и форензичко истражување. Европол развива аналитички методи и техники и изготвува редовни и периодични стратегиски анализи со проценка на заканите од разни типови организиран криминал кои имаат капацитет да го загрозат Европскиот безбедносен систем.

Основна цел на Европол е зајакнување на соработката меѓу земјите членки на ЕУ во превенцијата и спречувањето на сериозни меѓународни кривични дела, кога има сериозна основа да се верува дека одредена криминална структура извршува, или се подготвува да изврши кривични дела во две, или повеќе земји членки.

Внатрешната организација на Европол одговара на неговата позиција како супранационално тело востановено со меѓудржавен договор. Највисок орган е Управниот Совет составен од онолку членови колку што има држави - членки. Извршен орган на Европол е директор, кој има четири заменици. Европол има над 610 постојано вработени лица. Од нив 105 се офицери за врски, од сите земји членки на ЕУ, кои ги претставуваат различните институции за спроведување на законот, како што се полицијата, царината, жандармеријата и имиграциските служби.[238] Во 2002 година, формиран е и Центарот на Европол за спречување на високо технолошки криминал.

Еден од главните документи на Европол, а врзан за заканите и последиците од меѓународниот организиран криминал е извештајот познат под името ОКТА(ОСТА). Првиот извештај-ОКТА беше претставен, а подоцна и усвоен од Советот на Европа за време на состанокот во јуни 2006 година. Во него е опфатен новиот пристап и начин на кој Европол, европските безбедносни институции и земјите членки ќе размислуваат и оперираат во иднина. ОКТА извештајот служи за идентификација и проценка на заканите за актуелните и очекуваните нови трендови во организираниот криминал во Европа. Проценката е базирана на постоечкото знаење и експертиза и е зацртана со цел, да им помогне на властите да преземат соодветна акција за справување со проценетите закани. Покрај ова, извештајот дава и опис на структурата на организираните криминални структури и начинот на кој тие оперираат,

---

[238] http://www.europol.eu.int/

како и главните облици на организираниот криминал кои претставуваат сериозна закана за државите членки на Европската Унија.[239] Овој извештај се базира врз пристапот на прибирање на информации за криминалот од повеќе извори. Покрај изворите од безбедносните агенции, вклучени се и извори од други европски агенции како и од приватниот сектор. Со тоа се обезбедува подлабока анализа на проценката за меѓународниот организиран криминал. Посебен акцент е ставен на елаборирање на придобивките од интензивираното јавно-приватно партнерство. ОКТА помага да се затвори празнината помеѓу, стратешките анализи и наоди и оперативните активности. Тој помага да се идентификуваат највисоките приоритети на државите, кои потоа ќе бидат ефикасно реализирани со соодветни безбедносни инструменти. Со овој документ се предлагаат стратешките приоритети, а истовремено и се овозможува на ЕУ да развие комплементарни мерки за сузбивање на организираниот криминал, преку поврзување на мерките на министерско и политичко ниво со оние на практичарите од безбедносните структури кои оперираат на "првата линија".

Во основа, Европол е повеќе центар за размена на информации отколку оперативна полициска служба. За ефикасно остварување на обемните и сложени задачи, востановен е и Електронски Систем на Европол, т.н. The Europol Computer System (TECS), каде се собираат, чуваат и обработуваат податоците кои се доставуваат од државите членки. Системот содржи: база на податоци кон која пристап имаат земјите членки, Интерпол, или трети држави, досиеа за поедини случаи со податоци за жртвите, сведоците, или воопшто лицата што можат да дадат некоја корисна информација, врз основа на кои може да се вршат општи анализи, или оперативни обработки, како и индекс на податоци кон кои пристап имаат службите на Европол и офицерите за врска.

На планот на меѓународната соработка, Европол разменува информации и податоци со многу меѓународни институции и полициски организации и од државите кои не се членки на ЕУ.

Р. Македонија на 16.01.2007 година го потпиша Стратегискиот договор за соработка со Европол, кој е ратификуван кон крајот на февруари 2008 година. Заради имплементација на овој договор како и заради започнување на преговори за потпишување на Оперативниот договор со Европол, со кој ќе се овозможи размена на оперативни информации и лични податоци, нужно се наложи потребата од превземање на приоритетни краткорочни активности во насока на исполнување на одредени предуслови предложени од страна на Европол. Така, во декември 2007 година изработен е и Акциски план. Еден од предусловите за започнувањето на преговорите за потпишување на Оперативниот договор, беше и формирањето на Националното одделение за Европол и назначување на главен офицер за врска со Европол во рамките на Министерството за внатрешни работи, како национална контакт точка меѓу Европол и другите безбедностни институции во Р. Македонија. Националното одделение за Европол и централата на Европол можат заедно да дадат поддршка и да учествуваат во заеднички истражни тимови, или во специфични операции, или проекти договорени меѓу државите. Националното одделение за

[239] http://www.europol.europa.eu/index.asp?page=news&news=pr060602.htm

Европол има директен пристап до податоци кои се точно специфицирани од страна на Европол, до информации од националните бази на податоци за криминалот, податоци од информативни системи на безбедносните служби и до податоци од административните системи за собирање на разузнавачки податоци за криминалот и неговите извршители, со цел изготвување на навремен одговор на барањата од страна на Европол.[240]

1.2.1.3. Иницијатива за соработка во Југоисточна Европа СЕКИ (SECI-Southeast Europe Cooperation Initiative)

СЕКИ (SECI) (Southeast European Cooperative Initiative), е иницијатива за соработка на земјите од Југоисточна Европа настаната како израз на Евро-Атлантската проекција за развој на регионот. Иницијативата за полициска соработка во Југоисточна Европа (СЕКИ) е започната од 1996 година во Женева, додека Договорот за соработка на полето на спречување и борба против прекуграничниот криминал, т.н. СЕКИ Договор е потпишан на 26.05.1999 година во Букурешт. СЕКИ станува оперативен од февруари 2001 година.

Неговото седиште е во Букурешт, Р. Романија.

Главните цели на СЕКИ се да ја охрабри економската соработка и соработката на полето на животната средина помеѓу државите во регионот и да ја олесни интеграцијата на регионот на Југоисточна Европа со остатокот од Европа. Договор за соработка беше потпишан од земјите учеснички, со цел подобрување на ефикасноста во превенцијата, откривањето, истрагите и подигнувањето обвинениja против носителите на меѓународниот организиран криминал, како и подобрување на соработката со членките на Интерпол, за полициски прашања, а со Светската царинска организација за прашањата од областа на царината.

СЕКИ иницијативата е единствената рамка во Југоисточна Европа, која овозможува координација на регионалните полициски операции, или пак координација на мултинационалните истраги, а воедно нуди и високи стандарди на професионална обука за полициските и царинските службеници.

Модерните комуникациски и аналитички капацитети за идентификација на меѓународните структури на организираниот криминал, со кои располага СЕКИ, овозможуваат да се добијат информации во врска со регионалните криминални структури инволвирани во недозволената трговија со дрога, со луѓе, со моторни возила, финансискиот криминал, царинските измами, фалсификувањето и сл. Кога се идентификувани криминални структури кои делуваат на територииte на две, или повеќе земји членки, СЕКИ може да им обезбеди логистичка поддршка на заедничките истражни тимови. Така, тие ќе можат да лоцираат, да лишат од слобода и да обезбедат материјални докази неопходни за кривично гонење на членовите на криминалните структури во сите инволвирани држави. Мрежата за

---

[240] Влада на РМ- 133 – *Акциски план за имплементација на стратегискиот договор за Европол*, 133 Седница на Влада на РМ, Скопје, 25.02.2008 година

размена на информации на СЕКИ е составена од 26 полициски и царински офицери за врска, со седиште во Управата на СЕКИ Центарот. Истите се подржани од 13 т.н. Национални фокусни точки (НФТ), формирани во државите членки. Улогата на НФТ е да ги прима и испраќа барањата од и до надлежните служби во државата.

Во СЕКИ Центарот формирани се седум оперативни работни групи (Task forces), како и подгрупи, со цел превземање активности за превенција и спречување на појавните облици на меѓународниот организиран криминал и тоа, работна група за сузбивање на недозволена трговија со дрога, работна група за сузбивање на трговија со луѓе и илегална миграција, работна група за сузбивање на криминалот со украдени возила, за финансиски и компјутерски криминал, работна група против тероризмот, како и групи за царински и комерционални измами и работна група за т.н. "container security", во која партиципираат претставници од царинските управи од земјите членки на СЕКИ иницијативата. Р. Македонија е регионален координатор на работната група за финансиски и компјутерски криминал.

Основен правен акт на делување на СЕКИ е Договорот за соработка, кој е потпишан и ратификуван од сите земји членки на СЕКИ иницијативата. Правна основа за делување на СЕКИ се: правилата за размена на податоци, постапка, заштита на информации и степенот на доверливост, правилата за организација и оперативност и договорите за соработка и размена на информации. Заедничкиот Комитет за соработка – ЈЦЦ (JCC-Joint cooperation committee) е највисоко тело на СЕКИ, надлежно за донесување на одлуки од значење за неговата работа и за работата на земјите членки на оваа иницијатива.

Држави членки на СЕКИ Иницијативата се: Албанија, Бугарија, Босна и Херцеговина, Хрватска, Грција, Унгарија, Романија, Турција, Молдавија, Словенија, Србија, Црна Гора и Македонија. Денес 21 држава и организации имаат статус на набљудувачи во СЕКИ, меѓу кои се: Австрија, Азербејџан, Белгија, Велика Британија, Грузија, Германија, Италија, Израел, Јапонија, Канада, Португалија, Полска, САД, Словачка, Украина, Франција, Холандија, Шпанија, Еулекс од Косово и UNDP со седиште во Романија.

На национално ниво, со реформите во полицијата од 2003 година, во рамките на Министерството за внатрешни работи на Р. Македонија, беше формиран Секторот за меѓународна полициска соработка, каде покрајНационалното Централно Биро на Интерпол Скопје, функционира и офицер за врска со СЕКИ Центарот, заради поефикасно координирање на активности на МВР на РМ, во содејство со офицерот за врска на Р. Македонија, чие седиште е во СЕКИ Центарот во Букурешт.

Во текот на 2004 година во Министерството за внатрешни работи на Р. Македонија е формирана и Национална канцеларија за СЕКИ, во чиј состав покрај офицерот за врска од МВР, работи и офицер за врска од Министерството за Финансии-Царинска Управа.

1.2.1.4. Асоцијација на шефови на полициите на Југоисточна Европа -СЕПКА (SEPCA-Southeast Europe Police Chiefs Association)

Оваа полициска асоцијација е формирана во Пула во 2002 година, а нејзиното седиште од 2003 година се наоѓа во Белград. Целта за формирање на оваа асоцијација на шефови на полициите т.н. министри за внатрешни работи, била пружање на помош во реформите на полициските сили од поранешни-југословенските држави, како и унапредување на соработката на полициските организации во земјите од Југоисточна Европа во согласност со демократските принципи.

Држави членки на СЕПКА се Албанија, Босна и Херцеговина, Бугарија, Хрватска, Македонија, Црна Гора, Србија и Канада како земја која даде голем придонес во формирањето и функционирањето на СЕПКА. Институционалната рамка на СЕПКА ја сочинуваат Претседателство, Одбор на директори, Одбор на заменици и Секретаријат. Активностите на оваа полициска асоцијација се состојат во организирање на конференции, семинари и најнови презентации од различните области на полициското работење. По реформите на полициските структури во земјите членки, задачата на СЕПКА претставува и преземање на мерки за борба против организираниот криминал и тероризмот, како и размена на информации и искуства од овие области.

1.2.1.5. Регионален проект за координација на национални единици надлежни за спроведување на законот-ИЛЕКУ (ILECU's- International Law Enforcement Co-ordination Units)

Регионалниот проект ИЛЕКУ(ILECU's) е финансиран од Европската Комисија, со цел усогласување на постоечките механизми на државите од ЈИЕ со стандардите на Европската Унија, најдобрите пракси на државите членки на Европската Унија и со релевантните меѓународни прописи. Држави кои се дел од проектот се Албанија, Босна и Херцеговина, Црна Гора, Хрватска, Србија и Македонија. Меѓународни партнери во проектот се Австрија, Словенија, Романија, како и мегународните организации Интерпол, Европол, Европравда, Фронтекс, СЕКИ Центарот, БКА и ОЛАФ. Овој регионален проект треба да ги координира активностите на Националните единици надлежни за спроведување на законот во горе наведените држави од регионот на Југоисточна Европа. Овие единици е потребно да работат здружено на сузбивањето на сите облици на организиран криминал и тероризам.

1.2.1.6. Агенција за координирање и соработка меѓу земјите членки на Европската Унија на полето на гранична безбедност-ФРОНТЕКС (FRONTEX-Frontières extérieures)

Агенцијата ФРОНТЕКС е тело на Европската унија основано како независна, специјализирана оперативна структура насочена кон подобрување на оперативната соработка во обезбедување на надворешните граници на земјите членки на ЕУ. Целосно оперативна, оваа агенција стана на 3 октомври 2005 година, а нејзиното седиште е во Варшава, Полска.

Агенцијата ФРОНТЕКС промовира пан-европски модел на интегрирано гранично управување кој се состои од контрола на границите, но и од други важни елементи, опфатени во четири нивоа.

Основните активности на ФРОНТЕКС се:

- јакнење на слободата и безбедноста на граѓаните на ЕУ преку надополнување на националните системи за гранично управување на земјите членки;
- тој е доверлив оперативен европски координатор и контрибутор кој целосно се почитува и поддржува од земјите членки и надворешните партнери;
- Оперативните активности на ФРОНТЕКС се од разузнавачка природа;
- Оваа организација е клучниот играч во имплементацијата на концептот на интегрираното гранично управување на ЕУ.[241]

Агенцијата ФРОНТЕКС тесно соработува со други организации и институции, одговорни за безбедноста на Европската Унијата, како на пример Европол, мрежата на европски национални полициски академии-ЦЕПОЛ(CEPOL), Европската Агенција за спречување на финансиски злоупотреби-ОЛАФ(OLAF), соработка со царинска организација и соработка со надлежните служби за фито-санитарни и ветеринарни контроли.

1.2.1.7. Мрежа на европски национални полициски академии - ЦЕПОЛ (CEPOL-European Police College)

Со одлука на Министерот за правда и внатрешни работи на Европската Унија, а на иницијатива на СР. Германија, во декември 2000 година, е формиран Европскиот полициски колеџ-ЦЕПОЛ, кој на 1 јануари 2001 година, ЦЕПОЛ станува оперативен, а од 2003 година тој станува мрежа на национални полициски академии. Со одлука на Советот на Европа од септември 2005 година ЦЕПОЛ добива статус на Агенција на Европската Унија.

Од декември 2003, Брамшил во Велика Британија е седиште на ЦЕПОЛ.

Националните институции за обука на припадниците на полициските служби на земјите-членки на ЕУ соработуваат во рамките

---

[241] http://www.frontex.net

на ЦЕПОЛ, со цел запознавање на европските полициски службеници со можностите за меѓународна полициска и правна соработка во борба против меѓународниот организиран криминал. За постигнување на оваа цел, ЦЕПОЛ одржува напредни семинари за обука на високи полициски службеници за прекугранично меѓународен криминал и организира студиски и работни посети во странство. ЦЕПОЛ е отворен за обука и на високите полициски службеници на државите кандидати за прием во ЕУ, при што им овозможува да стекнат знаења за повеќето видови на соработка во спречувањето на меѓународниот организиран криминал.[242]

1.2.2. Меѓународни институции на правда и европски иницијативи во функција на спречување на организираниот криминал

1.2.2.1. Организација на Европски обвинители и судии-Европравда (Eurojust-European Judical Cooperation Unit)

Европравда е формирана со одлука на Европскиот Совет, донесена во Тампере на 15-16 октомври 1999 година, со цел да се подобри борбата против сериозниот криминал. Седиштето на Европравда е во Хаг. Европравда(Eurojust) е агенција на Европската Унија, односно тело во состав на правосудната мрежа (European Judical Network) чија основна задача е подобрување на ефективната и ефикасната соработка во областа на правосудството, односно воспоставување рамнотежа помеѓу полицијата и обвинителствата во рамките на ЕУ. Членови на оваа агенција се националните обвинители, судии, или полициски службеници со иста компетентност и ранг во секоја од државите членки на ЕУ. Задача на оваа агенција е да ја зголеми ефикасноста на националните безбедносни органи како и да ја подобри координацијата во случаи кога се водат истраги, или се подигнуваат обвинениja против сторителите на некој од облиците на сериозниот и меѓународниот организиран криминал во државите членки на ЕУ, согласно членот 3 од Одлуката за формирање на Европравда.[243]

Во пракса, тоа значи дека Европравда треба да ги координира истрагите, да ги процесуира кривичните дела на организираниот криминал, да го зголеми интензитетот на меѓународната правна помош, како и да ги спроведува барањата за екстрадиција особено по воведувањето на Европскиот налог за апсење, со кој таа во многу се олеснува.

Во Агенцијата Европравда членуваат 27 држави со по еден претставник, во согласност со нејзиниот национален правен систем т.н.. обвинител, судија, или полициски службеник со иста компетентност и ранг. Неколку држави членки имаат назначено и заменици, или

---

[242] http://www.cepol.net
[243] OJ L 63/5 6.3.2002

асистенти за да им помогнат на нивните национални членови во работата[244].

Преку телекомуникациската мрежа на Европравда воспоставен е контакт и поддршка од државите од ЕУ, со цел подобрување на годишните извештаи и проценката за заканите и ризиците. Подобрени се заедничките акции против перењето пари и откривање на незаконски стекнатите имоти, како и создавањето најдобра пракса за взаемна помош. Идентификувани се и идните мерки во однос на превенцијата на меѓународниот организиран криминал. Основата на сето ова е, добро избалансиран мултидисциплинарен и мулти-агенциски пристап не само со цел да се идентификува динамиката која влијае на организираниот криминал, туку и да се делува заеднички и да се промовираат нови ставови и техники.[245]

На барање на една или повеќе држави членки на ЕУ, заинтересираните страни може да формираат заеднички истражни тимови, кои согласно својата компетентност и стручност би пружале подршка и експертиза на националните судски и безбедносни органи во спречувањето на сите појавни облици на меѓународниот организиран криминал.

1.2.2.2. Советодавна група на Јавни Обвинители во Југоисточна Европа - СЕЕПАГ (SEEPAG-The Southeast European Prosecutors Advisory Group)

Советодавната група на Јавни Обвинители во Југоисточна Европа, е меѓународен механизам во областа на правосудството формиран од страна на државите од Југоисточна Европа со цел олеснување на соработката во областа на истрагите за сериозниот криминал и процесуирање на случаите на организиран криминал.

Со потпишување на т.н. "Белградска декларација" на 12 декември 2003 година, дадени се правните рамки на оваа советодавна група и тој ден се смета за датум на нејзино формирање. СЕЕПАГ брои 12 држави-членки, а тоа се: Албанија, Бугарија, Босна и Херцеговина, Хрватска, Грција, Турција, Македонија, Молдавија, Романија, Србија, Црна Гора и Словенија.

Основната функција на СЕЕПАГ е, формирање на мрежа од искусни обвинители кои ќе пружат помош на СЕКИ, како и ќе дадат придонес во хармонизацијата на законите и регионалните договори, со цел спречувањето на организираниот криминал да го направи што поефикасно.

Организационата структура на СЕЕПАГ ја сочинуваат секретаријат, секретар, претседател и негов заменик.

---

[244]http://www.eurojust.europa.eu/official_documents/Eurojust_Decision/1_06320020306en000110013.pdf.

[245] W. Bruggeman,- *"New Ways of Policing in Combating Transnational Organized Crime"*, the Hague, 9 October 2003, стр.4

Меѓународната соработка во областа на правосудството со посредство на СЕЕПАГ, се огледа преку брзата размена на правна помош меѓу правосудните органи во државите во регионов.

1.2.2.3. Пакт за Стабилност во Југоисточна Европа – СПСЕЕ (SPSEE - Stability Pact for South Eastern Europe)

Пактот за Стабилност во Југоисточна Европа е формиран во 1999 година, со цел стабилизирање на политичките системи во регионов, јакнење на економиите и што побрзо и поефикасно имплементирање на човековите и малцинските права. Од формирањето на Пактот за стабилност иницирани се голем број ангажмани за соработка на полето на внатрешните работи и правосудството[246].

Еден од првите облици на соработка е иницијативата за борба против организираниот криминал-СПОК(SPOC-Stability Pact Initiative Against Organized Crime). Иницијативата беше започната во октомври 2002 и работи под покровителство на "Третата работната Маса", која ги опфаќа правда и внатрешни работи. Секретаријатот на СПОК е лоциран во зградата на Парламентот на Р. Романија во Букурешт и дејствува како оперативна и имплементирачка единица на СПОК Иницијативата. СПОК иницијативата-оддел за сузбивање на организираниот криминал, е оперативен од 2003 година, по потпишување на договорот помеѓу Владата на Р. Романија и Канцеларијата на специјалниот координатор на Пактот за Стабилност за Југоисточна Европа. Секретаријатот на СПОК го олеснува трансферот на знаење и размена на искуството помеѓу земјите од регионот и меѓународните организации, Европската Унија, САД и други земји донатори, за мерките на правната реформа и најдобрите практики, зголемувајќи го капацитетот за спречување на меѓународниот организиран криминал. СПОК обезбедува правни совети и помош за зајакнување на постоечките механизми и развој на нови, кои ќе ја унапредуваат регионалната соработка во спречувањето на организираниот криминал, како што се СЕКИ и Советодавната група на обвинители на Југоисточна Европа.

Втората иницијатива во рамките на Пактот на стабилност е Регионалната иницијатива за миграции, азил и бегалци МАРРИ (MARRI-The Migration, Asylum, Refugees Regional Initiative), која е формирана во 2004 година, со седиште во Скопје. Членки на оваа иницијатива се Албанија, Босна и Херцеговина, Црна Гора, Хрватска, Македонија и Србија. Целта на МАРРИ иницијативата е врзана за областа на азилот, миграциите, визниот режим, управување со границите и активности за прилагодување кон европското законодавство.

Антикорпупциската иницијатива на Пактот за стабилност СПАИ (SPAI- Stability Pact Anti-Corruption Initiative) е трета по ред иницијатива која е формирана во 2000 година со основна цел воспоставување на тесна соработка во рамките на активностите за искоренување на корупцијата.

---

[246] http:// www.stabilitypact.org

Секретаријатот на СПАИ како највисок орган од 2004 година, е со седиште во Сараево. Од 2007 година кога е потпишан Меморандумот за разбирање за учество и за финансирање на работата на Секретаријатот на СПАИ, државите од регионот се обврзаа за финансирање на Антикорупциската иницијатива на Пактот за стабилност во Југоисточна Европа.

Од 2003 до 2007 година, во рамките на Пактот за стабилност актуелен беше и т.н. Охридски процес, т.н. Иницијативата за управување и контрола на границите. Целта на оваа иницијатива беше врзана со воспоставувањето на цивилната контрола на границите, создавање услови за нивна ефикасна и ефективна контрола и спречување на нелегалните активности пред се меѓународниот организиран криминал.

1.2.2.4. Централно-европска иницијатива – ЦЕИ (CEI-Central European initiative)

Централно-европската иницијатива настана веднаш по завршувањето на Студената војна во 1989 година и претставува прва мултилатерална иницијатива за меѓународна соработка, со цел унапредување на голем број видови на соработка меѓу државите од поранешниот Источен Блок и државите кои настанаа со распаѓањето на СФРЈ. Во рамките на оваа иницијатива, во областа на спречувањето на меѓународниот организиран криминал во Трст во 1997 година, формирана е Работна група за спречување на организираниот криминал. За потребите на оваа Работна група донесени и усвоени се два стратешки документа кои го регулираат овој вид на соработка и тоа: Декларација за сузбивање на криминалот од 1997 година и Декларацијата за соработка во областа на правосудството и хармонизација на законодавството од 1998 година.[247]

Работната група за спречување на организираниот криминал при ЦЕИ, во 2006 година го донесе и усвои Оперативниот план на активности и инструменти за соработка на земјите членки во периодот 2007-2009 година.[248] Со овие документи, државите од регионов се обврзаа дека ќе работатат на спречувањето перење пари, спречување на сите видови недозволена трговија, како и на сузбивањето на илегалната миграција. Членки на Централно европската иницијатива се Албанија, Белорусија, Италија, Македонија, Полска, Романија, Србија, Словачка, Словенија, Унгарија, Украина, Хрватска, Црна Гора и Чешката Република.

---

[247] "Declaration on Combating Organized Crime", Trieste, 9-10.October 1998, Web sites http://www.ceinet.org/download/organized_crime.pdf ; "Trieste Declaration on Judicial Co-operation and Legislative Harmonization", Trieste, 26-27 march 2001, http://www.ceinet.org/download/justice_trieste.pdf,

[248] CEI- the Working group on Combating Organized Crime -"Operational Programme for the years 2007-2009", http://www.ceinet.org/download/WG_on_COC_Op_Programme.pdf

1.2.2.5. Процес на соработка во Југоисточна Европа – СЕЕКП (SEECP-South-East European Cooperation Process)

Процесот на соработка во Југоисточна Европа, своите почетоци ги започна во 1988 година, но сегашниот "лик" го доби во 1996 година, кога државите членки меѓусебно се обврзаа дека ќе работат на јакнењето на соработката на планот на внатрешните работи и правосудството. Во рамките на документот "Повелба за добрососедски односи, стабилност, безбедност и соработка во Југоисточна Европа" која е потпишана во 2000 година во Букурешт, е наведено дека, врз основа на развивање на политичката и безбедносната соработка, ќе бидат организирани состаноци на ниво на шефови на држави и влади заради проценка на заедничките предизвици и закани. Но, за жал сеуште постои недостиг на политичка волја за продлабочување на соработката во областа на внатрешни работи и правосудството во рамките на овој процес.

Надеж за интензивирање на оваа соработка дава новоформираниот Регионален Совет за Соработка-RCC (Regional Co-operation Council) кој треба да овозможи создавање на ефикасни механизми за сузбивање на организираниот криминал и корупцијата, како и проширување на обемот на соработка на полето на внатрешните работи и правосудството[249].

1.2.2.6. Канцеларија при ООН за сузбивање на наркотици и криминал- УНОДК (UNODC-UN Office for Drug and Crime)

Канцеларијата при ООН за сузбивање на наркотици и криминал е глобален лидер во борбата против опојните дроги и меѓународниот организиран криминал. Формирана е во 1997 година со спојување на "Програмата за контрола на дрога" и "Центарот за меѓународна превенција на криминал" при ООН. УНОДК дејствува во сите региони во светот преку распространета мрежа на теренски канцеларии. УНОДК тесно соработува со владите на државите членки на ООН, меѓународните организации и цивилното општество, со цел зајакнување на соработката за сузбивање на влијанието на организираниот криминал и трговијата со дрога во државите. УНОДК има мандат да им помага на државите членки на ООН во спречувањето на недозволената трговија со опојни дроги, спречувањето на криминалот и тероризмот. Со "Милениумската Декларација", државите членки на ООН се заложија да ги интензивираат напорите за превземање конкретни мерки и акции за спречување на меѓународниот организиран криминал, со сите негови појавни облици и димензии, како и зголемување на напорите за имплементација на обврската за справување со светскиот проблем со дрогата.

---

[249] http:// www.rcc.int

Повеќе години наназад УНОДК ги третира и проблемите кои се однесуваат на меѓународниот тероризам и меѓународната соработка на тој план. Од 2002 година, Генералното Собрание на Обединетите Нации, ја одобри и прошири програмата на активности на УНОДК, која се однесува на превенција на тероризмот. Оваа проширена програма се фокусира на обезбедување помош на државите и изнаоѓање правни аспекти кои се однесуваат на спречување на тероризмот. Ова посебно се однесува на ратификацијата и имплементацијата на универзалните правни инструменти за спречување на тероризмот и зајакнување на капацитетот на националниот кривично-правен систем, со цел применување на одредбите на овие инструменти во согласност со принципите на владеењето на правото.

Во рамките на УНОДК егзистира и главната база за разузнавачки информации и податоци, а се однесуваат на активностите на меѓународниот организиран криминал.

УНОДК нуди и практична помош на државите, помагајќи им во создавањето на закони и креирање на сеопфатни национални стратегии за спречување на недозволената трговија со луѓе и нивна имплементација. Државите добиваат специјализирана помош, вклучувајќи развој на локалните капацитети на безбедносните структури и експертиза, како и практични алатки, со цел охрабрување и подобрување на меѓународната соработка во истрагите и обвинението против носителите на појавните облици на меѓународниот организиран криминал[250].

1.2.2.7. Европска агенција за спречување на финансиски злоупотреби - ОЛАФ (OLAF- Office de Lutte Anti-Fraude)

Целта на Европска агенција за спречување на финансиски злоупотреби, или како што уште се нарекува Канцеларијата при ЕУ за борба против измами и корупција (ОЛАФ), е да ги заштити финансиките интереси на Европската Унија, да се бори против измамите, корупцијата и било која друга недозволена активност вклучувајќи го и недолично однесување во рамките на Европските институции.

Европската агенција-ОЛАФ, својата мисија ја остварува преку спроведување, на внатрешни и надворешни истраги, и тоа потполно независно. ОЛАФ, организира тесна и постојана соработка помеѓу легалните власти на државите членки на ЕУ, со цел кординација на нивните активности. Европската агенција, придонесува во дизајнирањето на стратегијата против измамите во Европската Унија и презема неопходни иницијативи да се зајакне релевантната легислатива.

---

[250] http:// www.unodc.org

1.2.2.8. Оперативна група против финансиски активности на перење пари при Европската Унија - ФАТФ (FATF –Financial Action Task Force)

ФАТФ (FATF-Financial Action Task Force), е тело основано од групата седум најразвиени земји во светот (Г-7), како реакција на зголемениот проблем со перењето пари. ФАТФ како оперативна група против финансиските дејствија на перењето пари, е формирана на економскиот самит на ОЕЦД (OECD) кој се одржал во 1989 година во Париз. Создавањето на оваа оперативна група е резултат на сознанијата за постоење на реална закана по безбедноста и стабилноста на светскиот финансиски систем, како последица на перењето пари и на решеноста на земјите членки на Г-7 групата да преземат чекори за заштита на нивните финансиски институции од злоупотреба, од страна на криминалните структури. Имено, конкретни чекори во таа сфера се: спречувањето на можноста на структурите на организираниот криминал кои се бават со недозволена трговија, да имаат слободен пристап до глобалниот финансиски систем со цел, преку перењето пари да го сокријат нелегално стекнатиот приход и го воведат како "чист" во легалниот финансиски систем.[251] Низ своите четириесет препораки, ФАТФ се залага за меѓудржавна соработка во спроведување на истрагите и взаемна помош во превземањето мерки со цел пронаоѓање на лица и имот, прибирање докази, заплена на имотот, формирање на база на податоци и сл. Во моментов Организацијата ја сочинуваат 28 држави-членки. Оперативната група ФАТФ, од одредени држави е критикувана за својата работа, зошто според некои укажувања се грижи за заштита на финансиските и банкарските системи само на најбогатите држави.

ФАТФ во 2000 година, спроведе ефикасна кампања под мотото "име и срам" која идентификува петнаесет "некооперативни" држави чии напори да се сузбие феноменот перењето пари беа во голема мера неадекватни. Во текот на оваа кампања на ФАТФ, се создадени и голем број нови програми против перењето пари и е создадена поголема транспарентност на финансиските активности во државите, но и на глобален план. Покрај тоа што кампањата на ФАТФ беше кулминација на дваесетгодишните напори за заштита на банкарскиот и финансискиот сектор, таа обезбеди подршка која може да биде искористена од меѓународната заедница и во борбата против компјутерскиот, или "сајбер"(cyber) криминал. Конвенцијата за компјутерски криминал на Советот на Европа, поддржана од САД, е првиот голем чекор во оваа насока и е почеток на процесот на воспоставување процедури и стандарди, кои владите ќе треба да ги воведат во своите национални законодавства и да ги зголемат напори за регулурање и нивна примена.

---

[251] United States Department of the Treasury- Financial Crimes Enforcement Network - *"Compendium of International Anti-Money Laundering Conventions& Agreements"* , January, 1996, страна 49

1.2.2.9. Организација за безбедност и соработка во Европа – ОБСЕ (OSCE - Organization for Security and Co-operation in Europe)

Организацијата за безбедност и соработка во Европа-ОБСЕ како најголема регионална организација за безбедност во светот, своите активности ги насочува кон превземање на голем број активности поврзани со трите димензии на безбедноста: хуманата, политичко-воената и економската. ОБСЕ спроведува повеќе мисии во т.н. кризни региони на Југоисточна Европа, како и во државите од поранешниот СССР.

Предметот на дејствување на ОБСЕ тематски е организиран во три целини:

- прашања за безбедноста на Европа;
- соработка во областите на стопанството, науката, техниката и екологијата;
- соработка во хуманитарни и други области.[252]

Во врска со прашањето за безбедноста, ОБСЕ вложува големи напори во спроведувањето на активностите за спречување на појавните облици на меѓународниот организиран криминал. Спречувањето на недозволената трговија со дрога, луѓе и оружје беше највисок приоритет за ОБСЕ во изминатите години, како и пружањето помош во спроведување на реформите во законодавството, едукација и обука на безбедносните структури во државите, подобрување на квалитетот на заштитата на патните исправи и др. Форумот за соработка и безбедност, кој е најважното тело на ОБСЕ за работа на политичко-воената димензија на организацијата, има задача да ја регулира легалната продажба на конвенционалното оружје и да воведе принципи за негова пролиферација. Во согласност со својот мандат, ОБСЕ не се справува директно со контролата на вооружувањето, туку своите активности ги насочува преку мерки за градење на доверба помеѓу државите, а кои се однесуваат на превземање активности за уништување на нелегалното лесно оружје. Покрај Форумот за соработка и безбедност и Центарот за превенција на конфликти, е тело при ОБСЕ, кое се бави со оваа прашање.

Друг сегмент од активностите на ОБСЕ, претставува интегрираното гранично управување и граничниот менаџмент. Во почетокот, ОБСЕ беше насочена кон помагање за воспоставување на мониторинг на границите и градење на доверба во и помеѓу државите, а во последно време активности беа врзани за поддршка на реформите во граничните служби на државите и нивната прекугранична соработка. Главната цел е да се превенира, но и да се репресира меѓународниот организиран криминал, со сите негови појавни облици. Преку превенцијата на конфликти, менаџирањето на кризите и раното предупредување, ОБСЕ придонесува и во градење на мерките за сузбивање на тероризмот.

---

[252] http://www.osce.org

1.2.2.10. Меѓународна организација за миграции - ИОМ (IOM- International organization for migration)

Меѓународната Организација за Миграции е организација која се ангажира во разрешување на проблемите врзани со илегалната миграцијата, заштитата на жртвите на недозволената трговија со луѓе и афирмирање на човековите права. ИОМ е формирана во 1951 година и тесно соработува со владини, меѓувладини и невладини партнери[253].

Во оваа организација членуваат 125 држави членки, а 16 држави имаат статус на набљудувачи. ИОМ има свои канцеларии во над 100 држави во кои ја спроведува својата програма. ИОМ е посветена на промовирањето на хуманата и легалната миграција во корист на сите инволвирани. Меѓународната организација за миграции, работи на полето на обезбедување правилно и хумано менаџирање на миграцијата, промовирање на меѓународната соработка на прашања врзани за неа, помагање во потрагата по изнаоѓање на практични решенија за миграционите проблеми и обезбедување хуманитарна помош за мигрантите кои имаат потреба од неа, вклучувајќи бегалци, но и внатрешно раселените лица, од различни причини.

1.2.2.11. Јадранско - Јонска Иницијатива ЈЈИ (AII – Adriatic-Ionian Initiative)

Јадранско-Јонската Иницијатива претставува форум за дијалог и соработка на земјите кои излегуваат на брегoвите на Јадранското и Јонското море. Оваа иницијатива е една од многуте покренати иницијативи преку механизмите на Европската Унија со цел поттикнување на демократските процеси во регионот и забрзување на процесите на интеграција во регионот на Југоисточна Европа. Држави членки на Јадранско-Јонската Иницијатива се: Италија, Словенија, Хрватска, Босна и Херцеговина, Србија, Црна Гора, Албанија и Грција. Спречувањето на организираниот криминал е една од областите за соработка во рамките на Јадранско-Јонската Иницијатива, покрај соработката на планот на економијата, туризмот, транспортот и поморскиот сообраќај, културата и заштитата на културното-историското наследство, образованието и заштитата на човековата околина.

[253] http:// www.iom.int

1.2.3. Меѓународни невладини организации во функција на спречување на организиран криминал

Националниот одговор на организираниот криминал сам по себе не е доволен за негово спречување, па затоа државите мора да работат заедно на меѓународно ниво и активно да ги инволвираат во овие активности покрај државните институции и меѓународните невладини организации, од причино што тие се најблиску до реалноста на секојдневниот живот на граѓаните.

Меѓународните невладини организации (НВО), се организации кои не се дел од владите и не се формирани од државите, туку тие по правило се независни од владите и се непрофитни организации кои добиваат средства за нивните фондови од приватни извори.[254] Тие се легално конституирани организации креирани од приватниот сектор, или од лица кои не учествуваат во владите, или не се нивни претставници. Формирањето невладини организации е поттикнато од различни мотиви, а нивната примарна цел е дизајнирање и имплементирање на проекти поврзани со развојот на поедини сегменти од општественото живеење. Тие своите активности ги спроведуваат преку различни методи кои вариираат во зависност од проблемот кој е предмет на разрешување. Некои од невладините организации делуваат првенствено, како лобисти, додека други спроведуваат одредени програми и активности. Многу меѓународни невладини организации имаат и консултативен статус во однос на агенциите при ООН. Невладините организации, може да бидат со седиште во локалната заедница, но тие можат да бидат и национални, регионални или меѓународни.

Во однос на безбедносниот сектор, невладините организации имаат важна улога во: промовирањето на проектот полиција во локалната заедница; во организирање на едукација за подигнување на свеста на службениците од безбедносните структури, особено на полицајците во почитување на основните човекови права и слободи; во развивање на механизмот за заштита на жртвите и сведоците, во изнаоѓање на внатрешна и надворешна контрола, како и во зголемувањето на транспарентноста на работењето на безбедносните органи.[255]

Невладините организации се значаен фактор во активностите за спречување на организираниот криминал. Нивната улога ја препознаваме преку информирањето на јавноста за резултатите од активностите во спречувањето на организираниот криминал; подигнување на свеста на граѓаните за опасноста и последиците од организираниот криминал; создавање на висок степен на заштита на граѓаните кои пријавуваат кривични дела и сторители од организираниот криминал; и преку учество во реализација на проекти за остварување на поставените цели во националните стратегии за спречување на организираниот криминал.

---

[254] http://en.wikipedia.org/wiki/Non-governmental_organization#Types_of_NGOs

[255] Cavallaro J. – *"Kriminal, javni red i ljudska prava"*, Fond za otvoreno društvo, Beograd, 2005

Подолу ќе бидат прикажани дел од НВО, кои своите активности ги насочуваат за спречување на некои од појавните облици на организираниот криминал и кои дејствуваат во регионот на Југоисточна Европа.

1.2.3.1. ФЛАРЕ-Слобода, Законитост и Право во Европа (FLARE – Freedom, Legality and Rights in Europe)

ФЛАРЕ (FLARE–Freedom, Legality and Rights in Europe) претставува мрежа на невладини организации, со основна задача-граѓанска борба против организираниот криминал. Оваа мрежа е основана во јуни 2008 година во Европскиот Парламент и брои 40 организации членки од 24 европски земји и земји од Блискиот исток. Основната задача на ФЛАРЕ е спречувањето на појавните облици на организираниот криминал, посебно корупцијата и недозволената трговија со луѓе, како и работа со младината и нејзина едукација, еколошка заштита, заштита на човековите права и слободи и сл. ФЛАРЕ мрежата во својата политика на работа поаѓа од претпоставката дека организираниот криминал е меѓународен феномен и проблем кој не признава граници, национални поделби ниту законски пречки. По отворената канцеларија за Источна Европа во Киев, ФЛАРЕ мрежата отвори своја канцеларија за Балканските земји со седиште во Ниш, Р. Србија.

Југоисточна Европа, особено Балканот, претставува интересен регион за мрежата на ФЛАРЕ, поради фактот што земјите лоцирани на овој потег имаат проблеми со организираниот криминал заради геостратегиската положба и патиштата кои тој ги користи за спојување на Западна Европа со Блискиот Исток, заради несоодветните, или сеуште недоизградените национални законодавства, како и заради долгиот процес на транзиција и желбата за што побрз влез во Европската Унија. Приоритетот за работа на балканската канцеларија на ФЛАРЕ е корупцијата во земјите членки, како и активностите на организираниот криминал кои се тесно поврзани со младите, како што се користењето дрога, насилството, недозволената трговија со луѓе заради сексуална експлоатација и сл. Посебно е значаен проектот за изработка на база на податоци за жртвите на организираниот криминал и нивно поврзување со семејствата.

Балканската ФЛАРЕ мрежа има дванаесет членки, невладини организации од Србија, Црна Гора, Косово, Турција и Македонија.[256]

1.2.3.2. Меѓународна невладина организација за борба против трговија со жени - Ла Страда (La Strada)

Со зголемениот пораст на недозволените активности на организираниот криминал, особено појавата на недозволената трговија со луѓе, (посебно со жени), во 1994 година, три невладини организации од Холандија, Полска и Чешката Република иницирале организирање заеднички семинар за обука на своите членови и други заинтересирани припадници од цивилното општество по однос на овој проблем.

---

[256] http://www.flarenetwork.org/home/home_page.htm.

Семинарот бил предизвик за создавање на првиот "Ла Страда"-проект под името "Превенција на трговијата со жени во Централна и Источна Европа" кој започнал во септември 1995 година и бил финансиран од ФАРЕ програмата на Европската Комисија.

По деветгодишното успешно функционирање како заедничка програма и мрежа на невладините организации од повеќе држави, во октомври 2004 година, "Ла Страда" беше официјално формирана и доби статус на независна меѓународна асоцијација, во која моментално членуваат девет невладини организации од девет држави-членки. "Ла Страда" програмата во Р. Македонија е имплементирана од невладината организација "Отворена порта -женско лоби и акција против насилството и трговијата со жени" која е регистрирана како независна НВО од септември 2000 година.[257]

Во изминатите години, "Отворена порта-Ла Страда Македонија" се разви во водечка невладина организација против недозволената трговијата со луѓе, посебно со жените во Р. Македонија. Со помош на сопствениот капацитет, "Отворена порта-Ла Страда Македонија" има обучено членови на други невладини организации кои ја формираа "Националната НВО анти-трговска мрежа". Мрежата моментално опфаќа 12 невладини организации, претставувајќи ги македонските, албанските и ромските групи од урбаните и руралните средини во Р. Македонија. Оваа мрежа официјално е регистрирана на 17 ноември 2006 година под името "Будност". "Отворена порта-Ла Страда Македонија" е членка на Секретаријатот на Националната Комисија за борба против трговијата со луѓе и илегалната миграција на Р. Македонија, која врши мониторинг, ја анализира ситуацијата на трговија со луѓе и ги координира активностите на компетентните институции во Македонија. Со овој капацитет, "Отворена порта-Ла Страда Македонија" дава препораки и предлози кои се однесуваат на подобрувањето на идентификацијата на жртвите и на посебен пристап за заштита на човекови права на лицата жртви на недозволената трговија.

Невладината организација "Отворена Порта - Ла Страда Македонија" во рамките на програмата за директна поддршка на жртвите од недозволената трговија со луѓе, има отворено Прифатилиште за жртвите од трговијата со луѓе. Во Прифатилиштето, кое заради целосна заштита на жртвите, функционира на непозната локација за јавноста, се нудат најразлични услуги за жртвите на недозволената трговија со луѓе, а обично тоа се женски лица, како што се сместување, исхрана, обезбедување на облека, медицинска помош, правни совети, вклучување во образованието, посетување на занаетчиски курсеви, како и пружање помош при вработување, или отворање мали бизниси.

[257] http:// www.Lastrada.org.mg

1.2.3.3. Меѓународна невладина организација за борба против корупција-Транспаренси Интернешенл (Transparency International)

Транспаренси Интернешенл (Transparency International) е глобална организација на граѓанското општество и е водечката невладина организација во борбата против корупцијата. Основната мисија на Транспаренси Интернешенл, е да креира и создава свет ослободен од корупција.

Уште од своето создавање во 1993 година, Транспаренси Интернешенл игра водечка улога во подобрување на животот на милиони луѓе низ целиот свет, преку градењето клима за анти-корупциско движење. Транспаренси Интернешенл, во својата глобална мрежа вклучува повеќе од 90 локално формирани организации. Овие невладини организации се борат против корупцијата во национални рамки на повеќе начини. Тие ги спојуваат релевантните актери од владата, цивилното општество, бизнисот и медиумите, со цел промовирање транспарентност на изборите, работата на јавната администрација, транспарентност на набавките и бизнисот.

Своите активности Транспаренси Интернешенл ги спроведува со помош на различни методи, при што користи алатки, искуство и широко учество за борба против корупцијата преку глобалните и регионалните иницијативи.[258]

1.2.3.4. Меѓународна невладина организација - ФИОО (Фондација Институт Отворено Општество) (FOSI-Fondation The Open Society Institute)

Фондацијата Институт Отворено Општество (ФИОО) е приватна фондација, со седиште во Њујорк, која дава грантови и води оперативни програми. Работи како централа на мрежата организации на отворени општества–група автономни фондации и организации во повеќе од 60 земји во светот. Институтот Отворено Општество е основан во 1993 година од страна на Џорџ Сорос од САД, со цел да ги поддржува неговите фондации во Средна, Источна и Југоисточна Европа и во поранешниот Советски Сојуз. Овие фондации, од 1994 година наваму, биле формирани за да им помогнат на поранешните социјалистички земји да го пребродат процесот на транзиција и трансформација кон демократијата.

Фондацијата Отворено Општество Македонија во периодот од 2006 до 2007 година, организираше континуирани дебати и експертски форуми кои беа иницирани во рамките на проектот "Справување со организираниот криминал - стратегии и политики за негова превенција и сузбивање". Општите цели на овој проект беа зајакнување на правната и институционалната рамка за спречување на организираниот криминал, исполнување на обврските на Р. Македонија на подрачјето на правда, слободата и безбедноста во процесот на евроинтеграција и подигнување на свеста за сериозноста на појавата и последиците од организираниот криминал за демократската држава. Посебна цел на овој

[258] http://www.transparency.org/about_us

проект која беше поставена е воспоставената мрежа од надлежни државни органи, невладиниот сектор и академските структури кои ги утврдуваа приоритетите и предлагаа мерки за нивно имплементирање.[259]

На 30 јануари 2007 година Фондацијата Институт Отворено Општество–Македонија (ФИООМ) и Министерството за Внатрешни работи на Р. Македонија потпишаа договор за соработка со кој ФИООМ се обврза на Министерството да му обезбеди техничка помош во вредност од околу 40.000 евра. Техничката помош беше наменета за зајакнување на капацитетот на Министерството за внатрешни работи, а во врска потребите за имплементирање на процесот за приближување и хармонизација на законодавството на Република Македонија со законодавството на Европската унија.

1.3. Документи кои ја регулираат меѓународната соработка, потпишани од страна на Р. Македонија

Со меѓународните документи сите држави потписнички се обврзуваат, за нивно вклучување во секоја конкретна, или општа активност за спречување на организираниот криминал. Од тука произлегуваат и обврските на безбедносните структури, посебно полицијата, на полето на непосредна соработка, комуникација и размена на информации меѓу полициите на државите, како и размена на информации со меѓународните полициски организации.

Поаѓајки од овие согледувања Македонија има потпишано и ратфикувано голем број на меѓународни документи кои го третираат прашањето на спречување на организираниот криминал на национално, регионално и меѓународно ниво. Меѓународни договори кои досега ги потпишала и ратификувала Р. Македонија во врска со спречувањето на криминалот се:

1. Конвенција на ООН за недозволената трговија со наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори од 1993 година;
2. Европската Конвенција за трансфер на осудени лица од 1999 година, со дополнителен Протокол од 2001 година, а ратификуван во 2003 година;
3. Европската Конвенција за взаемна правна помош во кривични предмети од 1999 година, а во врска со неа и Вторитот Протокол од 2001 година;
4. Европската Конвенција за екстрадиција со двата протокола од 1999 година;
5. Граѓанско-правната конвенција за корупција од 1999 година;
6. Казнено-правната Конвенција за корупцијата потпишана и ратификувана во 1999 година, со дополнителен Протокол од 2003 година, а ратификуван 2004 година;
7. Резолуција 54/128 за борба против корупција, Генерално собрание на ООН;
8. Римски статут на Меѓународниот кривичен суд од 2002 година;

---

[259] ФИОО-Македонија,- Билтен бр.3, март 2006-март 2007

9. Конвенцијата на ООН против транснационалниот организиран криминал од Палермо од 2000 година со трите дополнителни протоколи (против трговија со луѓе, против криумчарење мигранти и против недозволена трговија со оружје), потпишана во 2000 година, а ратификувана во 2004 година;

10. Виенска декларација за криминалитет и правда : во пресрет на предизвиците на 21-от век (Резолуција 55/59);

11. Конвенцијата за перење на пари, откривање, заплена и конфискација на имотот стекнат со кривично дело, потпишана во 1999 година, а ратификувана во 2000 година;

12. Цивилна конвенција против корупција, потпишана во 2000 година, а ратификувана во 2002 година;

13. Европска Конвенција за пренос на казнени постапки, потпишан во 2001 година, а ратификуван во 2003 година;

14. Европска конвенција за компјутерски криминал, потпишан во 2001 година, а ратификуван во 2003 година;

15. Казнена Конвенција на Советот на Европа за корупција;

16. Конвенција за меѓународна полициска соработка во Југоисточна Европа од 2006 година од Виена;

17. Министерска декларација за гранична безбедност во Југоисточна Европа, од 2006 од Сарајево;

18. Европската конвенција за заштита на личните податоци од 2007 година;

19. Конвенција за борба против корупцијата на ООН од 2007 година;

20. Декларација за назначена национална контакт точка за регионална или прекугранична врска, Скопје, 2008.

21. Меморандум за разбирање меѓу МВР на Р. Македонија, СМВР на Р. Австрија, МВР на Р. Албанија, Министерство за безбедност на Р. Босна и Херцеговина, МВР на Р. Словенија, МВР на Р. Хрватска, МВР на Р. Србија и МВР на Р. Црна Гора за воспоставување на единица за меѓународна координација на органите надлежни за спроведување на законот (ILECU's-International Law Enforcement Co-ordination Units), потпишан на 09.09.2009 на Брдо крај Крањ, Р. Словенија.

Билатерални договори, спогодби и меѓународни акти кои ги склучила, потпишала, а дел и ратификувала Р. Македонија , во врска со спречувањето на криминалот се :[260], [261]

1. Договори со Р. АЛБАНИЈА
- Договор меѓу владите на Р. Македонија и Р. Албанија за правна помош во граѓанските и кривичните предмети ("Службен весник на РМ"бр16/98), кој е стапен на сила од 02.10.1998
- Договор меѓу Владите на Р. Македонија и Р. Албанија за меѓусебно извршување на судски одлуки во кривичните предмети ("Службен весник на РМ" бр16/98), кој е стапен на сила на 02.10.1998
- Договор меѓу владите на Р. Македонија и Р. Албанија за екстрадиција ("Службен весник на РМ"бр16/98), потпишан на 15.02.1998, а ратификуван на 25.03.1998

[260] http://www.uslugi.gov.mk
[261] http://mfa.neotel.net.mk/BilatelarContract.aspx?idlan=1&id=2

- Протокол за соработка меѓу Министертството за правда на Р.Македонија и Министерствиото за правда на Р. Албанија, потпишан на 15.04.2005
- Договор меѓу Владата на Р. Македонија и Советот на министри на Р. Албанија за соработка во борбата против тероризмот, организираниот криминал, нелегалната трговија со наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори, нелегалната миграција и други кривични дела, потпишан на 17.06.2004, а ратификуван на 21.04.2005
- Протокол за соработка во областа на безбедноста меѓу Министерството за внатрешни работи на Р. Македонија и Министерството за јавен ред на Р. Албанија и Националната информативна служба на Р. Албанија, потпишан на 05.06.1992

2. Договори со Р. БОСНА И ХЕРЦЕГОВИНА
- Договор за правна помош меѓу Р. Македонија и Р. Босна и Херцеговина за правна помош во граѓанските и кривичните предмети, ратификуван на 17.01.2006 ("Службен весник на РМ" бр.10/06)
- Договор за правна помош меѓу Р. Македонија и Р. Босна и Херцеговина за меѓусебно извршување на судските одлуки во кривичните предмети, ратификуван на 28.04.2006 година. ("Службен весник на РМ" бр.59/06)
- Договор за правна помош меѓу Р. Македонија и Р. Босна и Херцеговина за екстрадиција, потпишан на 27.01.2006, а ратификуван на 28.04.2006 година. ("Службен весник на РМ" бр.59/06)
- Договор меѓу Владата на Р. Македонија и Советот на Министри на Р. Босна и Херцеговина за борба против тероризмот и организираниот криминал, потпишан 21.03.2008 во Охрид, а ратификуван на 31.01.2009

3. Договори со Р. БУГАРИЈА
- Договор за соработка меѓу МВР на Р. Македонија и МВР на Р. Бугарија, потпишан на 20.10.1992
- Договор за правна помош во граѓанските предмети (Службен весник на РМ бр.13/2002).
- Меморандум за правна и судска соработка помеѓу Министерството за Правда на Р. Македонија и Министреството за Правосудство на Р. Бугарија, потпишан на 16. 05. 2005 година.
- Договор меѓу Владата на Р. Македонија и Владата на Р. Бугарија за прекугранична полициска соработка, потишан на 06.03.2006 година, а ратификуван на 07.12.2006
-Договор меѓу Владата на Р. Македонија и Владата на Р. Бугарија за соработка во борбата против тероризмот, организираниот криминал, нелегалната трговија со наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори, нелегалната миграција и други кривични дела, потпишан на 26.02.2002 во Скопје, а ратификуван на 24.01.2003
- Спогодба меѓу Р. Македонија и Р. Бугарија за превземање на мерките за спречување и решавање на граничните инциденти на македонско-бугарската граница, потпишана на 15.05.2000 година.
- Спогодба за размена и заемна заштита на класифицирани информации, потпишана на 07.10.2005

- Договор меѓу Владата на Р. Македонија и Владата на Р. Бугарија за основање и функционирање на заеднички контакт центар за полициска и царинска соработка, потпишан на 20.03.2009, а ратификуван на 09.09.2010

4. Договори со Р. РОМАНИЈА
- Договор за правна помош во граѓанските предмети ("Службен весник на РМ" бр.14/2004)
- Договор за соработка во борбата против тероризмот, организираниот криминал, нелегалната трговија со наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори, нелегалната миграција и други кривични дела, потпишан на 12.11.2003 во Букурешт, а ратификуван на 16.06.2004

5. Договори со Р. СРБИЈА
- Договор за правна помош меѓу Р. Македонија и Р. Србија за правна помош во граѓански и кривични предмети. ("Службен весник на РМ" бр.77/04) стапен на сила на 09.03.2005 година.
- Протокол за соработка меѓу Министерството за правда на Р. Македонија и Министерството за правда на Р. Србија, потпишан и стапен на сила на 29.09.2004
- Договор за екстрадиција меѓу Владата на Р. Македонија и Владата на Р. Србија на граѓани со двојно државјанство осудени за тешки кривични дела, потпишан на 29.11.2011

6. Договори со Р. СЛОВЕНИЈА
- Договор помеѓу Р. Македонија и Р. Словенија за правна помош во граѓанските и кривичните предмети ("Службен весник на РМ" бр.24/96), стапен на сила на 05.09.1997
- Договор меѓу Р. Македонија и Р. Словенија за меѓусебно извршување на судски одлуки во кривичните предмети ("Службен весник на РМ"бр.24/96), стапен на сила на 05.09.1997
- Договор помеѓу Р. Македонија и Р. Словенија за предавање на сторители на кривични дела ("Службен весник на РМ"бр.24/96), кој е стапен на сила на 05.09.1997
- Договор за соработка во борбата против тероризмот, недозволената трговија со дрога и организиран криминал, потпишан на 28.10.1993

7. Договори со Р. ТУРЦИЈА
- Договор за правна соработка во граѓанските и кривичните предмети меѓу Р. Македонија и Р. Турција ("Службен весник на РМ" бр.23/97), стапен на сила на 28.07.2000
- Протокол за соработка во областа на безбедноста меѓу МВР на Р. Македонија и МВР на Р. Турција, потпишан на 09.05.1992 год.

8. Договори со Р. ХРВАТСКА
- Договор меѓу Р. Македонија и Р. Хрватска за меѓусебно извршување на судски одлуки во кривичните предмети ("Службен весник на РМ"бр.17/95), стапен на сила од 07.08.1997
- Договор помеѓу Р. Македонија и Р. Хрватска за правна помош во граѓанските и кривичните предмети ("Службен весник на РМ"

бр.19/95), кој е стапен на сила на 26.05.1995
- Протокол за соработка помеѓу Министерството за правда на Р. Македонија и Министерството за правосудство на Р. Хрватска, кој е потпишан на 02.02.2006 година, а е стапен на сила со денот на неговото потпишување.
- Договор за соработка меѓу Р. Македонија и Р. Хрватска во борбата против меѓународната недозволена трговија со дрога и психотропни супстанции, меѓународниот тероризам и организираниот криминал, потпишан на 12.04.1996 во Загреб, а ратфикуван на 19.02.1997
- Договор за екстрадиција меѓу Р. Македонија и Р. Хрватска, потпишан на 31.10.2011

9. Потпишан е привремен Протокол за трансфер на осудени лица меѓу Привремената Администрација на ООН во Косово-УНМИК и Министреството за Правда на Р. Македонија, кој стапи на сила на 12.11.2004 година со размена на писма за согласност.
- Договор меѓу Владата на Р. Македонија и Владата на Косово за пружање правна помош, екстрадиција и за трансфер на осудени лица, потпишан на 08.04.2011

10. Договор со Р. ЦРНА ГОРА
- Договор за соработка во борбата против тероризмот, организираниот криминал, нелегалната трговија со наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори, нелегална миграција и други кривични дела, потпишан на 10.06.2003
- Договор за екстрадиција меѓу Владата на Р. Македонија и Владата на Р. Црна Гора на граѓани со двојно државјанство осудени за тешки кривични дела, потпишан на 04.10.2011

11. Договор со Р. ФРАНЦИЈА
- Договор меѓу Р. Македонија и Р. Франција за соработка од областа на внатрешната безбедност, потпишан на 18.03.2003, а ратификуван на 28.04.2006

12. Договор со ШВАЈЦАРИЈА
- Договор меѓу Р. Македонија и Швајцарската Конфедерација за полициска соработка во борбата против криминалот, потпишан на 20.09.2005, а ратификуван на 10.02.2006
13. Спогодба меѓу Р. Македонија и Европската Унија за безбедносните процедури за размена на класифицирани информации, потпишана на 25.03.2005

Сите овие билатерални договори, спогодби и меѓународни акти кои се однесуваат на спречувањето на организираниот криминал и кои ги склучи, а дел и ги ратификува Р. Македонија, најчесто се декларативни и во целост не ги оправдаа целите и очекувањата за кои и беа наменети, според нас поради неколку причини. Пред се, тука треба да ги споменеме различниот општествено-политички и економски степен на развој на овие држави, разликите во поимањето на организираниот криминал, различната законска регулатива, бирократското однесување на државните институции, политички

недоследности, отсуство на волја за нивна реализација и сл. Сето ова придонесува овие договори да се актуелизираат само во поедини случаи, најчесто при спроведување на полициски операции на оперативно ниво, во спречувањето на одредени појавни облици на организиран криминал.

1.4. Можен модел на соработка на државите од Југоисточна Европа во спречувањето на организираниот криминал

Денес новата безбедносна средина во Југоисточна Европа се базира на видоизменетата природа на безбедносните закани, кои пред се, се невоени и асиметрични, највеќе препознатливи преку активностите на организираниот криминал и тероризмот. Од тие причини, кога станува збор за безбедностите структури, денес зборуваме за симбиоза на судството, полициското и разузнавачко-известителното работење. Полициското работење без истовремена поддршка од разузнавачките структури, не претставува адекватна стратегија за борба против структурите на организираниот криминал и тероризмот, кои и самите се повеќе се потпираат на сопствената разузнавачка работа. Откривањето и спречувањето, на овој вид современи безбедносни предизвици и закани, бара примена на посебни механизми, како и дефинирање на нова стратегија, од страна на државите и меѓународните безбедносни институции. Затоа, за успешно спречување на активностите на организираниот криминал потребни се наднационален пристап и стратегија.

Денес е општо познато дека структурите на организираниот криминал меѓу себе тесно соработуваат, особено криминалците од поранешните Југословенски републики. Неусогласената и слаба соработка помеѓу државите од регионот на Југоисточна Европа како фактор, придонесе криминалните структури меѓусебе подобро и поефикасно да се организираат. Од причини што земјите од Југоисточна Европа најчесто се точки за влез и излез на нелегални стоки, бара нивна побрза интеграција во Европската Унија, со цел хармонизација и успешна примена на законите во спречувањето на организираниот криминал. Искуствата на Европската Унија од претходните кругови на проширување, укажуваат на тоа, дека при создавањето на политиката за спречување на организираниот криминал потребно, е да се изврши проценка на ризикот и идентификација на конкретниот проблем, да се разработат механизмите за превенција и судско гонење, со вклучување на сите релевантни институции во тие процеси.

Фактори кои претпоставуваат воспоставување на подобра регионална соработка би биле:

- јасно дефинирање на поимот организиран криминал;
- единствена инкриминација на активностите поврзани со организираниот криминал;
- усогласување на овластувања неопходни во процесот за спроведување на постапката, за откривање и докажување на кривичните дела од областа на организираниот криминал;

- поедноставување на постапката за пружање на меѓународна правна помош;

- Непосредно поврзување на заинтересираните безбедносни структури, со цел размена на криминалистичко-разузнавачки информации од итен карактер, откривање на сторителите и докажување на кривичните дела од областа на организираниот криминал;

- Изготвување единствена програма за едукација на припадниците на безбедносните структури, заради ефективно и ефикасно спречување на појавните облици на организиран криминал, согласно позитивните законски прописи и признаени практики на Европската Унија.

Од причина што припадниците на структурите на организиран криминал моше истовремено да бидат државјани на повеќе држави на Југоисточна Европа, да имаат повеќе патни исправи, да имаат повеќе адреси на престој, да имаат и блиски врски со корумпирани поединци од државните институции и многу лесно и без некој особен проблем да ги минуваат државните граници, се наметна потребата од формирање на "Регионален центар за спречување на организиран криминал во Југоисточна Европа", со "Подцентар за Балканот". Формирањето на овој центар и подцентар е без претензии за удвојување на активностите и ресурсите на веќе постојните меѓународни институции на Европско тло, како на пр. Европол или Секи Центарот кои се задолжени за спречување на организираниот криминал, туку е со цел постигнување оперативност, поголема мобилност на припадниците на безбедносните структури на државите од овој регион, како и непосредна соработка, притоа одбегнувајќи ги бирократските бариери при превземањето полициски и судски активности, се разбира со претходна најава и почитување на легислативата и суверенитетот на државите, на чии територии ќе се спроведуваат тие активности. Работата на Регионалниот Центар и Балканскиот Подцентар за спречување на организираниот криминал, чии седишта од практични причини би биле во две различни држави од овој регион, би се базирала на следниве активности:

- Заедничка безбедносна процена на државите-членки за степенот на опасност од заканите од организираниот криминал;
- Размена на криминалистичко-разузнавачки информации за членовите на организираните криминални структури, за бројот на членството, структурата и нивните намери и активности;
- Изготвување на правната рамка за работа на Центарот и Балканскиот подцентар, во согласност и хармонизирана со законодавство на Европската Унија;
- Формирање на заеднички тимови од добро обучени припадници за непосредни полициски и судски истраги;
- Создавање заедничка база на податоци за организираните криминални структури, за бројот и националната структура на нивните членови, како и за нивните намери и активности;
- Координирано следење на организираните криминални структури, нивните активности, контрола и надзор над нив;
- Модернизирање, унапредување и зајакнување на меѓународната правна помош;
- Воспоставување тесна соработка со сите релевантни меѓународни безбедносни организации во Европа и пошироко;

- Потпишување на договор за екстрадиција на припадниците на организираните криминални структури, независно од нивното државјанство, како и договор за замрзнување на движниот и недвижниот имот, за кои постојат сознанија дека се стекнати со вршење на активности на организиран криминал;
- Востановување на Регионален Налог за Апсење;
- Обезбедување на современи техничко-технолошки и други материјални средства за непречено, ефикасно и ефективно извршување на непосредните активности на ангажираните безбедносни структури.

ЗАКЛУЧОК

Организираниот криминал не е единствениот проблем во државите во Југоисточна Европа, но јасно е дека тој претставува голем проблем кој може да биде пречка во стабилизацијата, одржување на безбедноста и развојот на државите и овој регион во целина. Тој не останува во национални рамки, туку во ерата на глобализација стана меѓународен кој не познава и не признава граници и нации. Најголемата општествена опасност од организираниот криминал, произлегува од неговите карактеристики, високиот степен на организираност на неговите припадници, големата "жед" за пари и моќ и неговиот меѓународен карактер. Последната негова карактеристика е една од главните причини што современите држави одрекувајќи се од догмата за национален идентитет ја признаваат неопходноста од меѓународна соработка и создавање на меѓународни заштитни институции за заеднички одговор кој подразбира воена, полициска и судска соработка меѓу државите.

Безбедносните структури од државите од Југоисточна Европа, на почетокот, не само што не соработуваа меѓусебе, туку едни на други си ги ускратуваа информациите важни за откривање на организираниот криминал и неговите носители, пред се од политички причини со цел стекнување на бенефити преточени во материјална, или друг вид финансиска и политичка поддршка од страна на ЕУ и САД. За жал заради ваквата тесноградост на државите од регионов, од оваа состојба во периодот на раните деведесети години на минатиот век, единствен бенефит стекнаа само структурите на организираниот криминал.

Меѓународната соработка во спречувањето на организираниот криминал треба да биде на билатерално или меѓународно ниво преку прифаќање и во склад со основните принципи за соработка и имплементација на потпишаните и ратификувани меѓународни договори.

Со цел сеопфатен одговор на активностите на организираниот криминал покрај државните институции, неопходно е вклучување и на меѓународните невладини организации во овие активности, од причина што тие се најблиску до реалноста на секојдневниот живот на граѓаните.

Р. Македонија има потпишано и ратфикувано голем број на меѓународни договори за полициска соработка и за соработка на правосудните агенции, кои го апсолвираат прашањето на спречување на организираниот криминал на регионално и меѓународно ниво. Еден од најважните документи кој ја регулира меѓународна полициска соработка

во регионот на Југоисточна Европа е Конвенцијата за меѓународна полициска соработка во Југоисточна Европа која е потпишана во 2006 година.

Од причина што припадниците на структурите на организираниот криминал истовремено се државјани на повеќе држави од регионот на Југоисточна Европа, се наметнува потребата од формирање на "Регионален Центар за спречување на организираниот криминал во Југоисточна Европа", со "Подцентар за Балканот". Формирањето на центарот и подцентарот би било со цел постигнување поголема оперативност, поголема мобилност на припадниците на безбедносните структури од овој регион и нивна непосредна соработка, одбегнувајќи ги познатите бирократски бариери при превземање на полициско-судски активности.

Резултати од спроведеното истражување "Организиран криминал и неговите импликации врз безбедноста на земјите од Југоисточна Европа"

За потребите на овој труд беше извршено и емпириско истражување со цел добивање нови сознанија, размислувања и ставови од релевантните и компетентни чинители од безбедносните, правосудните и финансиските структури. Прашањата беа поврзани со организираниот криминал и неговите импликации врз безбедноста на државите од регионот на Југоисточна Европа, а беа доставени до институциите чија работа меѓудругото е насочена кон препознавање, превенирање и спречување на активностите на организираниот криминал.

Предметот на ова истражување се фокусираше на појавните облици на организираниот криминал од аспект дали тој и во која мера го дестабилизира регионов, на кој начин влијае врз безбедноста на државите, како и на заедничките мерки и начини за негово спречување од страна на државите и меѓународните организации. Составен дел на истражувањето беше и согледувањето на организационата и структурна поставеност на криминалните структури, нивниот број, силина и капацитет.

Целта на истражувањето беше да се проверат поставените хипотези, односно да се согледаат и проценат импликациите на организираниот криминал врз безбедноста во регионот на Југоисточна Европа, или поточно во кој степен како невоена закана тој имплицира состојба на небезбедност и влијае на дестабилизација на државите од овој регион и посебно во Македонија. Потоа, кои се најчестите појавни облици на организиран криминал, добивање нови сознанија за криминалните структури, за факторите кои го олеснуваат неговото дејствување, можностите и капацитетите на државите за негово спречување, за влијанието на корупцијата во активностите на организираниот криминал, како и неговата симбиоза со тероризмот. Преку истажувањето требаше да се добијат нови сознанија за начинот и пристапот на соработка на државите од регионот во спречувањето на организираниот криминал, или за негово намалување на ниво на кое тој не би претставувал пречка за нивниот целокупен развој.

Истражувањето беше извршено преку Прашалник, а добиените резултати послужија за изготвување емпириска елаборација сообразно на предметот на истражувањето. Истиот беше анонимен и преведен и на српско-хрватски и англиски јазик.

Прашалникот, беше со ограничена примена во однос на испитаниците, заради нивната селектираност според компетентноста, а се со цел добивање валидни и прецизни податоци. Вкупно беа интервјуирани 80 испитаници од државните структури во Р. Македонија и тоа: вработени во безбедносните структури, во Министерството за внатрешни работи, Агенцијата за разузнавање и Министерството за одбрана (вкупно 40), вработени во правосудните органи, во Обвинителството за борба против организираниот криминал на Р. Македонија, Апелациониот суд и Кривичниот суд во Скопје (вкупно 20), како и вработени во финансиските структури во Министерството за

финансии-Финансиска полиција и Царинската управа на Р. Македонија (вкупно 20).

Кај сите испитаници, постоеше целосна подготвеност и отвореност за соработка при давањето одговори на прашањата.

Истиот прашалник преку каналите на Интерпол и СЕКИ Центарот беше доставен на осумнаесет(18) испитаници од државите од Југоисточна Европа вработени во безбедносните структури на нивните држави и тоа од: Р. Албанија, Р. Босна и Херцеговина, Р. Бугарија, Р. Грција, Р. Романија, Р. Косово, Р. Србија, Р. Хрватска и Р. Црна Гора. За жал во првиот обид добиен е многу мал број на одговори.[262] Од тие причини направен е повторен обид, овој пат преку директно доставување на Прашалникот до компетентните претставници на структурите задолжени за спречување на организираниот криминал во оние држави од регионот од каде претходно не беа добиени одговори. Така, на крајот, успеавме да ги обезбедиме одговорите од десет (10) претставници на безбедносните структури од шест држави, и тоа од Р. Албанија од двајца претставници, Р. Босна и Херцеговина од двајца претставници, Р. Бугарија од еден претставник, Р. Романија од двајца претставници, Р. Србија од двајца претставници, Р. Хрватска од еден претставник. Од Р. Грција, Р. Црна Гора и Косово не се обезбедени одговори.

На крајот да резимираме, вкупниот број испитаници кој беше опфатен со ова емпириско истражување изнесува 90 и тоа 10 од шест држави од Југоисточна Европа и 80 од државните структури на Р. Македонија задолжени за спречување на организираниот криминал.

Едно од тежиштата на ова емпириско истражување беше насочено кон добивање мислења и ставови за тоа кои се и какви се безбедносните импликации врз државите продуцирани од недозволените активности на организираниот криминал, кој е степенот на симбиозата со тероризмот, како и за тоа дали постои и кое е нивото на неговата поврзаност со легалниот бизнис, политиката и државните структури. Исто така, собравме и сознанија за факторите кои ја условуваат појавата на организираниот криминал, за тоа колкав е бројот на структурите на организираниот криминал, нивната силина и етничкиот состав, нивната меѓународна поврзаност, како и за тоа кои се најчестите појавни облици на организираниот криминал во државите од регионот на Југоисточна Европа.

Добивме мислења за степенот на едуцираност и материјално-техничката опременост на државните структури задолжени за превенирање и спречување на организираниот криминал, нивната подготвеност за меѓународна соработка на билатерален и мултилатерален план, како и нивната проценка за степенот на закана врз безбедноста на нивните држави и регионот во целина, од активностите на организираниот криминал во наредните пет години.

Структурата на бараните податоци со Прашалникот, беше претставена во неколку целини.

---

[262] На доставениот Прашалник не е добиен одговор од Р. Црна Гора, освен едно "чудно" објаснување од еден нивен претставник, дека не може да одговори на Прашалникот заради специфичноста на прашањата и покрај претходните писмени укажувања дека Прашалникот е анонимен и дека добиените резултати ќе бидат искористени исклучиво во научни цели.

На самиот почеток испитаниците требаа да дадат одговори на општите прашања поставени на насловната страна, а беа поврзани со нивните демографски карактеристики(националност, пол, возраст, образование, работен стаж и претходно работно искуство). Останатите беа поделени по тематски целини. Така во првиот дел, тие се однесуваа на факторите за појава и развој на организираниот криминал и неговите најчести појавни облици, за организационата поставеност и етничкиот состав на структурите на организиран криминал, нивната меѓународна компонента, како и за нивото на дестабилизирачката активност на организираниот криминал врз безбедноста на државите. Во втората тематска целина, прашањата се однесуваа на причините за постоењето симбиоза на организираниот криминал со легалните бизнис структури, политиката и државните структури. Третата тематска целина се однесуваше на безбедносните, правосудните и финансиските структури, нивната ефективност и ефикасност во спречувањето на организираниот криминал, материјално-техничката опременост, степенот на едуцираноста на припадниците, како и нивото на меѓународната соработка. На крајот, од испитаниците се бараше давање проценка, односно нивна прогноза за степенот на закана од организираниот криминал врз државите и регионот во наредните пет години.

Вкупно беа поставени деветнаесет (19) прашања на кои испитаниците дадоа веродостојни, валидни и искрени одговори.

Резултати од истражувањето во земјите од Југоисточна Европа

Со оглед на фактот дека покрај одговорите од испитаниците од Р. Македонија, беа добиени одговори од шест држави од предвидените девет, истите беа само квалитативно анализирани.

Па така, на првото прашање, сите испитаници без исклучок, дадоа одговор дека во нивните држави постојат активности на структурите на организиран криминал. Како најчести причини кои придонесуваат за појава на организираниот криминал, од понудените одговори, испитаниците ги истакнуваат геостратегиските позиции, корупцијата, лошите економски и социјални услови за живот, сиромаштијата, владеењето на сивата економија и црниот пазар, општата небезбедност како и нестабилното и недоизграденото политичко уредување на државите. Како најчести појавни облици на организираниот криминал во нивните држави, со голема согласност испитаниците ги рангираат следниве понудени одговори и тоа: на прво место е недозволената трговија со дрога, потоа следуваат недозволената трговија со луѓе и криумчарењето мигранти, перење пари, недозволена трговија со возила, фалсификување пари, пиратерија, кражби и фалсификување на интелектуалната сопственост, компјутерскиот криминал, додека при дното го сместија еколошкиот криминал.

На прашањето дали организираниот криминал влијае на дестабилизација на нивните држави, одговорите се поделени и одат од тоа дека организираниот криминал има силно влијание врз

дестабилизацијата на државите(испитаници од Србија и Босна и Херцеговина), до оние каде испитаниците одговориле дека организираниот криминал сеуште ја нема таа силина да ги дестабилизира државите(Албанија, Хрватска, Бугарија и Романија). Врз основа на вака добиените резултати може да се извлече заклучок дека активностите на организираниот криминал во голема мера влијаат дестабилизирачки во оние држави кои сеуште не се членки на Европската Унија, или НАТО Алијансата, додека кај останатите кои се членки, организираниот криминал ја нема таа силина за да ги дестабилизира нивните држави.

Во врска со прашањето за бројот на структурите на организиран криминал и бројот на нивните членови, испитаниците се изјасниле дека тие најчесто се движат над пет групи со по околу десетина членови. По однос на организационата поставеност на структурите на организираниот криминал, испитаниците дале одговори дека тие се најчесто од традиционален тип со цврста хиерархиска поставеност, додека во Албанија, Бугарија и Босна и Херцеговина, покрај овој тип, има појава на дејствување и на лабави криминални мрежи. Структурите на организиран криминал во регионот на Југоисточна Европа, според добиените одговори, може да ги поделиме и на универзални и на специјализирани за извршување на само еден вид криминал, а тоа најчесто се недозволената трговија со дрога, недозволената трговија со луѓе и криумчарење мигранти, како и недозволената трговија со возила. Одговорите на испитаниците за етничката припадност на членовите на овие структури од овие простори, укажуваат на постоење на строго етнички структури, но поведени од остварување на голем профит и запоседнување на поголема територија за дејствување, тие се повеќе прераснуваат во мултиетнички криминални структури.

Структурите на организираниот криминал внатре во самите држави помеѓу себе соработуваат на средно ниво, со цел да си пружат помош при извршување на кривични дела, или за да се заштитат од органите на прогонот. Скоро сите испитаници во своите одговори посочуваат на постоење на блиска соработка помеѓу структурите на организираниот криминал од овие држави, но и пошироко, што од своја страна го потврдува постоењето на една од најважните карактеристики на организираниот криминал, а тоа е неговата меѓународна компонента.

Заради сопствена самозаштита и олеснување на своите криминални активности, структурите на организираниот криминал, според добиените резултати, денес најчесто ги превземаат следниве мерки и активности и тоа: користење на легалните бизнис структури, користење на влијанието и корупцијата и користење на современи комуникациски и информатички системи.

На прашањето за постоењето на симбиоза на структурите на организираниот криминал и легалните бизнис структури во нивните држави, висок е процентот на согласност во одговорите дека таа постои, а основната цел е перењето на валканите пари, кои подоцна ги воведуваат во легалните токови на државите. Исто така, од добиените одговори можеме да заклучиме дека постои висок процент на поврзаност на структурите на организиран криминал со одредени политичари, или политички структури, каде основата за постоење на таквата врска е обостраниот паричен бенефит. Кога станува збор за постоење на

симбиоза помеѓу структурите на организираниот криминал и безбедносните структури задолжени за спречување на организираниот криминал, исто така процентот на согласност во одговорите за постоење на таква поврзаност е голем. Основниот мотив за таа меѓусебна поврзаност, испитаниците го препознаваат во корумпирањето на државните структури, а се со цел добивање валидни информации за превземање на активности на безбедносните и правосудните структури насочени кон нив и избегнување на апсење и спроведување кривичен прогон.

Во врска со поставеното прашање за најчесто користената метода на дејствување на структурите на организираниот криминал, од добиените резултати може да заклучиме дека е висок процентот на согласност на испитаниците за тоа дека корупцијата претставува приоритетна и најчесто користена метода, за сметка на употребата на насилство.

Испитаниците со висок процент на согласност одговорија дека немаат сознанија за поврзаност на структурите на организираниот криминал од нивните држави со некои од терористичките организации.

На прашањето за тоа во која мера се организирани безбедносните и правосудните структури во нивните држави, испитаниците дадоа одговори кои се движат во рамките-добро организирани и успешно функционираат, до одговорите-организирани се на задоволително ниво. Во исти рамки се движат и одговорите за степенот на едуцираност на припадниците на овие државни структури, како и нивната материјално-техничка опременост.

Одговор на испитаниците на прашањето кои се следните чекори кои е потребно да ги превземат нивните држави, во насока на подобрување на нивната ефикасност во спречувањето на активностите на организираниот криминал се: спроведување на перманентна едукацијата на припадниците на државните структури задолжени за спречување на организираниот криминал, нивно материјално-техничко опремување со софистицирана опрема, особено во делот на комуникациско-информатичката технологија, потребата овие структури да бидат заштитени од политичко влијание, поголема самостојност и независност во работењето, како и изградба на подобар систем за нивно наградување, со цел зголемување на нивната мотивација за работа и намалување на ризикот од нивно корумпирање.

Во врска со прашањето за степенот на меѓународната соработка на државите од регионот на Југоисточна Европа, како и соработката на овие држави со меѓународните организации за спречување на организираниот криминал, испитаниците оваа соработка во просек ја оценуваат дека е на задоволително ниво. Предвидувањето за степенот на закана од организираниот криминал врз безбедноста на државите од регионот на Југоисточна Европа во наредните пет години, испитаниците најчесто ја сместуваат во средно ниво на закани, од причини што организираниот криминал е во тесна спрега со одредени политички структури во државите, но и заради постоењето на ниско ниво на свест кај јавноста за опасноста која ја носи организираниот криминал и честата флуктуација на професионалниот кадар во државните структури задолжени за спречување на организираниот криминал. Од друга страна пак, испитаниците сметаат дека степенот на закана е на ова ниво, а не е

на повисоко, и од причини што се подобрува меѓународната соработка на државите, и е направено хармонизирање на законската рамка во повеќето држави од овој регион со онаа на Европската Унија. Исто така испитаниците сметаат дека е подобрена меѓусебната соработка на државните структури внатре во самите држави, а се бележи и промената на свеста на јавноста за опасностите од организираниот криминал за државите и нивните граѓани.

Според испитаниците од шестте држави, резултатите од ова научно истражување ќе придонесат за пресметувањето на ризикот кој произлегува од активностите на организираниот криминал и ќе послужат за подобра организација на државните структури во спречувањето на организираниот криминал во регионот на Југоисточна Европа. Исто така резултатите ќе послужат за едукација на идните припадници на безбедносните и правосудните структури во регионот на Југоисточна Европа, насочено превенирање на криминалот и осуда на корупцијата, како и кон создавање на заеднички меѓународни истражни тимови, за спречување на активностите на меѓународниот организиран криминал. Тие сметаат дека резултатите од ова истражување ќе бидат од корист и за медиумите заради навремено препознавање и превенцијата на криминалот, како и за создавање на јавно мислење за осуда на овој негативен феномен.

Резултати од спроведеното истражување во Р. Македонија

Емпириското истражување во Р. Македонија е спроведено во второто тромесечие од 2012 година. Испитаници беа компетентни претставници од безбедносните, правосудните и финансиските структури, меѓудругото задолжени и за препознавање, превенирање и спречување на активностите на организираниот криминал на домашен, но и на меѓународен план. Добиените одговори се обработени квалитативно и статистички.

1. Општи прашања

На почетокот на истражувањето беа формулирани неколку прашања кои се однесуваа на демографските податоци на испитаниците задолжени за извршување на безбедносно-заштитните задачи, опфатени во примерокот, како што се: пол, возраст, стручна спрема (образовно ниво), работен стаж и претходно работно искуство.

	Безбедносни Структури		Правосудни структури		Финансиски структури	
	Ф	%	Ф	%	ф	%
Мажи	33	**82,50**	7	35	15	**75**
Жени	7	17,50	13	**65**	5	25
Вкупно	40	100	20	100	20	100

Табела 1. Испитаници според полот

Така, од табелата 1 можеме да видиме дека кај две групи на испитаници преовладуваат припадниците од машкиот пол, и тоа 82,50% кај безбедносните структури и 75% кај финансиските структури, за разлика од правосудните каде доминираат жените со 65% од испитаниците.

	Безбедносни структури		Правосудни структури		Финансиски структури	
	ф	%	Ф	%	ф	%
20-30	2	5	-	-	2	10
31-40	5	12,50	2	10	6	30
41-50	23	**57,50**	5	25	11	**55**
Над 50	10	25	13	**65**	1	5
Вкупно	40	100	20	100	20	100

Табела 2. Испитаници според возраста

Во однос на возрасната структура, од табелата 2 можеме да забележиме дека во основа се работи за испитаници на возраст над 41 година во сите три категории, со тоа што највозрасната категорија ја сочинуваат испитаниците од правосудните структури (65%), за разлика од оние кои работат во безбедносните структури (57,50%) односно финансиските структури (55%). Согласно ова, треба да се укаже на фактот дека мора да се води сметка за пополнување на овие државни структури со млад и добро едуциран кадар. Пополнувањето треба да биде континуирано, а не кампањски за дневно-политички потреби на владеачките елити кои доаѓаат на власт по изборите. На овој начин комбинацијата на искусен кадар со млади добро едуцирани и стручни лица би била "добитната комбинација" во препознавањето и спречувањето на активностите на организираниот криминал.

	Безбедносни структури		Правосудни структури		Финансиски структури	
	ф	%	Ф	%	Ф	%
ССС	1	2,50	-	-	-	-
ВСС	28	**70**	19	**95**	19	**95**
М-р	10	**25**	1	5	1	5
Д-р	1	2,50	-	-	-	-
Вкупно	40	100	20	100	20	100

Табела 3. Испитаници според степенот на образование

Според табела 3 можеме да заклучиме дека речиси сите групи на испитаници се со високо образовно ниво, и тоа 97,50% од безбедносните структури, односно 100% од правосудните и финансиските структури. Ова укажува на тенденцијата за нивно постојано стручно усовршување и надоградување, видливо од процентот на испитаници кои работат во безбедносните структури, а се стекнале со научни звања магистер, или доктор на науки (27,50%).

	Безбедносни структури		Правосудни структури		Финансиски структури	
	ф	%	Ф	%	Ф	%
0-10 год.	5	12,50	3	15	6	30
10-20 год.	10	25	1	5	8	**40**
над 20 год.	25	**62,50**	16	**80**	6	30
Вкупно	40	100	20	100	20	100

Табела 4. Испитаници според работен стаж

Според работниот стаж, доминираат испитаници со работен стаж над 20 години, што е карактеристично за безбедносните (62,50%) и правосудните структури (80%). За разлика од нив, кај финансиските структури, доминира работниот стаж над 10 години (70%), што се должи на фактот дека се работи за релативно помлади институции (Финансова полиција која постои од 2003 година) и се наоѓаат во фаза на постојан развој и надоградба.

	Безбедносни структури		Правосудни структури		Финансиски структури	
	ф	%	ф	%	ф	%
Полиција	26	**65**	-	-	6	**30**
Разуз./контраразуз.служби	12	**30**	-	-	-	**-**
АРМ	-	**-**	-	**-**	-	-
Правосудни органи	-	**-**	16	**80**	-	-
Царина	-	**-**	-	**-**	5	**25**
Друго	2	5	4	20	2	10
Без претходно искуство	-	**-**	-	**-**	7	**35**
Вкупно	40	100	20	100	20	100

Табела 5. Испитаници според претходно искуство

Од табелата 5, можеме да видиме дека испитаниците од безбедносните (95%) и правосудните структури (80%) своето претходно искуство го стекнале во институциите каде што и денес работат, додека пак, кај испитаниците од финансиските структури има поделени одговори. Двајца од претставниците на безбедносните структури имаат претходно искуство во адвокатурата и стопанството, од финансиските структури - двајца имаат искуство од работењето во УЈП и трговијата, додека пак четворица од правосудните структури - искуство во адвокатурата. Релативно е голем процентот на испитаници кои се за првпат вработени во финансиските структури (35%). Ова се должи на погоре изнесеното, а е врзано со релативно пократкото време на нивно постоење.

2. Прашања поврзани со активностите на организираниот криминал и неговите импликации по безбедноста на државите

Следуваат одговори на прашањата што ја истражуваат главната тема, а се однесуваат на размислувањата и ставовите на испитаниците за постење на организираниот криминал, неговите појавни облици, причините кои придонесуваат за неговата појава и развој, како и неговите импликации по безбедноста на државите.

Прашање бр. 1 Дали постојат активности на структурите на организиран криминал во вашата држава?

	Безбедносни структури		Правосудни структури		Финансиски структури	
	ф	%	Ф	%	ф	%
Да	40	**100**	40	**100**	16	**80**
Не	-	-	-	-	4	20
Вкупно	40	100	20	100	20	100

Табела 6

Врз основа на добиените резултати, можеме да заклучиме дека е висок степенот на согласност кај сите три категории на испитаници за постоењето на структури на организиран криминал во државата, а кој се движи од 80% до100%. Ова претставува сериозно предупредување и укажување до државното раководство за опасноста од реално постоење на сериозни закани по безбедноста на државата од активностите на организираниот криминал.

Во врска со прашањето (бр.1.1) за можните причини кои придонесуваат за појава на организираниот криминал, добиените одговори од испитаниците може да ги рангираме по приоритет. Така, на врвот од листата за можните причини испитаниците ја сместија корупцијата, потоа сиромаштијата, влошените економски и социјални услови за живот, владеењето на сивата економија и црниот пазар, како и нестабилното и недоизградено политичко уредување на државите. При дното од листата се наоѓаат останатите понудени одговори, како што се геостратегиската позиција на државите, глобализацијата, отворените и необезбедени граници, војните, општата небезбедност, како и меѓународните санкции. Во графата "друго", испитаниците дадоа и свои одговори за можните причини за појава на организираниот криминал, а кои не беа понудени во Прашалникот како на пр. непостоење на државна стратегија за борба против организираниот криминал, давање политичка поддршка на криминалните структури заради взаемна корист, вработување на несоодветни кадри во државните структури и нивната партизација. Високиот степен на согласност на испитаниците укажува на фактот дека корупцијата претставува еден од основните фактори за појавата и развојот на организираниот криминал, а нејзиното сузбивање во голема мера ќе придонесе и за намалување на недозволените активности на организираниот криминал.

Во врска со прашањето (бр.2) за најчесто застапените појавни облици на организиран криминал во државава, се укажува на висок степен на согласност помеѓу нив за тоа дека недозволената трговија со дрога претставува најчест појавен облик на организиран криминал. Ова најверојатно е од причина што преку овој облик се остваруваат и највисоките криминални приходи. Понатаму, испитаниците

недозволената трговија со луѓе и криумчарењето мигранти ја рангираат како втор појавен облик на организиран криминал најчесто практикуван од страна на криминалците во државата, како и перењето пари и тоа најчесто оние кои се стекнати со недозволената трговија со дрога, оружје и луѓе, со цел нивно внесување во легалниот финансиски систем на државата. Пиратеријата, кражбите и фалсификувањето на интелектуалната сопственост, недозволената трговија со оружје и нуклеарни материи, недозволената трговија со моторни возила и компјутерскиот криминал како појавни облици на организираниот криминал, испитаниците ги рангираат како трета група на најчесто практикувани недозволени активности. Испитаниците, фалсификувањето пари и еколошкиот криминал како понудени појавни облици на организиран криминал ги преферираат најмалку, со укажување во графата "друго", дека во државата се застапени и други појавни облици на криминал како на пр. злоупотреба на службената положба и овластување од страна на државните службеници, недозволената трговија со цигари, како и кривичните дела против културното наследство.

Прашање бр. 3 Дали организираниот криминал може да влијае на дестабилизација на вашата и државите од регионот и пошироко?

	Безбедносни структури		Правосудни структури		Финансиски структури	
	ф	%	ф	%	ф	%
Да	38	**95**	11	**55**	9	45
Не	2	5	9	45	11	**55**
Вкупно	40	100	20	100	20	100

Табела 7

Според добиените резултати, може да се заклучи дека кај испитаниците од безбедносните структури постои висок процент на согласност (95%) за тоа дека организираниот криминал може да ги дестабилизира државите, додека пак, кај испитаниците од правосудните и финансиските структури воочуваме поделеност во ставовите по однос на истото. Ова најверојатно се должи на фактот што испитаниците на безбедносните структури се оперативно поприсутни на терен и непосредно се соочуваат со последиците од дејствувањето на структурите на организираниот криминал, додека пак, зачудува фактот што одговорите кај правосудните и финансиските структури се поделени. Се претпоставува дека кај испитаниците од правосудните структури тоа е резултат на непостоење на оперативност на терен, согласно нивната поинаква методологија на работа, додека пак, кај испитаниците од финансиските структури тоа може да претставува резултат на релативно помалото искуство во нивното професионално работење.

Прашање бр. 3.1 Во која мера организираниот криминал влијае на дестабилизацијата на државите?

	Безбедносни структури		Правосудни структури		Финансиски структури	
	ф	%	ф	%	ф	%
Има пресудно влијание	5	12,50	2	14,30	1	5
Влијае во голема мера	24	**60**	4	28,60	5	25
Има делумно влијание	11	27,50	8	**57,10**	14	**70**
Вкупно	**40**	100	**14**	100	**20**	100

Табела 8

Овде може да се заклучи дека ставот на испитаниците од безбедносните структури (60%) е дека организираниот криминал "влијае во голема мера" врз безбедноста и дестабилизацијата на државите, додека пак испитаниците од правосудните (57,10%) и финансиските структури (70%) сметаат дека организираниот криминал има само "делумно влијание".

Споредувајќи ги резултатите презентирани во табелите 9 и 10, можеме слободно да заклучиме дека 5% од испитаниците од безбедносните структури биле неискрени во своите одговори, а додека процентите на неискрени одговори кај испитаниците од правосудните структури (25%) односно финансиските структури (55%) се многу поголеми. Претпоставуваме дека ова може да биде последица од нивната слаба едуцираност, како и немањето доволно информации и сознанија за опасностите по државите кои ги носи организираниот криминал.

3. Прашања поврзани со структурите на организираниот криминал

Прашањата кои беа опфатени во оваа целина, ги даваат одговорите за бројот на структурите на организирании криминал кои дејствуваат во државата, просечниот број на припадници во тие криминални структури, како и нивната структурна поставеност. Одговори беа дадени и на прашањата за тоа дали овие криминални структури се тесно специјализирани за извршување на поедини облици на кривични дела, или не, за етничкиот состав, како и за тоа кој е интересот за нивно заедничко дејствување.

На крајот од оваа целина, дадени беа одговори и за дејстувањето на овие криминални структури на меѓународно ниво, соработката помеѓу овие структури од различни држави во регионот, нивото и интензитетот на таа соработка, како и за мерките кои тие ги превземаат за олеснување на своите криминални активности и за самозаштита од нивно откривање и кривичен прогон.

Прашање бр. 4 Колкава е бројката на организирани криминални структури (групи или мрежи) кои дејствуваат во вашата држава?

	Безбедносни структури		Правосудни структури		Финансиски структури	
	ф	%	ф	%	ф	%
Делуваат од 0-5 криминални групи	5	12,50	9	**45**	7	**35**
Делуваат од 5-10 криминални групи	17	**42,50**	3	15	8	**40**
Делуваат над 10 криминални групи	18	**45**	8	**40**	5	25
Вкупно	40	100	20	100	20	100

Табела бр. 9

Овде може да се констатира дека безбедносните структури во најголем процент (87,50%) сметаат дека во Р.Македонија делуваат повеќе од 5 криминални структури, додека пак, има поделени мислења кај испитаниците од правосудните и финансиските структури. И ова може да претставува резултат на погоре изнесеното мислење за немањето доволно искуство и сознанија за постоењето и делувањето на структурите на организираниот криминал во нашата држава.

Прашање бр. 4.1 Колкав е просечниот број на членови во структурите на организиран криминал?

	Безбедносни структури		Правосудни структури		Финансиски структури	
	ф	%	ф	%	ф	%
0-10 члена	20	**50**	7	35	15	**75**
10-20 члена	15	37,50	9	**45**	4	20
над 20 члена	5	12,50	4	20	1	5
Вкупно	40	100	20	100	20	100

Табела 10

нашата Според резултатите презентирани во табела 10, може да се заклучи дека половината од испитаниците од безбедносните структури сметаат дека просечниот број на членови во криминални групи на организиран криминал во држава се движи до 10 члена, со кој став се

сложуваат и 75% од испитаниците од финансиските и 35% од правосудните структури. За одбележување се и ставовите на испитаниците од безбедносните структури 37,50% и 45% од испитаниците од правосудните структури кои сметаат дека бројот на членови во криминалните структури е поголем и се движи од 10 до 20 членови. Ова упатува на констатацијата дека овие криминални структури претставуваат помали, но компактни целини, лесно подвижни, со намалена можност од нивна компромитација и откривање, како и структури со зголемено ниво на самозаштита.

Прашање бр. 5 Каква е структурната поставеност на организираните криминални структури во вашата држава?

	Безбедносни структури		Правосудни структури		Финансиски структури	
	ф	%	ф	%	ф	%
Традиционален тип (*со цврста хиерархиска поставеност*)	21	**52,50**	7	35	7	35
Лабави криминални мрежи	19	47,50	13	**65**	13	**65**
Вкупно	40	100	20	100	20	100

Табела 11

Според добиените резултати, може да се заклучи дека поголем процент на испитаниците од безбедносните структури (52,50%) сметаат дека организираните криминални групи во нашата држава се со "цврста хиерархиска поставеност", за разлика од испитаниците од правосудните и финансиските институции кои во ист процент (65%) се со став дека истите претставуваат "лабави криминални мрежи". Согласно искажаното, генералниот заклучок наведува дека во Р. Македонија подеднакво се застапени и двата облика на организираност и структурна поставеност на криминалните структури, со појаснување дека истите од традиционален тип најчесто се чисто етнички структури (првенствено од албанска национална припадност), додека пак, лабавите криминални мрежи претставуваат мешавина од припадници на скоро сите етнички заедници, односно претставуваат мултиетнички криминални мрежи кои ги обединува само желбата за создавање нелегален профит.

Прашање бр. 6 Дали има појава на специјализираност на структурите на организираниот криминал во вашата држава?

	Безбедносни структури		Правосудни структури		Финансиски структури	
	ф	%	ф	%	ф	%
Да	30	**75,00**	16	**80**	10	**50**
Не	10	25,00	4	20	10	**50**
Вкупно	40	100	20	100	20	100

Табела 12

Според резултатите, може да заклучиме дека најголемиот број испитаници од безбедносните (75%) и од правосудните структури (80%) сметаат дека криминалните структури се тесно специјализирани за извршување на некој од појавните облици на организираниот криминал. Кај испитаниците од финасиските структури постои поделеност во одговорите за фактот дека структурите на организираниот криминал се специјализирани за извршување поедини кривични дела, но дека овие структури се јавуваат и како универзални извршители и на останатите облици на организиран криминал. Со оглед на тоа дека од добиените одговори може да се заклучи дека структурите на организираниот криминал во најголемиот дел се специјализирани за извршување на одредени криминални облици, постои голема веројатност за тесна соработка и помош помеѓу нив, со цел стекнување на што поголем профит.

Прашање бр. 6.1 Кој е најчестиот облик на организиран криминал кој го практикуваат криминалните структури во вашата држава?

	Безбедносни Структури (40)		Правосудни Структури (20)		Финансиски Структури (20)	
	ф	%	ф	%	ф	%
недозволена трговија со дрога	30	**75**	15	**75**	15	**75**
недозволена трговија со моторни возила	7	17.5	3	15	10	50
недозволена трговија со оружје и нуклеарни материи	7	17.5	2	10	1	5
недозволена трговија со луѓе и криумчарење мигранти	24	**60**	15	**75**	13	**65**
фалсификување пари	1	2.5	3	15	0	0
перење пари	19	**47.5**	5	25	11	**55**
пиратерија, кражба и фалсификување на интелектуална сопственост	6	15	1	5	8	40
компјутерски криминал	2	5	3	15	1	5
еколошки криминал	1	2.5	1	5	0	0
друго	2	5	2	10	1	5

Табела 13

Според резултатите од табелата 15, испитаниците од горе понудените облици, во голем степен на согласност ги издвоија трите најчести појавни облици на организиран криминал. Така, недозволената трговија со дрога и недозволената трговија со луѓе и криумчарењето мигранти, претставуваат главни криминални активности и главни извори на нивните нелегални приходи, додека преку спроведените активности на перење пари, овие структури најчесто ги внесуваат во економијата, градежништвото, образованието, медиумите и во други видови легални бизниси. Ваквиот резултат може да биде одраз на големиот број откриени и процесуирани криминални случаи врзани за овие три појавни облици на организираниот криминал.

Прашање бр. 7 Во етничка смисла, како се организирани структурите на организираниот криминал во вашата држава?

	Безбедносни Структури		Правосудни Структури		Финансиски Структури	
	ф	%	ф	%	ф	%
строго етнички	7	17.5	0	0	4	20
Мешовити	33	**82.5**	20	**100**	16	**80**
Вкупно	40	100	20	100	20	100

Табела 14

Добиените резултати од испитаниците, по однос на етничката компонента на структурите, укажуваат на висок степен на нивна согласност (над 80%) за фактот дека во државата дејствуваат структури на организиран криминал кои етнички се мешани. Ова може да биде резултат на мултиетничкиот карактер на државата, односно од фактот дека на релативно мал простор егзистираат голем број етнички заедници, како и резултат од заедничкиот интерес на криминалците без оглед на нивната етничка и верска припадност.

Според добиените одговори од испитаниците на прашањето која е целта и интересот на заедничкото дејствување на мешовитите (мултиетнички) криминални структури, произлегува дека тоа најчесто се стекнувањето профит и моќ, корумпирање на власта заради полесно спроведување на своите криминални активности, нивното влијание врз политиката и бизнисот со иста цел, полесно спроведување на активностите на перење пари, како и нивна контрола на поширока територија во државата населена со различно етничко население.

Прашање бр. 8 Дали имате сознанија за поврзаност на структурите на организиран криминал од вашата држава, со исти такви структури од државите во регионот на Југоисточна Европа, или пошироко на европско и светско ниво?

	Безбедносни структури		Правосудни структури		Финансиски структури	
	ф	%	ф	%	ф	%
Да	39	**97.5**	18	**90**	16	**80**
Не	1	2.5	2	10	4	20
Вкупно	40	100	20	100	20	100

Табела 15

Кај сите испитаници од државните структури постои висок степен на согласност(над 80%) за поврзаноста на структурите на организиран криминал од државата со исти такви структури од земјите од регионот на Југоисточна Европа и пошироко. Оваа висока согласност најверојатно е како резултат на меѓународната компонента на организираниот криминал, која меѓудругото го разликува од класичниот криминал. Тука е и пружање на помош помеѓу овие криминални структури во изведување и контролата над недозволените активности и заштита на нивните припадници, но оваа согласност може да биде и резултат на големиот број водени анти-криминални операции на меѓународно ниво, согласно тоа и од бројот откриени, документирани и процесуирани криминални случаи од областа на организираниот криминал.

Најголемиот број на одговори на прашањето за тоа од кои држави потекнуваат структурите на организиран криминал со кои најчесто соработуваат домицилните криминални структури, се однесуваат на соседните држави: Албанија, Бугарија и Србија.

Овие одговори најверојатно се резултат на близината со посочените држави како непосредни соседи, недоволно обезбедените државни граници, а во некои случаи тоа може да биде резултат на припадност на исти етнички заедници кои живеат од двете страни на границите, а согласно тоа и на роднинските врски на криминалците од овие држави.

Прашање бр. 8.2 Според вас, кое е нивото на таа соработка?

	Безбедносни структури		Правосудни структури		Финансиски структури	
	ф	%	ф	%	ф	%
високо	9	22.5	3	15	4	20
средно	29	**72.5**	12	**60**	11	**55**
Ниско	2	5	5	25	5	25
Вкупно	40	100	20	100	20	100

Табела 16

Од табелата 16 се гледа одговорот за нивото на соработка на структурите на организираниот криминал од погоре посочените држави, а која соработка испитаниците ја сместија на "средно ниво", со процент на согласност над 55%. Од ова може да се извлече заклучок дека ваквата меѓународна соработка на криминалните структури претставува сериозна закана и опасност за егзистенција на граѓаните, дестабилирање на државите од регионот и за нивно нормално функционирање.

Прашање бр. 9 Според вас, кои мерки најчесто ги превземаат структурите на организиран криминал за самозаштита и олеснување на своите активности?

	Безбедносни структури (40)		Правосудни структури (20)		Финансиски структури (20)	
	ф	%	ф	%	ф	%
контранабљудување над активностите на безбедносните структури	5	12.5	0	0	2	10
инфилтрација во безбедносните структури	25	**62.5**	3	15	11	**55**
користење на легални бизнис структури	28	**70**	11	**55**	11	**55**
користење современи комуникациски и информатички системи	5	12.5	10	**50**	3	15
фалсификување документи	11	27.5	10	**50**	12	**60**
користење прекари и“сленг” во меѓусебната комуникација	5	12.5	10	**50**	1	5
користење насилство	6	15	6	30	2	10
користење на влијание и корупција	32	**80**	15	**75**	8	40
користење на “оф-шор” држави	8	20	6	30	7	35
друго - нема одговор	-	-	-	-	1	5

Табела 17

Анализирајќи ги одговорите на испитаниците од табелата 17 може да се заклучи дека тие најголема согласност околу мерките на самозаштита кои ги превземаат структурите на организираниот криминал имаат за користењето на легални бизнис структури над 55%. Кај безбедносните и правосудните структури висок степен на согласност забележуваме кај мерката-користење на влијание и корупција(над 75%), а додека согласноста помеѓу безбедносните и финансиските структури согласноста ја забележуваме кај мерките-инфилтрација во безбедносните структури(над 55%) и фалсификување документи (над 50%). Според овие резултати, може да извлечеме заклучок дека структурите на организиран криминал за прикривање и заштита на своите недозволени активности и за заштита на своите членови најчесто прибегнуваат по четири мерки на самозаштита и тоа: користење на легалните бизнис структури во државата, користење на влијание и корупирање на државните структури, инфилтрирање во безбедносните структури, како и фалсификување на документите и нивната употреба за остварување на своите цели.

4. Прашања поврзани за симбиозата на структурите на организираниот криминал со легалниот бизнис, политичките и државните структури

Во оваа тематска целина беа барани одговори на поставените прашања кои се однесуваа на евентуалното постоење на симбиоза на организираниот криминал со легалните бизнис структури, постоење спрега со одредени политички структури, како и постоење поврзаност со државните структури задолжени за спречување на организираниот криминал. Во контекст на ова, беа барани и одговори за причините за така воспоставените врски и нивното ниво, како и за степенот на фрекфенција на методите кои ги користат структурите на организираниот криминал при извршување на криминалните активности.

Прашање бр. 10 Дали имате сознанија за постоење на симбиоза на структурите на организираниот криминал со легалните бизнис структури?

	Безбедносни структури		Правосудни структури		Финансиски структури	
	ф	%	ф	%	ф	%
Да	38	**95**	15	**75**	15	**75**
Не	2	5	5	25	5	25
Вкупно	40	100	20	100	20	100

Табела 18

Во табелата 18, кај припадниците на трите државни структури воочуваме висок степен на согласност (над 75%) за симбиозата на криминалните со легалните бизнис структури. Ова најверојатно е резултат од ноторниот факт дека структурите на организиран криминал најчесто и со мал ризик за нивно откривање го користат легалниот бизнис за перење пари, преку вложување на своите валкани пари заради продолжување на процесот на стекнување профит, но овој пат на легален начин, а со тоа и за прикривање на своите недозволени активности и прикривање на своите членови, претставувајќи ги пред јавноста како успешни бизнисмени.

Другите причини на вака воспоставената симбиоза според испитаниците се остварувањето профит, легализација на криминалните активности, стекнување на моќ и влијание во државата, коруптивноста на легалните бизнис структури, заедничкиот интерес и координираниот настап во спроведување на активностите, додека одговори не беа дадени во три случаи, што е занемарливо во случајов.

Прашање бр. 11 Дали имате сознанија за постоење симбиоза на структурите на организираниот криминал и одредени политичари/политички структури во вашата држава?

	Безбедносни структури		Правосудни структури		Финансиск и Структури	
	ф	%	ф	%	ф	%
Да	38	**95**	12	**60**	15	**75**
Не	2	5	8	40	5	25
Вкупно	40	100	20	100	20	100

Табела 19

Во одговорите од испитаниците воочуваме висок степен на согласност помеѓу нив за постоењето симбиоза на структурите на организиран криминал со одредени политички структури во државата, кој се движи од 60% до 95 %. Овие резултати претставуваат уште еден прилог во потврда на тезата дека развојот и постоењето на организираниот криминал во една држава не е можен без постоење врска на криминалните структури со делови од власта и политиката. Користа од оваа спрега ја извлекуваат и двете структури. Имено, политичарите ги користат услугите на криминалците за доаѓање на власт и нејзино зачувување, додека криминалците ги користат политичарите посебно оние на власт, заради олеснување на своите активности како и за заштита од кривичен прогон.

Прашање бр. 11.1 Доколку постои, кој е степенот на таа поврзаност?

	Безбедносни структури		Правосудни структури		Финансиски Структури	
	ф	%	ф	%	ф	%
висок	18	**47.3**	2	16.7	6	30
среден	17	**44.7**	10	**83.3**	11	**55**
низок	3	8	0	-	3	15
вкупно	38	100	12	100	20	100

Табела 20

Од табелата 20 се гледа дека размислувањата на испитаниците за степенот на симбиоза на структурите на организираниот криминал и одредени политичари/политички структури се разликува процентуално. Така, најзастапено е "средното ниво" на меѓусебна соработка, кое се движи од 44.7% до 83.3%. За средното ниво, како степен на соработка со највисок процент(83.3%) се изјасниле припадниците на правосудните органи, а со најнизок процент(44.7%) се изјасниле припадниците на безбедносните структури. Иако постои разлика во процентите на дадените одговори, во вкупна смисла тие треба да претставуваат загрижувачки сигнал за постоењето сериозни и реални закани од организираниот криминал поддржан од одредени политичари, или политички структури, за безбедноста на државата и граѓаните.

Прашање бр. 11.2 Која е најчестата причина за таа поврзаност?

	Безбедносни структури		Правосудни структури		Финансиски структури	
	ф	%	ф	%	ф	%
материјална корист	23	**57.5**	10	**50**	14	**70**
моќ и влијание	17	42.5	9	45	6	30
друго	-	-	1	5	-	-
вкупно	40	100	20	100	20	100

Табела 21

Од табелата 21, може да се види дека кај испитаниците од сите три државни структури постои повисок степен на согласност за фактот дека "материјалната корист"(над 50%) претставува и најчеста причина за симбиозата на криминалните структури и одредени политичари, или политички структури во државата, отколку за моќта и влијанието(над 30%) како "придобивка" од таа спрега. Од горното може да извлечеме заклучок дека парите се тие што криминалците и корумпираните политички структури ги преферираат пред останатите "придобивки" и се едни од главните мотиви за воспоставување на овие врски.

Прашање бр. 12 Дали имате сознанија за постоење на симбиоза на структурите на организираниот криминал и припадниците од државните структури задолжени за спречување на организираниот криминал во вашата држава?

	Безбедносни структури		Правосудни структури		Финансиски структури	
	ф	%	ф	%	ф	%
Да	39	**97.5**	8	40	8	40
Не	1	2.5	12	**60**	12	**60**
Вкупно	40	100	20	100	20	100

Табела 22

На поставеното прашање од табелата 22, висок процент на испитаници од безбедносните структури (97.5%) дале одговор дека располагаат со сознанија за постоење на симбиоза помеѓу структурите на организиран криминал и припадниците од државните структури задолжени за спречување на организираниот криминал, што може да претставува резултат на нивната оперативна поставеност на терен и непосредното добивање на сознанија во врска со некои непримерно воспоставени врски помеѓу овие субјекти. Релативно високиот процент на одговори на испитаниците од правосудните и финансиските структури(60%) за тоа дека немаат сознанија за постоење симбиоза на структурите на организиран криминал и припадниците од државните структури, можеби е резултат на методологијата на работа на правосудните органи изразена преку слабата оперативност на терен, додека кај финансиските институции тоа може да биде резултат од недостиг на сознанија заради релативно помалото искуство во нивното професионално работење. Најголемиот број од испитаниците, одговорите за причината на ваквата симбиоза ги лоцираат во потребата од взаемно стекнување на нелегален профит, потоа заради корумпираноста на дел од државните структури, стекнување моќ и влијание, давање на доверливи информации заради избегнување од откривање и превземање санкции против членовите на криминалните структури, како и заради вработувањето нестручни и неподобни кадри во државните структури задолжени за спречување на организираниот криминал. Но, напоменуваме дека имаше голем број и на неодговорени прашања за причините на таквата симбиоза, што сметаме дека е резултат на одредена доза на неискреност на испитаниците.

Прашање бр. 13 Која од овие две методи на дејствување(насилство и корупција)најчесто ги користат структурите на организиран криминал во вашата држава?

	Безбедносни структури		Правосудни структури		Финансиски структури	
	ф	%	ф	%	ф	%
Насилство	2	5	3	15	3	15
Корупција	38	**95**	17	**85**	17	**85**
Вкупно	40	100	20	100	20	100

Табела 23

Во врска со методите кои најчесто ги користат структурите на организиран криминал за остварување на своите цели, од табелата 25 може да видиме постоење на висока согласност(над 85%) на државните структури задолжени за спречување на организираниот криминал, за тоа дека корупцијата претставува нивна приоритетна метода. Ова би значело дека, криминалните структури денес преферираат користење на пософистициран и помалку опасен метод за нив заради остварување на своите приоритетни цели-парите и моќта.

5. Прашања за симбиоза на организираниот криминал и терористичките организации

Во овој дел од Прашалникот беа поставени две прашања со цел добивање одговори за евентуално постоење на симбиоза помеѓу организираниот криминал и тероризмот, како и за добивање проценка за нивото на опасност по државите и регионот од таквата евентуална поврзаност.

Прашање бр. 14 Дали имате сознанија за поврзаност на структури на организиран криминал од вашата држава со одредени терористички организации?

	Безбедносни структури		Правосудни структури		Финансиски структури	
	ф	%	ф	%	ф	%
Да	15	37.5	6	30	7	35
Не	25	**62.5**	14	**70**	13	**65**
Вкупно	40	100	20	100	20	100

Табела 24

Одговорите на испитаниците од трите државни структури со согласност од над 62.5%, укажуваат на фактот дека во овој момент структурите на организираниот криминал кои дејствуваат во државата, сеуште не создале сериозна симбиоза со некоја терористичка организација.

Прашање бр. 14.1 Ако постои, дајте проценка за нивото на опасноста од таа симбиоза во вашата држава и регионот?

	Безбедносни структури		Правосудни структури		Финансиски структури	
	ф	%	ф	%	ф	%
високо	1	6.7	1	16.7	4	20
средно	13	**86.6**	4	**66.6**	14	**70**
не постои опасност	1	6.7	1	16.7	2	10
Вкупно	15	100	6	100	20	100

Табела 25

Во табелата 25, проценката за нивото на опасност од евентуалната симбиоза меѓу структурите на организираниот криминал и одредени терористички организации кај безбедносните и правосудните структури е подведена на "средно ниво" и таа изнесува високи над 66.6 %. Но, споредувајќи ги одговорите на испитаниците од финансиските структури во табелите 24 и 25, може да забележиме контрадикторност во нивните одговори. Имено, иако во табелата 24 тие со 65% се изјасниле дека немаат сознанија за таков вид симбиоза, во табелата 25 даваат одговори со висок процент(70%), дека симбиозата на структурите на организираниот криминал и одредени терористички организации се наоѓа на "средно ниво". Одговорите нотирани во овие табели можеби се резултат на невнимателноста при читањето на поставените прашања, или се резултат на неискуството на испитаниците од финансиските структури.

6. Прашања поврзани со организационо-функционалната поставеност на државните структури за спречувањето на организираниот криминал

Во последниот дел од Прашалникот се обидовме од испитаниците да добиеме одговори за тоа каква е според нивно мислење организираноста, функционалноста и координацијата на државните структури задолжени за спречување на организираниот криминал, потоа кое е нивото на едуцираност на нивните припадници, каква е нивната материјално-техничка опременост, како и за тоа кои би биле идните чекори за подобрување на нивната целокупна ефективност и ефикасност. Успешно спречување на активностите на организираниот криминал меѓу другото, претпоставува и добра меѓународна соработка помеѓу државите, како и помеѓу државите и меѓународните организации, па од таа причина побаравме одговор и за нивото на таа соработка. На крајот од испитаниците побаравме мислење за можниот степенот на закана од организираниот криминал по безбедноста на државите во наредните пет години, како и нивни предлози и забелешки во врска со ова научно истражување.

Прашање бр.15 Според ваше мислење дали вашите државни структури се добро организирани за спречување на организираниот криминал?

	Безбедносни структури		Правосудни структури		Финансиски структури	
	ф	%	ф	%	ф	%
Добро	4	10	11	**55**	9	45
делумно добро	34	**85**	9	45	11	**55**
Слабо	2	5	0	0	0	0
Вкупно	40	100	20	100	20	100

Табела 26

Во врска со степенот на организираност на државните структури за спречување на организираниот криминал испитаниците од безбедносните и финансиските структури дадоа најголем број одговори дека државните структури се организирани "делумно добро"(над 55%), а испитаниците од правосудните структури дадоа најповеќе одговори дека тие се "добро" организирани(55%). Од сето ова може да изведеме заклучок дека спремноста и организираноста на државните структури задолжени за спречување на организираниот криминал кои се на прикажаните нивоа, остава простор за нивно преструктуирање и дополнителна реорганизација согласно современите текови и барања.

Прашање бр. 15.1 Според ваше мислење дали припадниците на вашите државни структури се добро едуцирани за спречување на организираниот криминал?

	Безбедносни структури		Правосудни структури		Финансиски Структури	
	ф	%	ф	%	ф	%
Добро	2	5	11	**55**	4	20
делумно добро	31	**77.5**	8	40	14	**70**
Слабо	7	17.5	1	5	2	10
Вкупно	40	100	20	100	20	100

Табела 27

Во однос на прашањето за едуцираноста и обученоста, висока е согласноста на испитаниците од безбедносните и финансиските структури(над 70%) за тоа дека таа е "делумно добра", додека испитаниците од правосудните структури со 55% се изјасниле дека овие државни структури се "добро" едуцирани. Сепак, сметаме дека е потребно да се продолжи со континуирана едукација на припадниците на државните структури со оглед на новите појавни облици на организираниот криминал, како и методологија на работа преку користењето на софистицирана комуникациска и информатичка технологија од страна на структурите на организираниот криминал, како би ги олесниле своите недозволени активности и би ги заштитиле своите припадници од откривање и кривичен прогон.

Прашање бр. 15.2 Според ваше мислење дали припадниците на државните структури се добро материјално-технички опремени за спречување на организираниот криминал?

	Безбедносни структури		Правосудни структури		Финансиски Структури	
	ф	%	ф	%	ф	%
добро	9	22.5	5	25	6	30
делумно добро	29	**72.5**	14	**70**	14	**70**
слабо	2	5	1	5	0	
вкупно	40	100	20	100	20	100

Табела 28

Во однос на материјално-техничката опременост на државните структури, испитаниците дадоа одговори со висок степен на согласност(над 70%) дека таа е "делумно добра". Ова би значело дека за успешно спречување на активностите на организираниот криминал потребно е меѓу другото, дополнително и континуирано опремување на овие државни структури со софистицирана опрема и средства за навремено и брзо препознавање, превенирање и спречување на тие криминални активности.

Во однос на прашањето за тоа кои чекори е потребно да се направат за подобрување на ефективноста и ефикасноста на припадниците на државните структури задолжени за спречување на организираниот криминал, најголемиот број добиени одговори се однесуваат на потребата од подобрување на едукацијата и професионализацијата на припадниците на државните структури, како и нивно материјално-техничко опремување со софистицирана опрема, нивна деполитизација и департизација. Востановувањето јасни процедури, стандарди и транспарентност во работењето, подобрување на стимулацијата и мотивацијата на вработените, како и подобарување на општествениот статус на припадниците од државните структури во општеството, се втората група добиени одговори.

Прашање бр. 16 Според вас, кое е нивото на меѓународна соработка помеѓу државите од овој регион и соработката со меѓународните организации за спречување на организираниот криминал?

	Безбедносни структури		Правосудни структури		Финансиски структури	
	ф	%	ф	%	ф	%
високо ниво	1	2.5	3	15	0	0
задоволува	18	45	14	**70**	10	**50**
делумно задоволува	20	**50**	3	15	10	**50**
не задоволува	1	2.5	0	0	0	0
Вкупно	40	100	20	100	20	100

Табела 29

Нивото на соработка помеѓу државите од регионот и меѓународните организации задолжени за спречување на организираниот криминал се движи помеѓу ниво "задоволува"(45-70%) и нивото "делумно задоволува"(50%) кај безбедносните и финансиските структури. Од добиениве резултати може да извлечеме заклучок дека нивото на меѓународна соработка е задоволително, но се остава простор и за нејзино дополнително проширување и зајакнување, од причини што спречувањето на организираниот криминал кој има глобален карактер, мора да се остварува на меѓународно ниво.

Прашање бр. 17 Дајте ваша проценка за степенот на закана од организираниот криминал за безбедноста на државите од регионот на Југоисточна Европа во наредните пет години?

	Безбедносни структури		Правосудни структури		Финансиски Структури	
	ф	%	ф	%	ф	%
висок	11	27.5	5	25	2	10
среден	26	**65**	9	**45**	13	**65**
низок	3	7.5	6	30	5	25
Вкупно	40	100	20	100	20	100

Табела 30

Во врска со проценката за степенот на закана од организираниот криминал кој го ограничивме за период од наредни пет години, испитаниците од безбедносните и финансиските структури овој степен на закана го оценија како "среден"(во 65%), додека испитаниците од правосудните структури се изјаснија исто за "среден степен" на закана, но со помал процент (45%). Разликата во резултати може да се протолкува како продукт на поголемата оперативна поставеност на терен на безбедносните и финансиските структури за разлика од правосудните. Сепак добиените резултати упатуваат на претпоставката дека испитаниците од државните структури сериозно ја сфатиле опасноста која со себе ја носи организираниот криминал и дека во иднина ќе биде потребно уште посериозно да се даде приоритет на превенцијата и спречувањето на неговите активности од причина што тој најверојатно ќе претставува водечка невоена закана за безбедноста на граѓаните, државите, цели региони и пошироко.

Запрашани зошто се одлучиле за тие одговори, испитаниците појаснија дека, сооглед на фактот што структурите на организиран криминал поседуваат огромни количини пари, но и заради порастот на криминалот, претпоставуваат во идниот период дека ќе постои реална можност за дестабилизација на државите и регионот. Според нив, а во прилог на горната констатација, оди и фактот што меѓународна соработка на државите и нивните безбедносни структури во регионот сеуште е незадоволителна. Дел од корумпираните безбедносни, правосудни и финансиски структури само ја стимуираат активноста и развојот на организираниот криминал. Партизацијата на овие државни структури, сеуште нецелосната приватизација на државниот имот и капитал, недовербата на граѓаните во државните институции, сиромаштијата, невработеноста, етничката нетрпеливост, продорот на криминалните структури во легалниот бизнис, според испитаниците, сеуште се едни од факторите кои влијаат на зголемување на степенот на закана од страна на организираниот криминал по безбедноста на државите и регионот во целина. Но, интересен е и фактот дека 22% од вкупниот број на испитаници не дале одговор на ова прашање, што може да се толкува како резултат на недоволно изградената свест кај дел од нив, за опасноста која ја носи организираниот криминал по безбедноста за државите, нивните граѓани и за регионот во целина.

На крајот, во врска со предлозите и забелешките за предметот на ова научно истражување, забележливо е дека скоро 45 % од испитаниците немаат дадено свои забелешки и предлози во врска спроведеното истражување. Сепак, според она што е дадено од испитаниците, може да се заклучи дека истражувањето ја исполнило целата за кое и било спроведено, дека Прашалникот е добро формулиран, предметот на истражувањето е актуелен и овозможува да се детектираат слабостите на државните структури задолжени за спречување на организираниот криминал, да се добијат сознанија за улогата на корумпираните политичари, бизнисмени и на дел од јавната администрација во развојот на организираниот криминал, како и да се воочат слабостите на планот на меѓународната соработка.

Со оглед на актуелноста на темата, според испитаниците потребно

е да се иницира и друго научно истражување со кое би се анализирале досега откриените и судски процесуирани случаи на организиран криминал во државата. Се со цел за да се извлечат соодветни заклучоци за во иднина, како и да се изврши анализа на позитивните практики на другите држави во спречување на организираниот криминал, со цел поефикасно спречување на активностите на организираниот криминал.

ЗАКЛУЧОК

Безбедноста како функција е неразделен атрибут на современата држава и нејзината цел е да ги заштити граѓаните и државните вредности од сите облици на загрозување. Остварувањето на безбедноста е основен приоритет на безбедносните структури, кои својата функција ја остваруваат преку препознавање на облиците на загрозување, на превентивен план со одвраќање, како и на репресивен план преку спречување и елиминирање на носителите на опасноста, согласно законите на државата. Од причини што одговорноста на државата за безбедноста на своите граѓани е недделива, непрекината и независна од политичките, социјалните и другите случувања таа треба да дејствува преку организиран систем на специјализирани државни структури кои преку меѓусебна координација ја спроведуваат нејзината заштитна функција на внатрешен и надворешен план, со цел остварување на саканото ниво на безбедност. Покрај армијата и полицијата, дел од нивните заштитни задачи денес ги остваруваат и правосудството, царината, финансиите, надворешните работи, приватниот сектор, како и невладиниот сектор.

Изворите на нестабилност во регионот на Југоисточна Европа произлегуваат од неговата геостретегиската положба, како и неговиот мултиетнички, мултирелигиски и мултикултурен карактер. Главните извори за неговата нестабилност претставуваат, слабата економија, недоизградениот правен систем и политичката нестабилност во дел од државите. Порастот на национализмот, етничките судири, ксенофобијата и големата невработеност, претставуваат одлична основа за појава и развој на современите невоени закани-организираниот криминал, тероризмот, еколошките и демографските катастрофи, подемот на неконтролираната миграција, техничко-технолошките акциденти и др. Овие закани би биле и главните причини за загриженост во однос на безбедноста на граѓаните, државите и регионот во годините што доаѓаат.

Еден од доминантните и најопасани облици на невоени закани е меѓународниот организиран криминал. Тој претставува негативен феномен, кој покрај загрозување на безбедноста на граѓаните го загрозува и идентитетот на државата, политичката устроеност и обликот на владеење во државата, како и начинот на кој останатите земји ја препознаваат и доживуваат таа држава во меѓународните односи. Од научен аспект, импликациите врз безбедноста на државите од Југоисточна Европа кои ги предизвикува организираниот криминал, најчесто се загрозување на темелите на современата држава и негирање на начелата на нејзиното демократско и правно уредување, поткопување на нејзината моќ и претставува сериозна закана за развојот на демократијата, владењето на правото и човековите права и слободи.

Организираниот криминал не претставува директна закана за територијалниот интегритет и суверенитет на државите, туку на индиректен начин ги загрозува економската, социјалната, политичката и внатрешната безбедност, како и нивната надворешна политика. Тој ги користи придобивките од глобализацијата-меѓународната трговија и финансиите, големата мобилност и миграција на населението, како и

развојот на модерниот комуникациско-информатички систем, отворените државни граници и нивната слаба контрола.

Една од карактеристиките на организираниот криминал е неговата пазарна ориентација, односно тој претставува "производен криминал". Неговите криминални структури се вид на организации кои произведуваат, вршат трговија, услуги, а истовремено настојуваат да ги придобијат за своја заштита дел од високите службеници од јавната администрација, дел од легалните бизнис структури, како и одредени политичари. Најголемата општествена опасност од организираниот криминал, произлегува од неколкуте негови карактеристики, кои го разликуваат од останатите видови криминал. Тоа се, високиот степен на организираност на неговите припадници, големата "жед" за пари и моќ, како и неговиот меѓународен карактер. Оваа последна карактеристика, е една од главните причини што современите држави почнаа да се откажуваат од догмата за национален суверенитет и да ја признаваат неопходноста од меѓународна соработка во спречување на организираниот криминал.

На национално ниво организираниот криминал ја загрозува внатрешната стабилност на државите преку влијанието врз нејзините клучни политички субјекти. На меѓународно ниво тој ги загрозува правилата, стандардите и институциите врз кои е создаден и врз кои функционира меѓународниот систем.

По распадот на СФРЈ, организираниот криминал се развиваше со брзо темпо во квантитативна и квалитативна смисла. Државите кои се наоѓаат во фаза на транзиција, држави ослабени од политичките, етничките и верските судири, што беше случај со дел од државите од регионот на Југоисточна Европа, станаа земји во кои многу лесно продре организираниот криминал. По преминот од ерата на социјализмот кон целосна либерализација на прекуграничната трговија, новосоздадените држави во овој регион, се соочија со редица проблеми од причини што промената не беше придружена со соодветна законска регулатива, како и со постоење на слабо и корумпирано правосудство и скромни економии. Овие фактори придонесоа за пораст на добро организираните меѓународни структури на организираниот криминал кои поседуваа големи финансиски ресурси.

Според анализата на добиените резултати од обемниот истражувачки материјал, дојдов до сознание дека недозволената трговија со дрога, оружје, моторни возила, недозволената трговија со луѓе и криумчарењето мигранти, недозволената трговија со стока за широка потрошувачка, како и пиратеријата и кражбите на интелектуалната сопственост претставуваат највносни криминални активности на структурите на организираниот криминал во државите од регионот на Југоисточна Европа. Профитот остварен од овие недозволени активности, преку криминалната активност на "перење пари" структурите на организираниот криминал го вложуваат во легалните токови, со што во голема мера ја поткопуваат безбедноста, како и економската и социјалната стабилност на државите.

Актуелноста на "Балканскиот пат" е резултат на трговската либерализација, добрата геостратегиска положба на Балканот во однос на земјите од Европската Унија како крајни дестинации, како и заради етаблираните и многу активни криминални структури од овој регион.

Според добиените најнови сознанија морското пристаништето Костанца во Р. Романија и каналот Рајна-Мајна-Дунав во последно време како главни влезови во Европската Унија, му овозможуваат на "Балканскиот пат" да стане нелегален пат со многу низок ризик за криминалните структури. Исто така, регионот на Југоисточна Европа, особено морските пристаништа во Албанија, Црна Гора и Романија, но и аеродромите во поголемите градови од овие држави, се повеќе претставуваат влезни точки и за кокаинот од Јужна Америка.

Според добиените резултати од емпириското истражување, најчестите појавни облици на организиран криминал во Р. Македонија покрај "перењето пари", се недозволената трговија со дрога и оружје, недозволена трговија со луѓе и криумчарење мигранти, недозволена трговија со украдени моторни возила, недозволената трговија со предмети од културно историско значење, како и извршување на кривични дела од областа на насилниот криминал, еколошкиот и компјутерскиот криминал.

Резултатите од истражувањето покажуваат дека структурите на организираниот криминал не се оптоварени од етнички предрасуди, бирократски препреки, политички разлики како и од различните политички уредувања на државите од регионот. Поради тоа тие меѓу себе на регионално и на меѓународно ниво соработуваат многу поефикасно од владите и нивните безбедносни структури. Во регионот на Југоисточна Европа тие се главно мултиетнички и се карактеризираат со значително ниво на флексибилност, прилагодливост и иницијатива, така да може да се очекува дека тие ќе бидат способни да се соочат со сите предизвици што ги носи новото време.

Еден од основните методи на работа на овие структури во регионот на Југоисточна Европа е вложувањето големи суми на нелегално стекнати пари во легалните токови на државите и корумпирање на државните службеници од јавната администрација со цел навремено добивање доверливи безбедносни информации и остварување на силно влијание врз текот и исходот на судските постапки против неговите припадници. Овие структури денес, многу повеќе отколку досега соработуваат едни со други, овозможувајќи си логистичка подршка со цел проширување на своите криминални активности.

На организираниот криминал кој денес оперира на глобално ниво, мора да се одговори со создавање на ефикасен систем на глобална заштита, преку поврзување и координирање на активностите на безбедносните структури од државите на Југоисточна Европа и пошироко. За негово спречување потребна е соработка на граѓаните со државата и соработка помеѓу државите. Но од истражувањето може да заклучиме и дека за спречување на организираниот криминал и корупцијата како негов составен дел, не е доволно само постоење политичка волја, туку финансиски средства, адекватни и применливи закони, кои ќе ја пронајдат рамнотежата помеѓу реализацијата на безбедносните активности за негово спречување и почитувањето на човековите права.

Заштитата од организираниот криминал, мора да ги подразбере и активностите за превземање на разновидни мерки на превенција, пред се ригорозна контрола на службениците од јавната администрација, искоренување на корупцијата, како и развивање на јавна свест за

неопходноста од вклучување на сите релевантни државни институции, политичките фактори и целокупната јавност во спречувањето на организираниот криминал. Неговото препознавање, откривање и спречување, бара примена на посебни механизми, како и создавање и дефинирање на адекватна стратегија, од страна на државите и меѓународните организации задолжени за негово спречување.

Прогнозата за во иднина е дека корупцијата ќе биде еден од најчесто користените методи на организираниот криминал, а активностите кои е потребно да се превземат во иднина. Единствен метод кој би гарантирал намалување на корупцијата на едно подносливо ниво, е елиминирање на причините, условите и околностите кои ја продуцираат и ја промовираат корупцијата. Согласно ова, вистинските резултати би се постигнале преку нејзино превенирање, додека нејзиното спречување би претставувало само корективна мерка.

Во денешни услови спречувањето на организираниот криминал често е неуспешно, од причини што потешко се докажуваат неговите криминални активности заради распространетоста на корупцијата, како и заради фактот што неговите криминални структури имаат изградено цврсти системи на самозаштита, а поседуваат и голема финансиска моќ. Според резултатите од истражувањето, слабиот одговор на државите на организираниот криминал најверојатно се должи на недоволните државни ресурси, неефикасните и неедуцирани припадници на безбедносните и правосудните структури, но и како резултат на нивната корумпираност, како и се поочигледниот притисок на политичките структури врз безбедносните.

Познато е дека ниту една држава не може да се бори самостојно против организираниот криминал, особено не со традиционалните репресивни средства. Исто така, е познато и дека безбедносните структури не можат сами и одвоени од другите државни системи, граѓаните и општеството, ефикасно да се спротиставуваат на организираниот криминал. Затоа, тенденцијата е сите држави од регионот од Југоисточна Европа, во иднина да воспостават систем на вредности во кои нема да постои ни најмал степен на толеранција кон криминалот, а силната меѓудржавна и регионална соработка треба да претставува еден од клучните инструменти за успешно спречување на криминалот.

Недостатокот од сознанија за вистинската моќ и траење на светската економска криза, која не ја одмина и Р. Македонија, како и за динамиката на активностите на сите заинтересирани субјекти, не овозможува да се дадат точни и веродостојни проценки за ефектите од заканите на организираниот криминал во државите од Југоисточна Европа. За таа цел, се налага потребата од ново научно истражување и анализа на факторите кои придонесуваат за создавање услови за непречен развој и дејствување на организираниот криминал, пред се високото ниво на "сивата економија" и т.н. "црни пазари" и нивното проширување во услови на економска криза и намалување на куповната моќ на граѓаните. Втор момент кој заслужува внимание за анализа би бил фактот што користењето на нелегална работна снага би играла важна улога во развојот и профитот на организираниот криминал.

Заради поуспешно препознавање, превенирање и спречување на организираниот криминал, покрај другото, неопходно е вниманието на

безбедносните институции да се насочи кон криминалните структури и кон клучните криминалци, кон начинот на кој функционираат, на финансиските димензии, нивната способност за комуницирање внатре и со другите криминални структури. Според мене, иманентната цел не треба да биде само едноставно казнување на сторителите, туку таа треба да биде разбивање и уништување на криминалната структура на која тие и припаѓаат, како и замрзнување, а подоцна и конфискување на целокупниот движен и недвижен имот кој тие го стекнале на недозволен начин. Конфискацијата, или одземањето на оваа противправната имотна корист е неопходно од причини што таа е најчесто изразена преку пари, а тие покрај стекнување моќ, се еден од главните цели на организираниот криминал, а со тоа и негова "ахилова пета". На овој начин очекувам, државите од регионот поефикасно да влијаат на редуцирање и спречување на криминалните активности и на бројот на нивните извршители, повеќе отколку преку изречените ефективни казни затвор.

Со цел превенирање и спречување на организираниот криминал, државите ќе мораат да ги искористат сите демократски инструменти со кои располагаат и тоа на национално и меѓународно ниво. На национално ниво тоа би било изразено преку подобрување на соработката и довербата помеѓу граѓаните и државата, како и соработката помеѓу различните безбедносни структури во иста држава. На меѓународно ниво, тоа би се остварувало преку воспоставување и почитување на потпишаните и ратификувани билатерални и мултилатерални договори помеѓу државите и меѓународните организации од областа на безбедноста, правосудството и финансиите, но и преку воспоставување поблиска оперативна соработка помеѓу нив, изразена преку водење на заеднички полициски операции против меѓународните структури на организираниот криминал. Во таа насока, државите во своите буџети треба да планираат и поголеми средства за активностите на безбедносните, финансиските и правосудните структури, за опремување со нови технологии, како и превземање мерки за надминување и елиминирање на административните и бирократските бариери кои претставуваат реална пречка за воспоставување на ефикасна меѓународна соработка најнапред помеѓу полициските организации и правните системи на државите од регионот на Југоисточна Европа.

Активностите на меѓународниот организиран криминал ќе се зголемуваат во наредниот период, заради познатиот факт дека структурите на организиран криминал се меѓу главните корисници на придобивките од глобализацијата. Од тие причини, прогнозата е дека препознавањето, превенирањето и спречувањето на организираниот криминал во државите од регионот на Југоисточна Европа, би требало да оди во неколку правци и тоа: најпрвин преку признавање на постоење организиран криминал од страна на државите, зголемување на свеста кај институциите и граѓаните за неговите импликации врз безбедноста и другите опасности кој тој ги носи, како и преку подобрување на законската регулатива која би била хармонизирана со Европската регулатива. Според резултатите од истражувањето, за во иднина се налага и потребата од извршување на сериозни и темелни реформи на безбедносните и правосудните институции, соодветна проценка за заканите и последиците од организираниот криминал. Потребата од сериозни анализи на собраните криминалистичко-разузнавачки

информации за активноста на структурите на организиран криминал, за средината каде делуваат, за нивната финансиска моќ, структура и потенцијал, за најчестите појавни облици, како и за капацитетите на организираниот криминал за корумпирање на власта и политичарите, ќе треба да бидат во врвот на листата приоритети на безбедносните служби на земјите од регионот на Југоисточна Европа. Резултатите од истражувањето ја наложуваат и потребата од современа едукација на припадниците на безбедносните структури и нивно материјално-техничко опремување со софистицирана опрема, како и потребата од поголема и потесна меѓународна соработка необременета со бирократски пречки, преку размена на конкретни и корисни информации и пружање взаемна правна помош согласно потпишаните и ратификувани меѓународни договори.

Улога на невладините организации како значајни фактори во севкупните активности на државите за спречување на организираниот криминал мора да биде препознатлива преку спроведување на активности и кампањи за подигнување на свеста на граѓаните од опасноста и негативните импликации врз безбедноста на државите од организираниот криминал; преку создавање на амбиент во кој ќе се заговара висок степен на заштита на оние граѓани кои ќе ги пријавуваат кривичните дела и сторители на организираниот криминал; преку перманентно и навремено информирање на јавноста за резултатите од активностите на државните институции во спречување на организираниот криминал, како и преку нивно учество во реализација на проекти за остварување на поставените цели во националните стратегии за спречување на организираниот криминал.

Од причини што медиумите имаат силно влијание во формирањето на јавното мислење и свест кај граѓаните за опасноста од организираниот криминал и за препознавање на облиците преку кој тој најчесто се исполува, потребно ќе биде обелоденување и разоткривање во јавноста во целост на криминалните случаи и симбиозата помеѓу криминалните структури, службениците од јавната администрација, бизнис елитите и политичарите следени со големи корупциски скандали. Според мене, на овој начин медиумите ќе дадат значаен придонес за запознавање на граѓаните со негативните импликации на организираниот криминал врз безбедноста на државите и самите граѓани, како и во формирањето на јавното мислење кај нив за спротиставување и силна осуда на недозволените активности на организираниот криминал и на неговите припадници.

Новодобиените сознанија во докторската дисертација ќе треба да влијаат на државната реакција за зајакнување на превенцијата и спречувањето на условите за појава и развој на организираниот криминал, кој имплицира нарушена безбедносна состојба во државите од Југоисточна Европа. Од друга страна, резултатите од ова истражување треба да иницираат востановување на нови законски и подзаконски акти, измени и надополнувања на веќе постојните со значење и примена на национално и регионално ниво, потпишување и ратификување на билатерални и мултилатерални договори. Покрај ова, во докторската дисертација се иницира и создавање на нов можен модел на соработка на државите од Југоисточна Европа преку формирање на две нови институции-Центри за координација за што поефикасно спречување на

организираниот криминал-"Регионален Центар за спречување на организираниот криминал во Југоисточна Европа", со "Подцентар за Балканот".

По извршената компаративна анализа на достапниот материјал и добиените резултати од спроведеното истражување за проверка на зададените хипотези во докторската дисертација, успеано е да се потврди дека организираниот криминал како современа невоена закана со сите свои појавни облици, влијаејќи врз целокупниот општествено-политички, социјален, културен и економски живот на државите стана еден од примарните облици на загрозување на нивната и безбедноста на граѓаните. Благодарејќи на глобализацијата, организираниот криминал како национална и регионална закана имплицира небезбедност на државите, придонесува за нивна криминализација, особено кога криминалните групи се длабоко инволвирани во политичкиот, економскиот и јавниот живот во државите. Дел од корумпираните институции на државната власт на сите нивоа, создава ситуација граѓаните да се чуствуваат несигурни и исплашени што доведува до губење на довербата во државата и нејзината моќ да ги заштитува.

Според досега изнесеното, стабилната безбедност во државите и целиот регион на Југоисточна Европа, би се одржувала преку стабилизацијата на економиите, јакнење на националната безбедност, јакнење на меѓусебната доверба на државите, како и стабилизирање и зацврстување на нестабилните држави. Изградбата на стабилни држави засновани на либерални принципи, создавањето нова современа економија преку слободниот проток на капитал, јакнење на приватниот сектор, создавање на стабилни финансиски институции и владеењето на правото, ќе помогнат за јакнење на безбедноста и на процесот на демократизација и понатамошен развој на регионот на Југоисточна Европа во целина.

Со оглед на тоа што до денес сеуште не е изготвена "Националната Стратегија за спречување на организираниот криминал" во Р. Македонија, како составен дел на "Националната Стратегија за безбедност" на Р. Македонија, наметнувам предлог таа што е можно поскоро да биде изработена и ставена во функција како основен документ, кој би ги обединил и ставил во функционална врска останатите национални стратегии, кои секоја од свој аспект го третираат проблемот со организираниот криминал. Основните цели на стратегијата би требало да бидат: развивање на проактивен пристап во спречување на организираниот криминал; зголемување на ефикасноста на државните институции со почитување на принципите за превентивно и репресивно дејствување, замрзнување и конфискација на имот и други приноси од криминални дела; хармонизација на домашното со меѓународното законодавство; јакнење на државните капацитети (човечки и материјално-технички); јакнење на соработката помеѓу државните институции, приватниот сектор и цивилното општество на национално ниво, како и јакнење на меѓународната соработка помеѓу државите и заинтересираните институции задолжени за спречување на организираниот криминал на регионално и меѓународно ниво.

Спречувањето на активностите на организираниот криминал во Р. Македонија, треба да претставува широка општествена акција, во која ќе бидат вклучени сите државни институции и заинтересирани

организации, стопанските субјекти, невладините организации, медиумите и се разбира граѓаните. На овој начин ќе се обезбеди безбедност за граѓаните, безбедност за самата држава и заштита на нејзините витални интереси, а со самото тоа ќе се даде и придонес за севкупната безбедност во регионот и пошироко.

БИБЛИОГРАФИЈА:

A.Mergen, *Die Kriminologie-Eine systematische Darstellung*, 3. Auflage, " Verlag Franz Vahlen" München, 1995

Бабовић Б.-*"Полиција у свјетском поретку"*, Неа, Београд,, 1997.

Бабовић Б.-*"Интерпол: Мит и стварност"*, Београд, Глобус, 1986

Бакрески О. - *"Контрола на безбедносниот сектор"*, Филозовски Факултет, Аутопринт Т.А, Скопје, 2008

Бакрески О. -*"Координација на безбедносната заедница на РМ"*, Филозофски факултет, Маринг, Скопје, 2005

Бакрески О.- *"Регионалната соработка и координацијата како предуслов за побрзо членство во НАТО"*, Министерство за одбрана на Р Македонија, Скопје, 2003

Božilović-Petrović G.-*"Organizovani kriminal-korupcija i mito"*, Beograd, 2004

Бошковић Г. – *" Организовани криминал"*, Криминалистичко-полицијска академија, Београд, 2011

Бошковић М.-*"Организовани криминалитет"* (први и други део) Полицијска Академија, Београд, 1998

Бошковић М.- *"Облици организованог криминалитета и методи супростављана"*, Полицијска академија, Београд, 1994

Бошковић М. –*"Организовани криминалитет и корупција"* Висока школа унутрашњих послова, Бања Лука, 2004

Buzan B.-*"People, States and Fear: An Agenda for International Security Studies in the post-Cold War Era"*, London: Harvester Wheatsheaf, 1991

Вујаклија М.-*" Лексикон страних речи и израза"*, Просвета, Београд, 1980

W. Bruggeman, - *"New Ways of Policing in Combating Transnational Organized Crime"*, the Hague, 9 October 2003, стр.1, 2, 4

Galijasević Dž. -*"Era terorizma u BiH"*, Filip Visnić, Beograd, 2007

Grozold A. Tatalović S. i Cvrtila V.- *"Savremeni sistemi nacionalne sigurnosti"*, Fakultet političkih znanosti u Zagrebu, Zagreb, 1999

Grudzinski P. and Peter van Harm, - *A critical Approach to European Security, Identity and Institutions*, Pinter, 2005

Gyarmati I and Scott V. - *Security Sector Governance in the Western Balkans*, Baden-Baden, 2004

Георгиева Л.- *"Менаџирање на ризици"* Филозофски факултет, "Југореклам", Скопје, 2006

Георгиева Л.- *"Творење на мирот"*, Студио АДА, Скопје, 1999

Гоцевски Т. –*"Основи на системот на национална одбрана"* Филозофски факултет- Скопје, "Киро Дандаро", Битола, Скопје, 2005

Гоцевски Т. Бакрески О. Славевски С.-*"ЕУ низ призмата на Европската безбедност"*, Филозовски факултет, Скопје, 2007

Гоцевски Т. Бакрески О. Славески С. Георгиева Л.- *"Интересите на Република Македонија во градењето на европската безбедност"*, МАНУ-Центар за стратегиски истражувања, Филозофски факултет Скопје, Скопје, 2008

Димитријевић В. – *" Људска права и демократија, Свет и Југославија"*, Пословна политика, Београд, 1991

Игњатовић Ђ. - *"Криминологија"*, Полициска академија, Београд, 1992

Игњатовић Ђ.-*"Организовани криминалитет"* (други део), Полицијска академија, Београд, 1998
Jaganjac J.-*" Sigurnost u sistemu znanosti"*, Odjek, Sarajevo, 2009
Камбовски В. Наумовски П.-*"Корупцијата- најголемо општествено зло и закана за правната држава"*, Скопје, 2002
Камбовски В.- *"Организиран криминал"*, "2-ри Август С" - Штип, Скопје, 2005
Котовчевски М. -*"Национална безбедност на Република македонија"*(1, 2, 3 дел), Македонска цивилизација, Скопје, 2000
Котовчевски М.- *"Разузнавачко безбедносните заедници на државите во Југоисточна Европа"*, Филозофски факултет, Скопје, 2007
Котовчевски М. – *"Национална безбедност"*, Филозофски факултет, Скопје, 2011
Лајман М., Потер Г.-*"Организиран криминал"*, Магор, Скопје, 2009
Манојловић Д.*"Организоване криминалне групе"*, БеоСинг, Београд, 2006
Masleša R. –*"Teorije i sistemi sigurnosti"*, Magistrat, Sarajevo, 2001
Matić B. – *"Geopolitički ključ za sudbinu "veriga sveta"-"tajna Balkana"*, SKC, Beograd, 1995
Midendorf V. -*"Konvencionalni i novi kriminalitet"*, Beograd
Милосављевић М.- *"Илегалне миграције, криумчарење и трговина људима"* Securitas, Федерални МУП, Сарајево, 2002
Mileta V. - "*Leksikon Evropske Unije*", Politicka kultura, Zagreb, 2003
Милески Т. – *"Еколошка безбедност"*, Филозофски Факултет, Скопје, 2006
Нацев З. Начевски Р.- *"Безбедноста и националната одбрана"*, Македонска ризница, Куманово, 2001
Нишић С. - *"Глобална сила и безбедност Балкана"*, Београд, 2002
P.Paleri "*National Security-imperatives and challenges*", Tata McGraw-Hill Publishing CoLtd, New Delhi , 2008 str 125-132
Plevnik J. – *" Iza globalizacije"*, Zagreb, 2003
Рајкел Ф.(уредник) - "*Транснационален криминал и Правда*"- ДатаПонс, Скопје, 2009
Рајкел Ф.(уредник)Вајт.Џ - "*Транснационален криминал и Правда - Тероризам во транзиција"* ДатаПонс, Скопје, 2009
Рачић О. Димитријевић В. – *"Међународне организације"*, Савремена администрација, Београд, 1980 година
Салкић Х. – *"Учешће Царинске Управе федерације БиХ у откривању и сузбијању илегалних миграција и трговине људима на подручју Босне и Херцеговине"* Securitas, Федерални МУП, Сарајево, 2003
Singer M. - *"Kriminologija"*, Zagreb, 1997
Славевски Т. *"Организираниот криминал и корупцијата- економски аспекти"*, Правен факултет, Скопје, 1996
Стајић Љ. Гилановић Ч. – "*Основи безбедности*", Полициска академија у Београду, Београд, 1994
Тасева С. – "*Перење пари*", ДатаПонс, Скопје, 2003
Tatalović S. Grizold A. Cvrtila V. – *"Suvremene sigurnosne politike"*, Zagreb, 2008
Tatalović S. Bilandžić M.– "*Osnove nacionalne sigurnosti*", MUP R. Hrvatske, Zagreb, 2005

Taylor, P. – "*International Organization in the Modern World: The Regional and the Global Process*", London, 1993
Faladžić A. –"*Korupcijska krivična djela-normativni i kriminalistički aspekt*", Sarajevo, 2008
Фатић А. – "*Криминал и друштвена контрола у Источној Европи*", Институт за међународну политику и привреду, Београд, 1977
Faladžić A. –"*Korupcijska krivična djela-normativni i kriminalistički aspekt*" Sarajevo, 2008
Hadzić M.-"*Uloga Parlamenta u reforme sektora bezbednosti u državama Zapadnog Balkana*", Beograd, 2004
Шикман М.-"*Организовани криминалитет*", "БИНА", БањаЛука, 2011
Шкулић М. – "*Организовани криминалитет*", Досије, Београд, 2003
Шкулић М. "*Организовани криминалитет-појам и кривичнопроцесни аспекти*", Досије, Београд, 2003

СПИСАНИЈА И ПУБЛИКАЦИИ

Анѓелески М.- *"Основни криминалистички теоретски проблеми на борбата против организираниот криминалитет"*, Правната држава и организираниот криминалитет - научен проект на Правниот факултет во Скопје, Скопје, 1966
Арнаудовски Љ. – "*Меѓусловеност и меѓузависност на тероризмот и организираниот криминал*", Научен труд, Скопје
Арнаудовски Љ.–"*Организираниот криминалитет, феномен на денешницата*", МРКПК 2000/01, Скопје, 2002
Baldwin D. – *"The concept of security"*, Review of International Studies, Vol. 23, 1997
Blacksell M. and Williams A. - *The European Challenge, Geography and development in the European Community*, Oxford, 1994
Bossard A.- *"Policiska suradnja u Evropi"*, Izbor, Zagreb, 1981
Bossard. A. – "*Police Cooperation in Europe, International Criminal police*" Review, No 343, Paris, 1980
Brezigar B.- *"Eurojust, EVRO PP- Evropsko pravo in praksa"*
Buzan, B., Weaver, O. and de Wilde, J. (1998), *Security: A NewFramework for Analysis*, London: Lynne Rienner Publishers
Вилијамс Ф. – "*Перење пари*", Безбедност, бр.4,1997 година
Вилијамс Ф. - *"Транснационалните криминални организации, стратегиски алијанси"*, Безбедност, Скопје, 1995
Вилијамс Ф.-*"Транснационалниот и националниот организиран криминал и меѓународната безбедност"*, Безбедност бр.3, Скопје, 1997
Valleix C. – *Interpol*, Izbor, Zagreb, 1986
Van Caenegem R.C. - *European law in the Past and the Future, Unity and Diversity over Two Millennia*, University Press, Cambridge, 2002
Glasnik Privredne/Gospodarske komore Federacije Bosne i Hercegovine, Glasnik br.18, Sarajevo
Grubać M.- *"Organizovani kriminal u Srbiji"*, Zbornik radova Pravnog fakulteta u Splitu, br.46 4/2009
Гоцевски Т.- *"Унификација на политичките, економските и безбедносните системи, предизвик за мирот и безбедноста во услови*

на глобализација", Годишен Зборник на Филозофски Факултет, Скопје, 2008
Гупа автори : "*Глобализацијата, мирот и безбедноста"*, Министерство за одбрана на република Македонија, Филозофски Факултет Скопје, 2008, Скопје, стр.93, Котовчевски М. - "*Облици на криминално дејствување на транснационалниот организиран криминал"*
Група автори -*"Системска анализа на законската рамка и соработката меѓу надлежните институции во борбата против организираниот криминал"*, Фондација Институт Отворено Општество, Скопје, 2005
Група автори – *"Правната држава и организираниот криминал",* Правен факултет, Скопје, 1996
Drage J.- Countering money laundering Bank's Banking Division, London
Dimitrijević V. - *"Međunarodni terorizam",* Zbornik pravnog fakulteta br.1-2, Zagreb, 1979
Durić, "*The Economic Development of Montenegro"*, во: Bieber, Florian (ed), "*Montenegro in Transition. Problems of Identity and Statehood"*, Nomos Verlagsgesellschaft, Baden-Baden, 2003, стр. 140
Europol - *European Union Organized Crime Report*, Luxemburg, 2004
Europol - *European Union Organized crime threat assessment*, Public Version , The Hague, *2006*
Европол - "*Проценка на Европската унија за заканите од организираниот криминалитет"*, Хаг, 2006
Игњатовиќ Ѓ. - *"Земјите во транзиција и организираниот криминалитет"*, Годишник на Факултетот за безбедност, Скопје, 2001
Ignjatović Đ. –"*Kriminalistički aspekti delikata nasilja, delikti nasilja*", Institut za kriminološka i sociološka istraživanja, Beograd, 2002
"Joint Statement, Ministerial SEECP Meeting/Regional Forum of MARRI", Herceg Novi, April 2004
James O'Donnell, *"Albania's Sigurimi: The Ultimate Agents of Social Control",* Problems of Post-Communism. Vol.6, No.6, November/December 1995
Javorović B. – "*Terorizam*", Policija i sigurnost, Zagreb, 1-2/1997
Jerković R. – *"Visokotehnološki kriminal: akteri i žrtve",* Revija za bezbednost br. 3/09, Centar za bezbednosne studije, Beograd, 2009
Камбовски В. и др. – *Билтен бр.1(Борба против организираниот криминал во Република Македонија),* Фондација Институт Отворено Општество Македонија, Скопје, 2006
Камбовски В. и др. – *Билтен бр.3 (Борба против организираниот криминал во Република Македонија),* Фондација Институт Отворено Општество Македонија, Скопје, 2007
Канцеларија на ООН, МВР, МП, МФ, UNPREDEP - *"Нов пристап во борбата против организираниот криминал"*, Скопје, 1997
Kešetović Ž. – *"Ilegalna trgovina biljnim i životinskim vrstama kao oblik organizovanog kriminala",* Revija za bezbednost br. 4/09, Centar za bezbednosne studije, Beograd, 2009
Кешетовић Ж, Бајагић М. – " *Борба против међународног тероризма-правни аспекти*", Зборник радова, Висока школа унутрашњих послова, Бања Лука, 2003
Kennedy G.- "The Planetary Interest", Cambridge, 1995

King G. and Murray C. – *"Rethinking Human Security"*, Political Science Quarterly, Vol. 116, No. 4, 2001-2
Korž V. - "*Korupcijske veze organizovanih kriminalnih grupa i organizacija-kriminalistička analiza*", Bezbednost 6/02, Beograd, 2002
Костовска Љ. – *"Кризата на транзиционите економии и илузијата за глобализација на светската економија"*, Прилеп, 1998
Костовска Љ.- *"Апсурдите на една економска политика"*, Скопје, 1998
Kovčo-Vukadin I. –*"Kriminalitet na području Jugoistočne Evrope"*- Hrvatski letopis za kazneno pravo i praksu, br.1/2008, Zagreb, 2008
Kuster D. - *"Organized crime, corruption and power"* Crime Law&Social Change, Kluwer Academic Publishers, Tilburg, 1997
Lazarević Lj. – *"Delikti nasilja-krivično pravni delkti"*, Institut za kriminološka i sociološka istraživanja, Beograd, 2002
Long D.-*" The Anatomy of Terrorism"*, Free Press, New York, 1990
Makarenko T. - "*The Crime-Terror Nexus*", London: Hurst & Co., (Forthcoming December 2003)
Mappes - Niedek, N., *Balkan – Mafia. Staaten in der Hand des Verbrechens – Wine Gefahr für Europa* p.79.
Марковић И. – *"Трговина људима као облик организованог риминалитета"*, Криминалистичке теме, бр. 3-4/2003, Факултет криминалистичких наука, Сарајево, 2003
Massari M. -*"Transnational organized crime between myth and reality: The social construction of a threat."* In Organized Crime and the Challenge to Democracy, ed.Allum,F. and Siebert, R. New York, London: Routledge. 2008
Матевски З.- "*Социолошки аспекти на организианиот криминал и корупцијата*", Скопје
Matić G. – "*Nova bezbednosna politika Republike Srbije*", Pravni informator, Beograd, 2009
Меѓународна Организација за Миграции(ИОМ) - *"Практикум за борба против трговијата со луѓе и нелегална миграција"* Скопје, 2005
Mijalkovski M. – "*Organizovani kriminal–najopasniji oblik ugrožavanja bezbednosti države*", Revija za bezbednost, br.12/08, Centar za bezbednosne studije, Beograd, 2008
Mijalković S.-*"Obaveštajno-kriminalistički aspekti suprostavljanja automafiji"*, rad izložen na međunarodnoj konferenciji *"Politika suprostavljanja organizovanom kriminalu"*, Centar za bezbednosne studije, Beograd, 2008
Møller, Bjørn: Common Security and Non-Offensive Defense. A Neorealist Perspective (Boulder, CO: Lynne Rienner, 1992); idem: Resolving the Security Dilemma in Europe. The German Debate on Non-Offensive Defence (London: Brassey's, 1991); i idem: The Dictionary of Alternative Defence (Boulder, CO: Lynne Rienner, 1995); ili Bahr, Egon & Dieter S. Lutz (eds.): Gemeinsame Sicherheit. Konventionelle Stabilität. Bd. 3: Zu den militärischen Aspekten Struktureller Nichtangriffsfähigkeit im Rahmen Gemeinsamer Sicherheit (Baden-Baden: Nomos Verlagsgesellschaft, 1988).
Naylor R.T. - *Follow-The-Money Methods in Crime Control Policy, A Study prepared for the Nathanson Centre for the Study of Organized Crime and Corruption*, Toronto, 1999
Николовска Н. – *"Во идеолошка матрица на неоколонијализмот"*, Економски магазин, Скопје, 1997

OCTA 2009, *EU Organized Crime Threat Assessment*, European Police Office, 2009
OCTA 2011, EU Organised Crime Threat Assessment, - Analysis & Knowledge, File no. 2530-274, Hague, 28.04.2011
"Oslobodjenje" - *"BiH je značajna karika u lancu trgovine drogom"* Sarajevo, 24.12.2006
P.Paleri "*National Security-imperatives and challenges*", Tata McGraw-Hill Publishing CoLtd, New Delhi , 2008 str 125-132
Pecat J. - *"Profesionalni kriminalitet ili kriminalitet kao zanimanje"* (Priručnik), Zagreb, 1983
Petar H. - *"Counter-Terrorism and the Use of Force in International Law"*, The Marshall Center, European Center for Security Studies, Papers, No. 5, 2003
Picarelli J. – *"Transnational Organized Crime"* In Security Studies: An Introduction, ed P. Williams, New York, London: Routledge.
Прленда А.–*"Организовани криминалитет и регионална сигурност"*, Криминалистичке теме бр. 3-4/2003, Факултет криминалистичких наука, Сарајево, 2003
Project *"Migrations, Combating Trafficking in Persons: Valorisation and Social Inclusion of Victims"*-Georgios A. Vanikiotis - "Human Trafficking and National Plans: The Hellenic Perspective", Lisbon, 2010
Рајкел Ф.-*"Прирачник за Транснационален криминал и правда"*, (Маршал К. Робинсон Х. Квак Д).-*"Компјутерски криминал во храбриот нов свет")* - Дата Понс, Скопје, 2009
Рајкел Ф. - *"Прирачник за Транснационален криминал и правда"*, (Адлер К. Полк К.–*"Незаконска трговија со украдени антиквитети")* - ДатаПонс, Скопје, 2009
Рајкел Ф.- *"Прирачник за Транснационален криминал и правда"*, (Адлер К. Полк К *"Незаконска трговија со украдени антиквитети")* - Дата Понс, Скопје, 2009
Saćić Ž.- "*Korupcija i njezino suzbijanje u svetu i Hrvatskoj*", Policija i sigurnost, 1-2/1998, Zagreb
Saćić Ž . – "*Organizovani kriminal – metode suzbijanja*", Informator, Zagreb, 2001
Santiago M.- *"Europol and Police Cooperation in Europe"*, Criminology Studies, The Edwin Mellen Press, Lewiston, Queenston, Lampeter, 2000
Santino U.-"*Law Enforcement in Italy and Europe against Mafia and Organized Crime*", Yokohama, 1996
Savona E.- "*Organized crime Across the Borders, Preliminary Results*", HEUNI Papers No 6, Helsinki, 1995
Schott T. – " *Mafia-Mentalität und Parastaat*", Kriminalistik, No.8/00, Heidelberg, 2000
Schweitzer E. Glenn.A Faceless Enemy: "*The origins of modern terrorism*". Cambridge, Massachusetts: Perseus Publishing, 2002
Shcepanovic I. – *"Smuggling of weapons: Four Suspects Released"*, published in the Irish News (Belfast) October 17, 2002 (FBIS Document EUP200210117000122)
Shelley L.I. - "*Organized crime, terrorism, and cybercrime*"- www. american. edultrac
Stojarova, V. - "*Organized Crime in the Western Balkans*", HUMSEC Journal, Issue 1, str. 94, 97

The New York Times - *"Нова стратегија на САД против глобалниот организиран криминал"*, 25.07.2011
Transcrime, *The Contribution of Data Exchange Systems to the Fight against Organized Crime in the SEE Countries.* Стр.73
Transcrime, *The Contribution of Data Exchange Systems to the Fight against Organized Crime in the SEE Countries. Final Report for the Office of the Special Coordinator of the Stability Pact for SEE,* 2004, стр. 258-259
Trimcev, E. - "*Organized Crime in Albania: An Unconventional Securit Threat",* p.63
"Trieste Declaration on Judicial Co-operation and Legislative Harmonization", Trieste, 26-27 march 2001, http://www.ceinet.org/download/justice_trieste.pdf
U.S. Department of State. – "*International narcotics Control Strategy 2003",* March 2004
UNDP - *"Human Development Report"* New York: Oxford University Press(Online)Available: http://hdr.undp.org/en/media/hdr 1994 en contents.pdf.
UNICEF – " *Трговијата со луѓе во Југоисточна Европа, преглед на актуелната состојба и одговор за трговијата со луѓе во Албанија, Босна и Херцеговина, Хрватска и Македонија",* Канцеларија на Балканот, 2000
United Nations Development Program (UNDP) - "*Albanian Human Development Report",* UNDP, 2000
United Nations, Office on Drugs and Crime - Global Programme Against Transnational Organized Crime – *"Results of a pilot survey of forty selected organized criminal groups in sixteen countries",* UN, 2002
Fatić A. – *"Organizovani kriminal i obrisi nove strukture bezbednosti u Evropi",* Izvorni naućni rad, Beograd, 2004
Fatić A. – "*Organizovani kriminal kao predložak za kontrolnu politiku*"- Revija za bezbednost, br.1/10, Centar za bezbednosne studije, Beograd, 2010
ФИОО-Македонија,- *Билтен бр.3,* Скопје, март 2006
Frušić S. – *"Zaštita intelektualne svojine-uloga carinske službe u borbi protiv krivotvorenja",* Revija za bezbednost br. 5/07, Centar za bezbednosne studije, Beograd, 2007
Cavallaro J. – "*Kriminal, javni red i ljudska prava*", Fond za otvoreno društvo, Beograd, 2005
Cameron F. Mansion House - *The Foreign and Security Policy of the European Union,* Sheffield Academic Press, Sheffield, 1999
Център за изследване на демокрацията, -"*Корупция и контрабанда: мониторинг и превенция*", София, 2000
Centar za proučuvanje na demokratija, Rojters, AFP, Dnevnik.bg, Medijapul, Sofija Eko, News. Bg-28/01/09 Center for the Study of Democracy (2002)
CEI- the Working group on Combating Organized Crime, *"Operational Programme for the years 2007-2009"*, http://www.ceinet.org/download/WG_on_COC_Op_Programme.pdf
Compendium of International Anti-Money Laundering Conventions& Agreements – United States Department of the Treasury- Financial Crimes Enforcement Network, January, 1996, страна 49
Compendium of International Anti-Money Laundering Conventions&
Cook, Dee, Roberts, Martin and Lowter Jason, - *The international Wildlife Trade and Organized crime,* Wolverhampton, 2002

Council of Europe – *"Organized crime in Europe: The treat of cyber- crime, situation report 2004; The octopus"*, Strasbourg, 2005
Council of Europe – *"Organized crime situation report 2004, focus on the threat of cyber-crime"*, Strasbourg, 2004
Council of Europe – *"Preventive Legal Measures against Organized Crime"*, Strasbourg, 2003
Council of Europe – *"Sourcebook, European Sourcebook of Criminal justice Statistics"*, Strasbourg, 1999
Шаковиќ А. - *"Организовани економски криминалитет"*, Криминалистичке теме, бр.1-2. 2003, Факултет криминалистичких наука, Сарајево, 2003

НОРМАТИВНИ АКТИ И ДРУГИ МАТЕРИЈАЛИ

Agreements – United States Department of the Treasury- Financial Crimes Enforcement Network, January, 1996, страна 49
Bosna i Hercegovina, Vijeće Ministara - *"Strategija Bosne i Hercegovine za borbu protiv organizovanog kriminala"(period 2009-2012 godine)*, Sarajevo, 2009
Влада на Р. Македонија - *"Национална Стратегија за интеграција на Република Македонија во Европската Унија"*, Скопје, 2004
Влада на РМ - *"Акциски план за имплементација на стратегискиот договор за Европол"*, 133 Седница на Влада на РМ, Скопје, 25.02.2008
Влада на РМ - Национална комисија за борба против трговијата со луѓе и илегална миграција во Република Македонија- *"Стратегија за борба против трговијата со луѓе и илегалната миграција во Република Македонија"*, Скопје, 2006
Vlada Republike Crne Gore, Ministarstvo unutrašnjih poslova i javne uprave – *"Program borbe protiv korupcije i organizovanog kriminala"(za period 2009-2012)*, Herceg Novi, 2009
Влада Републике Црне Горе-Министарство унутрашњих послова и јавне управе -*"Стратегија за борбу против корупције и организованог криминала"*(за период 2010-2014), Подгорица, 2010
Vlada Republike Crne Gore - Ministarstvo unutrašnih poslova i javne uprave - *"Akcioni Plan za sprovođenje Strategije borbe protiv korupcije i organizovanog kriminala"*(za period 2010-2012), Podgorica, 2010
Влада Републике Србије -*"Национална Стратегија за борбу против организованог криминала"*, Службени гласник РС 05 бр. 02-1806/2009-1. Београд, 2009
Vlada Kosova – *"Strategija za borbu protiv korupcije za Kosovo"*, Priština, 2004
Declaration on Combating Organized Crime", Trieste, 9-10.October 1998, Web sites http://www.ceinet.org/download/organized_crime.pdf
European Convention - *The legal instruments: present system*, Brussels, 2002
Министерство за здравство – *"Национална Стратегија за дроги на Република Македонија"* (2006-2012), Скопје, 2007
Закон за Јавно Обвинителство на РМ, Службен весник на РМ, бр.8/04
Закон за кривична постапка на РМ, Службен весник на РМ, бр.150/10

Закон за следење на комуникации, Службен весник на РМ, бр. 121/2006
Закон за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка, Службен весник на РМ, бр. 98/2008
Закон за гранична контрола, Службен весник на РМ, бр. 171/10
Закон за заштита на сведоци, Службен весник на РМ, бр. 38/05
Закон за финансиска полиција, Службен весник на РМ, бр. 55/02
Закон за спречување на корупцијата, Службен весник на РМ, бр. 28/02
Закон за спречување перење на пари, Службен весник на РМ, бр. 70/01
Кривичен Законик на Р. Македонија, Службен весник на РМ, 37/96
Конвенција на ООН против Транснационалниот Организиран Криминал, Палермо, 2000
Министерство за внатрешни работи- *"Стратегија за реформа во полицијата"*, (пречистен текст), Скопје, 2004
Министерство за правда – *"Конвенција на Обединетите Нации против транснационалниот организиран криминал со протоколите" (Коментари, прилози, објаснувања и препораки)*, Скопје, 2002
Ministry of Foreign Affairs of Greece - *"Drugs and organized crime in the UN and European Principal bodies and actions"*, Athens, 2011
Federal Bureau of Investigation, - *"FBI Glossary"*, FBI.gov
Police cooperation convention for southeast Europe, Done at Vienna, 2006
Republic of Albania -*"Strategy of the fight against organized crime, trafficking and terrorism"*, Tirana, 2007
Република Србија, Министарство унутрашњих послова -*"Полазни оквир Националне стратегије превенције криминала"* Београд, 2009
Republika Hrvatska, Ministarstvo Pravosuđa – *"Nacionalni Plan za borbu protiv organiziranog kriminala"*, Zagreb, rujan 2004
Republika Kosovo – Vlada - "*Drzavna Strategija i Akcioni Plan protiv organizovanog kriminala*" za period 2009-2012, Priština, 2009
Special Committee Against trafficking in Human beings - *"National Action Plan to combat trafficking in human beings"*, Athens, 2006
Службен весник на РМ, бр. 35/96
Службен весник на РМ, бр. 18/2001
Службен весник на РМ, бр. 19/2001
Службен весник на РМ, бр. 26/2002
Службен весник на РМ, бр.38/2010
U.S. Department of State. "*International narcotics Control Strategy" 2003,* March 2004
CEI- the Working group on Combating Organized Crime-
"Operational Programme for the years 2007-2009"-
http://www.ceinet.org/download/WG_on_COC_Op_Programme.pdf

МАТЕРИЈАЛИ ОД ИНТЕРНЕТ

http://www.fb.uklo.edu.mk/ProfDok/OK%20-voved.pdf
http://nejrs.gov/policing
http://www.europol.europa.eu
http://www.transparency.org

http://unpan
1.un.org/intrados/groups/public/documents/UNTC/UNPAN016997.pdf
http://www.media.srbija.gov.rs/medsrp/.../bela_knjiga1.p...
http://www.fb.bg.ac.yu
http://www.fas.org/irp/world/romania/securitate.htm
http://www.eia.doe.gov/cabs/serbsanc.html
http://www.balkantimes.com/html/english/12732.htm
http://www.aimpress.org/dyn/trae/archive/data/199801/80122-023-trae-pri.htm
http://www.nacional.hr/printable/articles/view/24016/...
http://www.intelbriefing.com/afi/afi010729.htm
http://www.iwpr.net/index.pl?archive/bcr/bcr_19991012_3_eng.txt
http://www.balkanpeace.com/cib/kam/kosd/kosd01.shtml
http://www.bhdani.com/arhiv/1999/122/t223a.htm
http://www.nisat.org/publications/armsfixers/Chapter4.html
http://www.nisat.org>
http://www.iansa.org>
http://www.fas.org/irp/world/croatia/hatzadony.html
http://migration.ucdavis.edu/mn/archive_mn/dec_2000-12mn.html
http://www.state.gov/www/global/human_rights/1999_hrp_report/albania.html
http://beogradskaka5anija.cyberfreeforum.com/t2133-trgovina-ljudima
http://www.bhdani.com/arhiv/2000/146/tl461.htm
http://en.wikipedia.org/wiki/World_Intellectual_Property_Organization
http://w3.bsa.org/serbiaandmontenegro/antipiracy
http://www.microsoft.com/Piracy/
http://www.amazon.co.uk/gp/feature.html?ie=UTF8&docId=1000042743
http://www.apisgroup.org/sec.html?id=29
http://www.dokkvpp.mvr.bg/NR/.../0/anticorrup.pdf
http://www.greekembassy.org/Embassy/content/en/Article.aspx?office=1&folder=904& article=19612
http://www.secicenter.org/doc/Strategy_organised_crime_20051.doc
http://www.srbija.gov.rg/extfile/sr/106769/strategija protiv organizovanog kriminala 0077 lat.zip.
http://www. nisat.org/publications/armsfixers/Chapter8.html
http://www. aimpress.ch/dyn/pubs/archive/data/199712/71227-007-pubs-sko.htm
http://www.igu.gov.mk/.../nacionalna/nacionalna _strategija
http://www.kliknime.com.mk/nacionalna-komisija-za .....
http://www.usppft.gov.mk/.../..
http:// www.interpol.int
http://www.europol.eu.int/
http://www.europol.europa.eu/index.asp?page=news&news=pr060602.htm
http://www.frontex.net
http://www.cepol.net
http://www.eurojust.europa.eu/official_documents/Eurojust_Decision/1_06320020306en00011013.pdf.
http:// www.stabilitypact.org
http:// www.rcc.int
http:// www.unodc.org
http://www.osce.org


http:// www.iom.int
http://en.wikipedia.org/wiki/Non-governmental_organization#Types_of_NGOs
http://www.flarenetwork.org/home/home_page.htm.
http:// www.Lastrada.org.mg
http://www.transparency.org/about_us
http://www.uslugi.gov.mk
http://www.mfa.neotel.net.mk/BilatelarContract.aspx?idlan=1&id=2
http://www.nobelprize.org

ПРИЛОЗИ

ПРИЛОГ 1.



КАРАКТЕРИСТИКИ НА ОРГАНИЗИРАН КРИМИНАЛ



СТРУКТУРА НА ОРГАНИЗИРАН КРИМИНАЛ СО ХИРЕАРХИСКА ПИРАМИДАЛНА ПОСТАВЕНОСТ „ТРАДИЦИОНАЛЕН МОДЕЛ“


ПРИЛОГ 2.

ПРИЛОГ 3.

МОДЕЛИ НА КРИМИНАЛНИ МРЕЖИ

ЛЕГЕНДА:

- КЛУЧНА КРИМИНАЛНА ГРУПА
- МАЛИ КРИМИНАЛНИ СТРУКТУРИ
- КРИМИНАЛНА ЌЕЛИЈА



ПРИКАЗ НА ЕДНА КРИМИНАЛНА ЌЕЛИЈА КАЈ МРЕЖНИОТ МОДЕЛ

ПРИЛОГ 4.

ПРИЛОГ 5.

НЕДОЗВОЛЕНА ТРГОВИЈА СО ДРОГА - "БАЛКАНСКИ ПАТ СО КРАЦИТЕ"

САД

САД

САД

Авганистан

Пакистан

Прилог 6.


НЕДОЗВОЛЕНА ТРГОВИЈА СО ДРОГА - АЛТЕРНАТИВНИ ПАТИШТА



Легенда:

Северни патишта

Јужни патишта (се користат и за недозволена трговија со украдени возила кон Блискиот и Далечниот Исток)




Правци на недозволена трговија со дрога по видови низ Р. Македонија

Хероин ⟶
Марихуана, хашиш ⟶
Синтетички дроги и прекурсори ⟶

ПРИЛОГ 7.


НЕДОЗВОЛЕНА ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ



Легенда:


- **од Русија**
- **од Молдавија**
- **од Украина**
- **од Бугарија**
- **од Романија**
- **крајни патишта**

ПРИЛОГ 8.



Правци за криумчарење мигранти низ Р. Македонија

ПРИЛОГ 9.



Правци на недозволена трговија со возила низ Р. Македонија

ПРИЛОГ 10.